Без Вина Виновни

Кратка Верзија

Стојан Кочов

Соработник: Спиро Мавровски

Без Вина Виновни

Кратка Верзија

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2019 by Stoian Kochov

e-book edition

****

December 20, 2019

****

АРГУМЕНТИ (1945-1949)

КОЈ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ ЧЕДОСОБИРСТВОТО (ПЕДΩМАZОМА)!? и историјата под: ПЕДΩМАZОМА

НАЦИОНАЛНАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА

Именувана како егзодус, конкретно земање на 28.000 деца во Граѓанската војна само од Македонија под Грција и не дозволување да се вратат назад во своите домови, ако не се Грци по род бара одговор.

Кои и како ја планираа судбината за геноцид над Македонците под Грција 1945-1949 година

СТУДИЈА: Истражувања од областа на историографијатана Македонците под Грција

Книгата ја посветувам на:

Извршеното насилно воено мобилизирање во воените единици на ДАГ

Изборот на децата беше извршен од Чедособирството – Чедократството на деца на возраст од 13 до 14 години со политичка умисла, а тоа претставува деградација на човековото достоинство и најубиствено ранување на Македонската нација, прогонот и маршот на 28.000 деца со билет во една насока, но само за Македонците со крајна цел за геноцид...

На 12 септември 1948 година во битката на Малимади (помеѓу селата Дамбени и Сливени), со висока почит кон сите одземени деца, кои по Граѓанската војна немаа среќа да ги видат своите родители, кои ги оставија коските по боиштата на Грамос и Вичо, борејќи се со надеж дека еден ден ќе ги сретнат и видат своите деца.

На мојот погинат братучед Митре Новачков, кој беше едно од тие одземени 28.000 деца и по неколку месеци беше избран по висина, (да биде војник во единиците на ДАГ), за жал и тој загина, тие и таквите деца беа вратени на боиштата во единиците на ДАГ да се пополни воениот состав во последните битки од Граѓанската војна во Грција, кога поразот веќе беше премногу очигледен.

ФАКТИ

Многу искрена исповед од генералот на ДАГ Ипсиланти кој му ја кажува вистината на Ристо Кизов, (синот на Херојот Танас Кизов), при барањето на гробот на својот татко

Тој кажува дека од Македонија, Македонци, се пратени во градот Гревена, за истиот да се превземе и да биде под команда и владение на единиците на партизаните, т.е. под владение на ДАГ. Пратени се следните команданти, Калко Георги од село Вишени, Танас Кизов од село Неред и Пандо Шиперков од село Смрдеш, со своите елитни единци и сите погинаа токму таму, борејќи се херојски, но за сите било кобно, и таа акција е платена со животот на овие големи луѓе и Херои на Македонија.

Но, тоа не беше крај за Македонецот, следеше:

Прогонот од своите огништа и од прадедовата земја Македонија за овие Македонци.

Следи еден приказ на вистината која покажува каква храброст и херојство е покажано од македонските херои, кои не водеа, ГЕОРГИ КАЛКО, АТАНАС ГИЗА, (Танас Кизов), ПАНДО ШИПЕРКОВ и илјадници кои бевме пратени на ВИЧО, (Македонија на планината ГРАМОС).

ФАКТИ И ДОКАЗИ ДЕКА ПОСТОЕВМЕ И ПОСТОИМЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА, ВО ДАГ 1945-1949 година, ЗАЕДНО СО КОМУНИСТИТЕ ГРЦИ ЈА ДЕЛЕВМЕ СУДБИНАТА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС (ΣΤΑ ΑΜΠΡΙΑ ΤΟΥ ΓΡΑΜΜΟΥ).

Што всушност ме натера да го заветам животот во Граѓанската војна во Грција. Односно сите ние Македонците тоа го сторивме, сите кои се боревме заедно со Грците во таа војна (1946-1949) која на Македонците ни донесе безбројни семејни трагедии до степен на ГЕНОЦИД!

И СЕГА ПО 70 ГОДИНИ КОЈ И ЗОШТО САКА Д...

Воведни Белешки

Назад, по историските траги на нашиот национален пораз (гибел), кои недвосмислено не исправаат пред ПРАВОСТОИНОСТА на македонскиот народ, историската вистина, може да биде мошне поучна, но ако тоа не го правевме (како што и не го правиме 70 години), може да биде мошне штетна. А тоа се потврди по Втората светска војна, со Македонците под Грција и се покажа дека не било така едноставно; по физичката поделба на Македонија и на Македонците во 1913 година, да се опстане и опстои духовно обединети, како еден народ.

Нашата историја се уште не ги извлекла поуките од Граѓанската војна (за најголемото зло: одземањето на 28.000 деца), за тоа како е: обездетена македонската куќа, обезличено македонското семејство, а потоа и за геноцидниот зафат кој следеше за конечното искоренување на Македонците под Грција, што на целокупниот етникум му донесе катастрофални промени. Но, за жал, македонската историја по полвек не сака да го познава тоа наше време и го истурка и маргинализира во секторска историја: „Историја за Егејска Македонија". Но, кога од некои вистини повеќе не се бега, оти за нас Македонците, токму тие години (1945-1949) претставуваат неизвесно политичко тактизирање, диригирано од КПМ/КПЈ, кој ја образува (како организација) и оформи НОФ со политички и воен идентитет, а потоа многу лесно и ја препушти на КПГ (по т.н. „братство и единство во 1946 година"). Со тоа, КПГ успеа Македонците да ги стави во униформата на ДАГ, и да ги жртвува, а тие што останаа по ликвидацијата на ДАГ ги остави по светот со билет во еден правец, а за поголема сигурност, тоа прво го направи и со нивните деца во 1948 година. Значи, ние Македонците под

Грција бевме подложени на туѓа сила која не притискаше и на доминацијата која произлегуваше од неа, ја губевме (изгубивме) сопствената сила. Не сме биле способни да го слушнеме сопствениот глас на разумот. За вистината која се случуваше со нас, бидејќи ги слушавме гласовите кои имаа моќ над нас (од КПМ/КПЈ и КПГ).

Како да ја протолкуваме оваа двозначна реалност?!

Истражувачкиот зафат на политичките процеси (1945-1949), насочен токму кон барањето одговор на егзистенцијалните и есенцијалните прашања за извршениот брутален чин „Педомазома", (Чедособирањето на 28.000 деца од 3 до 14 годишна возраст), претставува една огромна и страшна (збирна), човечка трагедија.

Но, треба да се каже дека истражувањето на овие политички процеси е сложена истражувачка постапка и зависи по која филозовска референца ќе се бараат одговорите! Но, можни се и одговори вон тие идеолошки системи.

Во ова макотрпно истражување имав за цел:

Елементите на една интегрална синтеза да не бидат мислења, туку факти (лице в лице со реалноста), кои досега во нашата историја беа истуркани во корист на дневната политика. Значи, како да дојдеме до пореална оцена (потврдено со факти и аргументи), и да останеме на тоа историско минато (на фактите, а не на поданичко-ропската „состојба", дури и за највиталните национални прашања), притоа да не предизвикуваме ново зло. Во таа Граѓанска војна кои беа завојувани: од една страна грчката влада во Атина и другата страна КПГ-ПДВ-ДАГ. А одземањето на македонските деца за нас Македонците, претставува најперфиден миграционен зафат во XX-от век. Тој зафат во историјата претставува (ше) невидено и нечуено зло над човештвото. Со тие факти од таа војна, требаше одамна да се соочиме, и со сите нејзини мрачни страни, зашто таа војна, беше смислена, за да го нагризе и да го разроди македонскиот човек (повеќе од 50 години Грција за Македонците ги има затворено границите), едноставно, една насока (за разлика од

грчкото дете), требаше да опстои, а секоја мисла, страв или емоција, оставаа трага во неговата психа.

Ако се земе предвид дека детството е најубавиот дел од животот на секој човек (а пак, доколку во него наместо среќа и убави мигови се доживеат болка и тага), тогаш длабоко ја жигосува детската психа и остава траен белег на неа, посебно кога Грција со тоа го отвори „безболниот" миграционен процес, за да го снема Македонецот од својата исконска македонска земја, и токму тоа го покажа чинот на „Педомазома".

Зарем со таквиот чин беше можно; да го разроди, разнебити, превоспита, пресади македонскиот човек?! ДА! Тоа го покажа времето на полавекот.

Така, македонското оздемено малолетно дете (тука станува збор само за децата земени од комунистите), затурено по детските домови во туѓите држави, пристигнато со билет само во еден правец, станува збор за отсуство на родителската љубов. Нежната мајчинска рака и таткова поддршка во такви случаи се нешто за што вечно се сонува.

Така биено од сувите ветрови на туѓината, македонското дете откорнато од родителителските пазуви, катаден се прашуваше:

Кој сум, од каде сум, имам ли родители: мајка, татко? Имам ли баба, дедо, браќа, роднини, што ми се случува? Кој не донесе тука, и каде одам?

Кога се поставуваат таквите прашања, имаат бесконечно многу варијанти за да се даде одговор. Но, наспроти овие прашања што си ги поставуваше во осамеността одземеното дете, тоа исто така, остануваше збунето, кога ќе се најдеше зграпчено во еден многуброен колективитет под окото на партијата. Тоа, катадневно клукано со „педагошки" пропагандистички пароли, прашања и одговори, кои очигледно му ја кршеа душата, го упатуваа на тоа дека треба (да) се воспитува во духот на партијата, на вождот...

И, така во тој дух му се поставуваа прашања: пред секоја прилика кога беа во строј, или на свеченост:

„Чиј е генерал Маркос?!”
„Наш!”
„А ние чии сме?”
„Ние сме на генерал Маркос!”

И пак детето се прашува: кој сум, од каде сум, имам ли…?!

А блиските, на таквото дете, кои беа мобилизирани од ДАГ и испратени по фронтовите, исто така беа под специјален режим. Но, тоа беше крајно несериозно од самата КПГ, кога под невиден притисок, успеаја луѓето да ги дисциплинираат до крај преку своите идеолошки активисти со паролата: „Да го уништиме англоамериканскиот окупатор”. Оваа парола посебно да им ја наметнат на Македонците и таа да им стане како „рак рана”. Се сакаше да се дисциплинираат родителството, и да се внесе во свеста (на синдромот) на лажното чувство:

Тоа се потврдуваше со мајките на фронтот, кога велеа: „Кутрите дечки. Кога ќе си ги видиме пак? Ќе ги видиме кога ќе се ослободиме. Што убаво... Но, за да се стори тоа, ќе треба да го „победиме Англоамериканскиот фашизам”. А за да го победиме поскоро, сите треба да се бориме. И ние кои катадневно копаме ровови, тоа е нашата борба, така се бориме.

Ванош направиме повеќе бункери. Тоа го правиме за да ни се вратат побргу нашите деца, за да си одиме дома ние и нашите мажи...”

Ако религијата вели, дека човекот е одговорен за секоја своја постапка, па сходно на таквото однесување може да биде награден или обвинет. А идеологијата, вели дека човекот мора да ги исполнува задачите на Партијата - тоа го бара: НОФ, АФЖ и КПГ. Партијата!? Сега, човекот-идеолошкиот активист со неконтролирано офанзивно однесување и не ни дозволуваа да се каже: „Јас мислам поинаку”, значи бараше од обичниот човек тотално подредување на волјата на поединецот кон силата и магијата што ја знаеше само Партијата. Тоа е факт,

додека одговорноста беше никаква спрема човекот, зашто беше насочена со целосно внимание спрема Партијата. Тие со тоа, станаа горди на самите себе, знаејќи дека се силни и интелигентни и мислеа дека се многу важни, исполнувајќи ги овие постулати на Партијата!

А одговорноста на НОФ и АФЖ? А паролите?

Воено гледано: тие беа длабоко измамени, целосно изманипулирани, крајно преплашени и безнадежни. А одговорност, зарем тоа може да се бара, после сибирските затвори?! Пред таквата одговорност - односно пред глупостите и Боговите остануваат неми!

Како сето тоа го доживуваше македонската жена? Зарем можело родителското срце да оди наспроти природното?!

„...Не, јас не го оставам мојот другар, мојата сестра и брат ми да се борат овде, а јас да заминам со децата. Знам дека тие ќе бидат безбедни, имам полна доверба во избраните афежетки, а јас овде ќе можам повеќе да придонесам за борбата.”

Како тоа? Зарем ова е вистина што го вели ова жена, на која и е уништено се...

Зарем ова не значи тотално подредување на волјата на поединецот кон некоја надворешна (идеолошка) сила!? Тоа се невидени злоупотреби на идеолошката моќ.

Таквото контролирано агресивно однесување може да се види и од паролите:

„Ниту еден Македонец не треба да се најде надвор од антифашистичката организација НОФ.

Само така организирани ќе можеме да го уништиме фашизмот и да ги добиеме нашите права и правото на полно самоопределување.

Антифашистичка организација НОФ.

Напред. Сите Македонки во Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) за целосно уништување на фашизмот, за нашата слобода, за нашите права.”

Антифашистичкиот фронт на жените.

Но, имаше и такви кои ни малку не ја имаа подзаборавено болната рана која им ја зададе суровата Граѓанска војна.

Едно дете, од поголемите изгонети деца, кое живееше низ домовите, со магловито сеќавање се прашуваше: „Ох, толку многу сакам повторно да ги видам моите родители, моето семејство, моите пријатели.”

Но, има уште и поинаква теза, која, се чини пореална, ако просторот наш исконски не ќе го напуштевме. Тие, таквите луѓе, сеќавајќи се на минатото велеа: Кој не натера, кому му служевме, чии се тие интереси, та овој народ зарем е должен така да страда. Да, човекот, ретко кога е сам сторител на своите зла... Но, зарем само јас сум виновен? А, наредбите?

***

ЗНАЧИ, СЕ БАРА ПОСЛЕДЕН ЧИН ЗА НАЦИОНАЛНО ПРОСТУВАЊЕ - СООЧУВАЊЕ СО ВИСТИНАТА:

И, на крај се поставува прашањето: Зошто идеолошките активисти (заедно со КПГ, КПЈ, КПМ, НОФ, АФЖ), не милуваат, дури и по пола век да им се извинат на тие деца, мајки и татковци, туку стојат на ставот дека „Ве спасивме од манархофашистичките канџи”. Колку е болна таквата (хипокризија)?! Или, можеби треба да се бара одговор во наивноста, во неупатеноста или заблудата, подаништвото на поединци, кои (по) сакаа таквата свест - определба да ја всадат во колективната свест ?!

***

ДАЛИ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ИМАВМЕ СТРАТЕГИЈА ЗА ДУХОВЕН И ФИЗИЧКИ ОПСТАНОК НА СВОИТЕ ОГНИШТА?

Еве неколку непобитни факти и клучни моменти во целата историја на НОФ, како влезе во конфликт (да го саможртвува својот народ) за туѓи интереси. Што значи за чиста идеологија, која што немаше никаков реален човечки контекст со македонскиот селанец под Грција. Чисто залажување на сопствениот народ.

Како тоа било можно?

Кој посака Македонците под Грција, ова мирно неселение да го внесе во глобалниот процес за - Советизација на Балканот? Зошто ние Македонците влеговме во моделот за социјализам на Балканот, кога тој модел по Втората светска војна веќе беше исцрпен и бесмислен. Зарем, тоа нели не беше и почеток за вршење на „легални миграцони движења", тие што одамна посакуваа да го снема од тој вековен простор македонскиот човек како дел од нашата глобална, светска одисеја, сега преку идеолошкиот активизам? Туѓинците, преку тие идеолошки активисти, го натераа македонскиот народот под Грција не само да ја прифати, туку и повеќе од полавек се тера и да ја преживее. Со тоа, процесот на миграцијата почна и по се изгледа ништо не можеше да го запре. Откука, се чини, тешко веќе можат да се прифатат оние во нашата историја, кои и понатаму инсистираат на некакви политички одлуки за автохтоната Револуција - продолжение на Илинден. Таквите тези се веќе проблематични!

Еве зошто: НОФ, „минувајќи" преку подолу наведените добро познати - политички паравани, (не само од капиталистичкиот режим, туку и од комунистичкиот) направи кобна грешка: си го изгуби народот и својата земја, значи го доведе својот народ да доживее национален пораз.

1. МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ВО ТОЈ ПЕРИОД БЕШЕ ПОДЕЛЕН, ВО ЧЕТИРИ СУВЕРЕНИ ДРЖАВИ КОИ ИМАА РАЗЛИЧНИ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ

Посебно тешките последици за семакедонското движење на отпорот настапиле по истакнувањето на познатата теза на Коминтерната „Една држава - една партија”.

По завршувањето на Втората светска војна и познатиот договор за поделба на сфери на влијание помеѓу големите сили, македонскиот народ се најде во следната положба:

Македонците во вардарскиот дел на Македонија под влијание: 50% источно, 50% западно.

Македонците во пиринскиот дел на Македонија под влијание: 90% источно, 10% западно.

Македонците во Македонија под Грција под влијание: 100% западно.

Македонците во македонскиот дел под Албанија под влијание: 10% западно и 90% источно.

Со времето, а посебно по Версајскиот договор, во 1919 година, таа теза, преминува во практиката, и се повеќе придобива карактер на злосторство над ослободителната борба на македонскиот народ. Но, не помалку за тоа придонесе и одлуката на Ј.В. Сталин, во мај 1943 година за распуштање на Комунистичката интернационала, (Коминтерната).

2. ТЕЗАТА: ЕДНА ДРЖАВА, ЕДНА ПАРТИЈА

Со нејзината строга партиска примена во општата комунистичка пропаганда за советизација (глобализација), на Балканот:

се признала распарченоста на македонската територија;

се легализирала поделеноста и неповрзаноста на македонската борба и револуционерното движење;

се создала легална можност за анексија на македонската територија и за присвојување на револуционерната борба и трајно се оневозможувало постоењето и развојот на општомакедонската ослободителна организација, односно констиуирање на единствено раководство на македонската национално - ослободителна борба;

Што значи, со тоа се создале реални претпоставки според кои секаков повик за конституирање на општ македонски фронт за заедничка борба, однапред бил третиран и осуден како сецесионистички, предавнички, разурнувачки или фракционерски. На истакнувањето на општомакедонскиот национален стремеж, се спротивставувале државно - правни реалности на државните - окупатори кои ја заземале и воспоставиле власт на македонската окупирана територија. Во таквата ситуација, македонското национално движење добивало карактер на сепаратистичко (како што се случи со НОФ во 1945). Но, тоа важеше во сите три комунистички партии (југословенската, бугарската и грчката). Е тука суштината на проблемот може да се сублимира во неколку прашања, кои за да бидат појасни и да се избегнат недоразбирањата, неопходно е овие проблеми соодветно и да се објаснат.

Еве како ја објаснува основната теза во комунистичкото движење д-р Стојан Киселиновски во својата статија: „Националното и државното во македонското револуционерно движење (1893-1944), објавена во неделната ревија Пулс, од 17 март 1995 година.

„Комунистичкото движење, поради еден суштински ленински историски дисконтинуитет, решавањето на националното прашање не го става врз принципиелна основа (секогаш да одговара на интересите на поробената нација), туку врз тактичка основа (да одговара на т.н. класни интереси што секогаш одговараа со државните интереси на доминантната нација), и со тоа во суштина се негираше правото на самоопределување на народите.

Значи, во годините на Граѓанската војна во Грција, повеќе од јасно е дека Македонците беа растргнати меѓу националната

совест и свест и обврзувачките политички насоки на КПГ, КПЈ и КПБ.

Прокламираната програма на Коминтерната, беше прифатена од КПГ (декларативно), и таа гласеше: „Полна рамноправност на малцинствата со другите граѓани во рамките на грчката држава", која важеше од 1935 - 1949 година. Тоа може да се потврди и од нашите инструктори (на КПГ, КПЈ и КПБ), кои ја завршија високата (партиска) школа во Москва, во годините пред Втората светска војна. Истите тие тоа го агитираа; а такви ги имаше од трите дела на Македонија (Вардарска, Егејска и Пиринска). Тие повеќе од строго се придржуваа кон овие коминтеровски решенија, што беа донесени на 7-от конгрес во 1935 година. Тезата „Една држава - една партија", иако потекнува од комунистичкото движење, во почетокот на Втората светска војна претставува основна пречка за реализација на секаква македонска обединувачка програма. Но, тоа е сторено по етничките промени во Македонија; а комунистите не убедуваа дека тоа е „цивилизирана размена на населението". А, крајната цел беше, сето тоа да го платиме ние - Македонците.

На чело со сите овие луѓе, нашето сеќавање остана трајно, клинкајќи по нив со чиста намера да се верува во некакво јасно и вистинско партнерство. Но, накрај доживеавме национален пораз: ја изгубивме земјата, луѓето - младото поколение, а сега е проблем и името (за голема жал и тоа го изгубивме. заб.С.М.). Но, не смее, се разбира да се тврди, дека немало Македонци кои не мислеле поинаку.

Меѓутоа се манипулира со прашањето: Дали комунистите Македонци во КПГ се бореа за самостојна независна и обединета Македонија? Но, исто така, се поставува прашањето, дали тие можеа?

Ако основните принципи врз кои се засновуваат нациите/државите се: територијалниот, државниот, историското и културното минато, етничкиот, јазичниот и на крај економскиот принцип, тогаш македонските комунисти како членови на КПГ практично спрема прифатените програми, се

откажаа од двата принципи: територијалниот и државниот. Тоа им беше наложено од КПГ, бидејќи таа се бореше исклучиво за територијалниот и државниот суверенитет на грчката држава и затоа останувааа (прифатени и неприфатени) само етничкиот и јазичниот принцип, а исто така и историското и културното минато на Македонците. Што значи, сето наше (само) жртвување беше за една минимална програма што ја нудеше КПГ, посебно: по 15 мај 1943 година кога во Москва, на иницијатива на Ј.В. Сталин е донесена одлука за распуштање на Комунистичката интернационала (Коминтерната), со што формално е признато правото на самостојно решавање на секоја комунистичка партија.

- (Види: Историја на македонскиот народ, Скопје, 1988 година, страница 345).

3. СТАВОТ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Многу компетентно и со непобитни факти се говори во документот од 16.08.1944 година „Македонија – Меморандум", на Државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија, во кој се вели: „Ние сме готови да дадеме согласност за формирање на Македонска држава во рамките на федерална Југословенска држава. Притоа мора да инсиститаме оваа држава да не смее да анектира, ниту да бара други територии, независно од тоа дали тиа територии им припаѓаат на Бугарија или Грција."

Потоа ја наведува спогодбата за поделба на интереси, дека Грција беше 100% под британско влијание, со право, по потреба, во секое време да може да интервенира со сите можни средства.

Ова е потврдено со тоа што Тито во летото 1944 година, барал од единиците на НОВ на Македонија да се обезбеди јужната граница со Грција. Тоа значи да се чуваат суверените граници на овие држави.

Дека во тоа време САД ја истакнува неопходноста од зачувување на територјалниот интегритет СТАУС – КВО на

предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција и дека САД се категорично против каква и да е ревизија, иако притоа ја признаваат македонската територија во Грција.

Види: Владо Ивановски: „Зошто не на Солун", „Нова Македонија" од 11-12 октомври 1997 год. број. 3

Напомена: Пошироко објаснение за ставот на Велика Британија: Со македонското прашење, при крајот на Втората светска војна, најмногу се занимаваше британската дипломатија и тоа од аспект дали со создавањето на македонската држава нема да бидат загрозени британските интереси во Грција и на Балканот. Генералниот став на Велика Британија по македонското прашање е искажан во Меморандумот за Македонија, изработен од политичко – истражувачкиот оддел на Форин офис од 20 август 1944 година. Во тој Меморандум идејата за самостојна Македонија не беше прифатена, па се разработуваат разни варијанти на федерацијата:

Формирање Балканска федерација, во која би влегле Југославија, Бугарија, Грција и Турција. Во таа варијанта Македонија би била автономија. За оваа варијанта не постоела согласност од големите сили.

Формирање на федерација меѓу Југославија и Бугарија, при што Пиринска Македонија би се припоила кон Македонија. Оваа варијанта би добила подршка од СССР, но со тоа не би се биле загрозени интересите на Грција и Турција, но и на британските интереси на Балканот.

Британија би можела да прифати формирање на македонска држава во идната југословенска федерација, но под услов ниту македонското, ниту југословенското државно раководство да не поставуваат барања за припојување на Пиринска и Егејска Македонија кон македонската држава, бидејќи со тоа би се загрозиле британските интереси во Грција и Турција. Овој Меморандум беше доставен до владите на САД и на СССР и тие се согласија со него. По тоа истиот беше доставен на запознавање на владите на Југославија, Бугарија и Грција.

Види: „Британски документи на Македонија” кн. 1,15, 22 и 64

4. СТАВОТ НА СССР.

КАКОВ БЕШЕ СТАВОТ НА СССР ПО ПРАШАЊЕТО ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ВО МАРТ 1949 ГОДИНА?

На 8 март 1949 година, советскиот ополномоштен во Грција, Чернишов, телефонирал во Москва, и укажал дека грчката реакција употребува невидена агресивна и активна пропаганда против Комунистичката Партија и андартското движење (ДАГ), како и за „македонското прашање”, за кое станува збор, односно за донесените решенија на 5-от Пленум на ЦК на КПГ и на 2 Конгрес на Народно- ослободителниот фронт на Македонците. Основната акција на пропагандата е насочена кон дејанијата на Комунистичката Партија и Андартите (ДАГ), кои наводно биле склони кон рушење на суверенитетот на Грција, односно кон целовитиот простор на државата. „Ставот по ова прашање за обединување на Македонија” во овој момент, продолжува Чернишов, „...Таквата пропаганда на владата во Атина и дава повод да изврши регрутирање и пренесување на владините трупи со висока воена готовност кон овие делови што ги контролираат андартите- (ДАГ). Грчкиот народ кон прашањето за целовитоста на грчкиот просторен суверенитет има посебна чувствителност, но истата грижа се јавува и кај луѓето што сега живеат во градовите, а се симпатизери на комунистите и на андартите (ДАГ). Конкретно се очекува да се свика конгресот на Народно ослободителниот фронт на Македонците (НОФ), што е одреден да се одржи на 10 март на слободните територии кои се наоѓаат под контрола на ДАГ. По тој повод, државниот печат на англоамериканската лига изјавува со провокативни намери дека Конгресот ќе се определи за припојување на грчка Македонија во една заедничка држава со бугарската и југословенската Македонија и дека Комунистичката партија на Грција „прави предавство на грчка Македонија”.

Согласно информациите што Чернишов (за ставот на СССР) ги добил од Москва, на организаторите на Конгресот им се

укажува дека таквата намера е непромислена, на Конгресот да стане збор за ова прашање, па дури и за иднината на македонскиот народ во рамките на некаква Балканска Федерација. Но, им препорачува на делегатите на Конгресот да се свртат кон ориентацијата на населението во грчка Македонија, „да се ориентираат во борба против монархофашистичкото општество во Грција и да се борат за создавање на една слободна и демократска Грција".

5. СТАВОТ НА ЕЛАС И КПГ

На 16 октомври 1944 година, со наредба (потпишана од командантите на ЕЛАС: Еврипидис Бакирџис и Маркос Вафијадис) до армиските единици на ЕЛАС во Македонија, се однесуваше главно за уништувањето на германските армиски единици кои отстапуваа од југот на Грција. Но, со неа се даваа и наредби за уништување на „Славомакедонските" баталјони кои имаа пребегано во Југославија. Тоа беше ставот на КПГ3, што покажува дека во тој период Маркос не беше „Титоист" и не ги симпатизираше идеите за Обединета Македонија, во рамките на една Балканска Федерација. (види: Елисабетх Баркер (Elisabeth Barker)).

Секој прогонет се прашува:

Зошто ЕЛАС посака да ги ликвидира македонските баталјони, како што сакаше тоа да го стори со германската армија, а сега откаде таа гаранција што ја имавме од генерал Маркос, кога тој лично ја потпиша горната наредба, па сега НОФ и АФЖ влегуваа во заедничка борба во следните години (1946-1949)?!

На 16 јули 1943 година Командантот на ЕЛАС Сарафис и шефот на англиската воена мисија полковникот Еди Мајерс, потпишаа заедничка декларација со која ЕЛАС се признава како сојузничка армија и се потчинува на командата за Блискиот Исток. Но, да видиме како се одвиваа работите. На 31 октомври 1944 година поголема група англиски војници со оклопни возила влегоа во Солун, пред да влезат ЕЛАСИТИТЕ. ЗОШТО? Три дена подоцна лондонската радио-станица ВВС објави вест, дека британските трупи го ослободија Солун. На 12

февруари 1945 година во Варкиза одморалиште близу до Атина, беше потпишан договор меѓу раководителите на КПГ и ЕАМ од една страна, а од друга - владата на Пластирас и британскиот генерал Скоби. Со тој договор ЕАМ и ЕЛАС, практично, и ја предадоа власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

Но, да видиме каква е оценката, дадена во резолуцијата на ПЕ на ЦК на КПГ од 15.11.1948 година и зошто таму точно така се вели: „Дека Маркос Вафијадис, како комесар на групата дивизии на ЕЛАС во Македонија, следел шовинистичка политика спрема Славомакедонските борци.” (Види: Сп. „Неос космос” август 1950, „Десет години борба” стр.470).

Но, зошто толку доцна тоа го вели овој орган, кога Маркос веќе беше отстранет, а Македонците им требаа за војници во Граѓанската војна.

СИНДРОМ НА ЛАЖНО СЕЌАВАЊЕ

Се поставува прашањето: Зошто и покрај ваквиот став на големите сили, државното и политичко раководство на Македонија и Југославија не се откажуваа од желбите на македонскиот народ за обединување. Проблемот за присоединување кон создадената македонска држава на Пиринска Македонија се настојуваше да се разреши со создавањето федерација меѓу Југославија и Бугарија. Во однос на Егејска Македонија се сметаше дека Македонците од овој дел на Македонија со масовното учество во ДАГ, по победата ќе ги остварат своите права. Меѓутоа, ниту можеше да се оствари федерација со Бугарија, ниту можеше ДАГ да извојува победа, па обединувањето на Македонија не се оствари.

Да се бара логика во „братската” поддршка, по поделбата на Македонија (1913) и да се намамува Македонецот за „Обединета Македонија”, по Втората светска војна, со нашите горди идеолошки активисти, тоа е триумф на „танцување во мрак”.

Зарем можеше некој да смета дека (бугарската, југословенската или грчката) власт би била толку ступидна (глупа). Тие се строго контролирани и од сите балкански комунистички партии и ни оддалеку нема да успеат да ги реализираат и валоризираат тие историски желби ?!

За жал, нашето учество (1940-1950) никогаш во програмата на националната стратегија не постоеше како единство и достоинство, туку тоа беше само лично калемење и корист на поединци, членови на комунистичките партии (КПГ или КПЈ).

Значи: сме сакале заедно со КПГ и КПЈ и сме ги прифатиле нивните правила, а колку ние како луѓе со поданичка душа бевме во состојба да ги контролираме, се докажа преку исходот на настаните кои не доведоа до национален пораз и геноцид. Тогаш (1945-1949 год.) поради нашата ропска покорност (кон било кој), ја направи дефинитивно судбински се посплеткана ситуацијата, па дури и со нашето име во самата Европа.

Што значи, по Втората светска војна, кога луѓето веруваа дека повеќе нема да се дозволи да се случи такво крвопролевање ние, Македонците, ја доживеавме и со геноцид ја плативме високоризичната авантура преку разбеснетиот ритам на огнот, без македонска опција (а не можевме да имаме, бидејќи бевме под контрола на КПЈ и КПГ) и без присутност за националните интереси, така што бранејќи ја комунистичката идеологија, го изгубивме за навек идентитетот и дедовите огништа. Тоа во свеста на Македонецот остана како трајно сведоштво. За една потресна големо маченичка легенда, и едно етничко чистење, кое набрзо по ликвидацијата на ДАГ се претвори во уште една незапаметена наша трагедија во која и самите сме сведоци.

Се поставува прашањето: како можело овие политички стратези да замислат такви апсурдни однесувања, кога во тоа време и на тој простор беше акумулиран голем историски фанатизам, акумулирани разни смртоносни идеологии! Значи Балканот и натаму остануваше најконфликтен регион во Европа, особено т.н. Западен Балкан во кого тлееја потенцијални кризни жаришта. Но, што е за чудо, во тоа време истите тие стратези и политичари беа ангажирани со градење нови „цивилизации” во

Сибир и на Голи Оток, а ние Македонците во овие 50 години, не оценивме колку овие политички водачи за нас сториле повеќе добро или зло? Не! Сите молчевме како неми! Најдовме СПАС ВО МОЛЧЕЊЕТО. Особено по Балканскиот договор во 1953 година, (воен договор помеѓу Југославија, Грција и Турција), кога се создаде SИД НА МОЛЧЕЊЕ, бидејќи истиот тој договор во февруари 1953 година се потпиша.

По таквата состојба, дали македонскиот народ требаше повторно да го бара исходот во војна, кога знаеме дека кај нашиот обичен човек, одвај имаше останато само една исконска желба: да остане Македонец, без разлика уште колку ќе трпи, само со цел да ја сочува својата земја, јазик и својот народ, чедата свои.

Токму со физичката поделба, туѓинците посакуваа да настане и тотална духовна поделба, а таа се одрази толку разорно, што ни донесе катастрофални последици по сите стратешките национални проблеми до геноцид на Македонците под Грција а се стави како проблем пред светот едно од најчувствителните за нацијата; Прашањето за името на целокупниот македонски етникум.

Таквата духовна поделба и негрижа за интегрално гледање на македонската судбина (низ матичната историја, литература, едукација и високите институции на Република Македонија), се покажа многу експлицитно низ историјата на минатиот век, па се до ден-денес, е таквото индифирентно гледање на судбината на Македонецот.

Аргументите што се истражувани во оваа студија, не се во прилог на напишаната историја за: „Егејците". Тие сугерираат сосема поинаков критички однос кон историските настани, а не лицемерно однесување самите кон себе, затворајќи ги очите пред сопствената судбина. Нашата судбина е наша судбина и моравме да ја земеме во сопствени раце, оти сурово е кога луѓето не сакаат сами да господарат со својата судбина, тогаш како што вели нашиот народ судбината загосподарува со нив. Ова мора јасно да се каже барем по 50 години, оти со години

туѓинците не влечеа за нос! Аргументите говорат, дека навистина тоа се случи со нас Македонците под Грција.

ПИСМО ОД РИСТО БУРНАЗОВ

Почитуван Стојане,

Историјата „Билет во еден правец" ја отпечатив бидејќи ми е полесно да ги препрочитам. Во овој дел за историјата на Македонците од Егејска Македонија е прецизно и јасно раскажувањето низ дејствија и документи. Барем за мене многу важни историски настани, поткрепени со документирани прикази и со многу по сфатливо четиво за восприемање, разбирање и паметење. Во ИСТОРИЈА под заглавие „Битките на македонските генерации под Грција низ туѓите идеологии", раскажувањето на историските настани, дејствија, прилози и мислења со ставови на одделни значајни историски и политички личности, кои провејуваат низ раскажувачкиот опус со историски познавања се должи на стрпливото бележење, како што е тоа случај во твоите мемоарски записи. Мене особено ми се интересни и значајни, бидејќи ретко кој историчар, толку попрецизно и во детали ги изнесол јасно и документирано настаните во периодичен континуитет и ни ја раскажал нашата егејска голгота. И јасно ми е дека тоа твое познавање и детерминирање на историските факти пред се се должи на твоето лично учество во ЕЛАС И ДАГ како борец и проследувач на тие настани. Тој вложен историски труд е од посебно значење за сите нас, па и пошироко заради демистификација на одделни површни идеологии со кои бевме вклештени во некоја замаглена вистина со нејасно поврзување на историска автентичност.

Оваа изнесена историска вистина е твое заслужено дело без заобиколување. Ја ценам и сметам дека се должи на твојата упорна заложба како патриот, познавач и истражувач на веродостојноста на тие документи - ДОГОВОРИ со прецизно означено време на собитијата. Ќе додадам мои забелешки:

Во ИСТОРИЈАТА „БИЛЕТ ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ", се забележува стилски изградена и јасна содржина во реченичкиот исказ.

Полесно се чита и восприема. Редакциски прочистена реченица, што мене како читател ми овозможи со леснотија да ги сумирам изнесените мисли, ставови и разјаснувања. (ТЕКСТ ВО 24 СТРАНИЦИ)

Во ИСТОРИЈАТА „БИТКИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ГЕНЕРАЦИИ ПОД ГРЦИЈА НИЗ ТУЃИТЕ ИДЕОЛОГИИ" е пропуштена редакциска контрола врз текстот, реченичката концизност и лексички грешки. Напати се забележува конфузија во текстот со нејасни и недоискажани мисли. (стр. 15, треба: нелзја и заблуждатсја)

Но да не должам, сепак за мене е битно дека вистинската историја за борбата на Македонците од Егејска Македонија е ставена на хартија. Техничките пропусти и не се толку важни и забележителни во однос на големата вредност на изнесеното за сите манипулации, изневери, мистерии и недоследности низ кои се водеа сите фронтови за Обединета или Парцијална Македонија, а се на штета на Македонците.

Македонците од Егејска Македонија, односно Македонците под Грција кои беа учесници во сите војни и битки, беа учесници во војските на соседните држави, се бореа и беа ставени во предните редови за растрел, Македонците кои борејќи се за туѓи интереси, а веруваа во себе и во некоја си правдина за својот народ, БЕА целосно изневерени, понижувани и дотолчени, соголени до гола кожа и фрлени во голгота за во неврат.

И сега, во оваа 2018 година се случува невидено, несфатливо, помрачено безумие што го доживуваме од сегашните недоквакани, корумпирани политиканти, полтрони и ПРЕДАВНИЦИ на македонската држава, македонскиот народ и се што е македонско националноста, идентитет, историја, уништување на културата помрачување на самобитноста.

Како да се протумачи оваа наказа од Зоран Заев, Никола Димитров, Шеќеринска и нивни вазали - подржувачи на овој голем срамотен чин - за уништување на МАКЕДОНИЗМОТ? Заговорници на срамни договори со Грција и Бугарија.

И ќе завршам со народната поговорка што е цитирана во текстот од:

„Оној кој не си го сака и почитува своето, тој ќе биде искористен толку пати - колку што им е потребен на туѓинците”!

РИСТО БУРНАЗОВ
БОСТОН, 2-ри Август, ИЛИНДЕН 2018 год.

Во светски рамки се вршат важни истражувања во проучувањето на миграционата проблематика, додека за нашите миграциони движења бевме присилени да молчиме а тоа беше со политичка умисла - преку идеологијата. Но, денес во светот се појавуваат нови трудови и студии се откриваат најсуровите и најсложените елементи за проектираните прогонства, но за жал, нашата наука на оваа проблематика, полавек остана глува. Како да не се случило ништо со Македонците под Грција и нивните одземени 28.000 деца, за време на Граѓанската војна, кои и до ден - денес да немаат право да се вратат. Проблемот со одземените деца за време на Граѓанската војна во Грција, за нас Македонците претставува еден најтрагичните и најсериозните проблеми во македонската историја. Зошто? Затоа што, тоа не се случило ни во најсуровите Балкански војни, да се посегне по недолжното дете и да се вршат таквите миграции со политичка умисла. Одземените Македончиња, од своите родни огништа беа испратени со билет во еден правец, а Грчињата со повратен билет. По Граѓанската војна Грчињата се вратија, Македончињата останаа раселени по светот. Како што стана и со нивните татковци, мајки, браќа, сестри, дедовци и баби. И уште со невидена бруталност, во современата цивилизација да се спречува нивнотото враќање во родното место, на своите прадедовски историски корени. Тоа не ќе беше толку иронично, ако во тој судбински зафат и Македончињата како и Грчињата добиеја повратен билет.

Основната цел на ова иследување е да се дојде до што пореални погледи кон историската вистина и политичката умисла за т.н. ПЕДОМАZОМА = чедособирањето, реализирано од двете

завојувани страни: Владата на атинскиот режим во Атина, и Привремената демократска влада на партизаните (КПГ и ДАГ), кои војуваа во Граѓанската војна од 1945-1949 година.

Конфликтите меѓу овие завојувани страни, исклучиво беа класни (но и не многу јасни, токму во насока за ставовите на луѓето од врвот на КПГ: Маркос и Захаријадис, но и на КПМ/КПЈ), и идеолошките прашања за уредување на грчкото општество т.е. комунистите наводно водеа борба за социјализам, односно за глобалниот проект: Советизација на Балканот.

Но, во овој период од исклучителна важност е и улогата на организацијата НОФ и АФЖ, кои и служеа верно на комунистичката партија на Грција (според препораките на КПЈ). Таквата препорачлива приврзаност, КПГ ја искористи по „комунистически" до максимум и преку оваа организација, успеа да го организира и мобилизира Македонецот во Граѓанската војна. Но по ликвидацијата на ДАГ требаше да замине, заедно со соборецот - Грк, надвор од своето родно место во Грција, во поранешните социјалистички републики и СССР. Овие илјадници Македонци рамноправни борци во ДАГ, дури и многу Македонци членови на КПГ, заминаа со билет во еден правец. Грците со исти гревови: борбата за социјализам во Грција, ем големи комунисти, се вратија на своите огништа, само затоа што им беше обезбеден повратен билет. Тоа е факт, се друго е во сферата на шпекулациите, дилемите, небулозите и фантазмогориите.

Секој разумен човек, оправдано си го поставува прашањето: Какви последици имаше формирањето на НОФ и АФЖ кај Македонците под Грција? Ако се знае дека еден дел од Македонците под Грција, сега, под влијание на македонската држава што се создаде во рамките на Југославија и на нејзиното раководство (КПМ/КПЈ), се спротистави на ставот и практиката на КПГ спрема македонското прашање, се одделија од неа и побараа да им се признае правото на самоопределување, а друг дел продолжи да го следи ставот на грчките комунисти за македонското прашање, кој на Македонците им ги признаваше малцинските права во рамките на грчката држава. Со тоа

Македонците се поделија на два табора: едни со КПГ, а други со КПМ/КПЈ, со крајна стратешка цел, (во неа на мошне успешен начин беа обмислени и исконструирани формите и содржините преку кои тие добиваа и соодветна конкретизација во практиката токму на тлото на Македонија под Грција), на туѓинците им беше да го натераат НОФ во почетокот се повеќе да располага со судбината на Македонците под Грција, а потоа да ги распоредуваат и регрутираат како што тие сакаат.

Формирањето на организацијата НОФ, по иницијатива на КПЈ односно КПМ, надвор и независно од КПГ е спротивно на нејзиниот став за македонското прашање и за формата на водење на борбата, оти тоа предизвика поделба во македонското национално-ослободително движење кај Македонците под Грција, со непомирливи и трагични последици. Разногласијата, судирите, сомневањата и предрасудите беа толку остри што и по т.н. обединување на КПГ со НОФ во ноември 1946 година (така го прикажува нашата историографија), а вистината е следна: Со решение на КПГ преку бирото за областа Македонија е наредено безусловно обединување на воените единици кои беа оформени од НОФ и од КПГ и тоа без никакви отстапки во корист на НОФ. Искористувајќи го ова решение, командантот на Главниот штаб Маркос Вафијадис во втората половина на септември 1946 година, на македонското раководство на НОФ ултимативно му ги сопшти следните услови:
Безусловно да се расформираат македонските единици на НОФ, а неговите борци (на НОФ), да се вклучат во единиците на КПГ.

КПГ си го задржува правото во штабовите на воените единици да поставува „добри команданти”, во кои ќе има полна доверба.

Ете како се стави НОФ под раководството на КПГ, и сите барања на КПГ не беа елиминирани, односно тие продолжија во целиот тек на Граѓанската војна и по неа, па и до денденешни денови и затоа НОФ не беше никаков воено политички фактор, како што е прикажуван во нашата историографија за „Егејците”. Тоа е факт, и тоа беше реализирано низ целиот период на Граѓанската војна.

Таквиот напромислен или намерен чин (организиран од КПМ/КПЈ), трагично го платија луѓето од Македонија под Грција, оти тие беа соочени токму со „македонскиот синдром", според многу дамнешниот модел на владиката Карвангелис - синдромот за самоуништување.

Дали НОФ и АФЖ, кои до вчера (од 23.4.1945-1946) го повикуваа македонскиот народ во борбата што ги имаше сите свои национални белези и стремежи, а тоа беше спротивно на „грчките национални интереси" на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, а по 1946 до 1949 година, сосема нешто друго - покорна и беспрекорна (сервилна) соработка. Има ли некој документ? За што и за какви отстапки се договориле, или уште не треба за сето тоа да знае, македонскиот народ? Каква национална цел имаше НОФ?

(Види: Прилози - Оценките на Генералниот секретар на КПГ, Н. Захаријадис, по ликвидацијата на ДАГ)

Но најтрагичното е, што никаде ги нема за својата одговорност, спрема Македонците под Грција, кои ги организираа и ги раководеа од периодот на формирањето (23 април 1945 - 11 септември 1946) КПМ/КПЈ.

Дали ние Македонците, смееме да ја заборавиме историјата, и да носиме некаква вина, наводно дека сме ја изгубиле револуцијата!? Како што не учеа и инсистираа половина век, па дури и сега, во: клима на комформизам, а се знае минатото никогаш целосно не умира.

Во ова полувековно време зошто тие што треба да зборуваат, беа и се уште се замолчени, а тие што требаше да молчат зборуваа?

Но, се потврди, дека потхранувањето на историските несреќи им е од полза само на оние кои уште сакаат „мали" и „големи" Македонци.

Немоста и доколку не кажеме дека сме биле жртви, ќе биде голем историски грев на македонската наука и со тоа само ќе

им ги потхрануваме злонамерните и геноцидни зафати на туѓинците, зашто се е на видело - што не снајде, и ее напишано, но не од нас - Македонците.

За сето време на ропската послушност на (НОФ и АФЖ), болен е фактот дека се враќаме на она познатото на Труст „во потрага за изгубеното време", и по макотрпните истражувања, сега би додал дека фактите покажаа многу работи кои се обелоденија: за изгубениот македонски народ, (тоа значи исчезнување на една голема гранка од големото македонско стебло), на македонски простор, (тоа исто така значи дека изгубивме повеќе од 50% од етничка Македонија, и не господариме како староседелци со ништо), значи ако гледаме интегрално македонската нација ја снајде една голема историска катастрофа.

Негирањето на клучните факти, дека Македонците под Грција не беа жртвувани и манипулирани во Граѓанската војна, па дури и по половина век и дека сето сторено од туѓинците било со добра намера, за жал, не става во позиција вечно да се соочуваме со постојаните повратни удари на минатото во сите сфери на нашиот живот, па дури и пред сопствениот македонски народ.

РАЗВОЈОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ И НАСТАНИТЕ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (ВАРКИЗОВИОТ ПЕРИОД - 1945)

Настаните во 1945 година, придонесоа за избувнување на Граѓанската војна (1946 - 1949 година), и тие во историјата на Грција, се земаат како нејзин почеток. Но, Граѓанската војна, почна на 31 март 1946 година, кога беше нападнато Литохоро од страна на вооружени симпатизери на КПГ и членови на ЕЛАС, кои не се согласуваа со потпишаниот договор во Варкиза. Значи, сите иследувања на историските состојби на Граѓанската војна, се сведуваат без сомнение на идеолошките мотиви, од самиот напад на единиците на полициската станица во Литохоро во ноќта на 30 март 1946 година во 22,30 - 23,30 часот.

Но, сериозните историографи, посебно раководниот кадар и учесниците на ДАГ (само ние - Македонците не, бидејќи ние веќе во таков вооружен отпор влеговме уште со формирањето на НОФ на 23.4.1945 година, а тоа значи една година пред тој датум м.з.), си го поставуваа прашањето:

Зошто КПГ повикува на вооружен отпор, точно една година по договорот во Варкиза (12.02.1945)?

Досегашните оценки на грчките историографи, од политичко становиште и оценки на генерал штабовите на грчката владина армија и на ДАГ, Граѓанската војна (1946 - 1949) во Грција ја оценуваат како најголема историска грешка, бидејќи сето тоа се случило по Втората светска војна кога се беше договорено меѓу големите сили на конференцијата на Јалта, со што се изврши поделбата на сфери на влијанија, а за државните граници на Балканот беше речено да останат меѓу државите: да остане „Статус кво".

Воспоставена е власта во Грција и поставена железната завеса на границата спрема север. Државните граници на Грција и Југославија: „СТАТУС КВО"

По завршувањето на Втората светска војна, 1945 година е карактеристична по многу нешта што се случија во Грција, особено по потпишувањето на договорот во Варкиза и превземањето на власта од страна на десница, се смета, од грчката историографија дека годината 1945 (посебно зимските и пролетните месеци), време во кое настанува прогонот на левите сили (КПГ, ЕЛАС, ЕАМ и други), но сега организиран и коодинирани од страна на Англичаните преку ново формираната грчка влада.

Резултатот од организираниот терор во времето од 12 февруари до 31 март 1946 година е објавен во извештајот подготвен од страна на централната комисија на ЕАМ, а го поднесе Михалис Киркос, на една од седниците пред Комисијата на специјалните надгледувачи од страна на ООН, во кој се регистрирани следните случаи:

Стрелани	1.284
Ранети	6.681
Интернирани	31.632
Апсени	34.931
Исчезнати	151
Силувани	165

И други околу 500 граѓани, малтретирани по разни основи.

За историјата, нека се забележи и тоа дека извештојот на ЕАМ е напишан на француски јазик од Октав Мерлие, управител на францускиот Институт во Атина во 1945 година. (Види: Тасос Вурнас, 1981/32, Атина).

Развојот на силите на владината армија до 1946 година.

Развојот на воените владини сили до почекот на јули 1946 година се организирани и составени во четири ридски дивизии:

7 -та дивизија во Кавала
8 -та дивизија во Јанина
10 -та дивизија во Солун
15 -та дивизија во Кожани

Вкупните сили на владината војска до јули 1946 година се 104.000, од нив 45.000 се во пешадијата. Истите беа организирани во 80 пешадиски баталјони.

Влијанието на Америка и развојот на владините воени сили

Во периодот од 1946 до 1947 година, под влијание на западните сили се случија многу важни работи, но најважното беше постигнато уште на Техеранската конференција, кога Грција беше договорено да подпадне под сфера на влијание на Америка и Англија.

Во февруари 1947 година, Велика Британија ја извести Владата на САД, дека од економски причини на 31 март 1947 година ќе прекине да ја помага Грција. Владата на САД, оцени дека

доколку не ја наследи улогата на Велика Британија, Грција неминовно ќе падне под влијање на Русија.

Во Атина меѓу Владата на САД и грчката Влада, е потпишана спогодба за помош на Грција, со што почна да се остварува американската доминацијата во Грција, при тоа истиснувајќи ја Велика Британија.

На 1 март 1947 година, претседателот на САД Хари Труман објави решение со кое ја прокламира „Труманската доктрина", за ангажирањето на САД во Грција. На Грција и беше доделен кредит и современа воена опрема за опремување на владината војска - (во текот на Граѓанската војна, војниците од Владината национална армија беа нарекувани како Бурандарес. Истовремено на грчката влада и беше ставен на располагање американскиот генерал Ван ФЛИТ, специјалист за борба против герила, (во почетокот на 1947 година во Грција пристигна тогашниот командант на Американско – воено - советодавната и програмска група, предводена од него лично, генерал Ван ФЛИТ).

Во целиот период на време на Граѓанската војна, со неговата стратегија и применетата тактика во последните битки на фронтовите на Вичо и Грамос (28 -30 август 1949), беше ликвидирана ДАГ и исфрлена надвор од границите на Грција, во Албанија.

***

Од таквата глобална оценка се издвојуваат некои основни проблеми за историјата на ДАГ, но нас - Македонците не не споменуваат воопшто, како народ што учествуваше со повеќе од 50% од воените ресурси на ДАГ. Оттука, време е и ние низ тие проблеми на историјата на ДАГ, да ги согледаме и нашите македонски проблеми и грешки од нашата политичка национална и историска бесмисленост и низ сето тоа да најдеме одговор на прашањето: Зарем било можно поради нивната пропаганда ние - Македонците доброволно да им ги дадеме децата!

Проблемот за аналитичарите и историографите на ДАГ е донесеното т.н. историско решение, на Вториот пленум на ЦК на КПГ за вооружено востание, кое почна на 31 март 1946 година, точно една година по договорот потпишан во Варкиза (на 12.02.1945 година), кога левите сили ЕАМ и КПГ и ја предадоа власта на десницата. Тоа е оценето како историска грешка.

Дали ние Македонците во овие договори бевме некаков фактор. Одговорот е НЕ! Зошто не? Затоа што до тогаш во Грција не се изборивме да постанеме политички субјект.

За ова е напишано доволно многу и расветлени се некои работи многу повеќе, отколку официјалните документи на КПГ и разните дела на историографите и писателите. Но, да ја проследиме хрониката.

ХРОНИКА (ПРОЧИТАНО ВО ИСТОРИОГРАФИЈАТА)

ВРЕМЕ НА ИСЧЕКУВАЊА И ЖЕЛБИ ПОСИЛНИ ОД ОКОЛНОСТИТЕ

Во втората декада на октомври 1944 година Леринско - костурскиот баталјон се оддели од ЕЛАС и се префрли во Вардарска Македонија (ФНРЈ), каде што се организира во бригада во составот на НОВ и ПО на Македонија - Југословенската народна армија (ЈНА).

ПРОГЛАС ДО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ГРЦИЈА

Комунистите (Македонци), кои ги напуштија редовите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, беа остро осудени, а беа прифатени од КПМ/КПЈ. Сега со инструкции и помош на КПМ/КПЈ во Битола беше конституирана ПОЛИТИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, на чии работни состаноци претседаваше претставник на ЦК на КПМ. Во слободна Битола на 18 ноевмри 1944 година беше формирана Егејската бригада, од борците на пребегнатите македонски баталјони и ново пристигнатите бегалци од Македонија под Грција. Што ни покажува ова? Стара омраза, нови несогледувања. Но

историјата на сите осознаени луѓе има свое наравоучение, но не и за нас Македонците. Повторливите трагедии како да ни се предизвик во патоказот на иднината. СТАВОТ НА ФДМ (Федерална Демократска Македонија) „ЗОШТО НЕ НА СОЛУН?”

...Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја оцени, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот, и на тој начин што туку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во нова војна, практично, против сојузниците од антихитлеровата коалиција, на која страна се бореше и самата таа во текот на Втората војна.”

ДИПЛОМАТСКИ ПРИТИСОК

На 9 декември 1944 година, шефот на Британската мисија во Белград, Меклеан, го посети Јосип Броз Тито и му го кажа својот заклучок дека формирањето на Бригадата (Егејска), открива територијални претензии врз грчката и бугарските територии и му обрна внимание да не се меша во грчките работи, односно во судирот меѓу ЕЛАС и британските сили во Атина, што започнаа на 3 декември 1944 година.

Тито го убедуваше Меклеан дека Југославија нема никаква претензија на грчка Македонија и дека Првата Егејска бригада нема да оди во Грција. На 22 декември 1944 година, Тито нареди Егејската бригада да не замине за Егејска Македонија, на ЕЛАС да не му се даде ветената помош, што се должи на директивата на Сталин до раководството на КПГ да ја прекине оружената борба и да побара мирољубиво решение за судирот со Англија.

Со специјална наредба под број 236 (строго доверлива од Маршал Тито, на 2 април 1945 година побара расформирање на „Егејската бригада.”)

Но од нашите историографи имаме друго тврдење: „Не цел месец по формирањето на Егејската бригата во Битола, КПГ и

ЕЛАС побараа таа да се расформира и нејзините борци да влезат во единиците на ЕЛАС, со што не се согласија ниту егејските раководители, ниту Јосип Броз ТИТО". (Види; д-р Ристо Кирјазовски, фељтон - низ борбените страници на Егејска Македонија: Илија Димовски-Гоче).

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1945 ГОДИНА И СОЗДАВАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ

Хаотична неизвесност на македонските перспективи. Настан за паметење. Голем исчекор во (не) познатото: 23 април 1945 година, беше ден (време) на асиметрични и болни судбински обрачи. Народот никој и за ништо не го прашува:

Дали со самиот чин формирање на НОФ и АФЖ, по Втората светска војна, сами не сме ја предизвикале кобната судбина на македонскиот народ под Грција? Дали со познатите спротиставени политики и практики на комунистичките партии (Југославија, Бугарија и Грција), спрема македонското национално прашање, идеолошки токму во оваа Граѓанска војна со умисла ни го ангажираа „македонскиот синдром" и не доведоа до: Македонецот - спроти Македонецот? По ова идеолошка збрка, за нас Македонците настана фатална дезорганизираност на македонските позиции.

Значи, ако досега сме го познавале:

А) македонското движење со бугарска етничка историска - тенденција;
б) македонското национално движење со македонска етничко историска - тенденција, сега по Втората светска војна се јавува и
в) македонско движење со пројугословенска историска - тенденција.

Големиот политички превид што ни се случуваше пред нашите очи во 1945 - 1949 година, всушност, беше најтрагичен. Тоа беше особено време, во кое не само македонската историја ќе забележи дека ретко кој народ во историјата како нашиот, самиот си ја посакувал толку злокобно својата несреќа.

Долги години иследувајќи го целото ова прашање (создавањето на НОФ и сите маки кои доаѓаат оттаму, зошто не можевме да бидеме сами со својата македонска правостојност), произлегуваат три клучни прашања:

Првото: како ова наше прашање (борба), им го покажавме на светот, конкретно на Големите сили, и нашата улога и визија со македонска опција во Граѓанската војна?

Второто: како ние - Македонците, самите гледавме на ова прашање и дали низ целиот период на Граѓанската војна, бевме уверени дека ја остваруваме токму македонската опција?

Или, можеби ја почитувавме ленинската теза дека, комунистичкото движење, на националното прашање гледа, како на тактичко и во основа одговара на интересите што секогаш одговараат со државните интереси на доминантната нација, во нашиот случај на грчката. Тогаш се поставува прашањето: Зошто така не пропагираа НОФИТЕ и АФЕЖИТКИТЕ, па ќе бевме сведоци на една сосема друга ситуација, а можеби и не ќе доживеевме таков национален пораз.

Третото: Зошто едно такво витално и национално прашање (големи жртви, изгубен македонски географско - историски простор итн.), не е третирано во интегралната македонска историја, туку како секторска – „Егејската", а таквата не може да има рамен третман во изучување и презентација на националната историја.

Се до 1945 година македонскиот народ под Грција имаше цврсто духовно и национално единство. Постарите Македонци и нивните деца и внучиња живееа со ист дух, и го негуваа македонскиот национален идентитет и единствени на таа стратегија, значи македонскиот човек, како стратегија за опстанок го прифати: „Културното затворање и затворањето на поединецот во идентитетот и во заедницата - македонска". И, НОФ токму на таква почва најде доверба и над масите стана

доминантен господар во пропагирањето на политиката што ја диктираа:

КПМ/КПЈ од 23 април 1945 - до т.н. „Браство и единство" до 21 ноември 1946 година, (Токму по овој чин настанува иронијата и многу елегантно КПМ/КПЈ, си ги измија рацете од Македонците под Грција. Но, да ја проследиме ова добро позната историска приказна).

КПГ од 21 Ноември 1946 година до ликвидацијата на ДАГ во 1949 и годините на емиграцијата

КОИ БЕА ВСУШНОСТ НАШИТЕ СОЈУЗНИЦИ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА?

Одговорот е: Никој! Па дури ни КПМ, бидејќи и таа беше целосно потчинета на КПЈ.

Значи, македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв, но да се вратиме на фактите:

За нас - Македонците како полувековен проблем е што не е докажано со каква национална стратегија на 23 април 1945 година е создадена во Скопје организацијата: НОФ (Народно ослободителен фронт) за Егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ и од било каков политички субјект во Грција кој повеќе од една година делува и се раководи од КПМ/КПЈ и Програмската 9 цел на НОФ, беше: да се бори за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. За остварување на таа стратешка цел, беше применета и оружена форма на борба, за што раководството на НОФ по неколку дена, односно на 28 април 1945 година реши да формира македонски партизански единици. (Види: Кирјазовски, 1995/202)

Се поставува прашањето: Како сето тоа ќе го оствареше НОФ? Кога повеќе од јасно е дека еден дел од македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонското национално - ослободително движење. Тоа се потврди зашто не успеа да се соочи со многу сложените

проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори. Ниту беше во можност да ги процени нивните сили, а уште помалку стратешките интереси и планови. Зошто до сега никој од тие стратези во НОФ, КПМ и КПЈ не дадоа одговор? Зошто секој од учесниците во таа војна, остана да си го поставува прашањето:

Ќе беше ли во состојба НОФ да го оствари самоопределувањето во една новосоздадена положба во Македонија под Грција со извршената етничка промена на населението во 1924 година, кога преку 600 илјади доселеници - колонисти беа населени на македонска земја и со тоа грчката држава од Македонците направи малцинство?

Еве Зошто?

По националност:

Грци	711.428	50,36 %
Македонци	240.000	17 %
Караманли	210.000	14,87 %
Ерменци	80.000	5,66 %
Евреи	68.206	4,83 %
Власи	44.414	3,14 %
Роми	25.302	1,79 %
Разни	33.127	2,35 %
Вкупно	1.412.477	100 %

Во рамките на грчкото население е опфатено и разновидното бегалско население дојдено од Кавказ. Грчкото население по потекло и јазик, всушност е под 50% од целокупното население што живееше во Македонија под Грција. (Види С. Киселиновски 2000/48.)

а) Ќе требаше ли некој од НОФ да ги праша тие доселеници дали би сакале да живеат во некаква балканска федерација, или со тоа ние - Македонците си правевме непријатели од овие луѓе. Но, се поставува прашањето дали тие како комунисти Македонци реагираа, на таквите акции од грчката влада. Тогаш,

на тоа прашање (менување на етничкиот состав на Македонија), гледаа како на направено од хуманост спрема тоа население?

б) Дали НОФ знаеше дека за скоро, тие колонисти веќе се на чело на левите сили во Грција, како ЕАМ и КПГ, (кои не немаа во своите програми - С.К.), како Захаријадис, Парцалидис, Иоанидис, Маркос и други, и како можеше да очекува поддршка за таквата оптимална програма за самоопределување на Македонците?

в) Зошто тоа го прави сега кога тие истите членови на НОФ, како учесници во редовите на ЕАМ и ЕЛАС не им даваа да добијат никаков политички субјект во годините на антифашистичката борба и зарем имаа заборавено дека беа прогонети кога побараа национални права и беа наклеветени и анатемисани како автономисти, сецонисти, комитаџии и славофони?

Но, да се вратиме на најголемата манипулација од раководствата на КПЈ и КПГ, кога на средбата на 2 април 1946 година Тито и Захаријадис во Белград без присуство на Македонците решија:

1. Македонското народно - ослободително движење од Егејскиот дел на Македонија предводено од НОФ, а раководено од КПЈ-КПМ, да се стави под раководство на КПГ и да се измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи: НОФ ќе се бори во сојуз со грчкиот народ за спасување на Македонскиот народ од физичкото истребување. КАКО!?

Тоа е вистината, и можеби е дел од стратегијата на туѓинците кои посакаа преку манипулацијата на НОФ, да си ја остварат целта, бидејќи од таквото делување на НОФ, грчката држава имаше преземено законски мерки со невиден терор и прогон, таквите воени зафати наликуваа на физичко истребување. Народот беше принуден да ги напушта родните огништа и да бега во Југославија или владините сили за безбедност ги испраќаа по островите.

2. Договорено е слободна регрутација на сите пребегани луѓе за испраќање како борци на ДАГ од целокупната политичка емиграција во Југославија. Од луѓе кои еднаш веќе успеале да се спасат од теророт, но тие сега се мобилизираа од разни Ворјасовци и ги враќаа во пеколот. Значи: со Македонците се случуваше нешто необично и од грчката држава и од самите нас, па човек ќе запраша: Што е со нас Македонците?

3. За нас Македонците, коренито беа изменети условите по договорите меѓу Тито и Захаријадис, односно КПЈ и КПГ и импликациите од робувањето кон еден или кон друг беа катастрофални. Но, по сето ова НОФ за чудо станува погласен во паролите за тоталните мобилизации на Македонците. Ги повикува Македонците и ја прогласува КПГ како единствен спасител и добронамерник за разрешување на македонското прашање на Македонците под Грција, а такви беа и препораките од КПМ/КПЈ (Види: Директивите и препораките на Лазар Колишевски во книгата на д-р Ристо Кирјазовски 1995/29)

Значи, на 23.04.1945 година, токму во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ 10 (Народно ослободителен фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. А со каква национална платформа? Платформата беше за остварување на туѓи интереси. Она што НОФ можеше да смета во перспектива, а сигурно и сметаше беше заштитата од КПМ/КПЈ.

Таквото погрешно сфаќање на националното прашање, веќе наплатено со жртви и со поништување на многу национални вредности, слепо се брани и денес по цена на тотално национално пропаѓање. Тешко беше да се излезе од лавиринтот на сите манипулации околу КПГ и КПЈ, зошто се работеше за едно добро разработена стратегија во која дури и оние луѓе обележени како „тврди националисти", пред агресивната катадневна пропаганда потклекнаа, во корист на т.н. „класното", а националното (посебно за нас - Македонците), беше формално.

Но, од исходот на настаните се покажа дека за НОФ (за сите нас Македонците, посебно под Грција), беше лет во хаос?! А во хаосот кој е моќен, тој е праведен. Значи правдата не е во правилноста, туку во моќта. Тоа се потврди!

Значи, што се случи: народот ја предаде својата слобода бидејќи на тоа го принуди НОФ, извориштето на таа идеологија, а тие луѓе, туѓинците ги имаа устоличено да не водат, но само до одреден период. Види: „ДОКУМЕНТИ - за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава" Том втори.

ДИРЕКТИВИ ОД ГЛАВНОТО РАКОВОДСТВО НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ ДО ОКРУЖНИТЕ ПОВЕРЕНСТВА НА НОФ

Септември 1945 год.

Да се рашири нашиот НОФ секаде каде што има Македонци во секое село, во секој град, кварт, колиба и земјоделска куќа. Нити еден Македонец, Македонка или Македонче да не остане надвор од НОМС, АФЖ, НОФ и надвор од нивните влијанија. (стр. 721-722-723)

ПАРОЛИ НА НОФ, АФЖ и НОМС НА МАКЕДОНЦИТЕ!?

Уште на 22 Ноември 1945 година, покажуваат многу воинствено истрчување и тоа една година пред официјално да се објави Граѓанска војна во Грција:

„Ниту еден Македонец не треба да се најде надвор од антифашистичката организација НОФ. Само така организирани ќе можеме да го уништиме фашизамот и да ги добиеме нашите права и правото на полно самоопределување". - Антифашистичка организација НОФ

„Напред. Сите Македонки во Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) за целосно уништување на фашизмот, за нашата слобода, за нашите права". - Антифашистичка организација АФЖ.

(Само напомена, цел свет знае оти на 9 мај 1945 година беше прогласена тоталната победа над фашизамот, а по се изгледа дека нашите пароли беа излитени или погрешно позајмени. Несериозно кон нашите добри македонски селани од Костурско, Леринско, Воденско и.т.н. кои бескрајно им веруваа - на валканите пароли - како на свои синови, оти, ако тоа го правеа Грците, нашиот човек не ќе беше влезен во тој геноциден зафат).

Народот ги знае кои се тие луѓе, (кои го натераа да биде еуфорично среќен). Тие луѓе не беа малку вредни, и јас ги почитувам, оти нивната заблуда беше убава, но беше заблуда. Заблудата беше прекрасна, си го сакаа својот народ, од тоа немаше поубаво, но тие го сакаа на погрешен начин, го уништија: го натераа да се саможртвува, обездетија, обездомија и го фрлија по светот за никогаш да не може да се врати. А тие наши политичари од НОФ и АФЖ станаа апсолутни губитници, смешни и збунети во сибирските тундри.

Значи, ете како македонскиот народ се најде (стоеше) вџасен и разгромен пред овој последен, судбински повик, затоа што знаеше дека со дипломатски трампи изчезнаа неброени Македонци, а сега се бараше од нив масовно учество, за да бидат сомелени во т.н. револуција, односно како ја нарекуваа активистите на НОФ и АФЖ: продолжување на Илинден.

Народот вели: „За да верува некој во мене, морам да кажам нешто во што јас верувам". Како да се најде одговор; зошто овие наши луѓе нофити и афежити, толку многу им веруваа на тугинците?! Веруваа во војна со нејасна македонска цел. А ако се постави прашањето; Зошто им веруваше македонскиот народ на НОФ и АФЖ, а не на КПГ, тоа прашање е доволно апсолвирано. Народот велеше: „Нашчи се ..." и дури толку им веруваше македонскиот народ, дека токму тие ја гледаат реалноста на македонскиот национален идентитет, па е потребно само во една таква војна да влеземе и да не има што помасовно. Но, во целиот тој кобен модел на туѓинците, единствена неизвесност беше и остана само неизвесноста...

Како што подоцна грчката влада и КПГ, отворено ќе кажат, Тито имал „завојувачки планови против грчка Македонија" (исто, с. 205), а преку НОФ, односно со помош на НОФ „ќе ја присоедини - анектира Егејска Македонија" (исто, с. 271).

РЕВИЗИЈА НА СВЕСТА

Можеби им дала повод тогашната изјава на Тито во Москва: Во Москва на 26 април 1945 година, Маршал Тито даде изјава за „Њујорк тајмс" во која вели: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби."

***

Интервју:

„Со чисто срце и со мирна совест"

Но, многу непобитна и интересна е и изјавата на Колишевски во неделното списание „Старт" година 2, бр 62. стр. 21, дадено на писателот Јован Павловски во интервју насловено „Со чисто срце и со мирна совест!". Во него Колишевски вели:

Старт: Кога сме веќе кај Ранковиќ: Неговото име тесно е поврзано со помошта што Југославија им ја даваше на грчките партизани по завршувањето на Втората светска војна во 1945 година. А познато е дека меѓу партизаните имаше голем број Македонци од Егејска Македдонија.

КОЛИШЕВСКИ: За тоа малку е зборувано од автентични извори. Можеби за првпат, еве, сакам да кажам: Се работеше за опстанок на егејските Македонци, на кои им се заканувааше иселување, па се залагавме таму, во Егејска Македонија, да се формираат партиски организаци и партизански одреди. Заедно со Ранковиќ и со неколку генерали, во крајна дискреција, ја водевме таа акција. Да, формиравме Покраински комитет и вооружени формации за одбрана на селата во Егејска Македонија. Ги снабдувавме со оружје партизаните и ги примавме нивните ранети. Ги храневме, ги облекувавме, ги

вооружувавме, ги префрлавме со камиони од оваа страна на границата, кога беа потиснувани. Објективно, тие во 1946 година водеа војна под мошне поволни услови: им го дадовме се она што нам, како партизани, во војната, ни недостигаше. Ќе раскажам една мала сторија, за која не сум зборувал досега: Кидрич во првата година по победата раководеше со стопанскиот живот на Југославија, па, во таа рамка, и со прехранувањето на луѓето во земјата. Беше одличен математичар и не можеше, а да не забележи дека јас, постојано, му барам следување на храна за Македонија, повеќе отколку што ни припаѓа - вишокот го дававме на Македонците од Егејска Македонија. Кидрич знаеше да се налути на моите постојани барања храна, и лут, знаеше да рече: „Аман, бе Лазо, па колку во Македонија има Македонци, кога постојано бараш толку храна!". Ми стана непријатно, па му реков на Ранковиќ дека треба да му ја откриеме тајната на Кидрич. Ранковиќ се согласи. А кога му раскажавме за што се работи, тој со смеење ја прифати нашата тајна и не правеше проблем, кога баравме повеќе брашно и друг вид следување. Дури откако му објаснивме и се избакнавме тој и јас. Групата за снабдување со оружје на македонските и грчките партизани ја раководеше генералот Јово Капичиќ" (покасно еден од одговорните и директор на затворот „Голи Оток" заб. С.М.)

И ова акција на Колишевски со генералите ни покажува дека таа војна беше нечиста за Македонците под Грција и со тоа се потврдува дека НОФ беше заведана од туѓи цели и интереси од воинствениот Генералштаб на ЈНА и политиката на КПЈ.

Но, да се запознаеме со уште еден став на Колишевски:

„...Прашањето за обединување на Македонија повторно било актуелизирано во месеците непосредно пред донесувањето на уставот на Федеративна Македонија и одржувањето на Париската мировна конференција. За одржувањето на Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија одржан од 2 до 4 август 1946, Ф.О. (Форин Офис) бил известен на 13 август. Во извештајот се нагласува присуството на конгресот на Колишевски, како претседател на Народна Република Македонија и секретар на територијалниот одбор на Народниот

фронт на Македонија, М. Нешковиќ претседател на српската влада, Фране Фрол, министер за правда на федеративната влада, делегација од делот на Македонија под Бугарија на чело со Крсто Стојчев, делегат на бугарското собрание, делегати од Грција „или како што овде се веле Егејска Македонија" и делегат од Трст, Еуѓен Лауренти. Она што му дало посебен белег на конгресот била манифестираната желба на „македонскиот народ да биде слободен и обединет во Република Македонија во рамките на ФНРЈ (Федеративна Народна Република Југославија)." Остварувањето на таа идеја, можела да се оствари само со зајакнување на културните врски со Пиринската област и националното осознавање на народот што во тој дел на Македонија би создало услови за остварување на желбата за обединување на овие области со Република Македонија. Во однос на идејата за обединување се нагласувало дека дотогаш во печатот „малку или скоро никаков публицитет не им било дадено на тие идеи во Југославија до појавувањето на Манифестот" а „односот кон грчка Македонија е неодреден и е нешто повеќе од платонска симпатија. Но како и да е, јасно е што лебди во воздухот".

Во својот говор Колишевски во Битола се спротивставил на идејата за обединета и независна Македонија надвор од рамките на Југославија или под протекторатот на големите сили. Тоа според Колишевски би преставувало „уништување на сегашната македонска федерална единица". (Види: Т. Чепреганов, 1997/152).

Практично, прогласувањето на територијалниот интегритет на Грција, загрозен преку НОФ, се јави како повик до Грците во Македонија и цела Грција да се борат против НОФ, да ја спасуваат Македонија под Грција.

Значи, со појавата на НОФ, во регионот настана пекол. Со тоа се создаде сива зона, опасно место за живеење и поле за воено - стратешки натпревар меѓу идеологиите за туѓи цели.

Ако и малку ја анализираме таквата неповолна ситуација, посебно, од национален интерес, никој умен не би го дигнал на оружје македонскиот народ - кој се наоѓаше во една најфлуидна

(неизнасилена, но менлива) ситуација, а тоа го стори само НОФ - диригиран од КПМ/КПЈ. За Македонците, Граѓанската војна, беше време без логика, посебно прогласувањето на НОФ - Народноослободителен фронт, а тоа значеше мобилизација на целокупниот македонски потенцијал под Грција. ЗОШТО?!! Како ќе стигневме до успех?

И ден - денес, секој страдалец си го поставува прашањето ЗОШТО?!

ЗНАЧИ, НОФ БЕШЕ ОФОРМЕН И ОРГАНИЗИРАН ОД КПЈ/КПМ, И СЕ ПОКАЖА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЃИ ИНТЕРЕСИ

Прво: на 23 април 1945 година во Скопје во ЦК на КПМ, биле формирани организациите за Македонија под Грција НОФ, АФЖ и НОМС раководени од КПМ/КПЈ, се до ноември 1946 година. Програмската цел им беше извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. (Види: Кирјазовски Ристо, 1966/181 и Раковски Павле, 1990/199).

Но и историчарот Лазар Лазаров, (1998/62), не упатува на извештаите испратени до француската влада на 26 септември 1945 година од страна на францускиот генерален конзул во Солун, Жерар Раул Дувал, во кои вели: „... Седиштето на организацијата НОФ се наоѓа во Скопје, на југословенската територија... по се ми се чини дека пропагандата на НОФ на Славофоните е остварување на идејата за автономна Македонија, а југословенската влада ја контролира ова организација и ја гледа грчка Македонија како сопствен дел на југословенската територија...” (стр.62)

Историчарот Ванче Стојчев (види: фељтон „Силите што го спречија обединувањето на Македонија” (Н.М. од 8.9.2001 год.), потврдува: „... Во Скопје на 23 април 1945 година, по иницијатива на КПМ, било конституирано основачко биро на Народно - ослободителниот фронт, (НОФ) за Егејска Македонија. Со ова биро раководел ЦК на КПМ. Основна задача на оваа македонска организација била да застане на чело

и да ја предводи борбата на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија. Во составот на НОФ биле формирани НОМС и АФЖ и сите нивни членови биле префрлени во егејскиот дел на Македонија. Покрај монархофашистичките и британските сили, присуството на НОФ го отфрлиле и ЦК на КПГ и ЕАМ кои тоа го прогласиле како загрозување на територијалниот интегритет на Грција. НОФ го покренал македонскиот народ во борба, но не успеал да се зацврсти како раководен орган. КПЈ и КПМ исто така не биле во можност да им пружат позначајна помош на Македонците во Егејскиот дел на Македонија, додека КПГ ги штителa грчките интереси. Изјавата на Тито за „Њујорк тајмс“ „... Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби ...“дејствувала потикнувачки за македонскиот народ и во ЦК КПМ но, исто така, и на противничките сили кои против силите на македонскиот НОФ во Грција применувале злосторнички мерки.“

Значи, жртви на таквите состојби беа Македонците. И затоа, голема илузија е некој уште да мисли дека во меѓународните односи па и во југословенско - грчките односи важеа некои определени принципи. Принципите беа во форма на гола политика, со цел да се замаглуваат очите на светската јавност и на жртвите. Ние Македонците, не бевме во состојба да сфатиме дека посилните секогаш се раководеа од правилата на нивните стратешки државни интереси не водејќи сметка за интересите на помалите - во случајот ние Македонците. По влегувањето во нивната мрежа, ние можевме единствено да се надеваме само на Божја помош.

Ова е период кога овие организации дејствуваа надвор и независно од КПГ и беа исклучиво раководени од КПМ/КПЈ (Види:Кирјазовски 1995/10).

Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ (КПМ/КПЈ), беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш,

зошто само пред неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: „Да го свртиме оружјето кон Солун!”, односно: „На Солун, не на Сремскиот фронт?!”

Од таквата стратешка цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беше организирано во 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се уништени во времето на Граѓанската војна - м.з.), а функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации - до баталјони.
(Види: Кирјазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот победата над фашизмот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците), насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се одзва со невиден терор до крајот на Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално таа е прогласена на 31 март 1946 година, со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

Соодносот меѓу силите на левицата и на десницата во времето кога беше донесена одлуката за почнување на оружената борба беше следниот:

Владини сили - 44 баталјони; национална стража со вкупно 30.000 лица; 8.800 офицери и војници на ридски армиски бригади. Жандармеријата беше првата државна воена сила која беше реорганизирана пролетта 1946 година. Таа тогаш броеше 27.000 луѓе, од кои 14.000 во Северна Грција, (во Македонија: Костур, Лерин, Воден и др.) Покрај регуларните единици, беа организирани и паравоени формации, какви што беа: МАИ - (единици за заштита на внатрешноста), МАД - (едници за прогон) со околу 35.000 луѓе. Сите тие беа командовани од искусни армиски офицери. Истовремено, во цела Грција

дејствуваа околу 166 вооружени терористички банди, организирани и раководени од најекстремната десница.

СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ - СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: „НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗАМОТ" И ПОДРШКА - САМО НА ЗБОРОВИ, А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОЛИЧНА ПОЛИТИКА - ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА - СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА

Значи, накратко, неправедниот поредок, наметнат во Јалта, го следеше еден неред, исто така суров и без сомнение уште по крвав за нас Македонците под Грција, кои се најдовме поделени во четири држави. Идејата за светскиот комунизам беше празна во значењето од кога и да било порано, и зачудувачки е да се констатира пред оваа немоќ. Но, спрема нас по Втората светска војна, идеолошката пропаганда на туѓинците успешно си го стори своето со нас кои толку многу им верувавме на сите тие наши стратези.

Реакциите на КПГ и на владата во Атина - против формирањето на НОФ.

Како организациите: НОФ, АФЖ и НОМС, создадени во ФНРЈ - Скопје, беа пречекани во Грција од левите сили, на кои НОФ не натера да им бидеме верни и им го поверивме сиот македонски потенцијал, па дури и децата? На 12-от Пленум на ЦК КПГ, кои се одржа два месеци по основањето на овие организации, прокламираа:

„Решително се спротивставуваме на секое територијално барање од која и да е страна против Грција. Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот". (ТО ККЕ АП ТО1931-1952, с. 110).

КОИ БЕА ИДЕЛОШКИТЕ ВОДАЧИ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945 - 1949 ГОДИНА И ДАЛИ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ

УЧЕСТВУВАВМЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА

Седмиот Конгрес на КПГ што се одржа на 1 октомври 1945 година, на кого учествуваа 223 делегати од кои мнозинството припаѓаа на работничките партии и на земјоделската селска партија.

Во раководството на партијата, во централниот комитет и во Политбирото завладееа кадри на „генерацијата 30 годишници“. Такви беа кадрите, а Захаријадис - генералниот секретар на комунистичката партија, беше на чериесет и две години.

Составот на централниот комитет се состоеше од следните лица:

Постојани членови (30)

Анастасијадис Стергиос, Арамбазис Никос, Василијадис Аристос, Вутусјанос Мичос, Вафијадис Маркос, Вландас Димитрис, Грозос Апостолос, Еритријадис Гиоргис, Загурџис Никос, Захаратос Милтијадис, Захаријадис Никос, Зевгос Гианис, Зографос Зисис, Иоанидис Гианис, Кацаврас Василис, Маркезинис Василис, Мавроматис Панагиотис, Музенидис Адам, Барџиотас Василис, Бланас Ахилеас, Парцалидис Мичос, Плумбидис Никос, Порфирогенидис Милтијадис, Русос Петрос, Сјантос Гиоргис, Сукарас Сотирис, Стрингос Леонидас, Титилос Гиоргис, Хаџивасилиу Хруса, Хаџис Танасис.

Кандидати за постојани членови (15)

Вазванас Вангелис, Ветас Викос, Вонтисиос Гиоргис, Гифтодимос Костас, Димитриу Гиоргис, Теос Костас, Капета Алегра, Кату Роди, Колигианис Костас, Лулес Костас, Макридис Теодорос, Махараопулос Христос, Парцалиди Аврa, Румелиотис Никос, Тсијанис Михалис.

Составот на централната контролна комисија (5)

Данијалидис Полидорос, Карагкицис Пантелис, Папаригас Мичос, Синакос Михалис, Фармакис Костас.

Еден ден по завршувањето на работата на 7-от конгрес на 7 ноември 1945 година се свика првиот пленум и на него се избра Политичкото Биро на Централниот Комитет на Комунистичката Партија на Грција и се изабраа:

Постојани членови (7)

Сиантос Гиоргис, Захаријадис Никос, Иоанидис Гианис, Хаџивасилиу Хриса, Парцалидис Мичос, Барџиотас Василис, Петридис Тасос, (Анастасијадис Стергиос)

Кандидати за постојани членови (3)

Стрингос Леонидас, Зевгос Гианис, Русос Петрос.

КПГ во десетлетниот период на 1940 година претставуваше од поглед на возраста еден млад организам со доста млади луѓе.

Групите на возраста на 7-от конгрес беа како што следи:

20-30 години 73 преставници
31-40 години 100 преставници
41-50 години 46 преставници

Забелешка: Значи, ние Македонците не бевме политички а ниту воен фактор Преглед:

ХРОНОЛОГИЈА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ВО 1945 ГОДИНА

12.02.1945 Во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од едната и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна. Со таа спогодба се потчинува грчката команда под англиската за Блискиот Исток, (на 12 февруари 1945 година), ЕАМ и ЕЛАС практично и ја предадоа власта на десницата.

23.04.1945 Во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно Ослободителен Фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето се до т.н. „Братство и единство" помеѓу НОФ и КПГ, НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а потоа помина под команда на КПГ се до нејзиното расформирање.

26.04.1945 Во Москва Маршал Тито даде изјава за „Њујорк тајмс" во која вели: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби."

20.06.1945 А на 20 јуни 1945 година во близината на Воден, Егејска Македонија, е одржана Окружна конференција на НОФ за Воденско. На конференцијата, на која зедоа учество 125 делагати од градот и од селата, реферат за идеолошките содржина на борбата и нејзините форми на борбата поднесе членот на Главното раководство на НОФ Павле Раковски, а за финасиската положба - секретарот на Окружното поверенство на НОФ Вангел Ајановски - ОЧЕ. Делегатите, покрај другото, побараа ликвидирање на терористичките селски полјаци. (Н.М./94)

28.06.1945 Се одржа XII-от Пленум на ЦК на КПГ, а во одлуката се вели: „НОФ, со брзото омасовување и со неговите воени формации, опасно го загрозува грчкиот карактер на Македонија; грчките позиции и интереси во неа и територијалниот интегритет на грчката држава".

29.06.1945 ПРОГЛАС од Окружниот комитет на КПГ за Воденско, од членовите на КПГ и народот во Воденско, со кој се осудува организацијата НОФ.

1945 Грчката законодавна власт донесува закони против организацијата НОФ, АФЖ и НОМС.
ЗАКОН 543/45: „Против организацијата НОФ и лицата што дејствуваат за отцепување на грчки територии".

07.07.1945 ЗАКОН број 453 и ЗАКОН ТОД:/45 „За ред, мир и правда” „За обезбедување на јавната безбедност”

18.07.1945 ЗАКОН КЗ 43: „Против автономистичката дејност”со кој закон македонските организации НОФ, АФЖ и НОМС се прогласени за автономистички, и се стават надвор од Законот и нивните членови се прогласуваат за бандити и им се суди за Велепредавство.

20.07.1945 ПРИНУДНИОТ ЗАКОН (КЗ) 4124: „За кривично гонење на сомнителни лица”.

20.07.1945 ДЕКРЕТ „Г и други закони: ПЗ 433/45” „Околу илегалното поседување на оружје”, ПЗ 753/45 “Околу илегалното поседување и употреба на оружје”. „За вонредни мерки и за јавна безбедност”.

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1946 ГОДИНА

Развојот на силите на партизаните и андартите и итрата тактика на генерал Маркос за неомасовување на вооружените сили

Развојот на левите сили (КПГ и ЕАМ), низ политичките настани во почетокот на 1946 година се одвиваа спрема концептот за неомасовување на населението во вооружен отпор и од таквиот став беа враќани илјадници војници и офицери, сите симпатизери и членови на КПГ и на ЕЛАС, кои беа жестоко прогонувани од новата власт на Атина.

Но, зачудува концептот на НОФ (КПМ/КПЈ), по кој уште во 1945 година беше реализиран и се изврши масовна мобилизација на македонското население, зачленувајќи го во НОФ и АФЖ. Очевидно тоа покажува дека е внимателно испланиран идниот и другите концепти преку стратегијата и тактиката на туѓинците.

Тоа го покажува и следното: дека по предупредувањето и спречувањето на левите сили низ цела Грција да учествуваат во масовноста, а подоцна тие леви сили се преоринтираа и настана наводно проблемот со резервите на воените сили на ДАГ. И, не

е чудо тие од 25.000 - илјадната армија на ДАГ, во нејзините редови се најдоа насилно мобилизирани и ја сочинуваа 50% Македонци борци, а другите беа Грци. Тоа значи, од осуммилионското грчко население во единиците на ДАГ имаше не повеќе од 18 - 20 илјади борци на ДАГ, а од 300 илјадите македонско население во Грција, имаше околу 15 - 20 илјади Македонци борци на ДАГ, низ целиот период на Граѓанската војна (1946-1949 год.).

Според истражувањата на генералот Зафиропулос, силите на партизаните, во текот на 1946 година се развиваа по следната динамика. До:

Месеци	Број на борци
Април	950
Мај	1.300
Јуни	2.700
Јули	3.500
Август	3.600
Септември	4.490
Октомври	5.930
Ноември	7.450
Декември	9.285

Што значи соодносот на владините сили и борците во ДАГ е 10 : 1, а военото наоружување е неспоредливо.

(Авт.превод: „... Кога пристигнав во Белград, вели Маркос ...Одма се сретнав со другарот Иоанидис, во една канцеларија, каде ме дочекаа и двајца лидери на Комунистичката партија на Југославија; Темпо (Светозар Вукмановиќ) и Ранковиќ. Ме прашаа што ќе треба за неопходно да сторат за да помогнат (за ДАГ). Им реков дека потребно е наоружување за 18.000 борци. Само што слушна Иоанидис, дека барам наоружување за 18.000 борци, стана и ми вели: Маркос, дали си во добрите: што ќе правиш со тоа наоружување за 18.000 борци. Доволно е само за 4 - 5 илјади и ниту за еден повеќе не треба“.(Стр. 94. Кисавос). Понатаму тој објаснува:

„...Тогаш јас го прашав Маркос: - Зошто другар Маркос, по враќањето од Белград во Грција, ја променивте линијата на Партијата. Беше присутен и лекарот Сакеларију. Ми одговори: - Ми ја промени партиската линија Иоанидис, кога бев во Белград, другар Георги.“

Најсигурно е дека, таквата линија ја променија Југословените и Иоанидис и од тогаш Маркос се здоби со особени симпатии од југословените и лично од Тито, каде до ден - денес се забележливи тие симпатии.

Кисавос, во неговата книга потврдува дека Маркос, по враќањето од Белград во Грција, во својот Штаб, реши да ги враќа во своите домови сите што доаѓаа како доброволци во редовите на ДАГ, така на пример: околу 1.500 - 2.000 доброволци беа вратени и по нивното враќање непријателот безмилосно ги уништи како „кучиња”. Исто така, наведува и други примери, како што е со секретарот на Политичката комисија на градот Трикала, Костас Аридас кој заедно со поголема група кадрови кои имаа цврсто донесено решение во Околиската област на Тесалија дека треба да излезат во планина и да се борат, беа вратени и сите беа арестовани и стрелани. (Стр, 88.)

Кисавос, пишува за уште еден потрагичен, па дури и срамотен случај.

„Една група, околу 250 млади и наоружани доброволци, од околијата на Каламбака - Кастраќу, кои се обидоа да ги вратат, тие се спротивставија. Но, тие по своја иницијатива се организираа во 2-3 чети и решија сами да се борат против непријателската владина војска, во време на најголемите воени операции што ги имаше преземено владината војска на тој терен.

На чело им беше Спирос Царас од с. Кастраки - Каламбака. Се покажаа најдобри борци, (во тие жестоки борби) и без да имаат жртви во таа тешка и жестока борба. Раководството на маркосовите штабови, наместо да им честита за нивната

храброст, тие беа изгрдени за непослушност, а долго време го имаа за сомнителен Спирос Царас.“

Развојот на НОФ и АФЖ и политиката на КПМ/КПЈ за оптималното омасовување на целокупниот македонски народ

Значи, ако политичката стратегија и тактика на Маркос била за не омасовување на вооруженият отпор и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси. Тоа што го правеше НОФ со невидено галопирање во омасовувањето на македонците селани:

(Види-Извештај од главното раководство на НОФ од 9 февруари 1946 година, за организационата структура на НОФ во Егејска Македонија: Ам. Збирка „Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 86 и 87. Објавени во едицијата: „Егејска Македонија во НОБ 1946”, Т. Ш. . . , док 42 и 43. Стр. 97, 100, 103-106.)

Села / членови на КПГ /член на НОФ/ НОМС/ СКОЈ/ АФЖ

Костурски округ
1. Преспанска околија
А. реон Герман 16 села
Б. реон Африка 7 села

2. Околија Корештата
А. реон на Д'мбени 9 села
Б. реон на Дреновени 14 села
В. реон на Тиолишта 14 села

3. Околија Полето
А. реон Жупаништа 12 села
Б. реон Рупишта 10 села
В. реон на Кастенаријата 18 села
Г. Подреони на Калевишта 5 села

Леринski округ
1. Леринска околија
А. Буфски реон 13 села

Б. Которски реон	15 села
В. Банички реон	6 села
Г. реон Овчарени	9 села
Д. реон Турје	6 села

2. Совичко-Кајларска околија

А. реон Екши-Су	5 села
Б. реон Ајтос	8 села
В. реон Мокрени	16 села

Воденски округ

1. Мегленска околија

А. реон на Кронцелево	13 села
Б. реон на С'боцко	11 села

2. Островска околија

А. реон Острово	7 села
Б. реон на Месимер	11 села
В. реон на црно Мариново	8 села

Во извештајот се нагласува, дека состаноците се одржуваат редовно во месец јануари. Повеќето села ја прифаќаат нашата линија и се борат под наше раководство. Во извештајот се наведуваат точно колку им припаѓаат на секоја од овие организаци, а бројката е фрапантна и се добива претстава дека македонското население е целосно под влијание на овие организации. Има и други деталји.

За Организационото раководство
Секретар, с. р.
(Москва - Белград- КПГ)

Развојот на силите на НОФ и АФЖ

(Следните факти се клучни моменти во целата историја на НОФ)

На 2.04.1946 година, Захаријадис, генерален секретар на КПГ, враќајки се од Москва во Белград се сретнал со маршал Тито и разговарал околу одлуката за поведување на оружена борба

против десницата во Грција. Захаријадис од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материјална помош. На оваа средба било договорено и за следното:

Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ, кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ - КПМ, да помине под раководство на КПГ.

Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека , храна и други материјали.

Слободна регрутација на борци од редовите на македонската и грчката политичка емиграција во Југославија; организирање болници за ранетите и болните борци на ДАГ; Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

***

На 24.08.1946 година врз основа на договорот Тито - Захаријадис, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Генерал Маркос Вафијадис кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ. Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот Штаб на партизанските единици, односно ДАГ. Но, на 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946 - 1947 година да не се омасови, бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

На 21.11.1946 година, врз основа на одлуката и договорот меѓу Тито - Захаријадис од 14 октомври 1946 година, КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис ја остварија следната спогодба: „Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминува во целост под контрола на КПГ, а вооружените единици поминуваат под контрола на ДАГ под раководство на генерал Маркос. Зарем ние Македонците и во историјата треба да оспоруваме дека овој политички фундамент, не беше поставен од туѓинците (КПЈ-КПГ)?!

На туѓинците, целта им била од некои свои послушници да направи херои, таков лик, преку кого ќе се идентификува цел еден народ, а другите да ги сведе во најголема мера негативци (комитации и др.) и во такви услови да проработи кодошењето, (што подоцна и се почесто и се случуваше меѓу членовите на НОФ) и така настана најпогубниот момент за Македонците под Грција.

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа применети од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: „Вие сега одете долу (во Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа. Борете се со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции...”

Ова заплеткано сфаќање со утешни илузии, покажува дека владееше зајдисонце (мрак) во македонското лидерство.

Сега генерал Маркос сме го овластиле за нашата судбина

Наредба Бр. ЕП 13 од 27.12.1946 година, од генерал Маркос, гласи: „Сите партизански единици од денеска се стават во составот на ДАГ”.

Значи, НОФ од овој датум не претставуваше никаков воено - политички фактор, туку по т.н. „Братство и единство” на НОФ и се земени сите ингернции. По ова настана деликатна рамнотежа, помеѓу НОФ и КПГ, но полека влегуваше во

менгемето на КПГ, охрабрувано па дури и од македонскиот врв на КПМ и несомнено стануваше жртва на политичките игри. А, бргу потоа се најде во рацете на бескруполозната апсолутистичка власт на КПГ.

Дали некој помисли на фаталното дејство на омразата која никогаш не ја имаа заборавено спрема поранешните ЕЛАС (ИТИ), сега НОФ (ИТИ)?

Во аналите на историјата, таков случај не е регистриран.

1. Ако НОФ беше политички македонски субјект, требаше да каже: какви отстапки би можела да направи спрема КПГ, а притоа да не му нанесе трајна и неповредлива штета на својот народ - на национален план. Но, настана она другото: значи ако го создаде КПМ/КПЈ, тогаш таа и го предаде (продаде) на КПГ, а со какви и кои се политичките цели?!!! Само тие знаеја (КПЈ и КПГ)!

И, така нашите надежи сега се најдоа пак на масата на КПГ, ние се најдовме во униформата на ДАГ, децата се најдоа по светот. Значи, добро соработувавме во целиот период за „мекото етничко чистење".

Хроника (Прочитано во историографијата)

ВРЕМЕ НА ИСЧЕКУВАЊА И ЖЕЛБИ ПОСИЛНИ ОД ОКОЛНОСТИТЕ

Во втората декада на октомври 1944 година Леринско - костурскиот баталјон се оддели од ЕЛАС и се префрли во Вардарска Македонија (ФНРЈ), каде што се организира во бригада во составот на НОВ и ПО на Македонија - Југословенската народна армија (ЈНА).

ПРОГЛАС ДО МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО ГРЦИЈА

Комунистите (Македонци), кои ги напуштија редовите на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, беа остро осудени, а беа прифатени од КПМ/КПЈ. Сега со инструкции и помош на КПМ/КПЈ во Битола

беше конституирана ПОЛИТИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА, на чии работни состаноци претседаваше претставник на ЦК на КПМ. Во слободна Битола на 18 ноември 1944 година беше формирана Егејската бригада, од борците на пребегнатите македонски баталјони и ново пристигнатите бегалци од Македонија под Грција. Што ни покажува ова? Стара омраза, нови несогледувања. Но историјата на сите осознаени луѓе има свое наравоучение, но не и за нас Македонците. Повторливите трагедии како да ни се предизвик во патоказот на иднината. СТАВОТ НА ФДМ (Федерална Демократска Македонија) „ЗОШТО НЕ НА СОЛУН?"

...Политичкото и военото раководство на Македонија реално ја оцени, ја држеше и ја контролираше ситуацијата за време на јануарските настани, не дозволувајќи притоа да преовладаат емоциите над разумот, и на тој начин што туку формираната и кревка федерална Македонија да биде вовлечена во нова војна, практично, против сојузниците од антихитлеровата коалиција, на која страна се бореше и самата таа во текот на Втората војна."

ДИПЛОМАТСКИ ПРИТИСОК

На 9 декември 1944 година, шефот на Британската мисија во Белград, Меклеан, го посети Јосип Броз Тито и му го кажа својот заклучок дека формирањето на Бригадата (Егејска), открива територијални претензии врз грчката и бугарските територии и му обрна внимание да не се меша во грчките работи, односно во судирот меѓу ЕЛАС и британските сили во Атина, што започнаа на 3 декември 1944 година.

Тито го убедуваше Меклеан дека Југославија нема никаква претензија на грчка Македонија и дека Првата Егејска бригада нема да оди во Грција. На 22 декември 1944 година, Тито нареди Егејската бригада да не замине за Егејска Македонија, на ЕЛАС да не му се даде ветената помош, што се должи на директивата на Сталин до раководството на КПГ да ја прекине оружената борба и да побара мирољубиво решение за судирот со Англија.

Со специјална наредба под број 236 (строго доверлива од Маршал Тито, на 2 април 1945 година побара расформирање на „Егејската бригада.")

Но од нашите историографи имаме друго тврдење: „Не цел месец по формирањето на Егејската бригата во Битола, КПГ и ЕЛАС побараа таа да се расформира и нејзините борци да влезат во единиците на ЕЛАС, со што не се согласија ниту егејските раководители, ниту Јосип Броз ТИТО". (Види; д-р Ристо Кирјазовски, фељтон - низ борбените страници на Егејска Македонија: Илија Димовски-Гоче).

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1945 ГОДИНА И СОЗДАВАЊЕТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НОФ

Хаотична неизвесност на македонските перспективи. Настан за паметење. Голем исчекор во (не) познатото: 23 април 1945 година, беше ден (време) на асиметрични и болни судбински обрачи. Народот никој и за ништо не го прашува:

Дали со самиот чин формирање на НОФ и АФЖ, по Втората светска војна, сами не сме ја предизвикале кобната судбина на македонскиот народ под Грција? Дали со познатите спротиставени политики и практики на комунистичките партии (Југославија, Бугарија и Грција), спрема македонското национално прашање, идеолошки токму во оваа Граѓанска војна со умисла ни го ангажираа „македонскиот синдром" и не доведоа до: Македонецот - спроти Македонецот? По ова идеолошка збрка, за нас Македонците настана фатална дезорганизираност на македонските позиции.

Значи, ако досега сме го познавале:

А) македонското движење со бугарска етничка историска - тенденција;
б) македонското национално движење со македонска етничко историска - тенденција, сега по Втората светска војна се јавува и

в) македонско движење со пројугословенска историска - тенденција.

Големиот политички превид што ни се случуваше пред нашите очи во 1945 - 1949 година, всушност, беше најтрагичен. Тоа беше особено време, во кое не само македонската историја ќе забележи дека ретко кој народ во историјата како нашиот, самиот си ја посакувал толку злокобно својата несреќа.

Долги години иследувајќи го целото ова прашање (создавањето на НОФ и сите маки кои доаѓаат оттаму, зошто не можевме да бидеме сами со својата македонска правостојност), произлегуваат три клучни прашања:

Првото: како ова наше прашање (борба), им го покажавме на светот, конкретно на Големите сили, и нашата улога и визија со македонска опција во Граѓанската војна?

Второто: како ние - Македонците, самите гледавме на ова прашање и дали низ целиот период на Граѓанската војна, бевме уверени дека ја остваруваме токму македонската опција?

Или, можеби ја почитувавме ленинската теза дека, комунистичкото движење, на националното прашање гледа, како на тактичко и во основа одговара на интересите што секогаш одговараат со државните интереси на доминантната нација, во нашиот случај на грчката. Тогаш се поставува прашањето: Зошто така не пропагираа НОФИТЕ и АФЕЖИТКИТЕ, па ќе бевме сведоци на една сосема друга ситуација, а можеби и не ќе доживеевме таков национален пораз.

Третото: Зошто едно такво витално и национално прашање (големи жртви, изгубен македонски географско - историски простор итн.), не е третирано во интегралната македонска историја, туку како секторска – „Егејската", а таквата не може да има рамен третман во изучување и презентација на националната историја.

Се до 1945 година македонскиот народ под Грција имаше цврсто духовно и национално единство. Постарите Македонци и нивните деца и внучиња живееа со ист дух, и го негуваа македонскиот национален идентитет и единствени на таа стратегија, значи македонскиот човек, како стратегија за опстанок го прифати: „Културното затворање и затворањето на поединецот во идентитетот и во заедницата - македонска". И, НОФ токму на таква почва најде доверба и над масите стана доминантен господар во пропагирањето на политиката што ја диктираа:

КПМ/КПЈ од 23 април 1945 - до т.н. „Браство и единство" до 21 ноември 1946 година, (Токму по овој чин настанува иронијата и многу елегантно КПМ/КПЈ, си ги измија рацете од Македонците под Грција. Но, да ја проследиме ова добро позната историска приказна).

КПГ од 21 Ноември 1946 година до ликвидацијата на ДАГ во 1949 и годините на емиграцијата

КОИ БЕА ВСУШНОСТ НАШИТЕ СОЈУЗНИЦИ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА?

Одговорот е: Никој! Па дури ни КПМ, бидејќи и таа беше целосно потчинета на КПЈ.

Значи, македонски нихилизам, грешки, поданство и реки крв, но да се вратиме на фактите:

За нас - Македонците како полувековен проблем е што не е докажано со каква национална стратегија на 23 април 1945 година е создадена во Скопје организацијата: НОФ (Народно ослободителен фронт) за Егејскиот дел на Македонија, надвор и независно од КПГ и од било каков политички субјект во Грција кој повеќе од една година делува и се раководи од КПМ/КПЈ и Програмската 9 цел на НОФ, беше: да се бори за извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. За остварување на таа стратешка цел, беше применета и оружена форма на борба, за што

раководството на НОФ по неколку дена, односно на 28 април 1945 година реши да формира македонски партизански единици. (Види: Кирјазовски, 1995/202)

Се поставува прашањето: Како сето тоа ќе го оствареше НОФ? Кога повеќе од јасно е дека еден дел од македонскиот субјективен фактор, не беше на ниво на барањата и целите на македонското национално - ослободително движење. Тоа се потврди зашто не успеа да се соочи со многу сложените проблеми, што ги создаваа внатрешните и надворешните фактори. Ниту беше во можност да ги процени нивните сили, а уште помалку стратешките интереси и планови. Зошто до сега никој од тие стратези во НОФ, КПМ и КПЈ не дадоа одговор? Зошто секој од учесниците во таа војна, остана да си го поставува прашањето:

Ќе беше ли во состојба НОФ да го оствари самоопределувањето во една новосоздадена положба во Македонија под Грција со извршената етничка промена на населението во 1924 година, кога преку 600 илјади доселеници - колонисти беа населени на македонска земја и со тоа грчката држава од Македонците направи малцинство?

Еве Зошто?

По националност:

Грци	711.428	50,36 %
Македонци	240.000	17 %
Караманли	210.000	14,87 %
Ерменци	80.000	5,66 %
Евреи	68.206	4,83 %
Власи	44.414	3,14 %
Роми	25.302	1,79 %
Разни	33.127	2, 35 %
Вкупно	1.412.477	100 %

Во рамките на грчкото население е опфатено и разновидното бегалско население дојдено од Кавказ. Грчкото население по

потекло и јазик, всушност е под 50% од целокупното население што живееше во Македонија под Грција. (Види С. Киселиновски 2000/48.)

а) Ќе требаше ли некој од НОФ да ги праша тие доселеници дали би сакале да живеат во некаква балканска федерација, или со тоа ние - Македонците си правевме непријатели од овие луѓе. Но, се поставува прашањето дали тие како комунисти Македонци реагираа, на таквите акции од грчката влада. Тогаш, на тоа прашање (менување на етничкиот состав на Македонија), гледаа како на направено од хуманост спрема тоа население?

б) Дали НОФ знаеше дека за скоро, тие колонисти веќе се на чело на левите сили во Грција, како ЕАМ и КПГ, (кои не немаа во своите програми - С.К.), како Захаријадис, Парцалидис, Иоанидис, Маркос и други, и како можеше да очекува поддршка за таквата оптимална програма за самоопределување на Македонците?

в) Зошто тоа го прави сега кога тие истите членови на НОФ, како учесници во редовите на ЕАМ и ЕЛАС не им даваа да добијат никаков политички субјект во годините на антифашистичката борба и зарем имаа заборавено дека беа прогонети кога побараа национални права и беа наклеветени и анатемисани како автономисти, сецонисти, комитаџии и славофони?

Но, да се вратиме на најголемата манипулација од раководствата на КПЈ и КПГ, кога на средбата на 2 април 1946 година Тито и Захаријадис во Белград без присуство на Македонците решија:

1. Македонското народно - ослободително движење од Егејскиот дел на Македонија предводено од НОФ, а раководено од КПЈ-КПМ, да се стави под раководство на КПГ и да се измени програмската цел на НОФ во која сега ќе гласи: НОФ ќе се бори во сојуз со грчкиот народ за спасување на Македонскиот народ од физичкото истребување. КАКО!?

Тоа е вистината, и можеби е дел од стратегијата на туѓинците кои посакаа преку манипулацијата на НОФ, да си ја остварат целта, бидејќи од таквото делување на НОФ, грчката држава имаше преземено законски мерки со невиден терор и прогон, таквите воени зафати наликуваа на физичко истребување. Народот беше принуден да ги напушта родните огништа и да бега во Југославија или владините сили за безбедност ги испраќаа по островите.

2. Договорено е слободна регрутација на сите пребегани луѓе за испраќање како борци на ДАГ од целокупната политичка емиграција во Југославија. Од луѓе кои еднаш веќе успеале да се спасат од теророт, но тие сега се мобилизираа од разни Ворјасовци и ги враќаа во пеколот. Значи: со Македонците се случуваше нешто необично и од грчката држава и од самите нас, па човек ќе запраша: Што е со нас Македонците?

3. За нас Македонците, коренито беа изменети условите по договорите меѓу Тито и Захаријадис, односно КПЈ и КПГ и импликациите од робувањето кон еден или кон друг беа катастрофални. Но, по сето ова НОФ за чудо станува погласен во паролите за тоталните мобилизации на Македонците. Ги повикува Македонците и ја прогласува КПГ како единствен спасител и добронамерник за разрешување на македонското прашање на Македонците под Грција, а такви беа и препораките од КПМ/КПЈ (Види: Директивите и препораките на Лазар Колишевски во книгата на д-р Ристо Кирјазовски 1995/29)

Значи, на 23.04.1945 година, токму во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ 10 (Народно ослободителен фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. А со каква национална платформа? Платформата беше за остварување на туѓи интереси. Она што НОФ можеше да смета во перспектива, а сигурно и сметаше беше заштитата од КПМ/КПЈ.

Таквото погрешно сфаќање на националното прашање, веќе наплатено со жртви и со поништување на многу национални вредности, слепо се брани и денес по цена на тотално

национално пропаѓање. Тешко беше да се излезе од лавиринтот на сите манипулации околу КПГ и КПЈ, зошто се работеше за едно добро разработена стратегија во која дури и оние луѓе обележени како „тврди националисти", пред агресивната катадневна пропаганда потклекнаа, во корист на т.н. „класното", а националното (посебно за нас - Македонците), беше формално.

Но, од исходот на настаните се покажа дека за НОФ (за сите нас Македонците, посебно под Грција), беше лет во хаос?! А во хаосот кој е моќен, тој е праведен. Значи правдата не е во правилноста, туку во моќта. Тоа се потврди!

Значи, што се случи: народот ја предаде својата слобода бидејќи на тоа го принуди НОФ, изворишето на таа идеологија, а тие луѓе, туѓинците ги имаа устоличено да не водат, но само до одреден период. Види: „ДОКУМЕНТИ - за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава" Том втори.

ДИРЕКТИВИ ОД ГЛАВНОТО РАКОВОДСТВО НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ ДО ОКРУЖНИТЕ ПОВЕРЕНСТВА НА НОФ

Септември 1945 год.

Да се рашири нашиот НОФ секаде каде што има Македонци во секое село, во секој град, кварт, колиба и земјоделска куќа. Нити еден Македонец, Македонка или Македонче да не остане надвор од НОМС, АФЖ, НОФ и надвор од нивните влијанија. (стр. 721-722-723)

ПАРОЛИ НА НОФ, АФЖ и НОМС НА МАКЕДОНЦИТЕ!?

Уште на 22 Ноември 1945 година, покажуваат многу воинствено истрчување и тоа една година пред официјално да се објави Граѓанска војна во Грција:

„Ниту еден Македонец не треба да се најде надвор од антифашистичката организација НОФ. Само така организирани

ќе можеме да го уништиме фашизамот и да ги добиеме нашите права и правото на полно самоопределување". - Антифашистичка организација НОФ

„Напред. Сите Македонки во Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) за целосно уништување на фашизмот, за нашата слобода, за нашите права". - Антифашистичка организација АФЖ.

(Само напомена, цел свет знае оти на 9 мај 1945 година беше прогласена тоталната победа над фашизамот, а по се изгледа дека нашите пароли беа излитени или погрешно позајмени. Несериозно кон нашите добри македонски селани од Костурско, Леринско, Воденско и.т.н. кои бескрајно им веруваа - на валканите пароли - како на свои синови, оти, ако тоа го правеа Грците, нашиот човек не ќе беше влезен во тој геноциден зафат).

Народот ги знае кои се тие луѓе, (кои го натераа да биде еуфорично среќен). Тие луѓе не беа малку вредни, и јас ги почитувам, оти нивната заблуда беше убава, но беше заблуда. Заблудата беше прекрасна, си го сакаа својот народ, од тоа немаше поубаво, но тие го сакаа на погрешен начин, го уништија: го натераа да се саможртвува, обездетија, обездомија и го фрлија по светот за никогаш да не може да се врати. А тие наши политичари од НОФ и АФЖ станаа апсолутни губитници, смешни и збунети во сибирските тундри.

Значи, ете како македонскиот народ се најде (стоеше) вџасен и разгромен пред овој последен, судбински повик, затоа што знаеше дека со дипломатски трампи изчезнаа неброени Македонци, а сега се бараше од нив масовно учество, за да бидат сомелени во т.н. револуција, односно како ја нарекуваа активистите на НОФ и АФЖ: продолжување на Илинден.

Народот вели: „За да верува некој во мене, морам да кажам нешто во што јас верувам". Како да се најде одговор; зошто овие наши луѓе нофити и афежити, толку многу им веруваа на тугинците?! Веруваа во војна со нејасна македонска цел. А ако се постави прашањето; Зошто им веруваше македонскиот народ

на НОФ и АФЖ, а не на КПГ, тоа прашање е доволно апсолвирано. Народот велеше: „Нашчи се ...” и дури толку им веруваше македонскиот народ, дека токму тие ја гледаат реалноста на македонскиот национален идентитет, па е потребно само во една таква војна да влеземе и да не има што помасовно. Но, во целиот тој кобен модел на туѓинците, единствена неизвесност беше и остана само неизвесноста...

Како што подоцна грчката влада и КПГ, отворено ќе кажат, Тито имал „завојувачки планови против грчка Македонија” (исто, с. 205), а преку НОФ, односно со помош на НОФ „ќе ја присоедини - анектира Егејска Македонија” (исто, с. 271).

РЕВИЗИЈА НА СВЕСТА

Можеби им дала повод тогашната изјава на Тито во Москва: Во Москва на 26 април 1945 година, Маршал Тито даде изјава за „Њујорк тајмс” во која вели: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби.”

***

Интервју:

„Со чисто срце и со мирна совест”

Но, многу непобитна и интересна е и изјавата на Колишевски во неделното списание „Старт” година 2, бр 62. стр. 21, дадено на писателот Јован Павловски во интервју насловено „Со чисто срце и со мирна совест!”. Во него Колишевски вели:

Старт: Кога сме веќе кај Ранковиќ: Неговото име тесно е поврзано со помошта што Југославија им ја даваше на грчките партизани по завршувањето на Втората светска војна во 1945 година. А познато е дека меѓу партизаните имаше голем број Македонци од Егејска Македдонија.

КОЛИШЕВСКИ: За тоа малку е зборувано од автентични извори. Можеби за првпат, еве, сакам да кажам: Се работеше за

опстанок на егејските Македонци, на кои им се закануваше иселување, па се залагавме таму, во Егејска Македонија, да се формираат партиски организаци и партизански одреди. Заедно со Ранковиќ и со неколку генерали, во крајна дискреција, ја водевме таа акција. Да, формиравме Покраински комитет и вооружени формации за одбрана на селата во Егејска Македонија. Ги снабдувавме со оружје партизаните и ги примавме нивните ранети. Ги храневме, ги облекувавме, ги вооружувавме, ги префрлавме со камиони од оваа страна на границата, кога беа потиснувани. Објективно, тие во 1946 година водеа војна под мошне поволни услови: им го дадовме се она што нам, како партизани, во војната, ни недостигаше. Ќе раскажам една мала сторија, за која не сум зборувал досега: Кидрич во првата година по победата раководеше со стопанскиот живот на Југославија, па, во таа рамка, и со прехранувањето на луѓето во земјата. Беше одличен математичар и не можеше, а да не забележи дека јас, постојано, му барам следување на храна за Македонија, повеќе отколку што ни припаѓа - вишокот го дававме на Македонците од Егејска Македонија. Кидрич знаеше да се налути на моите постојани барања храна, и лут, знаеше да рече: „Аман, бе Лазо, па колку во Македонија има Македонци, кога постојано бараш толку храна!”. Ми стана непријатно, па му реков на Ранковиќ дека треба да му ја откриеме тајната на Кидрич. Ранковиќ се согласи. А кога му раскажавме за што се работи, тој со смеење ја прифати нашата тајна и не правеше проблем, кога баравме повеќе брашно и друг вид следување. Дури откако му објаснивме и се избакнавме тој и јас. Групата за снабдување со оружје на македонските и грчките партизани ја раководеше генералот Јово Капичиќ” (покасно еден од одговорните и директор на затворот „Голи Оток” заб. С.М.)

И ова акција на Колишевски со генералите ни покажува дека таа војна беше нечиста за Македонците под Грција и со тоа се потврдува дека НОФ беше заведана од туѓи цели и интереси од воинствениот Генералштаб на ЈНА и политиката на КПЈ.

Но, да се запознаеме со уште еден став на Колишевски:

„...Прашањето за обединување на Македонија повторно било актуелизирано во месеците непосредно пред донесувањето на уставот на Федеративна Македонија и одржувањето на Парискатa мировна конференција. За одржувањето на Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија одржан од 2 до 4 август 1946, Ф.О. (Форин Офис) бил известен на 13 август. Во извештајот се нагласува присуството на конгресот на Колишевски, како претседател на Народна Република Македонија и секретар на територијалниот одбор на Народниот фронт на Македонија, М. Нешковиќ претседател на српската влада, Фране Фрол, министер за правда на федеративната влада, делегација од делот на Македонија под Бугарија на чело со Крсто Стојчев, делегат на бугарското собрание, делегати од Грција „или како што овде се веле Егејска Македонија" и делегат од Трст, Еуѓен Лауренти. Она што му дало посебен белег на конгресот била манифестираната желба на „македонскиот народ да биде слободен и обединет во Република Македонија во рамките на ФНРЈ (Федеративна Народна Република Југославија)." Остварувањето на таа идеја, можела да се оствари само со зајакнување на културните врски со Пиринската област и националното осознавање на народот што во тој дел на Македонија би создало услови за остварување на желбата за обединување на овие области со Република Македонија. Во однос на идејата за обединување се нагласувало дека дотогаш во печатот „малку или скоро никаков публицитет не им било дадено на тие идеи во Југославија до појавувањето на Манифестот" а „односот кон грчка Македонија е неодреден и е нешто повеќе од платонска симпатија. Но како и да е, јасно е што лебди во воздухот".

Во својот говор Колишевски во Битола се спротивставил на идејата за обединета и независна Македонија надвор од рамките на Југославија или под протекторатот на големите сили. Тоа според Колишевски би преставувало „уништување на сегашната македонска федерална единица". (Види: Т. Чепреганов, 1997/152).

Практично, прогласувањето на територијалниот интегритет на Грција, загрозен преку НОФ, се јави како повик до Грците во

Македонија и цела Грција да се борат против НОФ, да ја спасуваат Македонија под Грција.

Значи, со појавата на НОФ, во регионот настана пекол. Со тоа се создаде сива зона, опасно место за живеење и поле за воено - стратешки натпревар меѓу идеологиите за туѓи цели.

Ако и малку ја анализираме таквата неповолна ситуација, посебно, од национален интерес, никој умен не би го дигнал на оружје македонскиот народ - кој се наоѓаше во една најфлуидна (неизнасилена, но менлива) ситуација, а тоа го стори само НОФ - диригиран од КПМ/КПЈ. За Македонците, Граѓанската војна, беше време без логика, посебно прогласувањето на НОФ - Народноослободителен фронт, а тоа значеше мобилизација на целокупниот македонски потенцијал под Грција. ЗОШТО?!! Како ќе стигневме до успех?

И ден - денес, секој страдалец си го поставува прашањето ЗОШТО?!

ЗНАЧИ, НОФ БЕШЕ ОФОРМЕН И ОРГАНИЗИРАН ОД КПЈ/КПМ, И СЕ ПОКАЖА ДЕКА МАКЕДОНЦИТЕ СТАНАА ЖРТВИ ЗА ТУЃИ ИНТЕРЕСИ

Прво: на 23 април 1945 година во Скопје во ЦК на КПМ, биле формирани организациите за Македонија под Грција НОФ, АФЖ и НОМС раководени од КПМ/КПЈ, се до ноември 1946 година. Програмската цел им беше извојување на националните права и правото на самоопределување на Македонците под Грција. (Види: Кирјазовски Ристо, 1966/181 и Раковски Павле, 1990/199).

Но и историчарот Лазар Лазаров, (1998/62), не упатува на извештаите испратени до француската влада на 26 септември 1945 година од страна на францускиот генерален конзул во Солун, Жерар Раул Дувал, во кои вели: „... Седиштето на организацијата НОФ се наоѓа во Скопје, на југословенската територија... по се ми се чини дека пропагандата на НОФ на Славофоните е остварување на идејата за автономна Македонија, а југословенската влада ја контролира ова

организација и ја гледа грчка Македонија како сопствен дел на југословенската територија...” (стр.62)

Историчарот Ванче Стојчев (види: фељтон „Силите што го спречија обединувањето на Македонија” (Н.М. од 8.9.2001 год.), потврдува: „... Во Скопје на 23 април 1945 година, по иницијатива на КПМ, било конституирано основачко биро на Народно - ослободителниот фронт, (НОФ) за Егејска Македонија. Со ова биро раководел ЦК на КПМ. Основна задача на оваа македонска организација била да застане на чело и да ја предводи борбата на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија. Во составот на НОФ биле формирани НОМС и АФЖ и сите нивни членови биле префрлени во егејскиот дел на Македонија. Покрај монархофашистичките и британските сили, присуството на НОФ го отфрлиле и ЦК на КПГ и ЕАМ кои тоа го прогласиле како загрозување на територијалниот интегритет на Грција. НОФ го покренал македонскиот народ во борба, но не успеал да се зацврсти како раководен орган. КПЈ и КПМ исто така не биле во можност да им пружат позначајна помош на Македонците во Егејскиот дел на Македонија, додека КПГ ги штителa грчките интереси. Изјавата на Тито за „Њујорк тајмс” „... Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби ...”дејствувала потикнувачки за македонскиот народ и во ЦК КПМ но, исто така, и на противничките сили кои против силите на македонскиот НОФ во Грција применувале злосторнички мерки.”

Значи, жртви на таквите состојби беа Македонците. И затоа, голема илузија е некој уште да мисли дека во меѓународните односи па и во југословенско - грчките односи важеа некои определени принципи. Принципите беа во форма на гола политика, со цел да се замаглуваат очите на светската јавност и на жртвите. Ние Македонците, не бевме во состојба да сфатиме дека посилните секогаш се раководеа од правилата на нивните стратешки државни интереси не водејќи сметка за интересите на помалите - во случајот ние Македонците. По влегувањето во нивната мрежа, ние можевме единствено да се надеваме само на Божја помош.

Ова е период кога овие организации дејствуваа надвор и независно од КПГ и беа исклучиво раководени од КПМ/КПЈ (Види:Кирјазовски 1995/10).

Нема сомнение, дека оптималната цел на НОФ (КПМ/КПЈ), беше да ги опфати тотално сите Македонци под Грција и да ги стави во функција на сенароден фронт за реализација на програмската цел. Но, се поставува прашањето: Ако таквата стратешка цел беше прифатена како грижа од КПМ/КПЈ, тогаш, зошто само пред неполни три месеци овие највисоки тела на Југославија беа против паролата: „Да го свртиме оружјето кон Солун!", односно: „На Солун, не на Сремскиот фронт?!"

Од таквата стратешка цел на КПМ/КПЈ, организацијата НОФ и АФЖ, беше организирано во 5 окружни, 10 околиски, 3 градски и 32 реонски раководства со 120 професионални кадри на НОФ, АФЖ и НОМС и беа организирани 220 села (половина од овие села се уништени во времето на Граѓанската војна - м.з.), а функционираа 170 селски и градски организации. Во тој период биле создадени и воени формации - до баталјони.
(Види: Кирјазовски 1985/143).

Од историски аспект, самите слогани (НОФ и АФЖ) си ја имаа завршено функцијата уште кога се прогласи пред светот победата над фашизмот, но за нас Македонците изгледа тоа не важеше. Но, со тоа грчката влада го озакони (донесе специјални закони, кои исклучиво важеа само за нас Македонците), насилството против таквите организации (НОФ и АФЖ) во Грција и власта се одзва со невиден терор до крајот на Втората светска војна. Ова, се правеше, уште пред да почне Граѓанската војна, бидејќи официјално таа е прогласена на 31 март 1946 година, со решение на Вториот пленум на КПГ, одржан на 12 февруари 1946 година.

Соодносот меѓу силите на левицата и на десницата во времето кога беше донесена одлуката за почнување на оружената борба беше следниот:

Владини сили - 44 баталјони; национална стража со вкупно 30.000 лица; 8.800 офицери и војници на ридски армиски бригади. Жандармеријата беше првата државна воена сила која беше реорганизирана пролетта 1946 година. Таа тогаш броеше 27.000 луѓе, од кои 14.000 во Северна Грција, (во Македонија: Костур, Лерин, Воден и др.) Покрај регуларните единици, беа организирани и паравоени формации, какви што беа: МАИ - (единици за заштита на внатрешноста), МАД - (едници за прогон) со околу 35.000 луѓе. Сите тие беа командовани од искусни армиски офицери. Истовремено, во цела Грција дејствуваа околу 166 вооружени терористички банди, организирани и раководени од најекстремната десница.

СТАВОТ НА ЗАПАДНИТЕ СИЛИ БЕШЕ ЈАСЕН, НО РУСКИОТ - СТАЛИНОВИОТ Е ЧУДЕН: „НЕКА СЕ БУРИЧКА ВО КАПИТАЛИЗАМОТ" И ПОДРШКА - САМО НА ЗБОРОВИ, А ЈУГОСЛАВИЈА ИМАШЕ ДВОЛИЧНА ПОЛИТИКА - ЈАВНА, СО КОЈА ГО ПОЧИТУВАШЕ ИНТЕГРИТЕТОТ НА ГРЦИЈА И ТАЈНА - СО КОЈА ГИ ПОТИКНУВАШЕ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВООРУЖЕНА БОРБА

Значи, накратко, неправедниот поредок, наметнат во Јалта, го следеше еден неред, исто така суров и без сомнение уште по крвав за нас Македонците под Грција, кои се најдовме поделени во четири држави. Идејата за светскиот комунизам беше празна во значењето од кога и да било порано, и зачудувачки е да се констатира пред оваа немоќ. Но, спрема нас по Втората светска војна, идеолошката пропаганда на туѓинците успешно си го стори своето со нас кои толку многу им верувавме на сите тие наши стратези.

Реакциите на КПГ и на владата во Атина - против формирањето на НОФ.

Како организациите: НОФ, АФЖ и НОМС, создадени во ФНРЈ - Скопје, беа пречекани во Грција од левите сили, на кои НОФ не натера да им бидеме верни и им го поверивме сиот македонски потенцијал, па дури и децата? На 12-от Пленум на

ЦК КПГ, кои се одржа два месеци по основањето на овие организации, прокламираа:

„Решително се спротивставуваме на секое територијално барање од која и да е страна против Грција. Зачувувањето на територијалниот интегритет на државата е првостепена задача на секој грчки патриот". (ТО ККЕ АП ТО1931-1952, с. 110).

КОИ БЕА ИДЕЛОШКИТЕ ВОДАЧИ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945 - 1949 ГОДИНА И ДАЛИ НИЕ МАКЕДОНЦИТЕ УЧЕСТВУВАВМЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА

Седмиот Конгрес на КПГ што се одржа на 1 октомври 1945 година, на кого учествуваа 223 делегати од кои мнозинството припаѓаа на работничките партии и на земјоделската селска партија.

Во раководството на партијата, во централниот комитет и во Политбирото завладееа кадри на „генерацијата 30 годишници". Такви беа кадрите, а Захаријадис - генералниот секретар на комунистичката партија, беше на чериесет и две години.

Составот на централниот комитет се состоеше од следните лица:

Постојани членови (30)

Анастасијадис Стергиос, Арамбазис Никос, Василијадис Аристос, Вутусјанос Мичос, Вафијадис Маркос, Вландас Димитрис, Грозос Апостолос, Еритријадис Гиоргис, Загурџис Никос, Захаратос Милтијадис, Захаријадис Никос, Зевгос Гианис, Зографос Зисис, Иоанидис Гианис, Кацаврас Василис, Маркезинис Василис, Мавроматис Панагиотис, Музенидис Адам, Барџиотас Василис, Бланас Ахилеас, Парцалидис Мичос, Плумбидис Никос, Порфирогенидис Милтијадис, Русос Петрос, Сјантос Гиоргис, Сукарас Сотирис, Стрингос Леонидас, Титилос Гиоргис, Хаџивасилиу Хруса, Хаџис Танасис.

Кандидати за постојани членови (15)

Вазванас Вангелис, Ветас Викос, Вонтисиос Гиоргис, Гифтодимос Костас, Димитриу Гиоргис, Теос Костас, Капета Алегра, Кату Роди, Колигианис Костас, Лулес Костас, Макридис Теодорос, Махараопулос Христос, Парцалиди Аврa, Румелиотис Никос, Тсијанис Михалис.

Составот на централната контролна комисија (5)

Данијалидис Полидорос, Карагкицис Пантелис, Папаригас Мичос, Синакос Михалис, Фармакис Костас.

Еден ден по завршувањето на работата на 7-от конгрес на 7 ноември 1945 година се свика првиот пленум и на него се избра Политичкото Биро на Централниот Комитет на Комунистичката Партија на Грција и се изабраа:

Постојани членови (7)

Сиантос Гиоргис, Захаријадис Никос, Иоанидис Гианис, Хаџивасилиу Хриса, Парцалидис Мичос, Барџиотас Василис, Петридис Тасос, (Анастасијадис Стергиос)

Кандидати за постојани членови (3)

Стрингос Леонидас, Зевгос Гианис, Русос Петрос.

КПГ во десетлетниот период на 1940 година претставуваше од поглед на возраста еден млад организам со доста млади луѓе.

Групите на возраста на 7-от конгрес беа како што следи:

20-30 години 73 преставници
31-40 години 100 преставници
41-50 години 46 преставници

Забелешка: Значи, ние Македонците не бевме политички а ниту воен фактор Преглед:

ХРОНОЛОГИЈА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ВО 1945 ГОДИНА

Датум
Опис на настаните или документ

12.02.1945 - Во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од едната и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна. Со таа спогодба се потчинува грчката команда под англиската за Блискиот Исток, (на 12 февруари 1945 година), ЕАМ и ЕЛАС практично и ја предадоа власта на десницата.

23.04.1945 - Во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно Ослободителен Фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето се до т.н. „Братство и единство" помеѓу НОФ и КПГ, НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а потоа помина под команда на КПГ се до нејзиното расформирање.

26.04.1945 - Во Москва Маршал Тито даде изјава за „Њујорк тајмс" во која вели: „Ако Македонците од грчките области изразат желба да се обединат со другите Македонци, Југославија ќе ги почитува нивните желби."

20.06.1945 - А на 20 јуни 1945 година во близината на Воден, Егејска Македонија, е одржана Окружна конференција на НОФ за Воденско. На конференцијата, на која зедоа учество 125 делагати од градот и од селата, реферат за идеолошките содржина на борбата и нејзините форми на борбата поднесе членот на Главното раководство на НОФ Павле Раковски, а за финасиската положба - секретарот на Окружното поверенство на НОФ Вангел Ајановски - ОЧЕ. Делегатите, покрај другото, побараа ликвидирање на терористичките селски полјаци. (Н.М./94)

28.06.1945 - Се одржа XII-от Пленум на ЦК на КПГ, а во одлуката се вели: „НОФ, со брзото омасовување и со неговите

воени формации, опасно го загрозува грчкиот карактер на Македонија; грчките позиции и интереси во неа и територијалниот интегритет на грчката држава”.

29.06.1945 - ПРОГЛАС од Окружниот комитет на КПГ за Воденско, од членовите на КПГ и народот во Воденско, со кој се осудува организацијата НОФ.

1945 - Грчката законодавна власт донесува закони против организацијата НОФ, АФЖ и НОМС.
ЗАКОН 543/45: „Против организацијата НОФ и лицата што дејствуваат за отцепување на грчки територии”.

07.07.1945 - ЗАКОН број 453 и ЗАКОН ТОД:/45 „За ред, мир и правда” „За обезбедување на јавната безбедност”

18.07.1945 ЗАКОН КЗ 43: „Против автономистичката дејност”со кој закон македонските организации НОФ, АФЖ и НОМС се прогласени за автономистички, и се стават надвор од Законот и нивните членови се прогласуваат за бандити и им се суди за Велепредавство.

20.07.1945 - ПРИНУДНИОТ ЗАКОН (КЗ) 4124: „За кривично гонење на сомнителни лица”.

20.07.1945 - ДЕКРЕТ „Г и други закони: ПЗ 433/45” „Околу илегалното поседување на оружје”, ПЗ 753/45 “Околу илегалното поседување и употреба на оружје”. „За вонредни мерки и за јавна безбедност”.

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1946 ГОДИНА

Развојот на силите на партизаните и андартите и итрата тактика на генерал Маркос за неомасовување на вооружените сили

Развојот на левите сили (КПГ и ЕАМ), низ политичките настани во почетокот на 1946 година се одвиваа спрема концептот за неомасовување на населението во вооружен отпор и од таквиот став беа враќани илјадници војници и офицери, сите

симпатизери и членови на КПГ и на ЕЛАС, кои беа жестоко прогонувани од новата власт на Атина.

Но, зачудува концептот на НОФ (КПМ/КПЈ), по кој уште во 1945 година беше реализиран и се изврши масовна мобилизација на македонското население, зачленувајќи го во НОФ и АФЖ. Очевидно тоа покажува дека е внимателно испланиран идниот и другите концепти преку стратегијата и тактиката на туѓинците.

Тоа го покажува и следното: дека по предупредувањето и спречувањето на левите сили низ цела Грција да учествуваат во масовноста, а подоцна тие леви сили се преоринтираа и настана наводно проблемот со резервите на воените сили на ДАГ. И, не е чудо тие од 25.000 - илјадната армија на ДАГ, во нејзините редови се најдоа насилно мобилизирани и ја сочинуваа 50% Македонци борци, а другите беа Грци. Тоа значи, од осуммилионското грчко население во единиците на ДАГ имаше не повеќе од 18 - 20 илјади борци на ДАГ, а од 300 илјадите македонско население во Грција, имаше околу 15 - 20 илјади Македонци борци на ДАГ, низ целиот период на Граѓанската војна (1946-1949 год.).

Според истражувањата на генералот Зафиропулос, силите на партизаните, во текот на 1946 година се развиваа по следната динамика. До:

Месеци	Број на борци
Април	950
Мај	1.300
Јуни	2.700
Јули	3.500
Август	3.600
Септември	4.490
Октомври	5.930
Ноември	7.450
Декември	9.285

Што значи соодносот на владините сили и борците во ДАГ е 10:1, а военото наоружување е неспоредливо.

„... Кога пристигнав во Белград, вели Маркос ...Одма се сретнав со другарот Иоанидис, во една канцеларија, каде ме дочекаа и двајца лидери на Комунистичката партија на Југославија; Темпо (Светозар Вукмановиќ) и Ранковиќ. Ме прашаа што ќе треба за неопходно да сорат за да помогнат (за ДАГ). Им реков дека потребно е наоружување за 18.000 борци. Само што слушна Иоанидис, дека барам наоружување за 18.000 борци, стана и ми вели: Маркос, дали си во добрите: што ќе правиш со тоа наоружување за 18.000 борци. Доволно е само за 4 - 5 илјади и ниту за еден повеќе не треба".(Стр. 94. Кисавос). Понатаму тој објаснува:

„...Тогаш јас го прашав Маркос: - Зошто другар Маркос, по враќањето од Белград во Грција, ја променивте линијата на Партијата. Беше присутен и лекарот Сакеларију. Ми одговори: - Ми ја промени партиската линија Иоанидис, кога бев во Белград, другар Георги."

Најсигурно е дека, таквата линија ја променија Југословените и Иоанидис и од тогаш Маркос се здоби со особени симпатии од југословените и лично од Тито, каде до ден - денес се забележливи тие симпатии.

Кисавос, во неговата книга потврдува дека Маркос, по враќањето од Белград во Грција, во својот Штаб, реши да ги враќа во своите домови сите што доаѓаа како доброволци во редовите на ДАГ, така на пример: околу 1.500 - 2.000 доброволци беа вратени и по нивното враќање непријателот безмилосно ги уништи како „кучиња". Исто така, наведува и други примери, како што е со секретарот на Политичката комисија на градот Трикала, Костас Аридас кој заедно со поголема група кадрови кои имаа цврсто донесено решение во Околиската област на Тесалија дека треба да излезат во планина и да се борат, беа вратени и сите беа арестовани и стрелани. (Стр, 88.)

Кисавос, пишува за уште еден потрагичен, па дури и срамотен случај.

„Една група, околу 250 млади и наоружани доброволци, од околијата на Каламбака - Кастраќу, кои се обидоа да ги вратат, тие се спротивставија. Но, тие по своја иницијатива се организираа во 2-3 чети и решија сами да се борат против непријателската владина војска, во време на најголемите воени операции што ги имаше преземено владината војска на тој терен.

На чело им беше Спирос Царас од с. Кастраки - Каламбака. Се покажаа најдобри борци, (во тие жестоки борби) и без да имаат жртви во таа тешка и жестока борба. Раководството на маркосовите штабови, наместо да им честита за нивната храброст, тие беа изгрдени за непослушност, а долго време го имаа за сомнителен Спирос Царас.”

Развојот на НОФ и АФЖ и политиката на КПМ/КПЈ за оптималното омасовување на целокупниот македонски народ

Значи, ако политичката стратегија и тактика на Маркос била за не омасовување на вооруженият отпор и тоа со искусни борци од ЕЛАС, тогаш каде да ја бараме логиката на таквите политички процеси. Тоа што го правеше НОФ со невидено галопирање во омасовувањето на македонците селани:

(Види-Извештај од главното раководство на НОФ од 9 февруари 1946 година, за организационата структура на НОФ во Егејска Македонија: Ам. Збирка „Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 86 и 87. Објавени во едицијата: „Егејска Македонија во НОБ 1946”, Т. Ш. . . , док 42 и 43. Стр. 97, 100, 103-106.)

Села / членови на КПГ /член на НОФ/ НОМС/ СКОЈ/ АФЖ

Костурски округ

1. Преспанска околија
   А. реон Герман 16 села

Б. реон Африка 7 села

2. Околија Корештата
А. реон на Д'мбени 9 села
Б. реон на Дреновени 14 села
В. реон на Тиолишта 14 села

3. Околија Полето
А. реон Жупаншта 12 села
Б. реон Рупишта 10 села
В. реон на Кастенаријата 18 села
Г. Подреони на Калевишта 5 села

Леринси округ

1. Леринска околија
А. Буфски реон 13 села
Б. Которски реон 15 села
В. Банички реон 6 села
Г. реон Овчарени 9 села
Д. реон Турје 6 села

2. Совичко-Кајларска околија
А. реон Екши-Су 5 села
Б. реон Ајтос 8 села
В. реон Мокрени 16 села

Воденски округ

1. Мегленска околија
А. реон на Кронцелево 13 села
Б. реон на С'боцко 11 села

2. Островска околија
А. реон Острово 7 села
Б. реон на Месимер 11 села
В. реон на црно Мариново 8 села

Во извештајот се нагласува, дека состаноците се одржуваат редовно во месец јануари. Повеќето села ја прифаќаат нашата

линија и се борат под наше раководство. Во извештајот се наведуваат точно колку им припаѓаат на секоја од овие организаци, а бројката е фрапантна и се добива претстава дека македонското население е целосно под влијание на овие организации. Има и други детали.

За Организационото раководство
Секретар, с. р.
(Москва - Белград- КПГ)

Развојот на силите на НОФ и АФЖ

(Следните факти се клучни моменти во целата историја на НОФ)

На 2.04.1946 година, Захаријадис, генерален секретар на КПГ, враќајки се од Москва во Белград се сретнал со маршал Тито и разговарал околу одлуката за поведување на оружена борба против десницата во Грција. Захаријадис од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материјална помош. На оваа средба било договорено и за следното:

Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ, кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ - КПМ, да помине под раководство на КПГ.

Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека , храна и други материјали.

Слободна регрутација на борци од редовите на македонската и грчката политичка емиграција во Југославија; организирање болници за ранетите и болните борци на ДАГ; Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

***

На 24.08.1946 година врз основа на договорот Тито - Захаријадис, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Генерал Маркос Вафијадис кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ. Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот Штаб на партизанските единици, односно ДАГ. Но, на 10 ноември Захариадис од Сталин доби директива вооруженото движење зимата 1946 - 1947 година да не се омасови, бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, КПГ на политичката борба да и даде примат и слично.

На 21.11.1946 година, врз основа на одлуката и договорот меѓу Тито - Захаријадис од 14 октомври 1946 година, КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис ја остварија следната спогодба: „Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминува во целост под контрола на КПГ, а вооружените единици поминуваат под контрола на ДАГ под раководство на генерал Маркос. Зарем ние Македонците и во историјата треба да оспоруваме дека овој политички фундамент, не беше поставен од туѓинците (КПЈ-КПГ)?!

На туѓинците, целта им била од некои свои послушници да направи херои, таков лик, преку кого ќе се идентификува цел еден народ, а другите да ги сведе во најголема мера негативци (комитаџии и др.) и во такви услови да проработи кодошењето, (што подоцна и се почесто и се случуваше меѓу членовите на НОФ) и така настана најпогубниот момент за Македонците под Грција.

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа применети од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, кој им го рекол следното: „Вие сега одете долу (во Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба ќе ви

биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа. Борете се со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции...”

Ова заплеткано сфаќање со утешни илузии, покажува дека владееше зајдисонце (мрак) во македонското лидерство.

Сега генерал Маркос сме го овластиле за нашата судбина

Наредба Бр. ЕП 13 од 27.12.1946 година, од генерал Маркос, гласи: „Сите партизански единици од денеска се стават во составот на ДАГ”.

Значи, НОФ од овој датум не претставуваше никаков воено - политички фактор, туку по т.н. „Братство и единство” на НОФ и се земени сите ингернции. По ова настана деликатна рамнотежа, помеѓу НОФ и КПГ, но полека влегуваше во менгемето на КПГ, охрабрувано па дури и од македонскиот врв на КПМ и несомнено стануваше жртва на политичките игри. А, бргу потоа се најде во рацете на бескруполозната апсолутистичка власт на КПГ.

Дали некој помисли на фаталното дејство на омразата која никогаш не ја имаа заборавено спрема поранешните ЕЛАС (ИТИ), сега НОФ (ИТИ)?

Во аналите на историјата, таков случај не е регистриран.

1. Ако НОФ беше политички македонски субјект, требаше да каже: какви отстапки би можела да направи спрема КПГ, а притоа да не му нанесе трајна и неповредлива штета на својот народ - на национален план. Но, настана она другото: значи ако го создаде КПМ/КПЈ, тогаш таа и го предаде (продаде) на КПГ, а со какви и кои се политичките цели?!!! Само тие знаеја (КПЈ и КПГ)!

И, така нашите надежи сега се најдоа пак на масата на КПГ, ние се најдовме во униформата на ДАГ, децата се најдоа по светот. Значи, добро соработувавме во целиот период за „мекото етничко чистење”.

Преглед:

ХРОНОЛОГИЈА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ВО 1946 ГОДИНА

12.02.1946 - Во Атина е одржан II-от Пленум на ЦК на КПГ на кој е донесено решение да се апстинира на парламентарните избори и се донесе т.н. историско решение за оружено востание.

31.03.1946 - Една од најкарактеристичните акции беше нападот на партизанските единици на Литохоро, каде владините сили имаа 23 убиени војници. Ова како една од поголемите акции во грчката историја на ДАГ се цени за почеток на Граѓанската војна во Грција.

02.04.1946 - Захаријадис, генерален секретар на КПГ, враќајки се од Москва во Белград се сретна со маршалот Тито и разговараше околу одлуката за поведување на оружена борба против десницата во Грција. Захаријадис од Тито добил целосна поддршка, односно, ветување за морална и материјална помош. На оваа средба било договорено и за следното:

1. Македонското национално ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија, предводено од НОФ, кое од април 1945 година се наоѓаше под раководство на КПЈ - КПМ, да помине под раководство на КПГ.

2.Дел од составот на Политбирото на ЦК на КПГ на чело со Јанис Јоанидис, да се префрли во Белград со задача да раководи со оружената борба, да ја претставува во странство, да се грижи за снабдувањето на партизаните со оружје, облека , храна и други материјали.

3.Слободна регрутација на борци од редовите на македонската и грчката политичка емиграција во Југославија; организирање болници за ранети и болни борци на ДАГ; Југославија да ја преземи улогата на организатор и координатор на помошта од други земји за ДАГ.

13.04.1946 - РИЗОСПАТИС (весник на КПГ) истакнува во одбрана на Македонците против страшното и неверојатно малтретирање на „Славомакедонците". За гонењето на Македонците се вели дека е „Најголемо и најужасно гонење за какво што не знае и какво што не познава новогрчката историја..."

17.04.1946 - Солунскиот десничарски весник „Неа Алитија" (Нова вистина) објави напис со наслов „Нашите Судети, во кој се зборува за Македонците и се квалификуваат како Судети и како такви, пишува весникот во интерес на мирот и безбедноста во Грција, треба да бидат ликвидирани".

04.05.1946 - Во Трсјанско-Турјанската планина, Леринско, беше формиран првиот партизански одред на чело со Петре Марков од селото Нерет, Леринско.

21.05.1946 - Весникот „Етникос Кирикас" пишува: „Од Грција треба што поскоро да се протераат 80.000 Славомакедонци". Истото се вели и во неделникот - републикански весник „Елефтерос типос" од 28.01.1946 година во статијата: „...Нека си одат Славомакедонците од нашата Македонија - нека си одат каде што сакаат".

27.07.1946 - Воениот суд ја осуди на смрт и ја стрела Ирина Гинова - Мирка, учителка од с. Росилово, Воденско, секретарка на АФЖ за Воденскиот округ.

24.08.1946 - Врз основа на договорот Тито - Захаријадис, еден дел од составот на ПБ на ЦК на КПГ на чело со Јоанидис Јоанис и потребниот апарат, илегално се префрли од Атина во Белград. Генерал Маркос Вафијадис кој во јуни 1946 година од Захаријадис беше назначен за организатор и раководител на партизанските групи илегално ја напушти Грција и се префрли во Белград каде што доби конкретни директиви и ветувања од делот на ПБ на ЦК на КПГ. Во септември се префрли во Егејска Македонија каде што на 28 октомври го формира Главниот Штаб на партизанските единици, односно ДАГ. Но, на 10 ноември Захаријадис од Сталин доби директива вооруженото

движење зимата 1946-1947 година да не се омасови, бидејќи тоа наводно го налага меѓународната ситуација, а КПГ да и даде примат на политичката борба и слично.

21.11.1946 - Врз основа на одлуката меѓу Тито - Захаријадис од 14 октомври 1946 година, КПЈ и КПГ, претставени од Караиванов и Јоанидис ја остварија следната спогодба: „Македонската организација НОФ (АФЖ и НОМС) и нејзиното раководство поминува во целост под КПГ, а вооружените единици на ДАГ под раководство на генерал Маркос.

По постигнатата спогодба меѓу КПЈ и КПГ, по извесено време, членовите на Главниот одбор на НОФ на чело со Паскал Митревски беа применети од секретарот на ЦК на КПМ Лазар Колишевски, а тој им го рекол следното: „Вие сега одете долу (во Егејска Македонија), раководител сега на вашата борба ќе ви биде КПГ. Линијата на КПГ е исправна. Да имате доверба во неа. Борете се со сите расположливи сили против шовинизмот, сепаратизмот и локалните тенденции...”

27.12.1946 - Наредба Бр. ЕП 13 на генералот Маркос гласи: „Сите партизански единици од денеска се стават во составот на ДАГ”.

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1947 ГОДИНА

Во февруари 1947 година, раководството на КПГ донесе одлука за промена на задачата на ДАГ, односно на стратешката цел на нејзината оружена борба - од борба на притисок врз атинскиот режим за мирољубиво решение на грчкото внатрешно прашање во борба за соборување на тој режим и заземање на власта. Владата на Атина строго реагираше и дури преку грчкиот парламент донесе низа закони, но, во исто време, се огласи и Кралот.

На 24.02.1947 година, Кралот на грчката држава и грчката Влада јавно ги повикуваа борците на ДАГ да се предадат до 15 март 1947 година. Во повикот се вели, дека сите сторени дела против државата и народот ќе им се амнестираат, доколку до

одредениот рок се придржуваат на повикот и се вратат во своите домови.

Американскиот министер за надвореши работи Г. Маршал, на 14 февруари 1947 година, изјави дека Владата на САД е задоволна од владината промена во Грција и дека во интерес на САД и на сите Обединети Нации е Грција да прими помош за да ги зачува својата независност и територијалниот суверенитет.

(Види: Стејт департмент, Билтен, 23.2.1947, 341).

Оваа изјава на Г. Маршал иницираше Грција да добие американска помош.

Решеноста на двете западни Држави и Велика Британија по секоја цена да спречат грчките комунисти да ја преземат власта, резултираше со интервенцијата на САД во Грција изведена преку познатата „Труманова доктрина" на 12 март 1947 година. „Трумановата доктрина" јасно го предупреди Сталин да не се надева на успех во Грција. Неограничената помош што ја доби Грција преку „Трумановата доктрина" и во продолжение преку „Маршаловиот план" и овозможи да создаде бројна и модерно вооружена армија, оспособена и подготвена да ја порази ДАГ.

На 17 февруари 1948 година претседателот на САД Труман во месечниот извештај до Конгресот предупреди: „Ако се појави потреба готови сме да и дадеме уште поголема и сестрана помош на Грција".

Нашето, бесмислено идеолошко ангажирање на целиот македонскиот народ во катастрофата (туркајќи го безмилосно во „лизгав и опасен терен", во идните миграциони движења), може да се оцени од следните ставови на НОФ и од МЕМОРАНДУМОТ на Врховниот штаб на Демократската армија на Грција до Анкетната комисија на ООН кој гласи:

ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРЦИЈА ГЛАВНА КОМАНДА ШТАБ-одделение

14 март 1947 година.

МЕМОРАНДУМ

До Анкетната комисија на Обединетите Нации

За причините кои ја предизвикаа Граѓанската војна и нашето мислење за нејзиното прекинување.

Кратко објаснување: бидејќи материјалот е пообемен, тука ќе пренесеме само мало толкување и комплетна 4-та глава од меморандумот, за да се види; што и колку се однесува на нас Македонците и нашето (Само) жртвување и дали навистина Граѓанската војна беше македонско народно - ослободително движење и продолжување на илинденските традиции на Македонците учесници во ДАГ, како што се манипулира во историјата за Егејците.

Кратко: (На договорениот состанокот од страна на Врховниот командант на Демократската армија на Грција генералот Маркос со советските и полските преставници на Анкетната комисија на Советот на безбедноста за Грција и со претставниците на Југославија, Албанија и Бугарија, на ден 21 март 1947 година во Главниот штаб на Демократската армија (во селото Хрисомилија, околија Каламбака), генерал Маркос им предаде опширен маморандум за Анкетната комисија. Меморандумот се состои од 4 (четири поглавја).

Во меморандумот се даваат точни податоци за монархофашистичките банди во Тесалија, со назначување на сите места каде се наоѓат нивните штабови и имињата на сите тие офицери. Скоро сите тие офицери од страна на народните судови се осудени на смрт, поради соработката со окупаторот и поради нивните многу злочини, кои многу често лично ги извршувале. Тоа се познатите злочинци: Калабалитис, Сурлас, Зервас, Целиос, Каракисос, Биздас, Кундурис и други. Исто така во меморандумот се наведени и податоците за огромниот број на Еласитовите офицери, кои без причини биле апсени, стрелани, или се наоѓаат во прогонство на островите. Во меморандумот во неколку наврати се подцртуваат документите

кои ги дава и претставникот на грчката влада дека монархофашистичките банди постоеле и биле наоружани од страна на Англичаните, уште многу порано од кога се вооружа некој си партизан од левицата и избегал во шума. Целта на монархофашистичките банди бил да ги истребат демократските жители, бидејќи ценеле дека ако некој демократ зборува за демократијата, него го ценеле како најголем злочинец за Грција. Во архивите, кои ги има запленето Дамократската армија од жандармериските станици или други државни институции, нема ни една наредба која би се занимавала со други прашања, освем како да се уништи народно републиканското движење и Комунистичката партија.

Исто така е карактеристично дека во текот на 1945 година најголемите блокади и напади се вели дека биле извршени од англиските и грчките воени единици).

Демократската армија, вдахновена со духот за смирување и за нормално демократско решение на нашиот внатрешен проблем, кое виси како мора над грчкиот народ, до денес не пропушти ни во една прилика и секогаш ги предлагаше тие мерки со кои може да се отвори патот за демократско решавање на овој проблем. Ставот на Демократската армија во потполност се совпаѓа со желбата на демократското водство на нашето Народно републиканско движење кое претставува волја на нашиот демократски народ, а што се однесува до причините кои ја предизвикаа Граѓанската војна во нашата земја и што се однесува до нејзиното завршување, ги повторуваме и остануваме на тоа дека без да се разрешат следните зафати ќе нема мир:

повлекување на англиските војски од нашата земја;
учеството на ЕАМ во владата;
општа амнестија;
чистење на државниот апарат од воените злочинци и припадниците на „баталјоните за безбедност”;
воспоставување демократија и слобода во војската и во формациите на јавната безбедноста и
спроведување на слободни избори,

Оти поинаку не може да се смири нашата земја, не може да се обезбедат нормални прилики и народна слобода. Демократската армија и народ ќе ја продолжат борбата до конечното остварување на своите права и идеали, убедени дека сите демократски народи ќе не подржат во нашето дело.

Демократската армија, верува дека Анкетната комисија при Обединените нации - која ја претставуваат сите демократски и либерални народи кои и по цена на неверојатните жртви се борат против фашизмот - чекорејќи по патот на своето објективно испитување на состојбата која постои во нашата земја, ќе ги пронајдат вистинските причини кои ја предизвикаа Граѓанската војна и дека ќе помогне во остварувањето на стремежот на нашиот народ, тие истите кои ги уживат сите демократски народи во светот - а тоа е слобода.

Главна команда на Демократската армија на Грција
Маркос, с.р.

Наскоро се одржа Првата конференција на НОФ13 на 20 мај 1947 година, и ја потврди новата линија и задачите на организацијата, односно на македонското национално - ослободително движење, произлезени од ставовите на КПЈ и од КПГ, а тие се: целосно вклучување на македонскиот народ во борбата што ја води ДАГ за победа на народната демократија во Грција. Се друго и беше подредено на таа цел.

(Види: Крјазовски 1998/232-233).

Тоа што го доживеа македонскиот народ беше од еуфорија до разочарување и со јаnsa да живее низ ветриштата на војната.

Ете, такви беа нашите успеси кои дојдоа како резултат на исполнувањето на ставовите на КПЈ и КПГ.

Зарем не беше тоа опасна стратегија и итра тактика на туѓинците кои не подготвуваа за поход во еден правец??!!

Интересно е ѝ прашањето: дали НОФ знаеше каков е ставот на генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис

(Види: Василис Барџиотас , 1987/91.)

„...Никос Захаријадис, уште од 2-от Пленум на ЦК во 1946 година сакаше воената борба, и тоа уште на почетокот да биде притисок за мирољубиво решение и за демократски развој, а не за да ја земеме (освоиме) власта.

Оваа идеја, не ја напушти и после септември 1947 година, кога се одржа 3-от Пленум на ЦК, каде што одговорноста на Партијата беше посветена на борбата. Да, секако Захаријадис, ја поддржуваше таа идеа (став), се до 1948-1949 година, кога се водеа конкретни разговори во ООН, со предлог и подршка на Советскиот Сојуз, за мирољубиво решение на грчкото прашање...".
Следува:

Документ лично составен од Захаријадис, а е изготвен кога присуствуваа на заседанието на Министерскиот Совет некаде во „Слободна Грција".

(Види: дел од документот што го објаснува Василис, Барџиотас 1981/92)

Но, да видиме како ги дочекаа и се одозваа на нашите пароли: „Уништување на англоамериканските окупатори", - рак рана - во агитацијата на НОФ и АФЖ.

Американскиот министер за надворешни работи Г. Маршал, на 14 февруари 1947 година, изјави дека Владата на САД е задоволна од владината промена во Грција и дека во интерес на САД и на сите од Обединетите нации е Грција да прими помош за да ги зачува својата независност и територијалниот суверенитет.

(Види: Стејт департмент, Билтен, 2.2.1947, 341.)

Предвидувањето на Американците за развојот на настаните во Егејскиот дел на Македонија во пролетта 1947 година, го искористија грчките власти уште повеќе да го зајакнат и да го

омасоват прогонот против Македонците. За да му дадат правна основа на теророт, донесоа повеќе закони и други прописи. Покрај другите, донесени се следните закони и законски прописи:

ПЗ 511/47, „За организирање на концентрациони логори”, „Закон за присилно евакуирање на населението од внатрешноста во градските центри”,

Декрет Л-3 „за лишување од грчко државјанство на лица кои дејствуваа антидржавно”.

ПЗ 509/47 „За мерки за безбедност на државата, уставниот поредок и заштита на граѓаните”.

Но, и покрај таквите драконски мерки, ние и понатака верно обрзани спрема ставовите на КПЈ и КПГ, си ја исполнувавме туѓата задача...

ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРЦИЈА (ДАГ)
ЗАПОВЕД
Главен штаб
Штабно биро 1
Број на протокол. 722

Во врска со број 132/25.8.1947 година и А.П.307/25.9.1947 година, се издава следната заповед:

Ги повикуваме да служат под оружје во редовите на Демократската армија мажи и жени... Погоре мобилизираните, каде и да се наоѓаат, ќе треба да најдат начин да се јават во своето местожителство во најблиските единиците на Демократската армија. Оние од мобилизираните кои не ќе се јават на оваа заповед во редовите на ДАГ, ќе се сметаат за непријавени. Штабовите во областа да издадат соодветни наредби. Да се превземат мерки за навреме да се известат сите повикани.

Главен штаб, 30.9.1947 година.
Генерал Маркос.

Втора наредба, на 23.11.1947 година.

Главниот штаб на ДАГ нареди само за реонот на Вичо, (Егејска Македонија), да се мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35 години; повеќе се однесува на мажите кои беа оставени за изградба на фортификациите или поради болест. Со оваа мобилизација, практично беа мобилизирани сите Македонци од костурскиот и леринскиот реон.

***

Таквата доверба, послужи како мобилизационен успешен фактор. Но, потоа, се случи она што не се очекуваше: илјадници наши Македонци се најдоа (беа испратени), по налог на Маркос во длабината на Грција, а каква им беше судбината, тоа е посебна прикаска, оти се знае дека тие исчезнаа како во жив песок. Само ќе наведам дека и јас сум едно од тие млади момчиња, (сите бевме на возраст од 17-18 година), кога од 5 до 10 октомври 1947 година, околу 350 деца бевме регрутирани (од селата Турје, Бапчор, Вишени, Кономлати и др.), од Македонија, за штабовите во Епир и Антихашија, за да по борбите во Коница не останавме ни една третина. Но, да видиме, како го има оценето таквиот зафат нашата историја:

„Македонските воени формации, сега единици на ДАГ беа испратени во внатрешноста на Грција со цел - да се омасови и таму партизанското движење. И НАВИСТИНА МНОГУ ПРИДОНЕСОА ЗА РАЗВОЈОТ НА ВООРУЖНАТА БОРБА И ВО ТИЕ ПОДРАЧЈА.”

(Види: Кирјазовски 1985 /166).

***

Ете зошто ние Македонците во Граѓанската војна не можевме да му наметнеме, ни политичка ориентација, ниту воена ориентација или некаква стратегија и требаше да сфатиме дека татковина не се брани со уривање на домовите и искоренување на човекот.

А по таа војна што не снајде, ние – Македонците, по војната за државата Грција не постоиме, ниту пак комунистите, пола век не не побараа и не не заштитија...

Од 15 до 17 септември 1947 година е одржан III-от Пленум на КПГ, на кој се расправало за воените прашања. На пленумот е истакната паролата: „Сите на оружје, се за победата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, која е опкружена со планинските масиви на Пинд, Пиерија, Каракамен, Кајмакчилан и Вичо.

На 27 септември 1947 година, Главниот штаб на партизанските единици на Маркос, (бидејќи уште не беше прогласена Демократската влада, а тоа е незаконито и недозволено), издава наредба да се изврши мобилизација на сите мажи од 17 до 35 години. Но, и по оваа мобилизација, бидејќи се спроведе само во македонските села, одвај ја достигна бројката од 15.000 до 17.000 борци, учесници во ДАГ. Само за споредба: пролетта 1946 година кога почна Граѓанската војна, Владата на Грција располагаше со следните оружени сили:

27.000 милиционери од кои 14.000 имаше во Ворија Елада (Егејска Македонија);
Парадржавни и паравоени организации околу 5.000;
Национални воени единци 17.000 (околу 40 баталјони);
Редовна војска од 75.000 војници (7 армии и 2 слободни бригади).

(Види: „ДАГ- стратешките прашања и тактиката на раководењето", од Г.Малтезос - Цумеркиотис стр.60).

Тој понатаму пишува: „Познато е дека во 1947 година ДАГ, не само што го немаше решено прашањето за воените резерви, туку го немаше решено и прашањето на вооружувањето со обичните бојни пушкомитралези и други бојни средства, но и муниција, и сето тоа останува необјаснето. Зошто од една страна Захаријадис му даваше на Маркос наредба да го зголеми бројот на силите во единиците на ДАГ до 60.000, а Иоанидис на Маркос му даваше (обезбедуваше) вооружување само за 4.500

илјади борци, а пак тој Маркос се до крајот на 1947 година, враќаше илјадници симпатизери - војници кои сакаа доброволно да стапат во редовите на ДАГ." (стр.354). Се поставува прашањето: Зошто генерал Маркос само во Македонија вршеше незаконски мобилизации, од старо до младо и направи пустош од Македонците?

Проблем за грчките аналитичари е и решението на 3-от Пленум на ЦК на КПГ што се одржа во Белград, во септември 1947 година, и како што пишува Гусиас (стр.251), на пленумот присуствуваа само шест членови на ЦК на КПГ и неколку воени лица, но ниту еден Македонец.

Пленумот реши и го задолжи Главниот Штаб на ДАГ да почне со мобилизација во целата земја и до март 1948 година вооружените сили на ДАГ да нараснат на 60.000 борци. На истиот Пленум е донесено решение, од централното тежиште на самоодбрана, да се премине во напад, во борба за власт. За постигнување на таа цел беше изработен воено - оперативен план „С", односно познат како „Езеро". На овој Пленум се истакна и паролата: „Сите на оружје, се за слободата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, која е опкружена со планинските масиви на Пинд, планината Пиерија, Каракамен, Кајмакчалан и Вичо, и со тој план требаше да се ослободат градовите Лерин, Воден, Негуш, Соботско, Коница и други. Тоа би било како прва етапа за ослободување на Грција.

Ете, сето ова ни потврдува и е уште еден непобитен факт, дека се сакало Граѓанската војна да биде лоцирана во Егејскиот дел на Македонија, а тоа било решено во Белград на тој пленум, без никаков обзир спрема македонскиот народ и неговата судбина, (без ни еден од македонските политичари или воени раководители ни од Егејска Македонија но нема ни од Народна Република Македонија, кадри кои учествуваа активно во НОБ. Заб. С.М.), туку се во интерес на туѓите политички цели.

Мобилизации надвор од границите на Грција на сите луѓе кои имаа пребегано од теророт во Југославија

На 27.09.1947 година, Главниот штаб на ДАГ издаде наредба за мобилизација на сите мажи од 17 до 35 години. Со не помал интензитет, веќе за неколку месеци (од 4-ти до 9-ти месец) се вршеше мобилизација на бегалците Македонци, (политичката емиграција во Југославија), низ Скопје, Велес, Штип и Битола, од разни Ворјасовци и се испраќаа во единиците на ДАГ

(Види: Ф.М во ИНИ, СК.4 - 271/60, стр.73-76).

Во согласност со одлука на ПБ на ЦК на КПГ на 23 декември 1947 година, формирана е Привремената Демократска Влада на Грција а се самораспушти на 15 октомври 1949 година.

Врз основа на решенијата на Третиот пленум на ЦК од 12 - 15 септември и на ПБ на ЦК на КПГ од 2.12.1947 година на 23.12.1947 година е формирана Привремената демократска влада на Грција (ПДВГ). Формирана е во Преспа, во Асамати (Н.Р.Македонија – Ф.Н.Р. Југославија), во зградата на предвоената пристанишна капетанија. Седиштето на Владата требаше да биде во грчкиот град Коница (како што тврдеше генералниот секретар Захаријадис дека признавањето е обезбедено: „...Ќе ја заземеме Коница, ќе ја формираме владата и веројатно ќе не признаат.”).

Единиците на ДАГ водеа тешки борби, со големи загуби, за да го освојат овој град, но безуспешно. Поради тоа, изостана формирањето на Владата во овој град. Доаѓањето на членовите на Владата во Преспа го обезбедуваше потполковникот на УДБ-а Слободан Крстиќ – Учо, Југословен, (повторно нема Македонец, зошто? Заб.С.М.), офицер на ЈНА. Види на крај во книгата: прилози, негово интервју во списанието „Дуга” (Игра око македонског живља). Владата првобитно беше составена од осум членови и тоа:
За претседател е поставен:

Маркос Вафијадис,

а за членови:

Јанис Јоанидис, Петрос Русос, Милтијадис Порфирогенис, Петрос Кокалис, Василис Барџиотас, Димитриос Вландас и Леонидас Стрингос.

Исто така со декрет се унапредени 25 лица во чин полковници на ДАГ, но ни во владата, ни во овие офицери, кои претставуваа военополитички фактор на ДАГ, нема ниту еден Македонец.

Привремената демократска Влада на Грција (ПДВГ - во планина), беше еднопартиска и еднонационална, односно беше составена исклучиво од Грци комунисти. И покрај тоа што повеќе од 50% до 60% од силите на ДАГ беа составени од Македонци, а ги стретнуваме само во историјата за „Егејска Македонија" дека НОФ бил военополитички фактор. Зошто?

Реакции:

1. Грчката влада побара од САД и од Велика Британија да ги предупредат Советскиот Сојуз и источноевропските земји за последиците од нивното признавање на ПДВГ.

Свесна за последиците од признавањето на ПДВГ американската влада веднаш реагираше. На 30 декември 1947 година интервенираше кај источно европските земји да не ја признаат ПДВГ, предупредувајќи ги дека ако го сторат тоа ќе имаат сериозни последици. Балканската комисија на ООН побара од државите членки на ООН, да не ја признаат ПДВГ.

2. „...Владата на Маркос нема ништо од основните карактеристики на една влада на која и даваат белег, барем нешто од типичните референци, кои се нужно потребни и дефинирани по меѓународното право. Уште не е ни застапена и ополномоштена, спрема воените нормативи и права и сите акциите и се нелегитимни. И уште нешто повеќе од тоа, таа нема ништо што може да доведе до признавање како политички субјект и легитимна влада.

Партизаните, кои се командовани од Маркос, немаат усвоено ништо конкретно, и со тоа, легитимно да располагаат со право, а кое би претставувало грчки државен простор. Седиштето на

нивната Главна команда, се уште не им е извесно, но и тоа го држат во многу тајност и самите се во постојано преселување. Единствени такви центри им се наоѓат во областите кои понекогаш им припаѓаат под нивна контрола, а тие се во планинските предели во дивите ридски недостапни реони. Немаат никакви суштински владини комуникации. Воглавно тие се организирани во групи и се во постојано движење, а кога се под притисок на воена потера, се повлекуваат во најнепроодните планински реони. Тоа го потврди и Комисијата на Обединените Нации, па дури, понекогаш и се повлекуваат во туѓа гранична територија.”

КАДРИТЕ НА ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА

Наредбата на Привремената Демократска Влада за наименување на офицерскиот кадар на ДАГ.

По оформувањето на ДПВ на 23.12.1947 година, врз основа на Постапката со одредбата бр.11 на главната команда и Законот бр.1 на Привремената Демократска Влада го донесувам следното решение:

Именуваваме офицери на Демократската армија на Грција со чиновите кои ги наведуваме по редоследот:

А. Генерали
1. Вафијадис Маркос

Б. Генерал полковници
1. Протопапас Сарандис-Кикицас

В. Генерал мајори
1. Вонтисиос Гиоргиос - Гусиас 2. Гкениос Танасис - Ласанис 3 Гканациос Василис - Химарос 4. Теохаропулос Никос 5. Канакаридис Никос 6. Бланас Гиоргиос.

Г. Полковници
Пешадија: 1. Венецанопулос Василис 2. Калјанесис Гиоргиос 3. Капетаниос Еврипидис 4. Катемис Гиоргиос 5. Малтезос Герасимос 6. Самаридис Гиоргос

Артилерија: 1. Килисманис Гианис 2. Папагиаснис Стефанос
Кавалерија: 1. Скандалис Ираклис
Авијација: 1. Макридис Савас 2. Маниас Гианис
Полит-комесари: 1. Вутусианос Мицос 2. Еврипидис Георгиос 3. Зографос Зисис 4. Колигианис Костас 5. Барџиотас Василис 6. Стрингос Леонидас 7. Хаџис Танасис

Д. Потполковници
Пешадија: 1. Александру Гианис-Диамандис 2. Георгијадис Георгиос 3. Гиакоглу Никос 4. Гианулис Георгиос 5. Зигурас Димитрис 6. Илијадис Софијанос 7. Кукулидис Георгиос 8. Калинос Теодорос 9. Канелопулос Костас 10. Кариофилис Гианис 11. Конталонис Георгиос 12. Контаксис Анастасиос 13. Киранѕопулос Димитрис 14. Пападимитриу Илиас, 15. Папастергиу Левтерис 16. Прекезес Гиоргиос 17. Рафтис Костас 18. Росиос Алекос-Ипсилантис 19. Спанос Томас 20. Статакис Манолис 21. Сфаќанос Георгиос 22. Терзоглу Никос 23. Тцелифис Томас 24. Томбулидис Павлос 25. Тријандафилу Никос 26. Флоракис Харилаос
Артилерија: 1. Иосифидис Костас
Авијација: 1. Герогакопулос Георгиос, 2. Ндренас Леонидас.
Полит-комесари: 1. Васванас Вангелис 2. Ветас Фокион 3. Ѓузелис Стефанос 4. Мандилас Нокос 5. Рогакос Вангелис 6. Тирумидис Киријакос
Санитарци: Сакелариу Епаминонтас

Ѓ. Мајори:
Пешадија: 1. Асурас Гергиос 2. Ваис Хронис, 3. Кардасис Танасис 4. Белогианис Никос 5. Пападопулос Вангелис 6. Флору Архимидис
Артилерија: 1. Маргас Костас
Кавалерија: 1. Стилјанопулос Василис
Саботер: 1. Агелулис Антонис - Врацанос
Полит-комесари: Акритидис Никос 2. Гриѕонас Костас 3. Куцомаркос Георгиос 4. Пектадис Михалис
Санитарци: 1. Скуфис Такис

Е. Капетани прва класа

Пешадија: 1. Георгијадис Стелиос 2. Ексархос Леонидас, 3. Илјадис Костас 4. Пападимитриу Томас 5. Згуромалис Манолис 6. Стефану Ставрос
Саботер: 1. Самаракис Агисилаос 2. Солјас Михалис 3. Сиулас Василис.

Ж. Капетани:
Пешадија: 1. Адамис Алекос 2. Гецос Панделис 3. Захаријадис Аврам 4. Зокас Зисис 5. Кавресис Костас 6. Каминарис Василис, 7. Кондорос Димитриос 8. Корологос Гианис, 9. Кохлијадис Гианис 10. Ламбракис Панос 11. Мацис Георгиос 12 Бацис Одисеас 13. Милонас Георгиос, 14. Николакопулос Спирос 15. Форфолиос Вангелис.
Саботер: 1. Витулкас Никос.

З. Потпоручници
Пешадија: 1. Витос Христос 2. Влаху Димитриос 3. Галацос Костас 4. Калину Гергија 5. Канакис Димитрис 6. Карагианис Пантелис 7. Карастатис Танасис 8. Кацунис Димитрис 9. Кукумпљакос Клеантис 10. Костопулос Христос 11. Порлиарас Савас 12. Портокилидис Гианис 13. Тастанидис Ахилеас 14. Терзопулос Теодорос
Оделение за радио врски: 1. Караџас Василис 2. Понирос Стелиос
Санитарци: 1. Ктена Лефтерија
Полит-комесари: 1. Михопулос Никос

Во базата на Привремената демократска Влада, 28. декември 1947 година
Претседател и воен министер на ДАГ
Генерал Маркос

Напомена: Во военото раководство - офицерите на ДАГ, од горе именуваните офицери има само еден Македонец унапреден во потпоручник, а тоа уште еднаш се потврдува дека ние Македонците не бевме воено - политички фактор, како тоа што го тврди нашата историографија.

Се поставува прашањето: Како сме можеле да дозволиме ние Македонците да учествуваме со повеќе од 60% од воените ресурси на ДАГ без свои штабови?

Преглед:

ХРОНОЛОГИЈА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ВО 1947 ГОДИНА

02.1947 - Во февруари 1947 година, Велика Британија ја извести Владата на САД, дека од економски причини на 31 март 1947 година ќе прекине да ја помага Грција. Владата на САД, оцени дека доколку не ја наследи улогата на Велика Британија, Грција неминовно ќе падне под влијание на Русија.

20.02.1947 - Во Атина меѓу Владата на САД и грчката влада, е потпишана спогодба за помош на Грција. САД почнаа да ја остваруваат доминацијата во Грција, истиснувајќи ја Велика Британија.

До 01.01.1948 - Воена опрема и помош дадена од Југославија на ДАГ. (Види: список на комплетна опрема во книгата „Македонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945-1949", стр.263 од д-р Ристо Кирјазовски), „Преглед на воената опрема и друга материјална помош за ДАГ".

24.02.1947 - Кралот на грчката држава и грчката Влада јавно ги повикува борците на ДАГ да се предадат до 15 март 1947 година. Во повикот се вели, дека сите сторени дела против државата и народот ќе им се амнестираат, ако до одредениот рок се придржуваат на повикот и се вратат во своите домови.

01.03.1947 - Претседателот на САД Хари Труман објави решение со кое се прокламира „Трумановата доктрина" за ангажирањето на САД во Грција. На Грција и беше доделен кредит и современа воена опрема за опремување на владината војска. Истовремено на грчката влада и беше ставен на располагање американскиот генерал, специјалист за борба против герила господинот Ван ФЛИТ. Со неговата стратегија и применетата тактика во последните битки на фронтовите на

Вичо и Грамос, беше ликвидирана ДАГ и исфрлена надвор од границите на Грција.

15.09.1947 - Од 15 до 17 септември е одржан III-от Пленум на КПГ, на кој се расправаше за воените прашања. На пленумот е истакната паролата: „Сите на оружје, се за победата!" Решено е да се создаде слободна територија на Кожанската висорамнина, која е опкружена со планинските масиви на Каракамен, Пинд, Пиерија, Кајмакчалан и Вичо.

27.09.1947 - Главниот штаб на ДАГ издаде наредба за мобилизација на сите мажи од 17 до 35 години. Со не помал интензитет, за веќе неколку месеци (од 4-ти – 9-ти месец), се вршеше мобилизација на бегалците Македонци, (политичката емиграција во Југославија), низ Скопје, Велес, Штип и Битола, од разни Ворјасовци и се испраќаа во единиците на ДАГ. (Види: Ф.М. во ИНИ, СК.4-271/60, стр.73-76).

КОБНАТА 1948 ГОДИНА И РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ

До 1.01.1948 година, воена опрема и помош дадена од Југослсавија на ДАГ. (Види: список на комплетна опрема во книгата „Македонците и односите на КПЈ и КПГ, 1945-1949", стр. 263 од д-р Ристо Кирјазовски), „Преглед на воената опрема и друга материјална помош за ДАГ."

НОФ и „историските" решенија, донесени на Првиот конгрес на НОФ

На 13 јануари 1948 година во црквата на с. В'мбел, Костурско, беше одржан Првиот конгрес на македонската националноослободителна организација НОФ. Беше речено: „Првиот конгрес на НОФ претставува најсветла етапа на македонската поилинденска историја... и стои на интернационални позиции и со искрена намера да помогне во развитокот на грчкото движење. НОФ се согласува три четвртини од македонските партизани да се борат во редовите на ДАГ јужно од Олимп, односно во сите краишта на Грција ...", и беше констатирано дека во единиците на ДАГ се мобилизирани повеќе од 20.000 Македонци. Во тоа време

според податоците на ГШ на ДАГ, низ цела Грција немало повеќе од 25 - 28.000 борци на ДАГ).

Да ти се многу години генерале! Да живее генерал Маркос и мудрото раководство на КПГ!

***

Смислената стратегија на туѓинците, потпомогната со паролите на НОФ (несвесно, поданички: преку синдромот на идеолошкото верување, се за Партијата, се за комунистичките вождови, да се крене и старо и младо), имаше голем „емотивен набој", но за интересите на нацијата беше од „секундарно значење".

Кога се изарчија (потрошија) паролите, привршија значајните конгреси, луѓето станаа рамнодушни на тревогите. Бескрајна едноличност. Тежи и притиска сивилото, оловното небо над Македонија, за кое допринесовме токму тука (по препорака) да ја лоцираме војната... Се си има своја цена. Политичарите на НОФ и АФЖ, лесно како искусни (поучени) гимнастичари на разбој, се префрлуваа на другата страна, ја менуваа бојата како камелеони.

Ѓулињата и бомбите фучеа, заканувачки, како диви sверки. Ги уриваа sидовите од куќите, во коишто се раѓале и живееле генерации. Луѓето бегаат, стегаат заби, збивтаат. Лицата им беа влажни, облеката натопена со крв, очаени и принудени да си ги дадат децата - родот македонски (и пак со измама)... и така во недоглед.

Се сеќава ли некој од НОФ(итите) и АФЕЖ-(итите) што се се случуваше? Накусо, се се преобразува во својата спротивност, но НОФ и АФЖ (КПМ/КПЈ) и КПГ тврдеа(ат) дека тоа на Македонците само им се причинувало(ва)??!!

Навистина, по долгодишните истражувања, човек повеќе не знае(ше) кому и во што да верува. Освен во една вистина: Македонците беа терани да се борат за да ја изгубат Македонија

под Грција, тоа го потврди и генералот Маркос по враќањето од СССР во Атина.

Зарем, нели е тоа деградација на човековото достоинство, кога се знае дека војската со која командуваше овој генерал (декларирaн комунист), беше составена од илјадници Македонци и дека се дадени илјадници жртви. Таквиот став, спрема Македонците (НОФ, АФЖ и КПМ) не е само цинизам...

МОТИВИ ЗА ЧЕДОСОБИРСТВОТО

КАКО ЗАШТИТАТА НА НЕБОРБЕНОТО НАСЕЛЕНИЕ И ДЕЦАТА СТАНАА ПРОПАГАДИСТИЧКИ ПОВОД СПРЕМА ПАРТИЗАНИТЕ?

1. Мотивите и програмата што ги имаше владата на Атина за отселувањето на децата.

(Авт. Превод.) Госпоѓите на Кралицата, како што ги нарекуваа (72 атињанки), ги оставија своите семјства, и безбедни домови, за да ги спасат децата (во северните околии). Тие патуваа со саати качени на мазги, не гледајќи на опасностите од боиштата, само со цел да ги пронајдат децата по селата и да ги земат пред тоа да го сторат комунистите. Тоа претставуваше една разочарувачка и страшна борба, одејќи по тие патишта кои по некогаш и го губеа тој пат, но и покрај сите тие стравотии битката ја добија.”

Грчката Кралица Фредерики, „Мерки за постигнување разумност”, стр. 137.

***

Ете како ја објаснува програмата на владата на Атина за „Педомазома”, Кларс Барентзен (Clars Barentzen):

„И двете завојувани страни во Граѓанската војна се базираа на тоа дека сите отселувања (миграции) на деца од воената зона, настануваат од нужност и причините за „одземњето” секоја страна го правела истото, како што го правела и другата страна.

Од сето иследување произлегува дека и за двете страни, многу е тешко да се откријат точните мотиви и да се каже: Кој, зошто и кога прв почнал?.

За комунистичката страна, информациите што се присобрани од УНСЦОБ и од други извори, покажуваат дека масовните иселувања биле почнати во март 1948 година, иако неколку групи деца биле земени уште во јануари (Види: Clars Barentzen): Извештај на УНСЦОБ а/574. 30; "Се објави дека иселувањета почнале уште во јануари, но активно продолжија во март".

За владината страна, во спомените на кралицата Фредерика се тврди и многу јасно е дека „борбениот пат", за „одземање на децата пред да ги земат комунистите", почна одма по создавањето на „Кралското здружение за грижа на деца", во јуни 1947 година, но расположивите писма со поплаки, потврдуваат дека многу покасно се принудени на таква специјална програма за отселување на деца, приближно се совпаѓа со истиот период на време, кога и владината пропаганда почнала да ги обвинува комунистите дека вршеле „Педомазома". Веројатно изјавата на кралицата се однесува на некоја збрка со општата преселба на села од воената зона и кога владината војска ја имаше почнато уште во 1947 година и што требаше, природно, да прими илјадници деца и немоќници".

Да напоменеме дека комунистичкото министерство за надворешни работи, во својата декларација со датум од 7 март 1948 година, се вели дека: „За последната наредба на Фредерика" за собирање на сите деца во детски логори со едно оправдување дека сега тие тоа го прават исклучиво за тоа што тоа го прави истото и кралицата.

Можеби тоа имаше врска со едно објавување што го имаше објавено и грчката влада во Атина, предходниот ден, на 6 март 1948 година, дека бројноста на одземени деца се движи околу 14.000 деца од Северните „бандитски" реони.

(Согласно информациите на Велика Британија од Солун, Од дописите на архивот на американското министерство за надворешни работи: 868. 00/3-1948).

Оваа вест, која доаѓа по осум дена од почнувањето на пропагандистичката операција против комунистичкото „Педомазома", изгледа дека произлегува прва официјална вест, за една таква работа од атинската влада. Ова се совпаѓа со веста дека весниците во Атина почнаа во март да објавуваат написи за мали групи деца кои беа иселени или имаа избегано од северните села на Грција со цел да се спасат од насилното одземање.

Слично, во истото време, комунистичкиот печат ја објави и првата жалба за една веројатна владина акција за „земање на деца од мајките".

Согласно едно американско соопштение кое зборува за времето од јануари - март 1948 година потврдува:

„Окружните управители, војската и морнарницата се сложија на соработка, на планот од кралицата Фредерика за отселување на деца. Целта им е да отселат 10.000 до 12.000 деца. До 31 март имаа отселено 6.240 деца. (тоа го потврдува: Програмата за надворешна помош на ИПА Фореинг Релиеф Праграм (Foreign Relief Program), Грчка мисија, јануари - март 1948 година, стр. 14).

Американската мисија за помош на Грција (А.М.Г) објави, во месечната мисија за април 1948 година, дека мисијата ја пратеше владината експедиција на оддалеченост, и дека „Со препорака на истите во назначените места, останаа спречени да контролираат, но Мисијата, оцени дека бројот на одземените деца е околу 10.000."

Иако и УНСЦОБ не се занимаваше, официјално со претпазливоста што ја земаше грчката влада, комисијата испрати на 19 април 1948 година, еден лист прашалник до грчкиот претставник - довереник, за да прибере информации во врска со бројот на децата за згрижување, на отселените деца од

страна на грчката влада, токму од северните реони на Грција. Грчкиот претставник, одговори на 23 април 1948 година и кажа дека има 5.500 деца на возраст од 3 - 14 години кои беа отселени од целокупните реони на Македонија и дека приближно 2.150 деца беа сместени во разни центри во Солун. Но, исто така околу 5.000 деца беа собрани и од Серес и Тракија. Ова дело го извршија под надзор (налог), на министерството за општествена грижа.

(Извештај на УНСЦОБ А/754 (1948), стр. 19).

Атинскиот печат почна да објавува подробности за владината акција за иселување на деца од 1 април 1948 година.

Со наслов: „Денес пристигнува во Атина првата група деца" и понатака пишува во „Катимерини" дека „1.000 деца од реоните во кои владеат бандитите (партизаните на ДАГ), беа пренесени со еден брод од Солун во селото Кастри, на Кифисија. Една втора група ќе пристигне „утринава", значи на 2 април, во Пиреја и уште една трета група ќе пристигне „по неколку дена." Овие деца ќе се пренесат во Патра и во Сиро. Во истиот број на „Катимерини" се објавија и опишаа две средби кои се остварија во текот на вчерашниот ден: „Кралицата, вчера во 11 часот го прими потпредседателот на владата господинот Цалдарис и господинот Glisgulnt и се задржаа во подолг разговор. Во текот на разговорите, кралицата ги запозна господата Цалдарис и Глисгулнт (Glisgulnt), со постигнатите успеси и соработка што ги имала за постигнатото денес, за акцијата од собирањето, преселувањето и згрижувањето на децата, кои беа откинати од бандитските северни реони (се мисли на Воденскиот, Леринскиот, Костурскиот и др.)".

Весникот пишуваше, дека се нужни ваквите средби и треба да продолжат, а едно такво советување се одржа и во министерството за надворешни работи, под председателство на Цалдарис, на кое имаа земено учество многу грчки министри и американски мисионери, но тука беше и специјалниот повереник назначен на чело на американската воена мисија, генералот Ван ФЛИТ (Van Fleet).

Согласно репортажата за ова советување, беа именувани „повеќе комисии и поткомисии" и имаа почнато со истото дело за собирање на децата, „со помош на воените команданти кои биле во тие реони".

На советувањето се реши да се отпочне со една нова комисија од председателството на министерството за Грижа. Ова комисија ќе требаше да има „Исклучителна задача да изработи целосен систем за згрижување на иселените деца".

На крајот, статијата завршува со тоа дека се разговарало за две опции на грижа за таквите деца. Едната беше за сместување на групи деца во хуманитарните здруженија „каде ќе имаат целосното школување и грижа", другата опција беше сместување во одредени семејства, во кои веќе имало најавено дека одредени семејства се спремни да примат голем број деца и да им пружат гостопримство. Со таквата акција, државниот буџет не би се оптоварил премногу од овие програми, бидејќи парите беа депонирани од касата на кралицата Фредерика: „Се одредила сума пари за згрижување на децата за потполно покривање на трошоците за време од околу шест месеци.

(Види весникот: „Катимерини 1. 4. 1948 година). Авт. Превод).

2. Мотивите и програмата што ги имала Привремената Демократска Влада (ПДГ) - ДАГ и КПГ.

Од печатот на ДАГ и КПГ (партизаните - андартите):

Многу брзо, по првите жалби на грчката влада, раководството на ДАГ (КПГ), потврди дека навистина имало таква акција за собирање на деца, со цел да ги оддалечи од Грција. На 3 март 1948 година, радиостаницата на „Слободна Грција" го потврди следното:

„Партизанската (андарската) радиостаница објави дека согласно „договорот" помеѓу земјите кои беа членки на Коминформот, Грчиња на возраст од 3 до 14 години ќе се испратат во Бугарија, Југославија, Албанија, Романија, Унгарија, Полонија и Чехословакија. Согласно со ова објавена вест, во „Слободна

Грција” (значи во реоните под контрола на партизаните - (андартите) имало барања од народните одбори во овие реони со молба за згрижување на нивните деца, и бараат организирано да им се овозможи испраќање во демократските земји, кои веќе дадоа согласност за прием и гостопримство на овие деца, бидејќи тие ќе бидат жртви на американскиот окупатор. Тие таму ќе можат да си го продолжат своето школување.

„3 март 1948 година”
Реакцијата на вториот човек на ДАГ:

„Вистинскиот, достоинствен и човечки потфат на ДАГ, е окарактеризиран од владата на Атина како... „насилно собирање на деца”... „чедобитво” и „јаничарење”. Но вистинското насилно собирање на деца и јаничарење тоа го направи истата влада во Атина на државата Грција, бидејќи многу деца на партизаните на ДАГ, со невиден терор и со измама се најдоа во нивните раце, каде ги имаат затворено во разни т.н. школи на кралицата Фредерики во Лерос, каде навистина ги воспитуваа за јаничари и ги учеа децата дека нивните родители им се предатели (предавници), и треба да ги поткажуваат на органите на прогонот и државната безбедност!”

Василис Барџиотас, висок дејател на КПГ и политички комесар на ДАГ. „Борбата на Демократската Армија на Грција”, стр. 128.

На 15 март 1948 година, весникот „Ексормиси” што го печатеше: Демократската Армија на Грција во реонот на планината Грамос, објави едно известување на министерството на Надворешни работи на Привремената Влада, со датум од 7 март 1948 година. На почетокот се објаснува за првичните зафати на прагматичниот потфат:

(„Народните и други организации за згрижување на деца од „Слободна Грција”, и многу илјадните родители и ополномоштени, се обратија пред извесно време со апелирање до човекодобродетелските организации на народно - демократските земји и побараа од нив да ја земат грижата за

грчките деца и детската младина, која е на работ на гибелот од варварството на монархофашизамот.”

„...Човекодобродетелските организации и покровителите на детските организации, како и други разни организации на младината на овие земји, со особена радост и задоволство ги прифатија молбите на овие родители и изразија подршка за грчките деца, па дури и иако треба да ги задржат на подолг период.”)

Значи: по ова „гаранција”, од овие организации; КПГ и Привремената Демократска Влада: „Реши да ги прими сите молби на народните одбори (организации), и на родителите и да ги задоволи со тоа што ќе го одобри заминувањето (иселувањето) и останувањето во тие земји на децата, се додека условитево нашата земја не бидат безбедни за нивно враќање”.14

Понатака во весникот не се даваше некоја поконкретна информација за хронологијата за важноста и опстојателствата на ова решение, но од искажаното се објаснува со изопштвеност за создадената положба:

Катастрофата што се создаде од политиката на „монархофашизамот”,
Проблемот е се поголем со храна за децата,
Скитањето по патиштата на градовите и селата на околу 150.000 и повеќе деца од кои секојдневно умираат по десетина,
„Последниот указ на кралицата Фредерика, која им нареди на потчинетите да ги соберат сите деца, без разлика да ли се во центрите на градовите или било каде, за да ги претворат во јаничари и да ги стават со сила во хитлеровската организација на младината”

и на крај,
„Најсуровите и најстрашните бомбардирања на незаштитените жени и деца, од кои во последно време беа убиени околу 120 деца.

Истиот број од весникот „Ексормиси”, објави еден новинарски напис од еден овластен на „Ексормиси” во кој се вели: „... дека посетил повеќе реони на „Слободна Грција” со наслов: „Жените и децата се заблагодаруваат на Привремената Демократска Влада и на ДАГ”. Тој во својот напис објаснува дека има уште многу родители и од селата кои се под контрола на Владата од Атина. Тие дојдоа до „Слободната територија” во слободните села и напишаа молби до Народните Совети, за да ги замолат и да им дозволат да ги примат и испратат и нивните деца, бидејќи во тоа време се вршеше попис за масовно иселување на децата од овие слободни села. Едноставно се молеа и тие да им ги запишат (стават и нивните деца во тие списоци): „Од половината на февруари до 5 март, од 59 села, родителите ги имаа дадено своите деца и бројката изнесуваше 4.784 деца”. Весникот ги дава истовремено дури и редоследот на броевите под кои се запишани децата, а тоа го прави за деца од повеќе села кој ги именува со името, и во тој ист напис објаснува за уште „стотици” телеграми од родителите кои ја изразуваат благодарноста кон Привремената демократска Влада15”.

Две недели подоцна, на 1 април 1948 година, весникот „Ексормиси” напиша дека:

„Во волски коли и на мазги, коњи и магарења беа натоварени деца, многубројни фаланги (конвој од мали деца се движеа пешки кон разни правци”. Пристигнувајќи еден таков конвој во едно село, доцна во ноќта, се се опишува во детали: „неколку од децата одеа пешки, другите беа качени на коњи, мазги, магарења и покрај нив одеа нивните мајки. Тие беа од селата (Загоричани), (Куманичево), (Бомбаки), (Тиолишта), (Кондораби). Најмалите беа позаспани качени на магаренцата. Кога децата се разделија и се оддалечија во приквечерината: „Истите мајки кои ги пратеа своите деца останаа да ги гледаат од далеку, тие се повеќе се одалечуваа. Ги отпоздравуваа со мајчински солзи и болка и со една неописива омраза кон англоамериканските окупатори и монархофашисти, кои беа виновни за децата што не им ги оставија на своите мајки да си се радуваат со своите деца!”).

Потоа следуваат неколку статистички податоци:

„До моментот се испратени пет групи. Се иселија околу 1.884 деца со околу 100 жени кои ги надгледуваат децата. Во овие денови се припремаат уште 3 групи од 1.150 деца.
Во истата статија се тврди дека:

„Во заробената Грција, монархофашистичката влада на Атина објавила една дива војна против Грчињата и нивните мајки. Војската и милицијата дејствува и врши воени експедиции по селата и им ги грабаат малечките деца од прегратките на своите мајки".

„Од 150 дечиња кои ги грабнаа монархофашистите од селото Буф-Леринско (многу мајки успеаја од скришум да си ги одземат своите 25 деца, тоа се случи токму во центарот на Лерин. Потоа сите мајки заедно отидоа и се пожалија и си ги добија назад своите одземени деца".

На крај статијата потврдува дека во реоните на Александрополис, владини агенти им се заканија на група родители, ако не им ги предадат нивните деца кои посакуваа да ги соберат и однесат во логорите на кралицата Фредерика.

Весникот „Ексормиси", кој го издаваше ДАГ во реонот на Грамос, објави сопштение на министерството за надворешни работи на Привремената Демократска Влада на Грција со датум од 7 март 1948 со наслов „Родителите и децата ја молат владата" и понатака се вели дека „Од средината на февруари до 5 март, од 59 села на слободната територија родителите дадоа 4.784 деца", а исто така на 20 март привремената влада донесе решение за евакуација на сите деца што се на возраст до 14 години, за да се испратат во Југославија, Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска и, според податоците биле испратени околу 28.000 деца.

3. Мотивите и програмата што ја имала организацијата НОФ и АФЖ.

Дали нас Македонците не водеше некаква верба во сопственото револуционерно искуство и сега посакавме да отвориме нов

период во развојот на македонските револуционерни традиции или се случи нешто друго.

Но, се поставува прашањето; дали НОФ и АФЖ имале сознание за границите на можното, што всушност можеше македонскиот народ да добие од таа Граѓанска војна, или несвесно ја прифатија лекомисленоста за таков голем исчекор. Говорот на веродостојните факти, кажуваат за некоректност и за непрофесионалност во водењето на политиката и способност за водење на еден народ, оти сите исходи на настаните тоа го потврдуваат. За нас Македонците, за време на НОФ се уриваше едно, за да се „сошие" друго.

Повикувањето на Сенароден Фронт, значи, да претпоставиме дека тоа беше повик за спас од кризата на нашиот македонски идентитет во Грција, а факт е дека македонскиот човек во 20-от век беше по потрага по својот индетитет. Но таквата агресивна агитација на НОФ (потсилена од туѓинците), за жал стана матрица и нужно поведение кај широките македонски слоеви, кое се усмери само кон: „Уништување на англоамериканските окупатори" и таквата насока на агитација, стана рак рана кај македонскиот обичен селанец. Тука, ама баш тука го истроши и својот интелектуален ум и својот живот и си го отвори патот за прогонството.

Борба со злото?

И така, НОФ, со својата ропска послушност и сега како и во 1946 година со не спласната еуфорија го презема водството во организиран мрачен поход и не доведе до најновите страдања.

Треба отворено да се каже, дека по оваа акција (со децата), НОФ повеќе не претставуваше ништо. Со судбината на овие деца располагаше КПГ и ДАГ, како што беше и со нивните татковци и мајки.

Но, што е најважно; НОФ ниту презеде, а и ниту можеше да преземе било каква акција во полза на македонските деца, со нив сега располагаше КПГ и раководителите на ДАГ.

Се поставува прашањето:

Што би било ако 28.000 деца останеа во Грција или ја имаа можноста да се вратат во своите домови? Дали такво прашање си постави НОФ? Данес имаме илјадници примери за оние кои насила се вселуваат во туѓи земји, а ние се иселувавме под пропагандата на КПГ! ЗОШТО?

Сведоштва: Говор на НИКОС ЗАХАРИЈАДИС на вториот конгрес на народноослободителниот фронт.

25. март. 1948 година

„...Илјадници деца се спасија и се обезбедија во земјите со народна демократија. Така словеномакедонскиот народ е мирен од ова гледна точка16 “

Како да се протолкува оваутешување од вождот на КПГ (Граѓанската војна) за обездетување на Македонците??!!

Впрочем, „крупните чекори” на македонскиот народ и не му беа потребни. Од таквите преамбициозни народни водачи (тука вклучувајќи ги и НОФ и АФЖ), кои секогаш преземаа „крупни чекори” на секој план, една од заостанатите прегазени жртви се и децата кои до ден - денес останаа по светот, чие „Спасување” како феномен на едно време, веројатно трајно ќе остане како непријатен спомен во македонската историја.

Во тој дух, да ја проследиме: „Нова Македонка”, весник на АФЖ од септември 1948 година, каде што пишува:

„...Денеска сите се насолзивме. Се трогнавме како никојпат. Седевме во сенката под една топола. Никој од нас уште не спиеше. Се стемнуваше и ќе тргнувавме на работа, ноќе работевме. И ... еве ја другарката Цвета од АФЖ. Само што иде, ние се радуваме. Кога е со нас, не знам зошто не се плашиме нит од топот.

Овојпат ни донесе писма од нашите деца, коишто се наоѓаат во народните републики. Ги читаме писмата, рацете ни се тресат.

Срцето ни чукаше силно, но нашите ластари беа далеку. Што убаво ќе беше да ги бацевме малку!

Но тука идат авиони. Алтилеријата фрла гранати по нашите села. Колку е убаво што нашата Влада ги испрати таму нашите деца за да се спасат.

Сега ни се наполнија очите со солзи. Ни пишуваат дека живеат добро... Само за вас мислиме, ни велат, вашите маки, војната...

Кутрите. Кога ќе си ги видиме пак? Ќе ги видиме кога ќе се ослободиме. Што убаво... Но за да се стори тоа ќе треба да го победиме фашизмот. А за да го победиме поскоро сите треба да се бориме. И ние во рововите се бориме.

Ванош направиме повеќе три (3) бункери. Тоа го правиме за да ни се вратат побргу нашите деца, за да си одиме дома ние и нашите мажи..."

Читаме:

„...Не, јас не го оставам мојот другар, мојата сестра и брат ми да се борат овде, а јас да заминам со децата. Знам дека тие ќе бидат безбедни, имам полна доверба во избраните афежетки, а јас овде ќе можам повеќе да придонесам за борбата."

Зарем ова не значи тотално подредување на волјата на поединецот кон некоја надворешна сила (идеолошка сила)?

Невидени злоупотреби на идеолошката моќ.

Ете, така обземени од масовната еуфорија, поверувавме во раѓањето на еден нов ден. Непознавајќи ги условите на постојаното спротивставување меѓу капиталистичката империја на Запад и комунистичката империја на исток.

Таквото контролирано агресивно однесување може да се види и од паролите со кои го повикуваа народот.

Трагични и катастрофални последици врз нацијата.

Историјата познава трагични случаи на разделби, одземање и откинување на деца од родителите. Независно од мотивите, судбината на откинатото дете секогаш носи белег на трагизам. Разделбата не едно дете од родителите е несреќа, немерлива трагедија и за детето и за родителите, но разделбата на илјадници деца од родителите и татковината претставува веќе трагедија на нацијата. Оттука раселувањето на македонските деца од Македонија под Грција е и дел од најновата историја на македонскиот народ.

ПРЕГЛЕД НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ВО 1948 ГОДИНА

13.01.1948 - Во црквата на селото В'мбел, Костурско, одржан е првиот конгрес на НОФ и е констатирано дека во единиците на ДАГ се мобилизирани повеќе од 20.000 Македонци. Во тоа време според податоците на ГШ на ДАГ, низ цела Грција немало повеќе од 25 - 28.000 борци на ДАГ.

24.02.1948 - Во Грција пристигна командантот на Американско – воено - саветодавна и програмска група предводена од генерал Ван ФЛИТ.

15.03.1948 - Весникот „Ексормиси", кој го издаваше ДАГ во реонот на Грамос, објави сопштение на министерството за надворешни работи на Привремената Демократска Влада на Грција со датум од 7 март 1948 со наслов „Родителите и децата ја молат владата" и понатака се вели дека „од средината на февруари до 5 март, од 59 села на слободната територија родителите дадоа 4.784 деца", а исто така на 20 март привремената влада донесе решение за евакуација на сите деца што се на возраст до 14 години, да се испратат во Југославија, Унгарија, Романија, Чехословачка и Полска. Според податоците биле испратени околу 28.000 деца.

29.04.1948 - На слободната територија на Вичо одржан е 1-от конгрес на АФЖ на жените од Егејскиот дел на Македонија.

01.06.1948 - Политбирото на ЦК на КПГ донесе решение со кое се суспендираат Михаило Керамитчиев од претседател на НОФ

и Паскал Митревски од секретар на Главниот одбор на НОФ, „Поради непринципиелна фракциониорска борба”.

27.08.1948 - Заседаваше ПБ на ЦК на КПГ со дневен ред:

а/ Борбата на Грамос која се нарече: „Епопеја на Северен Пинд, политички и воени прашања и укази”

б/ Новиот воен Совет ќе го сочинуваат:

1. Никос Захаријадис - Претседател и врховен командант на ДАГ.
2. Георгиос Вондициос - Раководител на воените битки.
3. Василис Барџиотас - политички Комесар на Главниот Штаб.
4. Мичос Вландас - Одговорен за воените ресурси.
5. Леонидас Стрингос - Државната управа.

в/ Реорганизација на Главните Штабови по околии и создавање на воени дивизии. Унапредување на офицери во воени високи чинови на ДАГ.

Прилог

Наредба (27 август 1948 година)
Имајќи во предвид на ново создадената ситуација на 23 декември 1947 година и предлогот на Главниот Штаб на Демократската Армија на Грција

Решаваме:

Разрешување и реорганизација на Главните околиски штабови и создавање на дивизии.

Дивизиите се наименуваат како што следи;

Дивизија	Место
I	Тесалија
II	Румели
III	Пелопонес
IV	Епир

IX Македонија
X Македонија
XI Македонија

Во седиштето на Привремената Демократска Влада 27 август 1948 година.

Претседател и Министер на воените сили на ДАГ
Генерал Маркос.

15.11.1948 - Политбирото на ЦК на КПГ донесе одлука да го исклучи и да го суспендира генерал Маркос од функциите главен командант на ДАГ и член на ЦК на КПГ.

23.11.1948 - Главниот штаб на ДАГ нареди само за реонот на Вичо (Егејска Македонија) да се мобилизираат сите мажи и жени од 17 до 35 години; повеќе се однесуваше на мажите кои беа оставени за изградба на фортификациите или поради болест. Со оваа мобилизација, практично беа мобилизирани сите Македонци од костурскиот и леринскиот реон.

ПОД КАКОВ ИДЕНТИТЕТ СЕ ЗЕМАА И СЕ ИСЕЛУВАА МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА?

Едно од најзначајните прашања со кое се запознав за чедособирството, а на кое не му е дадено соответно внимание е разликата на ставот помеѓу славофонските и грчкофоните села во Северна Грција.

Извештајот на УНСЦОБ известуваше за настроението на селаните во славофонските области и реони, дека воопшто, биле многу спремни да им дозволат на своите деца да заминат, но никогаш официјално не се дозна колку од 25.000 - 28.000 17 деца припаѓаа на ова славофонска група. Ова никаде не е одбележано, и најверојатно дека ова прашање изгледа се негирало сосема кај грчките извори. Грчката влада во Атина, ја истакнуваше грчката националност кај сите овие деца, иако ова прашање е нешто кое помалку зачудува. И кај комунистичката страна која уверено, (цврсто зборува), за Елинопула (Грчиња), дури и по завршувањето на Граѓанската војна, е сторено многу

за Грчкото образование во комунистичките земји на овие деца. Извештајот на Црвениот Крст, кој дава изобилство од информации за проблемот на спознавањето на децата, но не кажува ништо за некаква славофонска група. А е многу јасно дека сите деца кои иако зборуваа на славофонски јазик, тие беа претставувани како Грци спрема правната регулатива, и на евиденцијата и официјалното мислење. Но, во моето истражување ќе беше многу поинтересно да слушневме колку од децата беа славофони?

Така на крај се прашува: Ц. Ларс Барентзен (Clars Barentzen), во својата студија...

„...Им се восхитував и бев со голема почит кон тие луѓе, можеби затоа што имаат една подзатскриена добрина, една аристократска благородност. А како да не им се восхитувам на тие луѓе, кои во најешките мигови во Детските стационари, (домови), го слушавме нивниот глас во преполните „Трпезарии", во салоните на Детските живеалишта и ни даруваа неповторливи мигови на радост и живост. Во совршена тишина и дисциплина, си ја спомнувам 1949 година, влегувавме подредени во строј, во салоните на Детските живеалишта: Тулгеш, Синаја, Орадеја, Роман и Клуз на Република Романија и ги слушавме ненаситно хронографиите на Апостоли Спилиу, кои се пренесуваа со кристален глас од сите мои другари. На крајот од секое емитување избувнувавме со чудна одданост и викавме:

„Да живее Д.А.Г!"
„Да живее Маркос!"
„Непријателот нема да стапне на Грамос и Вичо!"
„Чиј е Маркос?!", ќе викнеше некој, а ние одговаравме во еден глас:
„Наш е Маркос!"
„Ние чии сме?!"
„На Маркос!!", одговаравме пак во еден слеан глас.

По сменувањето на Маркос Вафијадис од главнокомандувач, генерал на главниот Штаб на ДАГ, на негово место, сега во нашите усти небаре ни го поставија Никос Захаријадис,

генерален Секретар на КПГ и пак викавме со исто возбудување и живост, но и со фанатизам како што викавме за Маркоса..., тоа ни беше секојдневна молитва. Партијата, за нас децата и обичните членови на партијата беа престорени во фетиш, на што им придававме магична и надприродна сила. Си спомнувам дека не ја разликувавме партијата од раководството, таа невидена моќ, таа надсила и невидливото мудро раководство, со својот механизам... за нас партијата беше во многу случаи, небаре сите членови на П.Б. (Полит-Бирото), и на тоа раководство како главен бог е главниот Никос Захаријадис...”

По измените (ликвидацијата на ДАГ).

„...Се за Борбата на народот наш! (се мисли на грчкиот).
„...Се изменија работите, се измени името на радио-станицата... Ќе слушате од сега по јасно и по чисто, но не „Гласот на слободна Грција”, таа отиде, сега ќе продолжиме да ја слушавме „Гласот на Слободата”.

ДАЛИ АКЦИЈАТА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДЕЦАТА ОД СТРАНА НА КПГ - ПАРТИЗАНИТЕ НА ДАГ, БИЛА ДЕКА ДЕЦАТА СЕ СМЕТАА КАКО ЧОВЕЧКА СИЛА НА ВОЕНИ РЕСУРСИ НА ДАГ?

Во март 1949 година УНСЦОБ покрена многупати петиции за деца кои од раководството на КПГ и ДАГ, беа вратени на бојното поле во единиците на ДАГ. Во 1948 година кога ги собраа децата, најверојатно очекуваа дека војната ќе продолжи повеќе години и така многу од одземените деца ќе мораат да се вратат за да војуваат во Грција. Истражувајќи го ова прашање, можеби најдобар одговор ќе ни дадат следните прилози од самите луѓе кои беа на врвот.

Првиот: член на П.Б. на ЦК на КПГ и политички комесар на ДАГ Василис Барџиотас, односно втор човек од високото раководство на ДАГ. Да проследиме едно типично историско маскирање во неговата книга:

Еве што пишува:

„...Зимата во 1949 година се враќавме од една задача во Грамос и од далеку забележавме една група од мали девојченца што ни направија голем впечаток. Беше снежно и навлегувавме во еден синџак и вијулица. Доста студено. Им се доближивме на тие девојчиња за да видиме што се случува со нив. Беа околу 55 - 60 девојчиња на возраст од 10 - 13 години, облечени во стари палтенца и наместо чевли на нозете имаа завиткано крпи. Бидејќи се тресеа од студ ги однесовме до најближната борбена единица на ДАГ каде борците жени им понудија да се напијат топол чај, а потоа ги облекоа со привремени облеки и потоа ги запрашавме: - Зошто дојдовте? ...соборкини во такво време на Грамос. Што ви се случи? Одговорот им беше: - Дојдовме да се бориме. Кога јас им се обратив со олку мек глас и со чувство на болка дека сеуште се мали и дека во редовите на ДАГ служат борци и боркињи кои се поголеми од 16 години и им реков дека ќе ги испратиме во некоја школа да учат, за да научат писмо и потоа по неколку години ќе им дадеме пушки за да се борат, настана несогласување и почнаа да се жалат. - Па кој сте вие. Зошто не ни дозволувате да се бориме.

Едното велеше: „Мене ми ја убија мајка ми пред моите очи". Другото зборуваше и за двата нејзини убиени родители. Секое од нив имаше по еден или два родители убиени и бараа да се најават и да ги прими Политичкиот Комесар на Главниот Штаб на ДАГ, оти само тој би можел да им ја разбери нивната болка.

Кога им кажав дека јас сум тој Политичкиот Комесар на Г.Ш. на ДАГ, се смирија малку, но не можевме да ги убедиме. Организиравме една мала чета покрај нашето седиште и ги оспособивме за телефонискињи. Неколку од овие девојчиња самоволно ја напуштија школата и доброволно отидоа во борбените единици. Секако и таму не им дозволија да се борат. Ги спасивме сите. Кога си ја спомнувам ова сцена, ми поминува пред очите сликата на гладните, босите и слабо облечени, овие девојчиња кои трепереа од студот, со тешкотија си ги задржувам солзите. За тие херојски девојчиња кои дојдоа да се борат во ДАГ за да се одмаздат за крвта на нивните родители! Ете зошто борбата на ДАГ беше оправдана, национална, демократска и антифашистичка. Кога зборуваме за хероите партизани ќе треба да се навраќаме и кон учеството на младите

во ДАГ, кои беа многу и беа интересни. Тогаш 70 - 80% од борците и боркињите беа младинци и младинки, кои се одликуваа со смелост и борбеност и беа на најборбените, истурени позиции во единиците на ДАГ.

Но освен тоа што имавме и посебни воени состави од млади чети пополнети од млади наоружани со автомати, пушкометралези и топови и како што беше полкот на демократската младина под командата на младинецот Шумади, кој смело се нафрлуваше во најкритичките точки во битките за време на борбата.

ДАГ, се состоеше во основа од младинци и младинки. Тие постарите над 25 - 30 години беа многу малку и тоа помалку од 15 - 20% во составот на ДАГ и во главно беа и постари борци...

ДАГ, се состоеше од младинци и младинки и тие беа со таква младост што сите ние се гордеевме кога одеа во борбата напред исполнети со задоволство и уверени во победата. Затоа нема да напишам посебна глава за младината, ми се чини сето тоа за младината тука го кажав.

Политички Комесар на ДАГ
Василис Барџиотас

Коментар не знам дали треба, но знам дека во светот никој не наоружал деца во такви воени формации и со такво наоружување и да ги стави на првата линија на фронтот. (... ??? Прашалниците се мои - С. К.).

Вториот: Паскал Митревски е првиот секретар на НОФ, се обраќа со писмо до ПБ на ЦК на КПГ, во врска со прашањата што настанаа како резултат на мобилизацијата на малолетните деца.

Види: АМ, збирка: „Егејска Македонија во НОБ 1954-1949”, АЕ: 47/б. Документот е на грчки јзик, во ракопис. Објавен е во едицијата: „Егејска Македонија во НОБ 1949”, Т. 6..., док. 100, стр. 211-213.

Еве што пишува:

„Другари,

Сериозно не окупира прашањето на децата што дојдоа од народните републики и што се мобилизираат. Меѓу тие деца има (машки и женски), кои се 12 - 13 годишна возраст и сега се наоѓаат во регрутниот центар во село Штрково. И другите деца не се повозрасни од 16 години. Вкупно се 35. Повеќето деца се од село Желево.

Нивното доаѓање се дозна во селата и ни создаде сериозен етички проблем, а посебно за децата (машки и женски) што се на 12-13 годишна вораст. За возраста на тие деца направивме проверка и констатиравме дека навистина се на таа возраст.

Ова прашање и другпат не преокупирало, но во консултација со вас тогаш беше најдено решение.

Се разбира во случајот не станува збор за тешкотиите што кај нас ги создаде Прашањето. Тие со голема работа, што ќе ја развие нашата организација, сигурно ќе бидат надминати. Но, тука се работи за еден принцип, за еден етички проблем, што сме принудени да го земеме предвид. Се создава една морално - политичка ситуација кај народот, кој поставува прашање, се оформува негативен морален впечаток, ги отежнува базите и изворите за пошироко активирање и за развој на силите на движењето. Разбирливо е дека 10 - 15 деца не можат да го решат проблемот и да ги задоволат потребите што ги имаме. Изгледа одговорните по домовите погрешно ги толкуваат некои работи. И што е полошо, нивниот однос спрема децата не е добар.

Конкретен е случајот на Тимјос, одговорен во домот на „Тулгеш", Романија. Неговиот став не може да се окарактеризира никако како добар. Тој врши еден недозволен психолошки и морален притисок врз децата со што создава една тешка атмосфера.

Еве што му рекле децата на другарот Малиос, кој беше испратен од ЦК на НОФ да ги посети:

Тимјос ги собра децата во домот и на еден насилнички и недозволен начин им викаше: „Да одете долу и да се борите. На сите оние од вас кои не ќе сакаат да одат, ќе им ставам на челото по еден печат со крст за да се разликуваат, дека се гадови и да се жигосуваат."

Ова им го велел на деца од 12 - 15 годишна возраст.

Исто така за ситници им се заканувал со зборовите: „Јас ќе ве научам. Со она што го правите, личите на ајкулите на Труман..." итн.

Исто така не им дозволувал да пишуваат писма на македонски јазик. Им ги задржувал парите и чековите што им ги испраќале родителите и роднините од Америка и од други земји. Децата изјавуваат дека тој им ги потрошил.

Еден друг случај, 12 годишниот Алеко Стефо, со солзи на очите му рекол на Малиос, дека еден ден Тимјос, бидејќи не го исчистил дворот, го разголил и го оставил да стои надвор 4 часа гол, само по гаќи, при страшен студ во декември. Исто така го оставил гладен 24 часа. Истото дете го тепал со сета сила и го шутирал со клоци. Детето раскажувало дека рацете на Тимјос му биле отечени од она што ги тепал децата.

Другпат соблекол и други деца и ги принудил да одат голи само по гаќи. Ги оставал и гладни.

Сигурно дека децата понекогаш можат да направат некој наивен истап и други детски грешки. Меѓутоа, односот и предходно изнесените мерки што ги применувал спрема децата покажуваат нешто најмалку психолошко и методско позитивно воспитување, односно тоа е нешто најнегативно во однос на воспитувањето.

Најлошото е што децата штом пристигнале, сето тоа го разнеле и разгласиле меѓу селаните. Ние штом го дознавме тоа од

луѓето, го испративме другарот Малиос да ја провери таму ситуацијата и врз основа на неговите констатации да ги ограничиме таквите гласови.

Потребно е да ги испитате таквите случаи и наше мислење е споменатиот Тимјос што поскоро да биде отстранет, за да не би направил и други штети. Исто така предлагаме, децата што дојдоа а се на 12-15 годишна возраст да се вратат.

При такви случаи, сметаме за потребно да ги известиме родителите преку специјално соопштение, се разбира усно или не некои друг начин што ќе ни го посочите.

Исто така сметаме дека во иднина треба да се ограничи испраќањето на деца од Народните републики што се помали од 15 годишна возраст.

Во врска со тоа прашање сигурно ќе ви зборува и другарот Којчев, со кого зборувавме вчера.

Ве молиме да ни одговорите по ова прашање или подобро да не повикате горе, за да подискутираме за тоа, па и за други прашања, при што подобро ќе се соочиме со прашањето на детските домови, со поставувањето во нив словеномакедонски кадри, кои ќе ги согледат и ќе помогнат практично во решавањето на прашањата на Словеномакедонците.

14.06.1949 година
Со другарски поздрав,
Паскал

За таквите зафати на раководствата на КПГ и ДАГ види во:

„АМ, Збирка „Егејска Македонија во НОБ 1945-1949”, АЕ: 476/49 и АМ, Ф-7/108, каде што се вели:

„Регрутацијата на децата се вршеше со широка пропаганда и со примена на притисок. За таа цел беа издадени соодветни директиви, наредби и беа испратени специјални емисари. Регрутацијата на децата се вршеше не по возраст, туку по

висина, и на тој начин беа регрутирани деца на 12 - 13 годишна возраст. Од Романија, и Чехословачка беа регрутирани неколку стотици деца. Исто така, беа организирани центри за обука на децата и по неколкудневно обучување тие беа испраќани на првата линија на фронтот, каде повеќето и загинаа."

Таквиот потфат го потврдува и тогашно евакуирано дете: Томе Миовски, Сеќавања: „Мобилизирањето на Македончињата од Чехословачка".

Види: Весникот „Незаборав", стр. 7. Од 1 јули 1995 година.

„Точно една година од нашето заминување од родните села, кога Привремената демократска влада (ПДВ) не собра и не испрати по демократските држави за да се спасиме од сигурната смрт, од непријателските бомби и од гладот и болестите, ете пак истата сака да не врати во пеколот на војната, во пеколот на смртта. Тоа беше вака: На 17 април 1949 година во 8 и 30 часот, директорот на Домот ни соопшти, дека денеска по ручекот ќе допатува во нашиот детски дом, делегација на Политбирото на Комунистичката партија на Грција (ПБ на КПГ).

Точно во 16 часот пред домот се појави еден црн „татраплан", голема лимузина и уште невлезен во главната врата, почнавме да викаме пароли и да го пееме партизанскиот марш. Штом запре колата, излезе Милтијадис Порфирогенис, член на Политбирото на ЦК на КПГ и министер во Привремената демократска влада за правосудство.

По свечената вечера која мина во радосно расположение и апсолутна тишина, директорот ни соопшти, дека младинците и девојките од 15 - 16 годишна возраст со гостинот во 20 часот ќе имаат состанок, а другите во 19 и 30 треба да одат на спиење.

Во 20 и 15 часот, гостинот влезе во салата, а ние сите станавме и со долг аплауз го поздравивме со паролите: „Да живее Маркос, да живее КПГ, да живее Слободна Грција...". Седна и сите по него седнавме и пак се исправи како гигант пред нас децата и со тивок глас почна да ни раскажува за борбените успеси што ги постигнуваат единиците на ДАГ против

монорхофашистите: „ДАГ ја има во свои раце 25% од целата територија на Грција”, рече тој. Во секое село има народна власт - народни одбори, народни судови, селски задруги, основани се народни болници, културно - уметнички и фолклорни друштва, народот се чувствува слободен и веќе за неколку дена во наши раце ќе падне Лерин, Костур, Воден и другите градови и дека 1949 година ќе биде година на победата.”

Ние од радост станавме и почнавме да викаме: „Да живее Слободна Грција, Маркос победа, Маркос победа!” Не утеши гостинот и продолжи: „Младинци и младинки, синови и ќерки на нашите борци на херојската Демократска армија, јас сум испратен од Политбирото на ЦК на КПГ и од нашата Привремена демократска влада за да ве повикам и вие да одите долу во татковината, бидејќи нашата света борба има потреба од млади луѓе, млади борци, достојни на своите татковци и мајки кои секојдневно достигнуваат борбени успеси против нашиот непријател - монархофашизмот. Исто така ќе се си ги видите вашите убави и сега слободни села, вашите родители, роднини и домашни. Затоа ве повикувам сите кои сакате „доброволно” да се вратите во Слободна Грција, да станете и тука да се запишите”. Тој го држеше списокот, што го имал кај себе со нашите имиња.

Еден по еден се запишавме 31 младинци и 8 девојки и откако се запишавме, гостинот, ни рече: „Знајте, дека доброволците од Романија и Бугарија, веќе се вратија во „Слободна Грција” и во многу кратко време одлично го овладаа оружјето и овие денови стануваат редовни борци на славната ДАГ, а другите деца од другите демократски држави се на пат за татковината, а пак вам во најкратко време ќе ви биде соопштено. Но за вашето враќање во татковината на никого ниту збор, ниту на тукашните, ниту на домашните, на никого, разбирате, бидејќи кој од вас ќе каже или напиши, тој е непријател на нашата борба”.

Следниот ден, во понеделникот по ручекот, не собра нас „доброволците” директорот и ни рече: „Од денес до 20 - 22 часот до вашето заминување, ќе имате секоја вечер ноќно тренирање на теренот за да се учите на ноќни борби. Од денес

нема на никого, а за враќање во Грција, на никого ниту збор, ниту на вашите помали браќа и сестри. Кој од вас се осмели да каже, ќе биде протеран од домот".

По седум дена, во неделата на 24 април 1949 година во 18 часот, директорот не собра нас „доброволците" и ни рече: „Утре, понеделник, 25 о.м., во три часот раното, ќе замините со воз во Братислава со воспитувачката Ирина, ќе добиете сува храна за еден ден и ќе тргнете пред да почне движењето во селото. Таму ќе се сретнете со повеќе „доброволци" и оттаму ќе заминете за „Слободна Грција".

Во понеделникот на 25 април 1949 година во два часот наутро, не разбудија и на брзина се измивме, се облековме, ги дигнавме куферите и точно во 2 и 30 часот тргнавме во редовен строј во придружба на директорот и воспитачката Ирена, без да се видиме со нашите помали браќа и сестри. Тргнавме со брз марш до железничката станица, која беше на еден километар оддалечена од домот и во три часот, се качивме на возот и тргнавме за Братислава. По целото патување бевме добро расположени и весели и целото време пеевме партизански и револуционерски песни.

По десет часа патување, кои изминаа многу брзо, околу еден часот по ручек, стасавме во Братислава на железничката станица, каде што не чекаше придружба, се поздравивме со воспитувачката Ирина, која требаше да се врати, бидејќи не и беше дозволено понатаму да патува со нас.

Околу 14 часот стасавме пред влезот на касарната, каде што имаше стражар. Откако го прегледаа камионот, тој ги отвори вратите и влеговме во големиот двор, каде што се движеа војници. Малку понатаму запре камионот и сите слеговме и одма околу нас се собраа неколку групи деца, кои беа пристигнати пред нас. Со многу од нив се познававме уште од првите денови во Чехословачка, кога во декември 1948 година беа испратени во автомобилскиот завод „Татра" - Копривница на техничко училиште, а еве сега и нив ги мобилизирале.

Се одморивме малку и во 8 часот веќе беа пристигнати и другите, така да сите се собравме во големиот двор и таму се запознавме и со одговорните, кои беа испратени од КПГ, односно од партиската организација од Булкес, а тоа беа Никола Стојановски, родум од село Герман, Преспанско и Никос Зафиридис и Георгиос Трендафилидис, обајцата Маџири од Костурско.

По вечерата во воената менза. Одговорните направија општ список од сите нас 250 деца од кои 200 Македончиња, а другите Влашиња и Маџирчиња, настојувајќи по наредбата на КПГ сите нас Македончињата да не запишат со грчки имиња и презимиња, иако ние одамна ги имавме погребано грчките имиња и презимиња, уште кога се отворија училишта во слободните села, но тие упорно настојуваа велејќи ни: „Утре кога ќе одите во Грција за да се борите против фашизмот, непријателската пропаганда ќе вели дека во Грција се дојдени југословенски и бугарски доброволци, а не грчки.

Ние, едногласно и најстрого протестиравме против таа великогрчка теорија, одбивајќи ја и сите се запишавме со своите имиња и презимиња и наредбите и заповедите ги вршевме на македонски јазик, а Грчињата беа одделна чета и ги вршеа на грчки јазик. Другиот ден, одговорните не одделија на три чети, две македонски и една грчка...”

Понатаму објаснува, дека на 4 јуни 1949 година ги посетил членот на ПБ на КПГ Петрос Кокалис - министер за просвета и култура во ПДВ и им соопштил: „Другари и другарки, дозволете ми да ви ги пренесам борбените поздрави од борците на ДАГ, кои секојдневно постигнуваат борбени успеси,... Борбата нема нужда од нови борци...”

Продолжува да раскажува: „Ние, сите како што бевме построени за еден момент онемевме, бидејќи ни дојде ненадејно, не можевме да разбереме зашто не не пуштат, кога веќе 41 ден денонoќно тренираме и сме готови, а сега владата реши да не одиме? Дали е кон крај ослободувањето или во што е работата? Самите одговорни не знаеја што станува. Бевме

толку разочарани, ниту јадевме, само скитавме по дворот и се прашувавме ...”

Ако тогаш не се знаеше, сега се знае, дека токму во тоа време беше повикан во Москва, Захаријадис, и од советското раководство му беше наложено и наредено на ДАГ да ја прекине оружената борба и да се повлече, а ПДВ да поднесе апел до Генералното собрание на ООН за мирољубиво разрешување на конфликтите. Но, исто така се наѕираше и ликвидацијата на ДАГ.

Но, откако ќе се прочита овој текст од саќавањата на ова тогашно евакуирано дете, навистина човек не може да остане рамнодушен, спрема постапките на еден од таквите:

Трговци со човечки судбини

Што правеле „Во името на народот”. Тој збор беше задолжителен дел од политичкиот вокабулар, мотив и алиби за многубројни идеолошки преслекувања, воени цели, територијални освојувања и етнички чистења.

Овој министер (Порфирогенис), повеќе личи на трговец со судбината на детските души, отколку министер за правда во ПДВ, која раководеше со ДАГ, а во таа армија со 60% од воените ресурси беа македонските селани. Неговата агитациона дрскост спрема овие деца („дека ќе си ги видат родителите, убавите села, пријателите, слободната прадедова земја...” „Но за вашето враќање во татковината на никого ниту збор, ниту на тукашните, ниту на домашните, на никого, разбирате, бидејќи кој од вас ќе каже или напиши, тој е непријател на нашата борба”), ја дава сликата на целокупната ситуација во која се најде македонското дете, под тој комунистички идеолошки инжинеринг, но не помалку и македонскиот борец.

За нив (тие што ја раководеа војната), не постоеа идеали, не постоеа свети нешта, не постоеа морални ограничувања. Се можеше да се стави во функција на сопствената кариера, се можеше да се каже во сопствената корист, се да се направи за сопственото јас. По завршувањето на војната се покажаа како

духовни инвалиди кои ја држеа власта во војната на чуден диктаторски начин за да можат до бесвест да повторуваат зборови како: патриотизам, лојалност, идеал, традиција и посветеност на раволуцијата.

Секој ќе се запраша: дали за ова се боревме?! Каде беа НОФ и АФЖ, да не заштитат? Имаа ли моќ? НЕ!!!

ГРИЖАТА И ПОПЛАКИТЕ НА ГРЧКАТА ВЛАДА ЗА ОДЗЕМЕНИТЕ ДЕЦА ОД СТРАНА НА КПГ И ДАГ

На 27 феврури 1948 година, грчката влада вложи официјално писмо до: Унитед Натионс Специал Цомминтее Он тхе Балканс (United Nations Special Committee On the Balkans) (УНСЦОБ) - Специјална Комисија на Обединените Нации за Балканот, за следното:

„Дека Елинопула (грчки деца), се преселуваат насилно од страна на андартите (партизаните на ДАГ), подалеку од границата, кон Албанија, во Бугарија и во Југославија. Исто така и во други држави кон источна Европа и се задржуваат во овие држави".

Дополнително, поткрепувајќи уште со следното:

„Агентите на „генералот" Маркос имале почнато од поодамна, со попис на планираните деца, на возраст од 3 до 14 години, во Северна Грција.

Цела оваа акција се претпоставува дека имала за крајна цел:

Да ги тероризираат грчките семејства за да ги помагаат андартите;
Да ги воспитуваат грчките деца со комунистичка идеологија;
Да им ја уништат грчката национална свест и сознание, и да ги оттуѓаат;

Да го дезорганизираат полјоделското стопанство (аграрот), принудувајќи ги селаните со нивните семејства да избегат

(емигрираат), од надворешноста кон градовите за да ги заштитат своите деца”.

ДАЛИ НАВИСТИНА ГРИЖАТА ЗА ОДЗЕМЕНИТЕ ДЕЦА БЕШЕ ТАКВА КАКО ШТО ЈА ПРЕТСТАВУВАШЕ ГРЧКАТА ДРЖАВА ИЛИ КАКО КРАЈНА ЦЕЛ НА АКЦИЈАТА И БИЛА ЕТНИЧКО ЧИСТЕЊЕ?

(На основа решението на министерството 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на „Грци по род”.

Зарем нели со овој закон, се потврдува дека и зафатот „ПЕДОМАЗОМА” е дел од планираните миграциони движења и претставува дел од стратешките прашања што ги имала грчката држава по (1913 год.) за иселување (насилните миграциони движење) на Македонците?

Создавањето на УНСЦОБ и нејзината улога во истражувањето на проблемот „Педомазома”

Грчкото прашање конечно пристигна во Советот на Безбедноста на Обединените Нации по трет пат во текот на 1946 година. Првите две седници кои беа дочекани со остри жалби од Советскиот Сојуз и Украина, логично завршија без резултат.

Третата дебата продолжи по едно обраќање на грчката влада, кое беше одржано на 3 декември 1946 година, и после опширните советувања со САД, дека треба генералниот секратар што побрзо да го стави на дневен ред прашањето на Грција за спорот што го води со соседните земји.

(Извештај на УНСЦОБ А/574-1948, с.1. Извештајот на Комисијата е ставен на дневен ред на 174-от состанок на Советот за безбедност.).

На 19 декември 1946 година, Советот за безбедност предложи една истражувачка комисија, со извештај во кој се посакуваше да се создаде едно тело најкасно до 23 мај 1947 година. Но кога го преставија ова тело, со кое се подржуваат мислењата на

Грција, претставниците на Советскиот Сојуз и на Полска ги негираа таквите мислења на целото тоа мнозинство. Како последица на разговорите во Советот за безбедност, гласањето на двете страни се доведе до вето и прашањето се доведе до безизлезност.

Тогаш прашањето се најде пред Генералното Собрание, каде не можеше да има советско вето, па така на 21 октомври 1947 година Генералното собрание (со 40 гласа за, 6 против и 11 воздржани) се изгласа решението за создавање на Специјалната Комисија на Обединетите Нации за Балканот (Тхе Унитед Натионс Специал Цоммиттее он тхе Балканс, (The United Nations Special Committee On the Balkans): УНСЦОБ).

Сега УНСЦОБ беше претставена од претставници на Австралија, Бразил, Кина, Франција, Мексико, Холандија, Пакистан, Англија и САД. Беше решено без никакво дополнување на преставник од Советскиот Сојуз и од Полска, кои се беа откажале да соучестуваат.

Главната дејност на УНСЦОБ беше да изврши истражувања на сите поплаки кои ги имаше доставено грчката влада дека партизаните во Грција примаат помош од Албанија, Бугарија и Југославија.

Овие држави, не само што не сакаа да соработуваат, туку и не им дозволија на набљудувачите на УНСЦОБ да влезат во нивната територија. На 1 декември 1947 година УНСЦОБ ги лоцира своите централни канцеларии во Солун. (Извештај на УНСЦОБ А/575 -1948 с. 1-3). Беше решено да се создадат околу 6 групи на набљудувачи, каде секоја ќе биде претставена од по четири набљудувачи и по едно помошно лице. Се определија за шест зони во Северна Грција и до крајот на февруари 1948 година овие групи: 1, 2, 3, 4, 5 и 6 се наоѓаа во споменатите зони (Извештај на УНСЦОБ, А/574-1948, с. 3).

Групата 4 во извештајот за јуни 1948 година со наслов „Движења и задржувања на грчки деца" потврдуваше во својот извештај за конкретни случувања:

Во одредени реони на Северна Грција кои се под контрола на партизаните, истите направија попис на деца. Има докази дека овој попис е почнат од поодамна.

Поголем број деца беа одземени од реоните на Северна Грција и испратени во Југославија.
Некои од родителите дадоа согласност, дури откако им ги имаа запишано децата и навистина има многу деца кои се насилно одземени и имаше големи спротивставувања од своите родители...

Во врска со реоните, се вели дека пописот на деца беше направен во два главни реони кои беа под контрола на комунистите:

а) Во славофонските реони на Западна Македонија беа: околу езерото Преспа, во Леринските и во Костурските села, каде населението се грчки граѓани но зборуваат славофонски јазик.

(Види: Извештај на УНСЦОБ А/574 -1948 с. 29-одел 2).

Еден сведок од реонот на Костур вели дека: „многу деца од селото најдоа скривалиште во Костур, за да не ги земат партизаните и дека спрема неговото мислење само 10% од родителите се сложиле да им ги дадат своите деца. Но, исто така УНСЦОБ потврдува дека дојде до вистински докази дека многу деца, посебно од словенските реони на Западна Македонија ги зедоа со согласност на нивните родители.

Еден друг сведок од реонот на езерото Преспа вели дека „многу родители беа благодарни кога ги гледаа децата да заминуваат во Југославија".

Накратко во сите овие искази има и тоа дека постоела голема разлика во решението дали да ги дадат или не децата, помеѓу славофонските села и грчките села.

Во грчките села, осудата беше голема и наликуваше како на акција за насилна мобилизација и се правеа големи напори да ги

убедуваат таквите родители, но имаше и такви случаи кога децата беа земени и без да ги прашат нивните родители.

Се тврди и тоа дека во североисточните земји беа испратени деца на партизани, или на луѓе кои беа симпатизери на партизаните.

(Види: Извештај на УНСЦОБ А/574-1948, с. 31)

Американските реакции по жалбите од грчката влада за вршење „Педомазома"

Грчката влада употреби најсилна и решителна фразеологија во критиката на одземањето и иселувањето на децата од страна на КПГ и ДАГ. Цалдарис, министер за надворешни работи, укажа и покажа со пример дека на 27 март 1948 година, дека „Одземањето на грчките деца не е нешто едноставен прекршок спрема обрските на спогодбата за човечки права туку е злочин спрема човештвото".

Владата зборуваше за „Национално убиство" и „наивност - простота" (Извештај на УНСЦОБ А/574(1948 стр. 18).

Се разбира, владата на Атина беше убедена и очекуваше дека Американците ќе пристапат со ист интензитет и позитивно ќе се искажат, но многу видни американски авторитети во кои се вбројуваше и министерот на Надворешни работи Џорџ Маршал, продолжуваа да не веруваат во значењето на таквата силна пропаганда и обвинувања за таквата „Педомазома".

Тоа како што се гледа, повеќе изврши влијание за порешителна акција со што би и се извршило притисок на Обединетите Нации, да го разгледаат предметот за насилното одземање на децата „Педомазома" од комунистите.

Во почетокот накои Американци во Атина мислеа дека ова прашање може да биде од голема полза на пропагандата. Карл Ранкин (Karl Rankin), од амбасадата на САД, напиша до министерството за надворешни работи дека на 10 март 1948 година „амбасадата е уверена дека одземањето на грчките деца

од генерал Маркос е психолошки гаф на против тежа, кој ќе треба да се искористи во пропагандата, како објавен притисок против САД и да се осведочи со тоа светската јавност". На 3 март 1948 година Ранкин (Rankin), мислеше и тоа дека „проблемот може да се преиначи и во антикомунистичка пропаганда", но некои Американци почнаа да се запрашуваат дали ползата од таквата пропаганда може да премине како варијанта и на страната на комунистите.

Водачот на АМАГ, Дњигхт Глисњолд (Dwight Gliswold), велеше во една телеграма, испратена во Вашингтон, со дата од 23 март 1948 година, дека неодамнешната вест на комунистите за одземање на деца „се покажа како необична смислена психолошка војна против владата на Атина" (Lawrence Witner - 162).

Gliswold, веруваше, исто така дека и кралицата се имаше „спротиставено со прекумерен начин", но многу добро се знаеше дека иселувањето на деца беше сторено и од истата влада беа одземени „илјадници деца, некогаш под притисок од „партизанските реони", а тоа ќе може да го засенчи значењето, за кое сега, грчевито се бори пред светската јавност грчката влада.

Во Солун, главниот конзул на САД покажуваше дека иселувањето што го прават партизаните „тоа е како резултат на војна со нервите", што по неговото мислење, целта им беше да покажат дека грчката армија е неспособна да ја гарантира безбедноста.

Во Вашингтон, Џорџ Маршал, веднаш објави сомнение за проблемот што го дебатираше грчката влада: иако неколку младинци и деца беа „земени со сила од легални семејства„ (пишуваше Маршал на 24 април 1948 година, но мнозинството беа од „реоните каде беа вгнездени партизаните, и тие деца преставуваа проблем на општествена грижа за генерал Маркос, и така заминуваа со помала или поголема доброволност во согласност на словенското малцинство, или беа деца од комунистички родители. (подвлекол авт).

Покасно, кога Грчката амбасада во Вашингтон, побара американска помош за подршка во Обединените Нации, за наредната седница на Генералното Собрание, ѝ се даде одговор дека американското министерство за надворешни работи, смета дека прашањето за децата била „најслабата алка" и дека во емиграцијата можеле да се претворат како такви - вооружени борци против државата Грција.

На 14 август 1948 година, американската мисија во Грција се запозна подетално со прашањето, но тоа го имаше искажано и во телеграмата на Маршал, во која пишуваше дека имаше такви со „непотполни наводи (сведенија)" со тврдење дека голем број деца беа насила одземени и наоружани.

Само и само, истите грчки партизани можеа да бидат одговорни за одземање и иселување на деца и една таква протестна осуда на Генералното собрание на Обединените Нации „не би им служела и не би имала никаква цел" спрема мислењето на Маршал.

Во една неодамнешна, повнимателно обмислена студија, американскиот историчар (Види:Хоњард Јонес„Тхе Дипломацs оф Рестраинт: Тхе Унитед Статес' Ефортс то Репатриате Греек Цхилдрен Евацуатед дуринг тхе Цивил Њар оф 1946-1949", Јоурнал оф Модеррн греек Студиес. Howard Jones, „The Diplomats of Restraint The United States, "Efforts to repatriate Greek Children Evacuated during the Civil War of 1946-1949", Journal of Modern Greek Studies), го анализира американскиот став спрема одземањето на деца „педомазома".

Howard Jones, потврдува дека имаше две основни претпоставки за конкретниот став што го зазеде американското министерството за Надворешни работи и Маршал лично: Прво Маршал „осведочувањето дека грчката влада ја имаше покажано жалбата за иселувањето на деца" и оти, за ова прашање „немаше друг излез (решение), освем да побара враќањето само на тие деца кои се земени под силен притисок, а тоа е на основа етиката и моралот, за вистината на непобитните факти во името на човештвото".

Друга причина, согласно искажувањето на Jones, беше дека „Вашингтон се трудеше да одбегне секакво заладување на односите со Југославија, која беше согласно со грчката влада, главен виновник".

Многу е сигурно дека јазот кој се повеќе се длабеше помеѓу Југославија и Советскиот Сојуз, можеби од таквите случувања, зависеше и ставот на САД, бидејќи тие сега беа основни прашања и можеби затоа Маршал, решението на „педомазома" го ставаше на втор план, но тоа е само претпоставка за што нема американски докази.

Било каков друг мотив, иако се претпоставува дека Американците имаа практичен резултат на дејствувањето на САД, како концепт, многу верно тоа го кажува Jones: „Искусната дипломатија на Маршал, му успеваше во безизлезните ситуации од кои не ќе добиеше никој, ги оставаше отворени прашањата на Американците и Југословените и дозволуваше на владата на Вашингтон да се концентрира на прашањето на Западна Европа кои беа значајни за американската безбедност".

(Насловот на оригиналот: "Студиес ин тхе Хисторs оф тхе Греек Цивил Њар, 1945-1949, едитед бs Л.Баерентзен, Ј.О.Смитх, "Мусеум Тусцуланум Пресс", Цопенхаген 1987. „Studies in the Histores of the Greek Civil War, 1945-1949 editet bs L. Baerentzen, J.O. Smith, „Museum Tusculanum Press", Copenhagen 1987)

Улогата на Обединените Нации и на Меѓународниот Црвен крст

„На третото Генерално Собрание на Обединетите нации, во ноември 1948 година, прашањето на грчките - деца, се одлучи да се разгледа посебно од севкупното прашање на Грција.

По долгото траење на прелиминаторните разговори за проблемот во Грција, за наводите на Првата Комисија за (Политика и Безбедност), пред четирите сили: Кина, Франција, Велика Британија и САД, се предложи и план на резолуција за

наводната надворешната помош, што ја добивале грчките партизани од соседните земји.

По ова, претставникот на Грција предложи едно дополнение на таа резолуција, додавајќи го барањето за враќање на сите одземени Грчиња, деца (тука не се одвојуваа Македончињата) во Грција.

Белгискиот претставник, кој беше председател, дискутираше и рече дека ова барање ќе треба да се измени (модифицира и дополни) со додавката: „кога таквите деца ќе ги побарат нивните родители."

По извесни дебатирања, белгискиот председател изјави (на 9 ноември 1948 година) и „појави (покажа) усилби за постигнување согласност по прашањето за репатријација на грчките деца". И од таква гледна точка се предложи да се испита ова прашање од „аспект на чисто човечки погледи, на една одделна седница, сосема независно од „политиката, со решение на четирите сили".

После многу долги дискусии, се побара од председателот да одреди план резолуција за една од наредните седници и тоа беше прифатено.

Сега Првата комисија (во изменета форма) на 11 ноември 1948 година, белгискиот предлог почнуваше со следниот параграф: „Генералното Собрание го препорачува (одобрува) враќањето во Грција на грчките деца, кои се наоѓаат сега далеку од своите домови, кога таткото или мајката – родителите ќе ги побараат, но ако тие се отсутни, тоа можат да го сторат луѓето кои им се блиски роднини и кои ќе покажат желба и грижа за тие деца".

Југословенскиот претставник имаше забелешка на тие зборови „... ако родителите им се отсутни, тогаш кој е тој што ја зема грижата за тие деца", истакна дека грчката влада ќе мора да ги одреди таквите луѓе, кои би имале таква намера и да оцени дека не биле спротивставени со намерите на нивните родители.

Ова безизлезност се реши, конечно со австралискиот предлог, согласно со тој предлог Генералното собрание реши: „Го препорачува (одобрува) враќањето во Грција на сите Грчиња (не прави разлика на Македончиња и Грчиња), кои се наоѓат сега далеку од своите домови, кога тие деца ќе бидат побарани од таткото и мајката, но ако тие се отсутни, тогаш, тоа може да го стори овластен нивен роднина, ако изјави таква желба за тоа."

Во таква форма се изгласа резолуцијата и се одобри со 45 гласа за, а против немаше ниту еден. Таквиот предмет се „дистрибуира" и се инсистираше на тоа дека треба сите држави да си ги преземат неопходните мерки за да се остварат целите на резолуцијата и „даваше упатства" на генералниот секретар да побара од заинтересираните држави да ги известат носителите кои беа одговорни за таквата резолуција, исто така да побараат и помош од Меѓународниот Црвен Крст. (Serбоок оф тхе Унитед Натионс, (Yerbook of the United Nations)), 1948-1949, стр. 239-244.

Тој план (Предмет) влезе во процедура на гласање и во дневниот ред на Генералното Собрание на 26 и 27 ноември 1948 година. Предметот се заведе едногласно како: „(Резолуција 193 (□□□) Ц)". Додека Советскиот Сојуз и неговите сомисленици, како што беше познато, беа против ова решение, уште кога се презентираа наодите од УНСЦОБ (Обединените Нации, Генералното собрание-(Унитед Натионс, Генерал Ассембls, Оффициал Рецордс, Пленарs Меетингс, United Nations, General Assembbly, Official Records, Plenary Meetings). Трети оддел, место 1, 1948 стр. 661662.

Грчкиот Црвен крст, веднаш ја објави веста за резолуцијата на Обединените Нации и почна со работа за примање молби за репатријација на децата. Како што минуваше времето, прашањето за грчките (се мисли на општо земените деца, но тука треба да се каже: досега, се изнесуваа факти дека Македонците - славофоните, деца ги давале доброволно), деца кои беа земени и насилно иселени, се претвори, главно, како грижа на Црвениот Крст.

На 11 јануари 1949 година, Трѕгве Лие (Trygve Lie), генерален секретар на Обединените нации, побара официјално од Меѓународната Комисија на Црвениот Крст и од здружењето и подружниците на Црвениот Крст во Женева (во продолжение од Црвениот Крст) „да ги воспостават неопходните врски директно со грчката влада и со Грчкиот Црвен Крст, и начелно со владите и со здруженијата во нивните земји, т.е. во чии земји се наоѓаат грчките деца и да ја испитаат возможноста за реализација на резолуцијата која едногласно ја одобри генаралното Собрание на Обединените нации на 28 ноември 1948 година и им ја препорачуваше на државите и владите (и не ги делеше децата на Грци и Македонци), туку, за репатрирање на сите деца од Грција.

***

Како прв чекор на Црвениот Крст беше тоа што испрати една мисија во Грција. Господинот Р. Њ. Ротх (P.W. Poth), (ја преставуваше меѓународната комисија) и господинот Гаиле Галуб (Gaile Galub), (го претставуваше здружението на Црвениот Крст) и останаа во Грција од 10 февруари до 11 март 1949 година, за да го проучат проблемот - за репатријацијата.

Во текот на посетата на грчкиот црвен Крст им предочиле 3.445 молби кој пристигнале за репатријација на децата. Овие ополномошници имаа неколку состаноци и со грчката влада и со УНСЦОБ, но исто така беа примени и од кралот и кралицата на Грција”.

Ополномоштените ги проучија и условите под кои на децата ќе треба да се врши репатријацијата и беше навистина добро подготвена целата акција за да бидат примени децата назад во Грција.

Грчкото министерство за надворешни работи им даде и една официјална напишана гаранција дека нема да се превзема никаква мерка со подозревање (сомнеж) кон сите тие деца, било по религиозна, (верска) или идеолошка припадност на нивните родители или била од каква друга причина за примена на некаква пресија.

***

сто така, како важен податок се наведува, дека од април 1949 година бројот на грчките еца кои имаа поминато низ Југославија во други источноевропски земји беше 13.500 деца.

(Црвениот Крст. Прв опширен извештај, стр. 19.)

Извештајот содржи, исто така, една аналитика за местата каде и во кои земји се упатени децата. Од април 1948 година до март 1949 година:

за Чехословакија	3.550
за Унгарија	3.050
за Романија	6.400
за Полонија	500
Збирно	13.500 деца

Грижата наша - македонска

(Во комуникацијата со високото раководство на КПГ и ДАГ, дури ни мајчиниот јазик не си го запазивме).

Навистина, грижливо во истражувањето, барав документ на македонски јазик, било каков, испратен до некое високо партиско тело на КПГ или воен штаб на ДАГ, со кој документ на македонски би покажале дека НОФ како воено политички фактор стоел до тој македонски став и така им се обраќал (барем во нашата историја НОФ е така нарекувана), но за жал нема никаква трага, бидејќи целата кореспонденција или било каква комуникација е водена на грчки јазик. Барав документ, кој го третираше и проблемот на одземените деца, но нема. Зошто?!! Зарем за НОФ и АФЖ, јазикот не беше политичко стратешко прашање?

Ако еден од основните национални атрибути е јазикот, тогаш како можеле организациите НОФ и АФЖ, по т.н. „Братство единство" (1946 година), да се „откаже" од националниот идентитет и да ги прифати таквите услови од КПМ/КПЈ и КПГ

(а во нашата историографија се вели дека биле договорени сите услови меѓу НОФ и КПГ), или тоа можеби сега се правеа таквите остапки за атер на комунистите.

Но, по овој чин на „Братство единство" настапи копмплетната разузнавачка мрежа која беше добро организирана од КПГ и сите нофити и афежитки (поранешни (еласитки)), ги поминуваше под најситното идеолошко сито, со цел да им ја одреди вината и казната за гревовите од минатото, а на нашите нофити и афежитки, мачно беше да им се гледаат бесрамните додворувања кон раководителите на КПГ и ДАГ, посакувајќи да им се избрише вината за непокорноста кон КПГ, ЕЛАС и ЕАМ.

Ете, по овој чин многу лефтерно ја прифативме грчката асимилација, но сега по познатата комунистичка теза: во интерес на партијата, државата и мнозинскиот народ.

Значи, нечујно се вклучивме во процесот на елинизацијата, но сега без никаков отпор, а за што до вчера најмногу се бореше македонскиот народ и страдаше од грчките власти.

За правда, т.е. право, треба да се каже, дека во т.н. „Слободна Грција" (Котурско и дел од Леринско и Грамос), луѓето можеа да зборуваат колку што сакаат на македонски јазик, но скоро во селата ги немаше, сите беа мобилизирани и ставени во единиците на ДАГ. Но дали тие Македонци во единиците на ДАГ кои беа рагрутирани и испратени во длабината на Грција можеа да зборуваат македонски? Тие таму беа предупредувани дека: „Името и презимето, нужно треба да бидат на грчки, а јазикот треба да се говори само грчкиот, зашто грчките борци ќе помислат дека вие сте: „Бугари? или Југословени?" (прашалките се мои - С.К.). И, следеа оправдувања дека: „КПГ нема сторено доволно објаснување на грчкиот народ, за да знаат Грците кои сте вие Славомакедонците..." Но, едно е вистина, дека сите регрутирани Македонци во ДАГ, по насилните мобилизации што следеа во (1947-1949 година) беа заведени со грчки имиња и презимиња, а тоа се правеше (ги поканувааа преку одборите на НОФ и АФЖ) спрема книгата на

родените. Таквите книги беа воведени од грчките поранешните влади на Атина.

Најверојатно, сите овие прашања беа оставени, за по слободата, како и многу други витални прашања од интерес на Македонците кои гинеа во името на КПГ.

Но, да се вратиме на проблемот со одземените деца, бидејќи официјално не најдов кој беше овластен за извршување на таквата злокобна акција и по чии налог се земени децата (освен дека се знае за пропагирањето на НОФ и АФЖ, спрема она познатото од нашата историја дека: НОФ и АФЖ биле воено - политичка сила – „апсолутни владетели" на сопствениот простор, но што се однесува до нивното владење, тие биле целосно обврзани само да ги спроведуваат наредбите на КПГ, која располагаше со огромна моќ на идеологијата и најверојатно тие им дале на КПГ целосен кредибилитет, дури да не располагаат ни со децата на својот народ.

Ако и ова што го трди д-р Кирјазовски е историски точно, тогаш станува се појасно дека ние Македонците соработувавме во миграционите процеси, но останува да се истражува какви идеолошки обрски превзеле НОФ и АФЖ спрема налогодавците, а спрема сопствениот народ без никакви обврски: Тој вели: „...За успешно извршување на оваа акција беа ангажирани органите на народната власт. Народната милиција, политичките организации и другите институции. Посебна улога за целосен успех на акцијата во подрачјето на Егејскиот дел на Македонија одигра Македонските организации, НОФ и АФЖ, кои притоа го мобилизираа целокупниот свој кадровски потенцијал.

За успехот на акцијата придонесе и тоа што евакуираните деца потекнуваа главно од подрачјата на Егејскиот дел на Македонија каде што се водеа најжестоките и најкрвавите борби, па префрлувањето во странство беше многу полесно, бидејќи тие подрачја се наоѓаа под контрола на ДАГ. И, што беше најважно, родителите на децата, претежно Македонци, целосно беа на страната на ДАГ и лесно се убедија и се согласија за евакуација на своите деца..."

(Види: Кирјазовски 1989/36-37).

Така размислуваше и така пропагираше елитата на НОФ и АФЖ, со своите заеднички илузии па дури и мислејќи дека силно ја држат власта и се на правилниот пат во животот, дека можеа да решат се за судбината на македонскиот народ. Елитата, размислуваше тогаш кога требаше поинаку да размислува. Тогаш имаше крупни не совпаѓања меѓу тој тип на размислувања и реакциите на обичниот македонски селанин, но тој беше дочекуван со: „Ти не си наш!" и со тоа омразата му ја исполнуваше душата, а таквата беспрекорност стана судбина, а животот безсмислен.

За жал, од таквото размислување, сведоци сме на полувековното марширање низ Балканот и по светот.

Ете, со такви покорувања станавме нација со туѓ патриотизам, односно идеолошки војници. Македонскиот патриотизам, чувството на љубов и верност кон своето татковинско дело, беше лишено. А, тоа го потврдува и следното: Низ сите високи состаноци и донесувањто на судбински решенија не е забележано присуството на Македонци. Зошто? Затоа што НОФ од секогаш беше во инфериорна (потчинета, подредена, помалку вредна улога и спрема кадрите на НОФ се гледаше со некаков инфантилизам), положба спрема КПГ, а тоа го дозволија во своите преговори и КПМ/КПЈ, кога го договорија т.н. „Братство и единство" помеѓу нив и КПГ.

Но во сета оваа трагедија е и нашето полувековно колективно замолчување на свеста и најболното е тоа што го измачува човека: како можевме ние Македонците да замижеме пред очигледното, дека се посега токму по нашиот корен и разделбата на тие деца од местото на раѓањето се прогласува за иден состанок само со историјата.

Светот, знае малку за трагедијата на Македонците под Грција, најголемиот дел од таа трагедија, погрешно ја знаеме, па дури и ние самите. Тоа е сурова вистина, но

Македонската држава и државност со своите институции, како вековен идеал на македонскиот народ, и по полавек, не се ни одзва.

Во ваквиот вител на спротивставувања околу „Историската правда и историската вистина" навистина е тешко да се најде одговор, но види заради волјата на вистината:

Архив на Македонија (АМ), збирка: „Егејска Македонија" во НОБ 1945-1949, АЕ: том 1, 2, 3, 4, 5, сите документи се преведени од грчки јазик.

Со ова и ќе го завршам историското сведочење за однесувањето на НОФ и АФЖ.

РАЗВОЈОТ НА НАСТАНИТЕ ВО 1948 година

На 1.06.1948 година, Политбирото на ЦК на КПГ донесе решение со кое се суспендираат Михаило Керамитчиев од претседател на НОФ и Паскал Митревски од секретар на Главниот одбор на НОФ „Поради непринципиелна фракционерска борба".

Ова покажува на еден типичен потфат од КПГ: како максимум го користи СИНДРОМОТ НА НАЦИОНАЛНО КОДОШЕЊЕ - стана погубен за Македонците.

На 27.08.1948 година, заседаваше ПБ на ЦК на КПГ со дневен ред:

а/ Борбата на Грамос која се нарече: „Епопеја на Северен Пинд, политички и воени прашања и укази"

б/ Отстранувањето на Маркос Вафијадис од генерал и водач на ДАГ, поради болест и неговото заминување за Москва

в/ Новиот воен Совет ќе го сочинуваат:

1. Никос Захаријадис - Претседател и врховен командант на ДАГ.

2. Георгиос Вондициос - Раководител на воените битки.
3. Василис Барџиотас - политички Комесар на Главниот Штаб.
4. Мичос Вландас - Одговорен за воените ресурси.
5. Леонидас Стрингос - Државната управа.

г/ Реорганизација на Главните Штабови по околии и создавање на воени дивизии. Унапредување на офицери во воени високи чинови на ДАГ. (Без ниеден Македонец. б.м.)

Прилог

Наредба (27 август 1948 година)

Имајќи ја во предвид ново создадената ситуација, на 23 декември 1947 година и предлогот на Главниот Штаб на Демократската Армија на Грција

Решаваме:

1. Разрешување и реорганизација на Главните околиски штабови и создавање на дивизии.

Дивизиите се наименуваат со своите команданти, како што следи:

Дивизија	Место	Командант
I	Тесалија	Харилаос Флоракис (Гиотис)
II	Румели	Гианис Александру (Диамандис)
III	Пелопонес	Стефанос Гјузелис
IV	Епир	Колигианис
IX	Македонија	Танасис Гениос (Ласанис)
X	Македонија	Никос Теохаропулос (Скотидас)
XI	Македонија	Пандо Вајна

Во седиштето на Привремената Демократска Влада, 27 август 1948 година.

Претседател и Министер на воените сили на ДАГ.

Генерал Маркос

На 15. 11. 1948 година, Политбирото на ЦК на КПГ донесе одлука да го исклучи и да го суспендира генерал Маркос од функциите главен командант на ДАГ и член на ЦК на КПГ.

На 23 ноември 1948 година Главниот штаб во реонот на Вичо издаде наредба да се изврши мобилизација на сите мажи и жени кои не беа мобилизирани поради болест. „Со таа наредба практично беа мобилизирани сите Македонци од Костурско и Леринско. Со оваа мобилизација беше опфатен и целокупниот професионален кадар на НОФ и со тоа родните огништа на Македонците останаа пусти. По оваа ТОТАЛНА мобилизација во ДАГ населението македонско (од 270.000-300.000 Македонци под Грција, учествуваше во ефективите на ДАГ со повеќе од 50% (спрема македонската историографија: активни учесници во редовите на ДАГ биле околу 15.000 до 17.000 борци), а грчкото осум - милионско население во Грција, учествуваа само со еден мал %, тоа се од основните вкупни ефективи на ДАГ, бидејќи според грчките официјални податоци ефективите на ДАГ биле од 25-30.000 борци, што значи произлегува дека во редовите на ДАГ биле не повеќе од 20.000 борци. По еден таков зафат на ДАГ со мобилизациите, сите македонски семејства беа растурени и се најдоа во разните единици на ДАГ, па дури и во длабината на Грција. Сите тие ново мобилизирани луѓе беа неспособни за војување, бидејќи не само што немаа знаење за воено сложени операции а се бореа против една добро опремена и обучена војска, пред нивното современо оружје, сите подоцна во битките беа испокасапени, бидејќи сите тие беа подложени на неподносливи услови, но најмногу е тоа дека тие немаа минимални знаења и во ракувањето со оружјето.

РАЗВОЈ НА НАСТАНИТЕ ВО 1949 ГОДИНА

Последна акција за мобилизација на Македонците и надвор од границите на Грција: 09.02.1949 година

(Зарем овој чин не беше спротивен по меѓународните човечки права???...).

На барање на Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ), во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со преставниците на НОФ и се бараше регрутирање на околу 300 нови борци за ДАГ од бегалците што беа избегани во Југославија, но тоа не се реализира.

Прво оптимистичко сценарио на Захаријадис: се дава самоопределување на Македонскиот народ. Значи, ни понуди визија за независна Македонија?!

ДА ВИДИМЕ КАКО И ПРАЗНИТЕ ПАРОЛИ СЕ ДЕЛ ОД ВОЈНАТА

На 30-31.01.1949 година, одржан е петиот Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за „Независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација". Поради тоа на 3.02.1949 година свикан е II-от Пленум на централниот совет на НОФ и се прокламирани нови принципи на НОФ, за иднината на Македонците под Грција

ПОГАЗЕНИ ВЕТУВАЊА

На 7.03.1949 година ЦК на КПГ објави соопштение во кое се демантира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на 5-от Пленум и ставовите на II-от Пленум на НОФ од 3.2.1949 година. Значи, историјата не учи дека ветувањата дадени во времето на војна не се секогаш тоа што требало да бидат.

Второ оптимистичко сценарио: се создава комунистичка партија на Македонците под Грција.

(СУПТИЛНА МАНИПУЛАЦИЈА СО МАКЕДОНСКИОТ ЧОВЕК И СО НЕГОВАТА ИСТОРИЈА)

На 27.03.1949 година, свикан е основачки состанок од 163 комунисти, делегати на II-от конгрес на НОФ, на кој едногласно е решено да се формира комунистичка партија на Македонија од Егејскиот дел на Македонија, која би била засебна

организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ. (За овој настан, се велеше дека е најсветлата точка од грижата што ја водеше КПГ спрема нас Македонците, но да ја оставиме историјата да каже колку навистина беше и остана „светла"...")

Но, да видиме како нашата историографија го оцени тој настан: „Создавањето на КОЕМ беше своевидна тактика со крајна цел македонското национално прашање да стане составен дел на антијугословенската ИБ кампања, да се предизвика прекин на сите духовни и политички врски меѓу Македонците од Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, создадени во борбата за национална и социјална слобода, дезориентација на национално - ослободителното движење на егејските Македонци и вклучување на македонскиот фактор во божемните причини за поразот на ДАГ".

(Види: вес. „Вечер" – „Историската вистина не е дневна политика". Од 2 јули 1989 година, д-р Ристо Кирјазовски.)

Зарем, е тешко да се сфати, дека ние Македонците под Грција им станавме предмет за одмаздување во нивните идеолошки ставови на КПГ и КПЈ, но и државната политика на Грција и Југослвија.

На 4 април 1949 година во Вашингтон се потпиша конкретна согласност за формирање на НАТО, од владите на САД, Британија, Франција, Канада, Италија, Португалија, Белгија, Холандија, Луксенбург, Исланд, Данска и Норвешка.

Значи, се работи за една значајна согласност, со која Западноевропските држави ги ставија своите воени сили под рамковна контрола на американскиот Пентагон.

Владите на сите потписнички држави, паралелно со потпишаниот документ, посебно потпишаа и договори за воените обрски со САД, во кој се одредени условите за американската помош кон овие држави и соответното наоружување на сите воени формации.

Така со создавањео на НАТО, се заокружи едно прегрупирање на меѓународен план под водство на САД - една таква прегрупација која го карактеризираше економското и политичкото ниво со „Трумановата доктрина" и со „Маршаловиот план".

Оформувањето на НАТО, силно се одрази и на целокупната грчка положба во однос на Граѓанската војна.

ПРЕДЛОЗИТЕ НА КПСС КОЈА И ГИ УПАТИ НА КПГ ЗА ПРЕКИН НА БОРБАТА

По создавањето на НАТО, се создаде и нова положба во регионот, а од таквата положба најмногу беше вознемирен Советскиот Сојуз, кој покажуваше дека работите се развиваат необично опасно за мирот, но и за народните ослободителни движења во капиталистичкиот свет, но и не помалку опасно и за народните демократски републики кои беа создадени во Европа по завршувањето на Втората светска војна. А Советскиот Сојуз посебно беше вознемирен - за балканските народни демократски земји - Албанија и за Бугарија пред кои се јави посебна како рак - рана, имајќи го во предвид излегувањето на Југославија од социјалистичкиот лагер и претстоеше опасност од евентуална американска воена интервенција бидејќи тоа се условуваше и со Граѓанската војна во Грција.

За таа цел на 11 април 1949 година Никос Захаријадис, генерален секретар на КПГ беше повикан во Москва каде што од советското раководство му беше наредено ДАГ да ја прекине оружената борба и да се повлече. Во Москва му беше речено дека работите се развиваат опасно за мирот, за народите и земјите со народна демократија и дека Советскиот Сојуз има информации дека Американците под мотивација на операциите против ДАГ, ќе ја нападнат и ќе ја окупираат Албанија. Советскиот Сојуз, поради прекинот на своите односи со Југославија, не ќе може да и помогне на Албанија. На Захаријадис строго му беше речено дека ДАГ не ќе може да добива помош, бидејќи на 1 мај 1949 година Албанија и Бугарија ќе ги затворат границите.

На седницата на ПБ на ЦК на КПГ е решено да се подготви план за повлекување на ДАГ. По предлог на Захаријадис, на 20 април 1949 година, ПДВ одржа вонредна седница на која реши да се обрати со апел до Генералното собрание на ООН, до Светскиот конгрес на приврзаниците на мирот и до демократите во целиот свет. Со апелот, ПДВ побара од наведените меѓународни институции да посредуваат за едно чесно демократско помирување во земјата и дека е готова за прекин на војната, штом ќе се обезбеди тој мир.

Захаријадис, на истата седница предложи да се направи еден неопходен преглед - список за снабдувањето со храна и со воени материјали барем за период од два месеци бидејќи требаше на 1 мај 1949 за се затворат границите со Албанија и со Бугарија.

Повлекувањето на ДАГ беше одложено, поради тоа што во тоа време Советскиот Сојуз преку Генералното собрание на ООН и во рамките на конференцијата за германското прашање, поднесе предлог за мирољубиво решение на грчкото прашање. Предлогот на Советскит Сојуз содржеше:

општа амнестија, слободни паламентарни избори со учество на преставници на демократските кругови што раководат со народноослободителните движења и под контрола на големите сили,
формирање комисија од големите сили за контрола на границите на Грција со северните држави.

Оваа акција за завршување на Граѓанската војна пропадна, бидејќи владите на САД, на Велика Британија и на Грција го одбија советскиот предлог и побараа безусловна капитулација на ДАГ.

КАКО Е ОДРЕДЕН ВИНОВНИКОТ ЗА ТРАГЕДИЈАТА?

(НОФ ПРОГЛАСЕНА ЗА АГЕНТУРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА)

На 20 јули 1949 година по иницијатива на генералниот секретар на ЦК на КПГ, Никос Захаријадис се свика раководниот актив

на Комунистичката организација на Егејска Македонија (КОЕМ). Состанокот беше одржан во пештерата меѓу селата Винени и Орово, Преспа.

На активот на КОЕМ присуствуваа Никос Захаријадис, Мичос Парцалидис и други функционери на КПГ и 45 членови и кандидати за членови на Главниот одбор на НОФ и политички и воени македонски старешини на ДАГ кои служеа на подрачјето на Вичо.

На тој состанок, Никос Захаријадис го изнесе следниот став: ... „НОФ е агентурска организација која ја попречуваше реализацијата на линијата на КПГ и со тоа му нанесе штети и непријатности на демократското движење во земјата. Во Егејска Македонија дејствуваа и уште имаат корени трите агентури: на ОЗНА, на ЈА и Колишевски, која ги контролира првите две агентури. Сите агенти на југословенските известителни служби даваа писмени обврски дека доследно ќе ги извршуваат агентурските роботи... Партијата КПГ сака да помогне и да ве спаси (им се обраќа на Македонците). Прекинете секаква врска со КПЈ и расчистите идеолошки со неа... Имаше еден период кога Македонците дејствуваа како фракција во КПГ во времето кога Тито сакаше да ја ограби Македонија до Солун. Кои од вас бевте испратени во Грција од КПЈ во функција на тој интерес, да го расчистите прашањето и сметките. Ако Тито ја приклучи Македонија кон Југославија, тоа значи ја вклучува во империјализмот. Тоа треба да го расчистите. Тито од 1945 година испраќа агенти од ОЗНА и Бирото на ЈА, организирани во тројки.

Во времето кога Југославија беше во лагерот на народните републики, КПГ ги толерираше агентите на Тито, во перспектива прашањето ќе го регулираме поинаку. Отвореното предавство не принудува да го расчистиме тоа прашање...”

По Захаријадис во ист дух зборуваше членот на ПБ на ЦК на КПГ Мичос Парцалидис. Тој меѓу другото, рече: „...Ми направи извонреден впечаток единството меѓу македонскиот и грчкиот народ на Вичо. Зошто? Како се успеа во тоа нешто? Со борбата што ја водеше Партијата, Грците и Македонците комунисти.

Точно затоа што партијата се бореше да му помогне на македонскиот народ во неговата борба.

Не се потребни многу маки за да ги осуетиме обидите на таа реакционерска банда. Предавството на Тито има многу напреднато. Сега кај нас тоа предавство се расчистува. Се создава шанса да прозбориме повторно. Нема да се најде другар што ќе пројави дилема дали да се изјасни за Советскиот Сојуз или за Југославија. За жал раководството на НОФ тоа го нема расчистено. Има ниско идеолошко ниво...”

Захаријадис ултимативно побара од присутните да се произнесат или за револуција или за контрареволуција. За Сталин или за Тито. Тие што ќе ја гласат за Револуцијата се добри комунисти, револуционери и интернационалисти, а тие што нема да ја прифатат се контрареволуционери!

Ете, така се решаваше македонското прашање во Граѓанската војна со саможртвување; за Сталин, за Тито и за Захаријадис и за интересите на туѓинците.

***

Последното катастрофално сценарио: по падот на фронтовската линија „Вичо”, осакатените борци кои влегоа во Албанија, сега се носат на последната најкрвава и катастрофална битка на Грамос

Од 10 до 14.08.1949 година се водат жестоки борби на планината Вичо, за да Владината војска под команда на генерал Ван Флит со 60.000 војници, организарана во 6 дивизии од сите родови, 200 тенкови и блиндирани коли, околу 100 авиони од сите типови, почнаа офанзива против ДАГ, со која командуваше Мичос Влaндас и располагаше со 9.863 борци и 40 топови. Од 13 до 14 август ДАГ беше поразена со загуби од 1.859 (мртви, ранети, исчезнати и заробени). Владината војска имаше само 256 мртви и 1.336 ранети. Од 15 до 16 август единиците на ДАГ се повлекоа во Албанија, но во наредните денови беа префрлени околу 6.000 борци на ДАГ, за да ја продолжат борбата на Грамос. Во тие мигови беше исфрлена

паролата дека: „Грамос ќе стане гробница на монархофашистите - Владината војска”.

Од 24 до 29.08.1949 година, се водат жестоки борби за да Владината војска во ноќта на 29 спрема 30-ти август почна нов поход за конечно освојување на Грамос и за конечната ликвидација на ДАГ. Владината војска пак под команда на генерал Ван Флит и сега вкупните сили беа поголеми уште за три баталјони од оние што ги имаше во нападот за освојување на Вичо. На Грамос со главниот Штаб на ДАГ сега командуваше генерал Георгиос Вонтисиос - Гусиас, со околу 12.500 борци (6.000 кои беа префрлени од боиштата на Вичо, бидејќи досега Грамос го бранеа само околу 6.500 борци). Последните битки беа на 29 август и на 30 август единиците на ДАГ се повлекоа во Албанија. Загубите на ДАГ: 922 мртви, 944 заробени и 650 потешко и полесно ранети и околу 400 - 450 доброволно се предале. Загубите на владината војска: 243 мртви и 1.452 ранети.

На 30.08.1949 година, со последните битки на Грамос Главниот штаб на ДАГ објави дека единиците на ДАГ се повлекуваат, бидејќи ја извршија предвидената задача. Се поставува прашањето: каква задача сме извршиле? И тоа беше крајот на ликвидацијата на ДАГ и сите единици влегоа во Албанија.

ПРЕКУ СИБИР ДО - КАТАРЗА

(Тоа го бараа комунистите на Грција, го спроведоа комунистите на СССР, а се радуваше неизмерно задоволната влада на Атина.)

Ете зошто историјата не треба да се премолчува, бидејќи потоа знае и да ни се одмаздува.

***

Од 2 до 7 октомври 1949 година во логорот Бурели од страна на КПГ, беше организирана јавна осуда и се прогласија за шпиони и предавници на револуцијата 11 членови на раководството на НОФ, АФЖ и НОМС и тие поминаа низ Сибирските логори,

обвинети без вина. Зошто? А сите ние борците на ДАГ, останавме во емиграција уште неколку години (еден дел останаа за вечно таму), придржувајќи се на паролата од КПГ: „МЕ ТО ОПЛО ПАРАПОДА!”

ВО ЕМИГРАЦИЈА И МАНИПУЛАЦИИТЕ СО МАКЕДОНЦИТЕ ОД СТРАНА НА КПГ

Манипулацијата со Македонците не беше само кај возрасните - борците на ДАГ, туку и кај одземените деца. Само со една идеолошка цел: да се стави Македонецот од под Грција, против Македонецот од НРМ (м.з.).

Види: (Записник од конференцијата на славомакедонските кадрови на КПГ (Главно се одобрени од ПБ на ЦК на КПГ во заседанието на 12.9.1951 година.)

Забелешка: „Пред неколку месеци стана конференција на 72 славомакедонски кадри на КПГ. Конференцијата дискутира околу темата: „Движењето на славомакедонците после отстапувањето од Вич-Грамос и на вамо и нашите задачи”. И дојде од заклучанијата што ги публикуваше по на долу. Овие заклучанија главно се одобрени од ПБ на ЦК на КПГ.

Конференцијата определи еден привремен орган за работа на славомакедонците од 21 редовни и 9 кандидати членови. Овој орган ќе реши да останат во дело решенијата на конференцијата. Истиот орган ќе превземи составување и разработување на статусот и програмата на организацијата „ИЛИНДЕН.”

1. Заклучение: „...Го осигурува борбеното единство на Грци и Славомакедонци за ослободувањето на Грција од американо англиската окупација. Створува општ фронт против титовската фашистичка банда на Белград, која што ги угнетува политички, економски, општествено, Македонците од Вардарска Македонија... (Видна е грубата национална грешка што се прави под диктат на КПГ со именувањето на Македонци од вардарскиот дел и со Славомакедоци за Македонците од Егејскиот дел на Македонија).

2. Заклучение: „...НОФ што се основа през април 1945 година со титовска иницијатива, главно застана неспособен да ги исполни желанијата на Славомакедонскиот народ. НОФ се основа од Тито - Колишевски, од титородни елементи, авантуристички и непријателски кон демократското движение на Грција. Основателното и раководителното јадро беше составено од агенти на титовската банда од тип Митровски, Керамидчиев, Гоце, Раковски, со исклучителна цел да му услужи на интересите на титовската клика во Егејска Македонија, што беше расцеплението и ударот од внатре на народноослободителното движение на нашата страна, искористувањето на славомакедонскиот вопрос во интерес на националистичките стремежи на белградската банда, присоединувањето на Егејска Македонија од Тито. Тука треба да истакниме дека и Англичаните пред декември 1944 година, благословуваа едно такво нешто, зашто претпочитаа да го земи Солун подоброТито, од колку ЕЛАС... и.т.н."

Заклучение: под ж) „...Борбеното воспитување на децата, треба да се базира врз политиката, што ја зацрта нашата партија со писмото на др. Захариадис до децата на домот „Папаригас"..."Младите славомакедонци ке ја продолжат борбата заедно со грцките младинци и младинки во редовите на ЕПОН. Славомакедонските жени ке се борат рамо до рамо со гркинките жени. Конференцијата предложува ликвидирање на КОЕМ. Славомакедонците комунисти стануваат членови на КПГ...

Дали децата беа одземени од оваа пеколна идеолошка пропаганда? НЕ! Еве што велат во месечното списање за македонските деца во гостоприемните страни на Н. Демократија „Македонче " бр. 8, август 1952 година, стр. 12.

ДО ЦЕНТРАЛНИОТ СОВЕТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА „ИЛИНДЕН"

Драги наши другари. Со пионерски искрени поздрави ве поздраваме ние здружените пионери Грчина и Македончина од Детскио Дом „Белојанис" во Народна Република Унгарија.

Со голема радост приеме решенијата на конгресот на новороденатa наша организација „ИЛИНДЕН”. Даваме чесната дума, да исполниме задачите што ни се поставаат от нашата национална организација. Братството и единството непрекидно ќе биди закалено во нас. Здружени со нашите братчинја - Грчинјата ќе ги вложиме сети сили за да усвоеме знанијата и да се воспитаме така што да станиме способни за ослободувањето на нашата татковина и изградбата на утрешнината на НР Грција.

Со завршването на учебната година, со всестраната помош на нашите учители, печалиме да исполниме на полно лозунго „Ниту еден ученик да не остани во истото отделение”. Даваме думата оти ке ги вложиме сети наши сили да преминиме со добра отценка во по висшите отделенија.

За пионерскио комитет на Д. Дом „Белојанис” 20/5/52 г.
Биоличкин Танас,Ристоски Коста, Нашуловска Ристосија, Георговски Јото

Ете, ова тажно финале, ни покажува како заврши политичката трагедија на НОФ и АФЖ и претставува едно чисто комунистичко ОДМАЗДОЉУБИЕ. Но, бидејќи најтешко е да се постави прашањето за сопствената одговорност, дури и по полавек, но зарем пак, навистина е можно да се премолчи; некој кој го довел до кланица еден народ мирно и без грижа на совеста и што уште полошо, тој паталец да се тера со аплаузи кон нив (КПГ и КПМ/КПЈ) и да им препишуваме национални заслуги. Токму тоа е вистинското проблематично прашање. И, ете зошто. Со формирањето на НОФ, беше уште една голема, потврда, дека формирањето од туѓинците на такви организации и водачи на македонските народни движења, со луѓе регрутирани од пазувите на институциите на пропагандите, се докажа дека тие ретко успеваат да ги одделат личните интреси од народните, најчесто и несвесно и тие стануваат жртви, служејќи на туѓите интереси.

Ова со нас Македонците беше класичен пример во историјата и ни покажа, како се врзува еден народ (кој живее со своите

исконски родољубиви сознанија), за туѓи пропаганди и политики и до кој степен можат да се планираат и разгорат националните страсти, и како може да се доживеат големи миграции до степен на геноцид.

Ова прашање, половина век си го поставува секој изгонен човек, (но не и матичната историја, не институциите на Македонија, прашањето се затвара во секторската „Историја за Егејците").

Имено, зарем навистина беше потребно да се војува толку години, со загуби на толку жртви, разорувања и искоренувања на Македонците.

Зарем ние Македонците не ќе постигневме повеќе без влегување во таква војна???

Преглед:

ХРОНОЛОГИЈА НА ПОВАЖНИТЕ НАСТАНИ ВО 1949 ГОДИНА

30-31.01.1949 - Одржан е петиот Пленум на ЦК на КПГ и на него е исфрлена паролата за „Независна и обединета македонска држава во рамките на Балканската федерација". Поради тоа на 3.02.1949 година свикан е II-от Пленум на централниот совет на НОФ и се прокламирани нови принципи на НОФ, за иднината на Македонците под Грција.

09.02.1949 - На барање на Порфирогенис (член на Политбирото на КПГ) , во Скопје беше примен во својство на делегација на КПГ и се одржа состанок со преставниците на НОФ и се бараше регрутирање на околу 300 нови борци за ДАГ од бегалците што беа избегани во Југославија, но тоа не се реализира.

07.03.1949 - ЦК на КПГ објави соопштение во кое се демантира одлуката на КПГ за заземениот став за македонското прашање на 5-от Пленум и ставовите на II-от Пленум на НОФ од 3.02.1949 година.

27.03.1949 - Свикан е основачки состанок од 163 комунисти, делегати на II-от конгрес на НОФ, на кој едногласно е решено да се формира комунистичка партија на Македонија од Егејскиот дел на Македонија, која би била засебна организација и дел од КПГ и би се викала КОЕМ. (За овој настан, се велеше дека е најсветлата точка од грижата што ја водеше КПГ спрема нас Македонците, но да ја оставиме историјата да каже колку навистина беше и остана „светла”...”)

16.06.1949 - Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Егејска Македонија усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтовската линија Вичо.

10-14.08.1949 - Владината војска под команда на генерал Ван Флит со 60.000 војници, организарана во 6 дивизии од сите родови, 200 тенкови и блиндирани коли, околу 100 авиони од сите типови, почнаа офанзива против ДАГ на планината Вичо со која командуваше Мичос Вландас и располагаше со 9.863 борци и 40 топови. На 13-14 август ДАГ беше поразена со загуби од 1.859 (мртви, ранети, исчезнати и заробени). Владината војска имаше само 256 мртви и 1.336 ранети. На 15-16 август единиците на ДАГ се повлекоа во Албанија, но во наредните денови беа префрлени околу 6.000 борци на ДАГ да ја продолжат борбата на Грамос. Во тие мигови беше исфрлена паролата дека: „Грамос ќе стане гробница на монархофашистите - Владината војска”.

24-29.08.1949 - Владината војска во ноќта на 29 спрема 30 август почна нов поход за конечно освојување на Грамос и за конечната ликвидација на ДАГ. Владината војска пак под команда на генерал Ван Флит и сега вкупните сили беа поголеми уште за три баталјони од оние што ги имаше во нападот за освојување на Вичо. На Грамос со главниот Штаб на ДАГ сега командуваше генерал Георгиос Вонтисиос-Гусиас, со околу 12.500 борци (6.000 кои беа префрлени од боиштата на Вичо, бидејќи досега Грамос го бранеа само околу 6.500 борци). Последните битки беа на 29 август и на 30 август кога единиците на ДАГ дефинитивно (конечно), се повлекоа во Албанија. Загубите на ДАГ: 922 мртви, 944 заробени и 650 потешко и полесно ранети и околу 400-450 доброволно се

предале. Загубите на владината војска: 243 мртви и 1.452 ранети.

30.08.1949 - Со последните битки на Грамос Главниот штаб на ДАГ објави дека единиците на ДАГ се повлекуваат, бидејќи ја извршија предвидената задача. Се поставува прашањето: каква задача сме извршиле? И тоа беше крајот на ликвидацијата на ДАГ и сите единици влегоа во Албанија.

07.10.1949 - На 2 октомври 1949 година во логорот Бурели од страна на КПГ, беше организирана јавна осуда и ги прогласи за шпиони и предавници на револуцијата, 11 членови на раководството на НОФ, АФЖ и НОМС и тие поминаа низ Сибирските логори, обвинети без вина, а сите ние борците на ДАГ, останавме во емиграција уште неколку години (еден дел останаа за вечно таму), придржувајќи се на паролата од КПГ: „МЕ ТО ОПЛО ПАРАПОДА!" – на македонски

16.09.1950 - Лидерот на левите либерали во Грција, Јоанис Софијанопулос и бивши министер за надворешни работи на Грција во една дебата во грчкиот парламент од септември 1950 (Види: „Димократикос типос" од 16.09.1950) признава дека „...во Грција постои македонско малцинство, но дека според меѓународното право тоа малцинство не постои и не може да претендира на никаква заштита, бидејќи не се покажало лојално спрема државата во која живее.", имајќи го предвид (на мисла) неговото масовно учество во Граѓанската војна во годините 1945-1949 година.

05.11.1988 - Во Солун, генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис на новинарот на весникот „Месимврини" му изјави: „Во оваа пригода, сакам да кажам, дека за нас, за нашата Партија, „Македонско" малцинство во Грција нема и ниту има „Македонско прашање", тоа не постои!" (Види: Георги И.Минтси 1991/141 и „Вечер", од 5 ноември 1988 година,с. 9). Овие беа последните зборови од некогашниот наш (се разбира и на оние наши соборци кои се вратија заедно со него како „Грци по род") командант на ДАГ, сега ген. Секретар на КПГ, за нас Македонците од испишаната црна страница од ЦРВЕНАТА КНИШКА.

***

И се раѓа прашањето: Зарем можеме ние Македонците, таквата состојба и нереалност да ја нарекуваме Граѓанската војна, револуција и продолжување на славниот Илинден?

На крај, на место ЕПИЛОГ, составениот ХОДОГРАМ од аргументи и факти, јасно се гледа конечниот исход на настаните, низ кои минал македонскиот воин низ историјата на ДАГ и како го дожиеал геноцидот.

Можеби сето ова за нас Македонците, го објаснува чинот за кој старите Латини рекле (дефинирале) дека: „Во одредени времиња, постојат состојби на трошење на националната енергија, од кои национот има најмала корист!”

***

КАКВИ БЕА ВОЕНИТЕ СИЛИ НА НАЦИОНАЛНАТА АРМИЈА (НА АТИНСКАТА ВЛАДА) И НА ДАГ ВО ПЕРИОДОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО 1949 год.

Во мај 1949 година Главниот штаб на Националната Армија тргна во подготовка за воена експедиција против ДАГ, под кодексот на името „Пирсос”.

Бројноста и воена структура на воените формациски сили на националната армија во тоа време беше следниот:

150.000	- редовни војници,
50.000	- сили на националната одбрана,
25.000	- жандармериски сили,
7.500	- полиција,
50.000	- специјални единци,
14.300	- во морнарницата,
7.500	- во авијацијата.

Значи збирот на воените сили на атинскиот режим е нешто повеќе од 300.000, а воените сили на ДАГ одвај броеа не повеќе од 25.000 војници.

Ете што ни потврдуваат следните извори:

1. Тасос Вурнас, стр. 159-160; есента во 1948 година воените сили на ДАГ имаа околу 18.000 борци;

2. Василис Барџиотас, како втор човек на ДАГ, пишува дека до крајот на 1948 година, силите на ДАГ имаа достигнато до 30.000 борци;

3. „Неос козмос", од 1950 година, стр. 624, 637, пишува дека вкупната бројка на силите на ДАГ во 1948-1949 година достигна до 25.000 борци;

Но, треба да се забележи, дека постои и уште еден битен извор.

4. Генерал Маркос: „До 1947 година од 90% борците на ДАГ биле НАСИЛНО МОБИЛИЗИРАНИ, а после овој датум нема потврдувања дека се јавувале како доброволци во редовите на ДАГ, низ текот на Граѓанската војна.

ПРЕД ЕДНА ТАКВА ОПРЕМЕНА И МНОГУБРОЈНА АРМИЈА , партизаните на ДАГ, не беа во состојба да дадат отпор и на 28-30 август остапија во Албанија.

На 30 септември Иоанидис Јанис службено, побарал од Сталин да му се дадат на КПГ, односно ДАГ две бази и тоа една во Бугарија и другата во Албанија. Сталин не ја прифати за Албанија."

ФАКТИ:

По ликвидацијата на ДАГ и проблемот за враќање на Македонците и одземените деца (во педесетте години во емиграцијата).

(Единаесетте барања (прашања) на борците на ДАГ)

„Овие барања (прашања) од борците и високи офицери до генерали на ДАГ, кои бараат директно објаснување од генералниот секретар на КПГ Никос ЗАХАРИЈАДИС, ја покажуваат и самата криза во раководството на КПГ од 1943-1954). Тие прашања се:

Да им објасни (Захаријадис) на комунистите-членовите на КПГ, зошто им дал проштално писмо, (не го обвини раководството на КПГ за дејноста (активностите) за време на германската окупација)?

Зошто политички го ликвидира, со последователна умисла да го ликвидира и физички, водачот и воениот камандант на ЕЛАС, Арис, кој ако беше жив, и што е природно ќе беше и вожд (водач) на ДАГ?

Да објасни (Захаријадис), зошто даваше упатства на Иоанидис и Русос, кои во Белград беа преставници на раководството на КПГ близу до Тито и ја раководеа Организацијата во БУЛКЕС, со најстроги мерки спрема борците кои се обидуваа да ги критикуваат лошите потези и грешки што ги праваше КПГ за време на германската окупација а поради таквите критики се случија неколку убиства на искрени борци?

Да објасни на сите комунисти, зошто го испрати (С.) во Булкес во 1948 година да го убие со секира, (по начин на Сталинистичките методи, слични на убиството на Троцки), Михали Бектасиди, секретар на Ц.О. Дали тоа го сторил, заради тоа што „Знаел многу работи" и за да не излезат на видело, реши да му ја затвори устата за вечно?

Требаше одамна да го „исфрли" од П.Б. и ЦК на КПГ, интелектуално сиромашниот Гусја, од кој стенкаше целата ДАГ?

Да објасни, зошто даде наредба командантот на 670 армиска единица Гусја, да се стрелаат едни од најдобрите офицери на ДАГ, како што беа Гианулис и Георгијадис?.

Да објасни, зошто лично тој, Захаријадис, во 1946 година не излезе заедно со еден состав на офицери специјалисти за воени прашања и да го состави главниот штаб на ДАГ од способни луѓе, за да бидат во состојба да ја раководат таа тешка војна, а сега се му товари на генерал Маркос?

Да објасни, каква одговорност чувствува за грешките што многу се доцнеше со почнувањето на вооружената борба?

Да си ја превземе одговорноста за не обезбедувањето на воените резерви на ДАГ, која компонента беше и база за вооружената борба?

Зошто им даваше упатства на сите самостојни офицери на ЕЛАС , подобро да одат во затвор, отколку во ДАГ, тоа истото го стори и со Воениот командант Сарафис?
Ставот во 1949 година за „Независна Македонија до издвојување од Грција".

Последното прашање ни покажува дека и самите соборци Грци (од обичен војник до комунисти, м.з.) дека длабоко во свеста ни најмалку не се бореа за да ние остваримe нешто од програмата на НОФ и АФЖ. Но не појавија некаква грижа за нашето враќање.

Какви се оценките на современата грчка историографија и дали зборуваат нешто за нас Македонците? Како што се вели во нашата историографија дека во Граѓанската војна сме преставувале воено-политички фактор.

Современата грчка историографија, (историографи од страна на лево ориентираните, поранешни членови на КПГ), во последните години ги дале следните историски оценки за Граѓанската војна (1945-1949 год.) и повеќето автори ги дефинираа како: „Грешки на воената борба на ДАГ". Погрешни беа проценките што ги направи КПГ за:

Политичката положба на Грција во периодот (1945-1949 год.),
За воените сили и ресурси со кои располагаше противникот-владата на Грција,

За политичкото расположение на грчкиот народ по судирот во Атина и поразот на левите сили во декември 1944 година.

Политичка грешка е направена со неучеството на изборите на 31.3.1946 година.
Раководството на КПГ, не ја процени и не ја зеде во предвид меѓународната положба на Грција и факторот „американски империјализам”

Во структурата на ДАГ, раководството на КПГ се потпре исклучиво само на селаните, што е и факт дека целиот (главен), товар на ДАГ, го понесоа селаните.

Раководството на КПГ, силите на работничката класа, авангардните сили беа препуштени во рацете на грозоморниот терор на противникот. Многу членови на КПГ, бараа да излезат во планина и да влезат во редовите на ДАГ, но КО (комунистичките организации), во градовите не им дозволуваа и покрај тоа што знаеја дека ќе ги фатат и ќе бидат испратени на островите или убиени. Околу 80 илјади борци беа затворени во затвори и малтретирани, а од големата тортура, многу подлегнуваа и се откажуваа од членството во КПГ.

Раководството на КПГ, ја оформија ДАГ, без да ги решат воените резерви.

КПГ ја оформи Привремената влада во планина, но не успеа ниту пред социјалистичките земји да ја признаат, а камо ли некоја од западните земји да ја признае.

Непростиви се грешките, на КПГ на чело со Захаријадис, а тоа е изборот на високи воени-политички и партиски функции, како што беа изабрани: Маркос (тутунски работник), Гусиас (селски чевлар), Вландас (писар од среден ранг), Иоанидис (прислужник во општина), Русос и други, па дури и во ПБ на КПГ.

***

Покрај малите и големи грешки на военополитичкото раководство на ДАГ, селаните и сите што се бореа, дадоа значајни и победоносни борби и напишаа нови страници во историјата на борбите на грчкиот народ.

Ете така завршува со оценките современата историографијата на Грција.

ПО ЛИКВИДАЦИЈАТА НА ДАГ И ПРОБЛЕМОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ „ДОМА"

НЕМА ПОВРАТЕН БИЛЕТ ЗА ТИЕ ШТО НЕ СЕ „ГРЦИ ПО РОД". ЗОШТО?! НИ КОМУНИСТИТЕ НЕ НЕ ПОДРЖУВААТ... ПО ОВА МАКЕДОНЦИТЕ ОСТАНАА ПО СВЕТОТ ВО НОВ ЖИВОТ, НО БЕЗ МАКЕДОНСКА ТРАДИЦИЈА...

Лидерот на левите либерали во Грција, Јоанис Софијанопулос и бивши министер за надворешни работи на Грција во една дебата во грчкиот парламент од септември 1950 год. (Види: "Димократикос типос" од 16.09.1950 год.), каде признава дека:

„Во Грција постои македонско малцинство, но дека според меѓународното право тоа малцинство не постои и не може да претендира на никаква заштита, бидејќи не се покажало лојално спрема државата во која живее", имајќи го предвид неговото масовно учество во Граѓанската војна во годините 1945-1949 година.

***

Во јануари 1979 година, кога во грчкиот парламент, ветеранот и угледниот Илија Илиу го постави прашањето зошто се прави дискриминција при репатрирањето на политичките бегалци Словеномакедонци, министерот К. Стефанопулос, револтирано одговори: „Не се согласувам дека постојат Славомакедонци, не верувам дека постои прашање околу составот на населението..." Веднаш потоа реагираше органот на демократската левица „Авги", кој меѓу другото напиша: „Сфаќањата на националниот раздор и исклучувањето на целото население од една одредена

област е нешто што претставува и варварска навреда и презир на уставната прокламација за рамноправност на сите грчки државјани". А тоа се однесува за словеномакедонците, политички емигранти, за кои Стефанопулос отворено изјави: „Тие луѓе не ги сакаме и не им дозволуваме да се вратат во Грција...".Во тоа признание, продолжува весникот, препознаваме едно неприфатливо и срамно прогонување на еден дел од населението, што потсетува на најмрачниот период од историјата. Имено, кога Словеномакедонците ги повикуваат во војска, кога им наплатуваат данок и воопшто, кога тие ги исполнуваат своите обрврски, што произлегува од нивниотстатус на грчки државјани, се добри, а кога бараат да бидат репатрирани, тие се непожелни..." (Н.М. од 30 август 1992 година.)

Тиражниот грчки весник „Катемерини" од март 1977 година, информирајќи за иницијативата на европскиот парламент за евидентирање на малцинствата во Европа и за нивните културни права, ги спомнува и извештаите на Фон Стаутфенберг и Куперс, во кои се вели дека во Грција постојат 5 малцинства, меѓу кои и македонското, дека во таа земја се зборува, освен на официјалниот, уште на 4 други јазици: турскиот, албанскиот, влашкиот и македонскиот. Од сите грчки пратеници, единствено независниот пратеник Филинис имаше храброст да потврди дека во Грција навистина живеат сите наведени малцинства.

***

Во Солун, генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис на новинарот на весникот „Месимвриани" му изјави: „Во оваа пригода, сакам да кажам, дека за нас, за нашата Партија, „Македонско" малцинство во Грција нема и ниту имало, а „Македонско прашње" не постои!"

(Види:Георги И.Минтси 1991/141 и „Вечер", од 5 ноември 1988 година,с.9).

Овие беа последните зборови од некогашниот наш (се разбира и на оние наши соборци кои се вратија заедно со него како „Грци

по род"), командант на ДАГ, сега ген. Секретар на КПГ, за нас Македонците од испишаната црна страница од ЦРВЕНАТА КНИШКА.

Ако навистина, Граѓанската војна за некого беше трагична, за нас Македонците беше геноцидна. Еве зошто:

Збирните загуби во човечка сила и состојбата со луѓето по војната беше следната.

50.000 мртви
40.000 политички затвореници
60.000 политички прогонети (бегалци и војници на ДАГ)

Понатаму се вели:

„Состојбата со политичките прогонети и понатаму треба да се истражува. Од овие политички бегалци до почетокот на 1990 година се вратија околу 45.000. Но, сеуште и ден-денес постојат политички-психолошки и општествени недоразбирања од тој воен судир во Граѓанската војна".

Но, токму тука се крие нашата трагедија. Ако, како што тврди нашата историографија, дека ние Македонците сме учествувале во ресурсите на ДАГ, (Граѓанската војна) со 50-60%, тогаш од горните показатели зарем не сме ние Македонците, тие што не оставија по светот?

Но треба да се додаде и бројка од 20.000 - 28.000 одземени деца.

Зошто ние Македонците по потекло од Македонија под Грција, сме осудени на вечна неправда?

За нас Македонците, не само од Грците рековме: Збогум роден крај. Но, за овој изминат период се покажа дека многу убедително, можеме да кажеме: Збогум илузио, дека македонската држава е гаранција за Македонците под Грција!!!

СООЧУВАЊЕ СО МИНАТОТО

(СИНДРОМ НА ЛАЖНО СЕЌАВАЊЕ ВО СЛУЖБА НА ИДЕОЛОШКО РОБУВАЊЕ)

Војната ги изобличува разумните и емоционалните статуси на секој нормален човек. На луѓето им го разорува психичкиот живот, но децата ја доживуваат најболно. Децата како и возрасните, понекогаш се чувствуваат несреќни, иако средината им „дава се што им треба". И кога им дава „се што им треба", не им го дава она што останало во поранешната средина, во интимната атмосфера на нивниот дом, воздивот и духот на родното место. Децата, со влегувањето во светот на новата средина, нужно, брзо или побавно спознаваат дека тоа не е нивниот свет, дека тие и во новата средина, сепак се само странци, бегалци и страдалници. Во новата средина не можат да го имаат она што покрај исхраната и спиењето им е најпотребно: нескриена љубов, разбирање и емотивно соучествување во нивниот специфичен детски свет. Сеќавањето на поранешните доживувања на љубов, се почести во компарација со доживувањата на сегашните грижи на другите за нив е се посилно. Вистината или идеализираната слика на поранешниот живот, во допирот со перцепцијата на новата реалност, раѓа во интимниот детски свет лесни или потешки емотивни нарушувања: немир, тегоби, затвореност, депресија. Во основа на овие и слични индикатори на детското неприспособување, секогаш е во свесен или несвесен вид, дадена содржината на детските доживувања на разни грозотии на валканата и геноцидна Граѓанска војна. Тие, стално се во потрага по човековото „JAC". Прават обиди да се најдат со оние, со кои ја преживеаа таквата несреќа.

Значи, и по полавек, постои таа историска измама која се уште може да живее во нашиот народ, кој навистина во минатото (50) години, забележа толку длабока историска стагнација, искрено речено тотален заборав на злото. Но, долгото талкање и престројување, живејќи во разни системи (македонското дете, духовно насилно хранејќи се на релациите: фашизам-антифашизам, капитализам-комунизам. Од денешна перспектива, фашизам и комунизам се утврдиле во варијации на еден ист квалитет на тоталитаризам), се јави силна желба за разни средби. Како најмасовна беше до сега т.н. средба на

„Деца бегалци од Егејска Македонија”во 1988 година во Сарај, Скопје.

Но, прво да видиме, по половина век, под какви атрибути-поими се легитимираме како политички или граѓански субјекти и дали го кренавме гласот пред светот, и зошто само ние Македонците сме испратени по светот со билет во еден правец. Како и зошто го изгубивме родното татково огниште?

1. ЕГЗОДУС-дали тоа е соодветен збор за ова категорија на тогашните деца? Сигурно, не. Ете, зошто не, затоа што тие тогаш беа деца, со неоформена зрелост и немаа никакви обмислени мотиви за напуштање на татковата земја, туку тие беа насила одземени (од две страни: од едната тоа го правеше владината политика на Атина, а од другата комунистичкиот режим), и беа носени во прифатилишта со политичка цел. Тие деца не беа во никаков конфликт па да наумат некаков ЕГЗОДУС и што е најбитно, не беа водени ниту од родители, ниту од најблиските, па затоа и не припаѓаат во многу експлоатираниот збор-споменуваниот ЕГЗОДУС. Но, треба еднаш за секогаш да се знае, дека во годините на Граѓанската војна, посебно нашите селани од Леринско, Костурско и Воденско, немаа намери за мотивиран ЕГЗОДУС, туку се работи за обмисленноетничко чистење на еден долгогодишен процес, поттикнуван и од комунистите со перфидни методи, кои имаа и имаат далекусежни импликации за разнебитување на македонската нација. Акцијата за одземање и иселување на децата, спаѓа во моделот: на чисто планираните миграциони изместувања на македонскиот народ и за дефинитивно погрчување на ново освоениот простор од (1913) во Грција.

2.
БЕГАЛЕЦ- оваа категорија на луѓе е измислена и доста експлоатирана во историографијата, со цел да се минимизираат и замаглат обмислените зафати што ги имаа туѓинците спрема македонскиот народ под Грција. Верувам, дека на секој учесник во Граѓанската војна му е познат режимот на комунистите што ја претставуваа Привремената влада и единиците на ДАГ. До колку беше фатен бегалец, беше осудуван и стрелан како дезертер, дури и тоа се случуваше и со мајките на одземените

деца, бидејќи и тие беа мобилизирани во единиците на ДАГ или на работа на фортификациите. Според тоа, ете зошто и тие не припаѓаат на оваа категорија и ниту беа способни тие деца за размислување на некакво бегство од татковото огниште и мајкината прегратка. Со мал број исклучоци имаше обмислено бегање, на неколку семејства и тоа само од селата што граничеа со ФНРЈ, односно со Република Македонија.

Што покажаа овие средби. Тоа беа денови исполнети со спомени; на распламтени темни чувства, јад, тага, маки, страдања, немири, шепоти, разочарувања, гризења, јанси и изобилство од проблесок на знаци и емоции и можеби на некаква надеж (карактеристично за нас Македонците). А, духот (националниот), пак во сенка на дневната политика.

По полавек, да се очекуваше нешто повеќе од тие тогашни деца, кои сега живеат во туѓина, во туѓи средини, и дека решително ќе имаме разбирање за враќање на татковите огништа и татковината или нешто повеќе беше и останува чиста илузија.

КАКВИ СЕ ДОСЕГАШНИТЕ ОЦЕНКИ НА НАШИТЕ ИСТОРИГРАФИ ЗА ДЕЈНОСТА НА НОФ И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА.

Кога некој нешто пишува, тоа го прави со одредена цел: некому да упати порака, или пак, општо, од пишувањето да се извлече поука. Пораките и поуките понекогаш се извлекуваат и преку книжевната форма - парабола.

За право, треба да се каже дека ќе дознаеме многу вистини, но има и заблуди од кои се раѓаат многу неразумности. Да ги проследиме текстовите кои ни презентираат грст историска меморија.

1. „Народноослободителниот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949)”,од д-р Ристо Кирјазовски

Авторот вели: „Главната поента ја насочив кон организацијата НОФ како главен раководител на македонското национално

ослободително движење...(…), настојував, во трудов, документирано и автентично да ги изнесам многу сложените настани и да дадам аргументирани оценки".

Во истата книга (стр.338) се цитира од „Нова Македонка", од 1 април 1948 година: „НОФ и АФЖ имаат историска важност на денешниот ден и им наложуваат на македонскиот народ, да стапи масовно во редовите на ДАГ, зашто само оружената борба и гарантира слобода и живот!"

Но, тука се поставува прашањето: Кога се знае дека НОФ и АФЖ во тој период немаа ниту политичка, ниту воена власт и не претставуваа никаков фактор тогаш за кого го повикуваа македонскиот народ!? Зар не знае овој историчар, дека за победоносен исход на таа борба, недостигаа најелементарни внатрешни и надворешни услови. И уште нешто „заборава" да каже; за најбитните настани што и дадоа повод и покритие, токму овие организации,за да грчката десница го припреми терористичкиот поход, како средство за пресметка со нас Македонците. Зар на знае дека покрај КПГ и КПЈ/КПМ, со својата акција во егејскиот дел на Македонија во април 1945 година, придонесоа за таквиот развој на настаните и им дадоа мотив на атинскиот режим да примени репресивна политика со катастрофални последици за нас Македонците. Зар не знае дека македонското население споредено со грчкото осуммилионско население беше за повеќе од 20 пати повеќе во редовите на ДАГ (турнато преку идеолошката пропаганда и мобилизирано од 14 до 56 години да учествува масовно, но не по негова желба туку под паролата: „Ако не си со нас, ти си против нас."

На крај, овој историчар, треба еднаш да сфати дека за нас Македонците Граѓанската војна, не само што не беше револуција и продолжување на Илинденските слободарски традиции, туку беше нереална, фатална во која доживеавме национален пораз. Таа воружена борба беше фатална не само за нас Македонците туку и за грчкиот народ.

2. „Паскал Митревски и неговото време (1912-1978)", Скопје, 1992, од Ташко Мамуровски.

„... Веста за создавањето на организацијата НОФ (ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА НОФ), беше примена со голема радост и оптимизам од страна на Македонците од егејскиот дел на Македонија. Македонскиот народ во организацијата НОФ гледаше како на продолжувач на Илинденските традиции, кој ќе се бори за неговиот национален спас и опстанок.” (Види: Стр. 57).
Се поставува прашањето: Зарем можеме ние Македонците, таквата состојба и реалност да ја нарекуваме дека била справедлива Граѓанската војна, револуција и продолжување на славниот Илинден?

Значи, пола век да се чита историја од вејкоповици и тоа од врвните македонски институции (ИНИ) и да молчиме е повеќе од грев! И што е најстрашно, продолжуваат да ни ја пишуваат историјата и да не условуваат да им ја читаме?! Боже, Боже!

По организирањето во НОФ, АФЖ и НОМС, ние - Македонците требаше да сфатиме дека Македонија под Грција веќе нема да биде онаква (компактна), како што била (а тоа се однесува и на целокупниот македонски народ и етничкиот простор), и дека веќе не ќе сме сами стопани на прадедовата куќа. Токму во тоа успееја Грците.

Како и зошто се јавува овој синдром на лажно сеќавање?

Граѓанската војна, ако историски ја цениме, дека беше продолжување на Илинден и револуција, само очајник тоа не може да го види; дека тоа беше само национална катастрофа на Македонците.

Нашата политичка и национална улога на (НОФ) во Граѓанската војна, туѓинците ја сведоа само на: ТРИУМФ НА „ТАНЦУВАЧИТЕ ВО МРАКОТ.”

Но проблемот е во нас Македонците, што без чувство за историска димензија не може(в)ме да ја разбереме неправдата. Се покажа дека ние Македонците не се мачиме со такви историски прашања или со долгорочна стратегија како да не ги напуштевме родните огништа. Ние и до ден-денес ги

подржуваме стратезите што допринесоа за нашиот геноцид и не можеме да сфатиме дека намерите им беа; на Грција и на тогашната Југославија дека посакуваа да си ги разрешат малцинските прашања и ништо повеќе.

Ете, наместо „научна" полемика да се води со овој „историограф", најдобро е, одговорот да го добиеме, ако прочитаме само еден мал дел од ставот на генерал Маркос:

(Авт. Превод: Од секојдневните заповеди на маркосовата војска на 25.03.48).

„ДАГ-Демократската армија на Грција е народна армија, која ја продолжува борбата на востаниците (ајдуштвото), во 1821 година на Колокотрони и на Карајскаки, и на националниот отпор во 1940-1945 година, а сега ДАГ ги продолжува и втемелува најоригиналните народни и национални придобивки на 1821 година, народно патриотската решеност и со најголеми желби и решеност да се победи и да да се добие слободата на нашиот народ. ДАГ е армија на нашиот народ за национална и независна народна демократија".

Види: Книга, „Димократикос стратос", том 1. (јануари-декември) Ризоспастис, Атина 1996 година.

Зборот револуција, токму во тие години веќе беше истрошен, а таквите „стручни" и „аналитички" историографски текстови по којзнае којпат само јапотврдуваат историската здодевна „вистина" дека НОФ и АФЖ и нивните налогодавци (КПМ/КПЈ и КПГ) се во право, а другите обични смртници се за никаде! Таквите писанија вријат со ментални вируси што и сега уште ја шираат заразата меѓу обичните напатени луѓе до степен на епидемија и со невидено портретирање (просополатрија), да направат лик преку кого идентификуваа еден цел народ, а не можат да сфатат дека во тие години1945-1949) НОФ и АФЖ, се наоѓаа во најтешката идеолошка вртелешка и покрај желбите, рољите ги играа спрема налогодавците.

***

Сега многу нешта се изменија, познати се многу елементи на трагедијата, но не треба да зборуваме, дека уште има живи учесници на ДАГ, кои од самите Грци беа пофалувани за херојската борба. Никогаш не се слушна од воените и политичките стратези дека ги анализирале сите петна на погубната политичко-воена тактика, туку нашата судбина се виде кога не однесоа во Ташкент и не оставија. И уште толку мајки со црни шамии и илјадници деца, откорнати од своите огништа, ги оставија низ Европа, без чувство на морал за да не вратат и да не престават пред грчката држава онакви какви што не признаа во времето на Граѓанската војна. Такво нешто во светот да си ги остават своите соборци и сограѓани на иста држава, не е сторено; нити од некоја армија - ни од Комунистичка партија, тоа го сторија само КПГ и генералот Маркос (колонист од Средна Азија, Грк по род). Тој, кога се врати во Грција, на Атинскиот аеродром го дочека началникот на Генералштабот на воените сили на Грција за време на Граѓанската војна и од се срце се прегрнаа. И пак ќе повторам: на прашањето од една новинарка од неделникот „Епикера", - во што беше смислата на неговата борба, Маркос одговорил: „Смислата беше во тоа што ги протеравме Славомакедонците од северните краеви на Грција, за Македонија, да остане грчка". Види „Нова Македонија", од 25.02.1992 год. Ете зошто се бореше генералот Маркос, доселеник како колонист - маџир, во 1927 година, а ние од него се надевавме дека Синдрофос (другарот), Маркос ќе ни го реши македонското прашање.

Значи, со ова што вели Маркос, во Граѓанската војна ние Македонците се боревме за да ја изгубиме Македонија под Грција!?

Ете, пак Маркос да ни ја каже вистината, на кого му ги доверивме (дадовме), и душите и телата и се што беше македонско. Ете и по половина век, останува на нас Македоците да ја прифатиме таа вистина и да престаниме со славопојките спрема КПГ, КПМ/КПЈ, со мудрата изрека: „Да не ја сечеме гранката." Така, 50 години ги воспитуваме младите преку напишаната секторската историја за Егејците.

Но, се поставува прашањето: дали ние Македонците, (како што го сторија многу народи) и по овие 50 години направивме разделба со илузиите? Не!

„Нови научни сознанија за егзодусот на децата од Егејскиот дел на Македонија”

(Од тркалезната маса, одржана на 25, 26 и 27 јули 1993 година во Домот на АРМ).
Види: објавени реферати во весникот „Незаборав” од 14 мај 1994 година, стр. 4.

А/„ПАРЧОСУВАЊЕ НА ПРАНГИТЕ”, од Евдокија Фотева-Вера.(СМЕШНО НЕ?)

„...Која беше организацијата која се согласи за згрижување и понатамошното школување на децата од Егејска Македонија?

НОФ беше македонска национална организација по Илинден, која ја прифати македонскиот народ, заедно со женската АФЖ и младинската НОМС, кои го организираа македонскиот народ во еден сенароден фронт, убеден дека овој пат ќе биде национално и социјално ослободен. Но и тогаш како и во поранешните востанија, нашата судбина ја кроеја други. НОФ, АФЖ и НОМС беа вашите татковци и мајки, вашите поголеми браќа и сестри, тие навистина беа загрижени за вашата судбина и иднина...

Познато е дека акцијата за згрижување на децата беше организирана масовно во секое село и во присуство на сите жители. Беа одредени мајки-негователки и учители, кои даваа заклетва пред родителите, пред месните НОО, пред организацијата НОФ, дека за децата ќе се грижат како родени мајки, бидејќи нив им беше доверена судбината на децата кои беа на возраст од една до четирнаесет години.

Нашите мајки ги доверија своите деца на мајките-негователки и се делеа од нив во името на животот и слободата, за една поправедна иднина. Само да се погледнат тогашните изјави на мајките во тогашните списанија и ќе се уверите во тоа “

Но, ако тргнеме во потрага по вистината. Се поставува прашањето: дали ние Македонците треба да бараме, дека е виновен некој друг за овој организиран миграционен процес, во кој ние самите соработувавме беспрекорно?!

Како да се премолчи, деградирањето на македонската мајка и по налог на партијата назначување „мајка" на по секои 20 деца т.н. „омадархиса", а зошто не била назначена со име, на македонски јазик. Тоа што значи? Зарем, тоа нели е првото воведување на македонското дете во воениот режим, дури и кај децата од 2-14 години.

Но, без никаква апорија, со сигурност може да се каже, дека идеологијата со успешната агитација, едноставно имаше влезено во колективната свест и стана незоабиколена слика на општа еуфорија и страв за поинаку да мисли македонскиот селанец, а тоа допринесе и таквата многучуствителна акција (да му се земи родот-детето), го собра својот страшен данок.

Што значи, сите се уверија во илузиите дека политичарите работат за среќата само на својот народ. Таквиот лажен политички и идеолошки интониран, оптимизам е, всушност, беше темелот врз кој израснуваа таквите илузии. А тиебеа најлошата варијанта на политичката стварност. Се разбира, луѓето и не можеа сосема да ги избегнат илузиите.

Интересно, а и деликатно е, што во штабот за (собирањеи иселување), „спасување" на деца, вистинскотоиме би можело да биде штаб за антицивилизаторско и антимакедонско дејствување, но не помалку истото беше пропратено и со паролата: „Тие Македонци кој не се со НОФ и КПГ, се фашисти...", а тоа е војна без милост. И само ако тоа беше целосно остварено, тогаш ќе немаше ниту еден Македонец во прадедовите огништа, но затоа пак не ќе беа исполнети барањата на акцијата за тотален пустош.

Но, ако сега замижиме пред вистината на своето време, со кое право можеме да бараме истото тоа време, да го сочува нашиот спомен за македонскиот воин на ДАГ кој херојски гинеше,

убеден од НОФ, дека умира за Македонија. А како во историјата му се оддолживме на тие наши херои во овој изминат половина век, тоа е големо и сериозно прашање. Но, еден ден ќе мора да се напише интегралната историја на Македонија и Македонците...

Многу прашања се раѓаат од нашето робување, но да го проследиме и следниот реферат од историчарот д-р Кирјазовски, низ кој иако по пола век се расветлуваат многу работи.

Б/„НАСИЛНА МОБИЛИЗАЦИЈА- ЗЛОСТОРНИЧКИ ПОТЕГ", од д-р Ристо Кирјазовски.

„...Првиот конгрес на НОФ на Македонците од Егејска Македонија што се одржа на 13 јануари 1948 година главно беше во функција на таа цел: Единствено македонскиот народ да ги реализира решенијата на 3-от пленум на КПГ што се однесуваат до резервите на борци за ДАГ, што може да се види од задачата под бр. 6 прифатена од Конгресот: „Целиот македонски народ, мажи и жени, да стапат во редовите на ДАГ. Сите и со сите средства да се помогне за да се задоволат потребите на ДАГ".

Во самиот тек на Конгресот беше побарано од делегатите на конгресот да стапат во редовите на ДАГ. Повеќето од нив тоа и го сторија.

Непосредно по конгресот нови 3.000 борци само Македонци и Македонки по задача на своите организации-НОФ и АФЖ стапија во редовите на ДАГ.

Во почетокот на февруари 1948 година ГШ на ДАГ издаде наредба за општа мобилизација на родените 1927-1932 год. (мажи и жени), со која сите Македонци и Македонки од тие годишта, од слободните и полуслободните територии, беа регрутирани.

Откако мобилизацијата целосно беше спроведена на тлото на Егејскиот дел на Македонија, грчкото партиско раководство

презеде акција за мобилизација на Македонците и Македонките во Југославија, каде што се наоѓаа како политички бегалци. За таа цел министерот за надворешни работи при ПДВ и членот на на ЦК на КПГ Петрос Росос на 17 март 1948 година, допатува во Белград и разговараше со Александар Ранковиќ. Беше постигната принципиелна согласност за мобилизација на Македонците и Македонките.

По усогласувањето на ставовите, рагрутацијата на Македонците за ДАГ го вршеа југословенски органи во соработка со преставници од преставништвата на КПГ во Југославија.

Треба да се забележи дека во почетокот на февруари 1948 година, југословенските власти преселија од Н.Р. Македонија во војводинските села Ѓаково и Крушевље, околу 12.000 егејски политички бегалци."

Ете што се случи со нас Македонците: еднаш помош, другпат прогонство. Така се случи и со 13.500 деца.

„...Наредниот потег на раководството на КПГ беше евакуацијата на децата.

...Кога беа пресушени сите извори на регрутација на нови борци за ДАГ, лидерот на КПГ Захаријадис презеде еден без преседан авантуристички и злосторнички потег, односно акција. Имено донесе одлука од евакуираните деца да бидат мобилизирани оние деца кои што имаат над 15-годишна возраст. Во повеќе случаи мобилизацијата се вршеше не по возраст, туку по висина на децата. Врз основа на таа одлука беа мобилизирани неколку стотици деца и испратени нафронтот, многу од нив загинаа. Оваа крајно нехумана и многу штетна акција предизвика револт и протест кај мајките и предизвикаа други импликации.

Захаријадис за да ги смири духовите и да се извлече, презеде уште два истотака, непопуларни и авантуристички потези. Имено, од една страна еден мал број деца ги врати во детските домови, а повеќето ги задржа во ДАГ, како што предвидовме, многу од тие голобради и неискусни дечиња, загинаа во првите судири со непријателот, а од друга страна изведе пред воен суд

Македонки борци, со обвинение дека ги потикнуваат мајките на децата за да протестираат.

Акцијата на КПГ да изврши мобилизација на малолетни деца од детските домови во источноевропските земји, ја става под големо сомневање и ја девалвира прокламираната цел за евакуација на децата, а таа беше да се спасат од ужасот на Граѓанската војна.

Од сето погоре прикажано произлегува заклучокот дека хуманата побуда, идеја и желба да се спасат од војната, беше искористена од Захаријадис, ослободувајќи ги родителите од грижата за децата, несметано да изврши тотална мобилизација на Македонците и Македонките(татковци и мајки на децата), и со тоа да го реши проблемот на резервите на ДАГ. Тоа, како што предвидовме и се случи.”

В/ Непобитни Факти:

Според извештајот на М. Порфирогенис, доставен до ПБ на ЦК на КПГ на 16 февруари 1949 година, Попивода на провокативните барања на Порфирогенис, одговара:
„Југославија им даде азил и прифати повеќе илјади Македонци, од нив околу 2.000 се вратија назад и стапија во редовите на ДАГ, а КПЈ помогна во тоа.”

(Види: АМ, К-20/17/30.)
Види: објавени реферати и статии во весникот „Незаборав” од 1 јули 1995 год., стр. 4.

Наслов:

ПОВОЕНАТА ПОЛИТИКА ЗА ПОГРЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ

Поднаслов: Грчките деца ја преминаа нашата граница.

Два филма во „бункер”: (со својот прв документарен филм „Грчките деца”, Радивое Лола Ѓукиќ истиот го сними во 1948

година, а веднаш потоа филмот е ставен во „бункер”. Истото се случи и со филмот „Мајка Катина” на Никола Поповиќ.)

Но, од оваа статија да ја проследиме најкомпетентната изјава на угледниот адвокат Тома Филота: „Кога „револуцијата на Маркос” почна да привршува, мајките и татковците од Егејот ги донесоа децата до Битола. Тоа беа деца од пет-шест месеци, одвоени од мајчините гради, до шест години. Дали ги имало онолку колку што вели господин Царухидис, не знам. Знам за идејата да се населат на Косово, но тоа не му одговараше на Тито. Ни на Едвард Кардељ.”, тврди господин Филота, не се сакаше тие деца да се задржат во Југославија.Тие по разни канали беа упатени во Бугарија, во Чехословачка, во Полска, можеби и во СССР. Некои се испратени во САД и во Австралија...”

Нема бегање од судот на историјата.

Кој се плаши од историјата? Убаво е да се ослободува историјата, убаво е кога ќе се прочита со чисто изворни факти, а да се знае и за цензорските комитети, за администрирањето со историската вистина. Историјата не се пишува по нарачка, туку се пишува сама.

Читателот, може да забележи, колку е голема разликата, кога се кажува историската вистина.

ЕПИЛОГ

СУРОВА ИСТОРИЈА

Историјата на Граѓанската војна, сега е позната и исполнета со многу суровости спрема Македонците под Грција. Во тие игри не само што во голема мера допринесоа, туку и ја проектирале и воделе тогашните лидери на КПЈ и КПГ.

Од денешна историска дистанца (од како минаа херојските времиња а ние сме како полувековни заробеници), Граѓанската војна за нас Македонците, главно може да се оцени објективно, само ако од неутрално стојалиште ги анализираме ЦЕЛИТЕ и РЕЗУЛТАТИТЕ на НОФ и АФЖ, кои ни покажуваат дека тоа беше трагедија на затворен круг и од тоа ќе оцениме колкав беше нашиот историски успех или најголемата и трајна историска бесмисленост.

Целите на НОФ и АФЖ (кои беа поврзани со глобализацијата на светската идеологија), се детално анализирани низ текстот и се покажаа како погрешно насочена национална енергија и дека целите беа менувани во зависност од тоа под кој налогодавец припаѓаше НОФ и АФЖ во моментот и нашата судбина беше во рацете на КПМ/КПЈ и КПГ.

Резултатите на НОФ и АФЖ, се крајно поразителни-рамни на национален пораз: геноцид. Го изгубивме народот, македонската исконска прадедова земја за навек. Уништен е националниот потенцијал со умислениот зафат „Педомазома”, кој беше рамен на политички терор, само над македонските деца со билет во една насока.

Тешката и горчлива судбина што ги снајде децата збрани по логорите на Фредерика и детските домови низ Европските земји; без свои семејства и огништа, животот го минаа во тешко делничаво и чемерно сивило.

Ние Македонците, треба да носиме историска вина, зошто дозволивме туѓинците да ни ги земат децата, оти со тој чин, дефинитивно се запечати судбината за секогаш; развојот на

македонското семејство и македонската куќа на Македонците под Грција.

Награда за нашето (Само)жртвување во Граѓанската војна, ни беше доделен билет само за еден правец.

Така заврши една идеолошка инсталација, која се потпираше на туѓи ветрови. И на крај да резимираме дека ова истражување ни пока(жува) дека спрема стратешкиот модел на туѓинците, за нашето откорнување т.е. преживеаниот национален пораз, на Македонците под Грција, многу е тешко да се одреди вината. Не може да се согледа каде започнала, а каде завршила општествената одговорност на поединците, идеолошките активисти во партиската активност на секојдневието што се случувало на просторот на Македонија под Грција. Многу тешко. И ете за пример, не само со одземените деца, тоа се случи и со незаконската мобилизација на целиот македонски народ, вината стана „Нечија", не Лична, туку Туѓа.

По Втората светска војна, повеќе од јасно е дека Граѓанската војна се изроди од комунистичкиот режим, односно лидерите (Захаријадис,Тито и Сталин).

Но, многу интересна комбинација е кога демагогијата и дневно политичката пишувана историографија ќе се спојат. Тогаш настапува двојна изобличена историска стварност и не прави лекомислени во верувањето дека Граѓанската војна (1945-1949), била епопеја, (историски период и епохален настан), за нас Македонците. Но, ако пристапиме кон анализа на фактите: на политички план - преокупацијата на НОФ и АФЖ, ќе видиме, дека целта им била со систематска пропаганда да го мобилизираат народот, на лажен начин да им внесат порив за војна и да не го прашат дали сака или не сака да војува, туку го водеа во чудни конфликти. Значи, секој паталец се прашува: како било можно, македонските раководители да биле толку наивни, толку авантуристи, толку неодговорни за да иницираат такви активности кои досега немаат никакво објаснение, никаква логика и се во спротивност со кој било интерес на Македонците. Има ли некој член од овие организации (НОФ или АФЖ) кој рекол: Зошто војна?

Но, по ликвидацијата на ДАГ и за овие 50 години, од однесувањето на КПГ и КПМ/КПЈ, уште би можело да се извлече заклучок дека ние Македонците под Грција, сме тие кои би требало да им се извиниме...

Такво нешто кај другите народи не постои, бидејќи тие тешко се врзуваа за туѓите пропаганди. Тоа се случи во годините (1945-1949) и стана наша, македонска специфичност.

Интересот за истражување на овие прашања и сето тоа да се обликува во книга, се роди по објавувањео на следните мои книги:

1. (Само) жртвувањето на Македонците под Грција во Граѓанската војна (1945-1949) и
2. Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција (1940-1950).

Проблемот со одземените деца за време на Граѓанската војна во Грција, за нас-Македонците претставува еден од најсериозните проблеми во Македонското национално движение и верувам дека со оваа книга ќе допринесам во расветлувањето на што поголем број прашања.

НОФ и АФЖ, се должни да ја обелоденат заблудата. Виновниците народот ги знае, само во историјата не се кажани... Покрај емоционалните, постојат трагиката и човечките загуби. Човек мора понекогаш да се соочи со феноменот што некои паталци го нарекуваат-сурова реалност.

Во текстовите на нашата историографија вештачки се уфрлуваат грчки или туѓи идеолошки детерминирања: еласити, еамити, четници, боречки институции во Егејска Македонија. Значи, на македонските читатели дрско им се подметнувани фалсификувани историски факти, со цел да бидат држани во заблуда во однос на македонската историја и реалност. Ние бевме мал народ во Грција, но и немаше никаков начин да ни помогнат нашите Македонци кои живееа во другите држави, бидејќи тоа беше и бесцелно. На светот, неможевме да му се

покажуваме и докажуваме со силата на оружје, нашата сила требаше да ни биде умот, вредноста - да си го задржиме огништето. Немавме интелектуален квантум, но имавме Македонци кои неизмерно си ја сакаа својата земја, а идеологијата преку идеолошките активисти успеа да не насочи во самоуништување. Се случи, она антитрадиционалното-македонско.

ДОБРИНИ И ГРЕВОВИ

Од целокупното досегашно истражување следи како заклучок:

Надежда за власт и безнадежта, НОФ и АФЖ, минувајќи низ фазите на времето кога припаѓале под налогодавците КПМ/КПЈ и КПГ, грешејќи, правеа големи гревови спрема сопствениот народ. Свесно или несвесно, сите нивни постапки, целокупното однесување и сите преземени (или непреземени) дејствија, не доведоа кон национален пораз, односно кон самоуништување како краен резултат.

НОФ и АФЖ (КПМ), се покажа дека беа без јасно изградена политичка филозофија за тоа кои беа виталните интереси на Македонците под Грција, тоа ни го потврдија исходот на настаните, бидејќи ние Македонците не ги афирмиравме најсветлите вредности на нацијата: Од Македонци- во целата војна се изборивме сега како Славомакедонци, од национални симболи ни трага, просто македонскиот народ се најде фатен, спротивно на својата волја, а сето тоа остави длабоки психолошки рани во колективната свест и душа на македонскиот народ под Грција.

Но, најболното е што до ден-денес тие кои не поведоа (НОФ, АФЖ, КПМ и КПГ), во Граѓанската војна и одредени синекуристи произведени во „Учени" историографи, велат и жестоко се бранат дека било оправдано. По војната многумина сметаа дека правдата на овој свет ја нема. Ако постоеше, тогаш постоеше како правда на моќникот (КПГ). Значи, правдата не е во правилноста, туку во моќта. Кој е моќен, тој е праведен (тоа многу важело и за комунистите). И денес обратното не важи...

Зарем толку не беа упатени овие наши стратези (КПМ, НОФ и АФЖ), дека Големите сили и нашите соседи однапред имале алтернативно решение за нас Македонците!!? Граѓанската војна заврши со катастрофални последици. Водачите се повлекоа, а народот македонски: еден голем дел остана на истите простори со преживеани трагедии и трауми и со товар што со години ќе им тежнее, но не помалку и на тие што го напуштија огништето и останаа по светот, а еден поголем дел од нив се ѝ тие одземени деца.

Историјата немилосрдно тоа ни го потврди. Со ова студија, се обидувам да фрлам светлина, само на дел врз сивите сенки што страотно полавек се надвиснуваат над сите нас и полавек изгонети, останувaме вчудоневидени од невидените понижувања чекајќи го повратниот БИЛЕТ...Така со години и децении, и во емиграцијата, но и во сегашноста живееме со страв и внимание да не ги навредиме тие што ни го нанесоа злото.

Што значи, дека ние Македонците (преку организацијата НОФ, АФЖ и НОМС), не ја креиравме и ја создававме иднината, туку ја чекавме. Зошто? Затоа што владееше фатална дезорганизираност на македонските позиции и така Македонците под Грција станаа невини жртви на КПГ.

По Граѓанската војна дозволивме да ни биде избришано минатото, обезличена сегашноста, неприсутни во иднината. Тоа се реалните состојби и се присутни (можат да се забележат), како сенки на војната врз тогашните детските лица и тоа што никако неможам да се согласам, е, да ми бидат украдени повеќе од 50 години од историјата. Да бидам од исти род, а да бидам третиран во секторска историја: „Историја за Егејците.”

Во овој полавековен период, токму од такви таканаречени ангажирани интелектуалци (ако може така да се наречат), кои не само што учествувале(ваат) во политичкиот живот и во поделбата на политичката моќ, туку и како апологети, (подржувачи, има и такви), кои го стават на коцка и сопственото интелектуално кредо. Некои од нив, толку многу се губат во политичките води, (на дневната политика) што

интелектуалната доблест ја користат само како демагошка вештина. Но има и една друга група, која работи зависно од потребата на нарачателот и сопствените лукративни цели и по потреба можеа(ат) во еден период да афирмираат и фалат едни идеи и факти, за да во друга ситуација бидат најжестоки нејзини критичари. Оваа група западна во ќор-сокак на своите неостварени амбиции да учествуваат активно во делбата на политичката моќ, но поради сопствениот неуспех, константно се исполнети со гнев, завидливост и нихилизам.

Значи, низ ова книга ја проследиме полавековната ПОЛИТИЧКА МОЌ - во остсуство на духовната, која имаше за цел; да не одвои од реалниот живот и од можноста да си ја спознаеме сопствената судбина: ВИСТИНАТА ЗА ГЕНОЦИДОТ. Нашата несреќа (на Македонците под Грција), е и во тоа, што полавековниот тоталитаризам што власта го поседуваше - беше огромната политичка моќ, да се проговори за нашиот духовен развој, преку таквите истражувања, барем да можат да се осведочат идните поколенија.

Што вели науката за ова наша трагедија:

Види што пишува Проф. д-р Миодраг Календар Хаџи Ристиќ во списанието „Сонце" во рубриката етнологија; Императивна изработка на етнолошка карта на Македонците и Македонија (3) од 15.02.2002 година:

„...а сето тоа се повтори и по Втората светска војна и се до денес. Лагата со божемната „Граѓанска војна во Грција", всушност беше продолжување на операцијата за создавање „Голема Грција".

Тоа беше „Антимакедонска војна", кога стотиилјадното население од пеленичиња, деца, младинци до возрасни, божем „пред воените операции пребегаа од Грција во Титова Југославија, од каде „умното сервилно македонско раководство"наместо дел од тоа население од Беломорието-Егејска Македонија, да го засели во испразнетите, напуштени населени места од западните територии на Македонија, кои поради злосторствата беа напуштени за време на фашистичката

италијанска, односно арнаутската окупација кога се населуваа делумно арнаутско население од нивната матична земја, а делумно и од порано доселените Арнаути од поблиските населени места.

Избрканото македонско население од Беломорието-Егејскиот дел на Македонија, систематски, „со наш благослов" го испративме во источно-европските земји од социјалистичкиот блок на Европа, па се до Ташкент во азискиот дел на Советскиот Сојуз!? Наводниот обид при делумното враќање на дел од ова македонско население во НР Македонија, не беше сфатен ни како национален ни како непрескоклива задача и императив да се спаси тоа што можеше да се спаси од започнатата и затркалана етничка инвазија од Арнаутите кои користејќи ги „семожните прилики- божемна заедничка држава, седма република на Титова Југославија а посебно по состојбите со ИНФОРМБИРОТО, кога Македонија стана отворена држва..."

Значи, непореклива вистина е дека во меморијата на македонскиот народ остана трајно врежано сознанието за главните протагонисти на војната и нејзините планери: КПМ/КПЈ и КПГ, кои отворија простор за безочно етничко чистење на македонскиот географски и духовен простор, по Втората светска војна. А по војната, грижата дека ја немаше од овие идеолошки грижници, не само што науката тоа го потврди (Проф. Ристиќ), туку е повеќе од јасна, кај секој страдалник и свесен Македонец.

Па сепак, историјата продолжува. Таа ќе биде и конечен судија.

ПРИЛОЗИ

АРГУМЕНТИ И ФАКТИ ЗА ОДНОСОТ НА КПГ СПРЕМА МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА ПРЕД И ПО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1944-1945 и 1945-1960

1.

Меморандум на група македонци активисти од Костурско за неправилниот однос и политика на раководството на грчкото движење на отпорот спрема Македонците од егејскиот дел на Македонија.

ДОВЕРЛИВО ИЗЛОЖЕНИЕ

ДО ГЛАВНИОТ ШТАБ НА НОВ И ПО НА МАКЕДОНИЈА.

ИЗЛОЖЕНИЕ НА СИТЕ ГРЕШКИ, ЗЛОДЕЈСТВА, И ПРОТИВНАРОДНИ И ПРОТИВМАКЕДОНСКИ ДЕЛА, ИЗВРШЕНИ ОД ГРЦИТЕ НА ШТЕТА НА НАШИОТ НАРОД ВО ГРЧКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ТРИГОДИШНАТА АНТИФАШИСТИЧКА БОРБА.

(Во меморандумот се опишани на околу 10-15 страници, сите злодела сторени спрема македонскиот народ).

18. октомври 1944
с. Горно Врановци

Народна делегација од Македонија под Грција.

1. Паскал Митровски, адвокат, раководител на македонското движење во Костурско.

2. Михаил Керамитчиев, народен претседател од Костурско, во Грчкото Народно собрание.

3. Ламбро Чолаков, работник, член на делегацијата, од Костурско.

Види: Документ АМ, фотокопија АЦКСЈ-К-1/40, во книгата „Егејска Македонија во НОВ септември 1944 до февруари 1945”. Том 7, книга 3. Превод, редакција, коментар д-р Ристо Кирјазовски.

Во меморандумот се опишани сите тие антимакедонски работи за едно време од (1944-1945), време во кое како и во сите други времиња на проклетиот Балкан (посебно на просторот на

Македонија под Грција), народот никој за ништо не го прашувал, а тој постојано се исчудувал за тоа како преживеал и покрај сите трагедии што морал да ги истрпи. Но, човек ќе се запраша; ако во континуитет се случуваа сите тие наведени работи во извештајот, со се поголем интензитет, што добро можеше да се очекува во наредниот период во Граѓанската војна. Според логиката на работите, длабоко навлегувавме во еден тоталитарен амбиент, но аналитичарите, кога и да е, ќе си го кажат своето.

Но, најтрагичното е што овие луѓе кои ни укажаа на сите тие злодела, сега пак во Граѓанската војна се како жртви; беспрекорно соработуваа со невидена сервилност спрема КПГ, и како краен резултат беше, дека преку таквите идеолошки активисти се изврши најубиственият зафат; му се одзедоа на народот децата, со политичка умисла, можеби со цел за потоа: најуспешно да се извршат сите планирани миграциони движења на просторот на кој живееше со векови македонскиот човек.

По исчитувањето на овој долг извештај од најкомпетентните личности, човек останува вчудоневиден и необјасниво се запрашува од каде таа гаранција, да го повикуваат повторно народот македонски на сенароден фронт во Граѓанската војна? А кои се тие? Тие, пак се на чело, сите овие потписници на меморандумот!?

2.

Интервју:

„Тридесет три године касније:

ЗАШТО МАРКОС НЕ КАЖЕ СВЕ

Један наш обавештајни официр (Слободан Крстиќ – Учо, заб С.М.), се сеча збивања која су узбуџивали свет.

Како је дошло до сукоба, Шта то Маркос нетачно приказује? и.т.н.

Но, најинтересно е прашањето: Да ли је поред ових разлога пропасти грчког ослободилачког покрета, било и неких других?

Игра око македонског живља

- Грчки устанички покрет се у прво време оријентисао на Егејску Македонију, због тога што је традиција борбе у њој била веома јака и што су можда Егејски Македонци рачунали да че кроз нову борбу остварити свој циљ - уједињење с матицом. И, уместо да руководство Грчке КП искористи тај позитивни моменат и да устанак прошири на целу Грчку, они се ограничавају на Егејску Македонију, због близине југословенске границе. Поред тога, они воде потпуно погрешну кадровску политику, не дозвољавајучи Македонцима да непредују у војничкој хијерархији, при томе стижу само до командира чете, правдајучи то недостатком партијског искуства код македонског живља. Томе треба додати стално манипулисање између два највиша фуннкционера - Македонца. Свака два месеца један од њих ја био у немилости, а други форсиран...”

- (Дел од поголемото интервју во списанието Дуга 1985, стр. 30 со Д. Голубовиќ).

(превод С.М.)

Интервју:

„Триесет и три години покасно:

Зошто Маркос не кажува се

Еден наш обавештаен офицер (Слободан Крстиќ – Учо, заб С.М.), се сеќава на случувањата кои го возбудуваа светот.

Како дојде до судирот, Што тоа Маркос неточно го прикажува? и.т.н.
Но, најинтересно е прашањето: Дали покрај овие причини за пропаста на грчкото народно ослободително движења, имало и некој други?

Играта околу македонскиот народ

Грчкото востаничко движење во прво време се концентрира на Егејска Македонија, поради што традицијата на борбите на овие простори била голема, а воедно што можеби Егејските Македонци размислуваа дека учествувајќи во оваа војна ќе ја остварат својата цел – припојување кон матицата. И, наместо раководството на КП на Грција да го искористи тој позитивен момент и да го прошири на цела Грција, тие се ограничуваат само на Егејска Македонија, поради близината на југословенската граница. Покрај тоа, тие водат потполно погрешна кадровска политика, не дозволувајќи им на Македонците да напредуваат во воената хиерархија, при тоа стигнувајќи само до командир на чета, оправдувајќи го сето тоа со политичкото неискуство на македонскиот народ. На тоа треба да се додаде и сталното манипулирање помеѓу двата највисоки функционери – Македонци. Секој два месеци некој од нив беше во немилост, а другиот форсиран...”

3.

Кажувањата на Никос Захарјадис

3/1. На X□□ Пленум на ЦК на КПГ, што се одржа на 25 до 27 јуни 1945 година, Захаријадис во својот политички говор потенцираше:

„... Против сме каква било промена на границите од 1939 година со примена на сила од каде и да доаѓа. Единствениот демократски принцип што го признаваме е принципот на самоопределување на народите. Овој принцип важи и за Додеканезите и за Кипар и за Северен Епир. Истовремено настојуваме да се спроведе еден друг демократски принцип за националните малцинства, принципот на рамноправноста, на нивно почитување. Тој принцип треба да се спроведе и за македонското малцинство, пријателски да се регулираат нашите односи со северните балкански републики...”

Види: „Ризоспастис” од 17 јули 1945 година.

3/2. Никос Захаријадис П/1 Генерален Секретар на ЦК на КПГ, претседател воениот Совет на ДАГ. Зборувајќи за проблемите на поразот на ДАГ, на 13-тата Конференција во 1950 година рече: „Ако од порано го знаевме ставот на Тито, дека ќе биде таков, ќе размислевме дали да го земеме оружјето и да војуваме во Граѓанската војна.”

„НОФ беше создаден од Тито и Колишевски... Неговото основачко и раководно јадро беше составено од титови агенти од типот на Митревски Керамитџиев, Гоце, Раковски и други, со единствена цел да ги унапредат интересите на Белградските раководители во Егејска Македонија... Да го користат славомакедонското прашање за остварување на нивните националистички планови-присоединување на Егејска Македонија...” Тоа го напиша Захаријадис, и беше усвоено на посебното советување на македонските кадри П/2 на КПГ, разгледано и прифатено од политбирото на ЦК на КПГ. Така грчката страна гледаше и ги разбираше работите.

Види: ТО ККЕ 1918-1952, стр. 271, а го цитира и Павле Раковски во книгата 2000/347.

***

Значи, ако добро го разбравме генералниот Секретар на ЦК на КПГ- Никос Захаријадис како што вели: „Ако бев информиран како што сум денес, тоа немаше да ми се случи”.

Ете, како по катастрофата на Граѓанската војна, овој водач кој беше моќ и мит, стратег на револуцијата, каква оцена апостериори даде за војната, но сега не со говорот на политичкото насилство (барем таков беше познат), туку конечно се оправдува пред историјата.

Од измама во измама, а тоа претставува за нас Македонците, (кои сме биле испратени со билет во една насока), втор дел на ужасот по Граѓанската војна. Така говорат веродостојните факти и тоа е историска вистина. Тие факти ја покажуваат мрачната и темна завеса на нашата судбина.

Верувам дека ние паталците (искорнатите од Македонија под Грција), сфативме дека сите тие идеологии како: нацизмот, фашизмот и болшевизмот се создадени од амбициите на нивните создавачи кои се нарекуваа дека се загрижени за доброто на човештвото (напр: Ленин создаде систем, кој на крајот го уништи и него самиот). Власта во рацете само на еден човек е вистински извор на опасност, отсекогаш. Но, во ниедна земја, власта (партијата-КПГ), не била толку многу сурова спрема своите војници што ги остави по светот и пола век не проговори за нивната судбина...

4.

СИБИР ЗА „ТИТОВЕ АГЕНТЕ”

Пред тридесет три години, групу Македоноца, руководилаца Народноослободилачког фронта, НОФ-а из Егејске Македоније, оптужио је сталинистички политбиро ЦК КП Грчке као кривце за пораз Демократске армије Грчке у грађанском рату 1946-1949. године.

- Десеторо њих осуђени су на смрт као „агентура Титове Југославије и међународне реакције”. По налогу генералног секретара КП Грчке, Захаријадиса и његове групе, која је следила ставове инфорбироа „о стању у КПЈ”, оптужени и осуђени су из драчке луке депортовани у Совјетски Савез на истрагу, о њиховим злочинима”. У Москви им је смртна казна замењена робијом и изгнанством у Сибир. После Стаљинове смрти и Двадесетог конгреса КП Совјетског Савеза сви заточеници су рахабилитовани као погрешно осуђени, па су се вратили у Југославију, у Скопљу, где највећи број њих и данас живи”.

Види: Опширно пишува-Драган Клјакиќ, „ДУГА” 15 јануар 1983 година.

(превод С.М.)

Пред триесет и три години, група на Македонци, раководители на народно ослободителниот фронт, НОФ на Егејска Македонија, беа обвинети од сталинистичкото политбиро на ЦК на КП на Грција како виновници за поразот на Демократската Армија на Грција (ДАГ) во Граѓанската војна 1946-1949 година

- Десетмина од нив се осудени на смрт како „агентура на Титова Југославија и меѓународната реакција". По налог на генералниот секретар на КП на Грција, Захаријадис и неговата група, која ги следеше ставовите на информбирото „за состојбата во КПЈ" обвинетите и осудени беа депортирани од пристаништето Драч, Албанија, во Советскиот Сојуз каде се водеше истрага , за нивните злочини". Во Москва смртната казна им е заменета со робија и прогонство во Сибир. По Сталиновата смрт и Дваесеттиот конгрес на КП на Советскиот Сојуз сите затвореници се рехабилитирани како погрешно осудени, па се вратија во Југославија, во Скопје, каде најголемиот број од нив и денеска живее."

***

Значи, ние Македонците најмногу, ако не и првите сведочења ги добивме од овој автор и од туѓинците, за сторено зло спрема нашите раководители на НОФ и АФЖ. Се разбира, дека сега ја имаме и книгата од Павле Раковски: Автобиографија-моите страдања, издавач, „АЕА издавачи", Скопје, 2000год.

Но, тоа што најмногу ме измачи во истражувањето; барав да најдам официјално: ГЛАС, ПРОТЕСТ: ЕЈ, ВИЕ ТАМУ! КОЈ ВИ ДОЗВОЛИ ДА ГИ СУДИТЕ НАШИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ И ДА ГИ ПРАТИТЕ СУРГУН ДУРИ ВО СИБИР?! Ама тој глас или протест да биде од нас Македонците.

Дали можеме по полавеков да зирниме во фактите: КАКВО МИНАТО ЌЕ ДОЗНАЕМЕ (НЕ) (ОЧЕКУВА).

Совеста на овие наши луѓе т.н. револуционери од редовите на НОФ и АФЖ, кога се најдоа во рацете на моќникот Захаријадис, очевидно е дека доживееја страшни прекршувања

низ моќните идеолошки механизми во целокупниот систем на глобалната советизација т.е. во идеолошката пропаганда со жестоко разурнувачко дејство на самата човекова психа.

Во тој глобален хаос, во една збркана и брутална војна, се поставува прашањето како ние самите Македонци да ги разбереме.

ВО ПОТРАГА ПО ЧОВЕКОВОТО „ЈАС" ИЛИ СПАС?

Врз што се заснова неповторливата индувидуална свест „Јас" на секој поединец? Во случајот трагајќи по човековото „Јас", за секое лице, неговата индувидуална самосвест претставува необјасниви појави, но во истражувањето токму тоа, посебно станува збор токму за овие наши раководители.

Да го проследиме она што го доживееја:

Види: „НЕБЕСКА ТИМЈАНОВАВНА", роман од Петре Андреевски1989/стр. 297.

„ - Товариш Хрушчов, товариш Хрушчов, викаме, ја креваме земјата, ја цепиме. Одекнува гласот од куполите на театарот, што се вели, како со иста уста да викаме. Хрушчов подзапира, си го враќа предниот чекор на делканиот камен, се врти и гледа: две жени се борат со глутница полицајци.

Пуштите женшин, вели Хрушчов.

Полицајците се свртеа, јас се подослободив и го удрив тојшто ме држеше. Право в стомак. Ко со магарешко копито го удрив в стомак, а можеби и подолу. Крикна човекот и си ги тргна рацете од кај мене, ме испушти.

Дојдовме до Хрушчов, ама не можеме да фатиме ред во дишењето. Толку што сме предишени. Сме застанале пред него ко чуми: разбушавени и растрбушени, не ни се познаваат и лицето и сликата. Зборуваме и збиваме, обете наеднаш зборуваме: си ги покриваме зборовите.

-Товариш Хрушчов, велиме, ми комунисти од Југославија, ние револуционери и борци од четириест и прва година, од грчка Македонија. Ние сме уапсени и рехабилитирани, велиме, од Југославија имаме виза, од вас уште немаме. Не можеме да се вратиме, велиме и само збивтаме. Ни играат слабините, ни скокаат жилите, слепите уши и ноздринките. Немам душа за уште, сета ни е во носот.

-Успокојтес, успкојтес, вели Никита Сергеевич, му свети јајчестата гола глава, обросена со пот. Всјо будет харашо. Оливера... му тутнува писмото в раце “

Така заврши револуционерната дејност на овие наши луѓе, кои беа пратени преку СИБИР ДО - КАТАРЗА.

Се поставува прашањето: дали овие наши политичари, сега прокламирани како „југословенски комунисти?!”, со таквиот пресврт и не отстапија од националните интереси, за кој го повикуваа својот народ и тоа нема да биде оквалификувано од историјата како национално отстапување и измама на својот народ повикувајќи го во револуција и старо и младо? Дали навистина тоа го сторија за спас или тие за целиот период ја остваруваа политичката платформа на КПМ/КПЈ, (во пропагирањето ги повикуваа Македонците под Грција во револуција и продолжување на Илинден.)

Редно е, да признаат дека тие носат историска вина (ако уште тврдат дека тие биле воено политички фактор во Граѓанската војна, а не се извинат пред македонскиот народ и признаат дека биле манипулирани и жртвувани), за жртвите и за многу национални прашања, но и не помала вина што им оставија голем грев на ПОТОМЦИТЕ, кои се уште се наоѓаат по светот БЕЗ ПОВРАТЕН БИЛЕТ!?

5.

КАКО ЗАВРШИ ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ЗА НАС МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА?

По повлекувањето на германските окупациони сили од цела Грција (и од Македонија под Грција), и по потпишувањето на договорот во Варкиза (12 февруари 1945 година), КПГ, ЕЛАС и ЕАМ обезоружени, се најдоа во инфериорна положба. Речиси уште на другиот ден по предавањето од ЕЛАС, започна еден организиран терор во Грција.

Хронологија на настаните кои оставија историски белег за нас Македонците под Грција

5/1 На 5 март 1943 година во Костур е свикано собрание од 48 члена, имало претставници од разни села. На истото собрание било решено да се оформи организација под името „МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ" за Костурско само за самоодбрана, во кој членувале повеќе од 54-60 села. Им било дозволено дури да се наоружаат, бидејќи им требало да се заштитат во развластената Грција.

5/2 На 28 март 1943 година во с. Лаген, Леринско, беше формиран Леринскиот партизански одред од борци Македонци и Грци, познат како одред „Вичо", во состав на ЕЛАС.

5/3 По долги преговори меѓу ЕЛАС и ЕДЕС и британскиот генералштаб за Средниот Исток, во август 1943 година во Каиро допатува делегација на КПГ и ЕАМ со цел да преговара со грчката владата во бегство и со претставниците на граѓанските партии за постигнување политичко единство и за формирање на заеднички штаб кој е формиран на 18 јуни 1943 година, со кои се признаваа силите на отпорот како сојузничка војска, (на чело со Енди Маерс) и народноослободителното движење во Грција му се потчинува на англискиот генералштаб за Средниот Исток. Но со иста цел на 05.07.1943 година во Либан беше потпишан договор за воена соработка.

5/4 На 1 септември 1943 година во месноста на Бериќ - Костурско, формиран е македонскиот партизански одред „Лазо Трповски" во составот на единиците на ЕЛАС.

5/5 Формирањето на СНОФ

На 20 октомври 1943 година беше формирана организацијата СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт), но само за Костурско и подоцна во Леринско, меѓутоа не и за Воденско.

Раководствата на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, загрижени за ситуацијата, што се создаде во Македонија под Грција (со оформувањето на Комитетите) и посебно во Костурско, Леринско и Воденско, се најдоа принудени да формираат македонска организација СНОФ. Тоа со умисла организирано го сторија луѓе од Областниот комитет на КПГ во Западна Македонија, и тоа Грците: Христос Калфас (Андреас), секретарот на Окружниот комитет за Костурско, Андонис Андонопулос (Периклис) и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кожанско Танасис Карцунис.

5/6 Расформирањето на СНОФ

За шест месеци постоење организацијата СНОФ во Костурско успеа да ги придобие Комитите и да се омасови во своите редови со повеќе од 4.770 членови, што значи Македонците поверуваа дека „СНОФ е единствената народноослободителна организација што ќе ги исполни националните и социјалните барања на македонскиот народ под Грција",

Види: „Словеномакедонски Глас" број. 3 од април 1944 година.

Се пропагира: „СНОФ е новата ВМРО на Македонците, што ќе го доведе до крај делото на Илинден..."

Решението на КПГ за расформирањето на македонската организација СНОФ (која си ја изврши функцијата, со придобивање на Комитите во своите редови, не само што се покажа како најгруба манипулација, туку и совршено политичко и физичко ликвидирање на Македонците и елиминирање од светската политичка сцена во Грција - практички се оствари, тоа што го бараше грчката влада во бегство), сега за грчкото раководство на отпорот(КПГ,ЕАМ и ЕЛАС) претставуваше непотребна, бидејќи пред грчката реакција за да се постигне по секоја цена „национално

единство” со грчките буржуаски партии и со власта во бегство, со коишто КПГ на 20 мај 1944 година го потпиша познатиот капитулантски договор со кој се запечатуваше судбината на НОБ.

На 26 септември 1944 година во италијанскиот град Казерта беше потпишан уште еден договор меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и грчката влада во бегство на чело со Георгиос Папандреу и Британскиот Штаб за Среден Исток. Со овој договор беше постигната согласност грчките герилски сили да влезат под команда на грчката влада во бегство. Меѓутоа, своето право грчката влада во бегство му го пренесе на англискиот генерал Скоби. Се разбира и овој договор преставува уште една отстапка на грчкото раководство на отпорот во корист на грчката влада во бегство.

На 12 февруари 1945 година во месноста Варкиза, близу до Атина, беше потпишан договор меѓу претсавниците на грчката влада и претставниците на КПГ и ЕАМ за прекинување на граѓанската војна, која што започна на 4 декември 1944 година во Атина со судир на единиците на ЕЛАС (само една група, која не се сложуваше со тие ставови), од една страна, и владината војска, односно полицијата и англиските интервенционистичките војски, од друга страна. Договорот во Варкиза, во превод е објавен во едицијата:

Види: „Егејска Македонија во НОБ 1944-1945”, док. 200, стр. 298-301

Последиците од овој договор најмногу ги почувствуваа Македонците под Грција, против кои грчката десница и реакција спроведе нечуен терор со цел целосно да ги протера надвор од границите на грчката држава и тоа важеше како за Снофитите (поранешни Еласити) така и за Комитите.

5/7 КОИ БЕА ТИЕ НАШИ СОЈУЗНИЦИ?

Програмата на ЕАМ (Национален ослободителен фронт, формирана на 27 септември 1941 година која ја сочинуваа: Комунистичката партија на Грција, Земјоделската,

Социјалистичката и Народно-демократската партија, Општа работничка федерација, Општа федерација на државните чиновници, Организација на националната солидарност и претставниците на политичкиот, научниот и културниот живот на Грција. Покасно на ЕАМ и се приклучува и напредниот дел на Либералната партија). Од овој преглед, уште еднаш се гледа дека ние Македонците не сме им биле сојузници, бидејќи до тогаш не сме се имале изборено за некаков политички субјект во државата Грција, туку едноставно, доброволно сме биле само членови, како граѓани на Грција, без белег за македонска припадност. Главно нивната програма се состоеше во следното:

А)

1. Прогонување од земјата на германско-италијанскиот и на бугарскиот окупатор;

2. Воспоставување на интегритетот на Грција;

3. Самоопределување на Кипар, Додеканезите и Северен Епир. А каде сме ние почитувани Еамити? и

4. Стратешко регулирање на северните граници на Грција (значи им требаше уште малку македонска земја на овие сојузници).

Види: весникот „Махитис", орган на комитетот на ЕЛАС од 10 февруари 1944 година,
Во коментарот стои: ЕАМ за националното прашање. Зарем и досега уште да не знаеме, дека во програмата на ЕАМ апсолутно ништо не се предвидуваше за нас Македонците?

Б)

Програмата на ЕЛАС (Грчката народноослободителна војска, формирана во Румели - како партизански одреди, на 15 мај 1942 година со исти цели, бидејќи тоа е решено на заедничкиот состанок со ЦК на КПГ и ЕАМ). Прогласот е упатен до граѓаните на Грција и до бившите офицери на грчката армија, познати по својот буржуаски сталеж, а ние Македонците за нив

бевме само „Славофони”, никакви борбени сојузници, туку пак само живи војници и топовско месо, како и нашите татковци во претходните војни. Ние, за тој период можеби погромко ја пеевме „Емброс ЕЛАС гиа тин Елада...” и ништо повеќе. Но, има уште еден непобитен факт за секој што бил ЕЛАСИТИН, и не треба да заборава дека дал свечена заклетва.

(ЗАКЛЕТВАТА НА ЕЛАСИТИНОТ: „Се колнам дека ќе се борам до последната капка на мојата крв за потполното ослободување, стабилноста и независноста на Грција. За зачувување на интегритетот на грчкиот народ и воспоставување поредок и ред на основните човечки права. За оваа цел ќе се потчинувам на дејствијата и решенијата од наредбите на ПЕЕА и ќе ги извршувам совесно и дисциплинирано, сите наредби и упатства од претпоставените и ќе ја одбегнувам секоја постапка што ќе ме прави недоверлив како личност и како борец спрема грчкиот народ...)

На 16 јули 1943 година Командантот на ЕЛАС Сарафис и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс, потпишаа заедничка декларација со која ЕЛАС се признава како сојузничка армија и се потчинува на командата за Блискиот Исток. Но, да видиме како се одвиваа работите. На 31 октомври 1944 година поголема група англиски војници со оклопни возила влегоа во Солун пред ЕЛАСИТИТЕ. ЗОШТО? Три дена подоцна лондонската радио-станица ВВС објави вест дека британските трупи го слободија Солун. На 12 февруари 1945 година во Варкиза одморалиште близу до Атина, беше потпишан договор меѓу раководителите на КПГ и ЕАМ од една страна, а од друга - Владата на Пластирас и британскиот генерал Скоби. Со тој договор ЕАМ и ЕЛАС, практично, им ја предаде власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

6.

ПОЛИТИЧКИ БЕГАЛЦИ ПО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

На 29-30.08.1949 година по ликвидацијата на Граѓанската војна сите воени формации на ДАГ, со наредба на главниот штаб

поминаа во Н.Р. Албанија и беа разоружани и испраќани во воените логори Бурели и Елбасан. Во Бугарија исто така ја поминаа границата кај Берковица и тие беа исто така разоружани.

Во Бурели се одржа 6-от Пленум на КПГ и покрај партиските и воени оценки, направен е и распоред на борците во која држава ќе треба да отпатуваат и колкав треба да е нивниот број:

Држава	Број на луѓе	Покасно ќе пристигнат
Чехословакија	13.500	од Југославија околу 6.000 (Булкес)
Полонија	9.000	3.000
Романија	5.600	1.000
Бугарија	8.800	останаа
Унгарија	4.000	2.000
Источна Германија	2.2оо	околу 1.500 беа млади деца
СССР во Ташкент	16.500	5.500

Треба да се напомене дека од овие бројки кои се верифицирани од грчките извори, околу 56-60% се Македонци.

За Југославија, нема точен извор за бројноста на пребеганите, но во литературата се проценува околу 60.000 луѓе и тоа исклучиво Македонци.

7.

ФАКТИ ОД ГРЧКАТА ОФИЦИЈАЛНА ИСТОРИЈА ,,Εμφυλιος πολεμος" (1944-1949)

ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА ГОЛЕМАТА ИЗМАМА И ИЗВРШЕНИОТ ГЕНОЦИД НАД МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРЦИЈА

СТУДИЈА: Истражувања од областа на историографија на Македонците под Грција во Граѓанската војна 1944-1949

8.

5-от ПЛЕНУМ на КПГ

Превод од грчки на МАКЕДОНСКИ

Решенијата на петиот пленум на КПГ кој се одржа во јануари станаа извесни од 8 февруари и потоа. Се разјаснуваат се толкуваат и се потврдуваат и објаснуват во детали, за изолирањето и отстранувањето на генерал Маркос (и Хриса Василиу која се сложила со ставовите на Маркос), како и преместувањата во ПДК со Иоанидис, како што секогаш се прави со преместувањето и зачленувањето со членовите ва Партијата.

1. „За ΔЕ (Армија)" - го владее многу сигурно и јако целиот регион на планината Пинд. Повторно ги превзедовме врвовите на планината Грамос. Војниците на национална армија покажуваат замореност и очајност, посебно војниците на армијата, односно токму тие војници од националната армија.

2. Воените сили на непријателот (силите на националната војска, хорофилаците, националната гарда, Мајдите, МЕА и така натаму) ја надминаа бројката од 300.илјади. Раздомија повеке од 700 илјади домаќинства „луѓе со цел да го изолираат ДАГ".

3. Да обезбедиме за целокупниот период навреме во оваа област, генерални Штабови и дивизии, неопходни се резерви од сите видови воени единици. Секое каснење во оваа насока ќе прави невољи кои ги имавме и во 1948. (Слабост на неисползување НА РЕЗЕРВИТЕ ДОПРИНЕСЕ ДА ЈА изгубиме победата на ВИЧО).

4. Тесалија и Румели имаа како задача, решително да создадат борбена акција и да создадат офанзивни напади и да предизвикаат исцрпувачка активност и го оневозможат непријателот да биде способен во 1949 година.

5. 6-тата шестата и 7-та седмата Дивизија, (Источна Македонија и Тракија), имаат задача да ги засилат стално притисокот и ударите против непријателот и против СОЛУН.

Други забелешки и проблеми на 5 Пленумот покажуваат дека раководството (лидерството на КПГ, се наоѓа во моментот многу далеку од вистинската положба),

6. Што е ДАГ, која излезе по силна и во текот на 1948 г. го рашири народноослободилното движење се до Пелопонес.

Пелопонес треба да се распарчат воените походи и обичните селани да поминат во нашите редови на ДАГ.

Сите овие погоре кажани предлози и заклучоци преставуваат ЛОМОТЕЊЕ односно ПЛАМПАЊЕ, личат. Сето ова предизвикува ВЧУДОНЕВИДЕНОСТ и пред напатениот народ склон кон левицата, а тоа што го носи во параграфот на 5-от пленум за Македонија, ГЛАСИ:

Во северна Грција Македонскиот, (Славомакедонскиот), народ даде се за борбата и се бори за конечната цел со хероизам кој предизвикува едно херојско саможртвување што претствува подвиг за еден голем восхит. Не треба да постои никаков сомнеж дека по победата на ДАГ и на народната борба, македонскиот народ ќе си ја најде полната национална слобода како што си ја сака самиот, давајќи си ја денеска својата крв, борејќи се денеска за таа цел. Македонците комунисти, во борбата стојат секогаш на чело и одговорни. Истовремено Македонците комунисти треба да внимаваат и на Македонците комунисти, кои вршат разнувачките агитации од туѓите служби кои вршат разузнавчки агитации. ККЕ верна на линијата на ЕАМ во тесна соработка со сите народни организаци а први од нив се АКЕ и НОФ.

***

9.

Извештај на Истражната комисија до Советот за безбедност во врска со инцидентите на грчката граница

„Пред да ги дадеме нашите предлози, Комисијата чувствува дека би било корисно, накусо да ја рекапитулира состојбата по должината на северната грчка граница, а нашите предлози се насочени кон ублажување и поправање на ваквата ситуација.

Прво, од страна на грчката влада беа изнесени обвинувања дека нејзините три северни соседи ја помагаат герилската војна во Грција.

Второ, денес во Грција постои една нарушена ситуација што претставува наследство од минатото, а чии причини можат да се пронајдат во грчкото трагично искуство за време на војната, во нејзината окупација од страна на Италијанците, Германците и Бугарите, во герилската војна што се водела за време на окупацијата, во политичката жестина и економските тешкотии предизвикани од војната.

Следното што треба да се спомене е одбивањето на најголемиот број од споменатите земји да ги прифатат како конечни нивните граници, на начинот на кој тие се дефинирани денеска. Некои од таквите барања на сосема легитимен начин биле покренати пред форумот на Обединетите нации или пред другите надлежни меѓународни тела, но нивното зголемување несомнено ја влошува и без тоа веќе опасната ситуација.

Натаму, во случајот на македонското прашање, барањата не се истакнати пред Обединетите нации, туку во говорите на одделните влади или во органите на печатот контролирани од страна на владите. Искористувањето на македонското прашање на ваков начин, според мислењето на Комисијата, претставува позитивна закана за мирот на Балканот (автор, 217 подвлекување) и само може дополнително да придонесе на постојните тензии и сомневања и да ги зголеми националните страсти, кои без оглед на воените искуства, не само што воопшто не се намалени, туку дури и се заострени поради нивната идентификација во голем број случаи со политички идеи.

Исто така, како нешто што треба да се спомене, е присуството во Грција, од една, и во Југославија, Бугарија и Албанија, од друга страна, на политичките бегалци од различните територии, кои во голем број учествувале во политичките борби што биле водени во нивните земји за време и по војната. Некои од тие бегалци се сместени во близината на границите на земјата од каде што тие побегнале. Некои пак, за време на нивниот егзил, се ангажирале во политички и воени активности и преголем број од нив, живеат во надеж дека некој насилен пресврт на ситуацијата ќе им овозможи да се вратат во нивните домови, под услови што тие ќе ги изберат. Други бегалци се жртви на паниката што се шири и ако ним им се даде слободен избор, тие со задоволство би се вратиле во своите домови. Меѓутоа, постојаното присуство на сите нив под условите под кои тие живеат во моментов, сосема јасно, сериозно претставува сериозен фактор што придонесува за постојаната ситуација.

Конечно, насилството и нивото на пропаганда што се користи од некои од протагонистите во нивните меѓусебни односи не можеше, а да не биде забележано од страна на Комисијата за време на нејзиниот престој во четирите земји. Ваквата пропаганда секогаш служи за разгорување на страстите, што и онака се поприлично разгорени... Комисијата сугерира Советот за безбедност да ѝ стави до знаење на Грчката влада дека тој е подготвен, ако таа влада тоа го бара, да ги стави на располагање своите добри услуги за да се изнајдат сите можни средства за реализација на таа мерка.

Комисијата даде и свои предлози:

А. Комисијата му предлага на Советот за безбедност тој да им предложи на владите на Грција, од една, и на Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна, тие да направат сè што е во нивна моќ за да воспостават нормални добрососедски односи, да се воздржат од сите директни или индиректни акции... Комисијата верува дека во сферата на нејзината истрага, натамошните случаи на поддршка на оружените банди формирани на територијата на една држава, што преминуваат на територијата на некоја друга држава или одбивањето на

владата и покрај барањето на засегнатата држава, да ги преземе сите можни мерки на својата територија за да ги лиши таквите банди од секаков вид помош или заштита, Советот за безбедност треба да го третира како закана за мирот во смисла на Повелбата на Обединетите нации.

Б. За да се обезбеди ефикасна машинерија за регулирање и контрола на нивните заеднички граници, Комисијата предлага Советот за безбедност да им предложи на засегнатите влади тие да склучат нови конвенции по примерот на Грчко–бугарската конвенција од 1931 година, земајќи ги предвид потребите на постојната ситуација. (Грчко–бугарска конвенција за размена на населението). Значи се предлагаше ТРАНСФЕР НА МАЛЦИНСТВАТА.

В. За да се реставрираат нормалните услови по должината на границите помеѓу Грција, од една, и Албанија, Бугарија и Југославија, од друга страна, и со самото тоа да се помогне во воспоставување на добрососедските односи, Комисијата препорачува формирање на посебно тело.

Делегацијата на Советскиот Сојуз приговара на изнесените предлози за грчкото прашање:

Горенаведените предлози на ниту еден начин не произлегуваат од фактите и документите што ги собра Комисијата за време на истражувањето на ситуацијата во Северна Грција и на нејзините северни граници, туку тие се втемелени само на некои незасновани претпоставки на грчката влада во врска со пружањето помош на герилата од страна на северните соседи на Грција.

Предлозите ја прифаќаат можноста за постоење на гранични инциденти, конфликти, па дури и акти на агресија, во иднина, во односите помеѓу Грција, од една, и Југославија, Бугарија и Албанија од друга страна, и покрај тоа што Комисијата нема никакви основи за давање предлог од ваква природа.

Предлозите предвидуваат мерки што се однесуваат не само на Грција, туку на Југославија, Бугарија и Албанија исто така, иако

од документите што ѝ беа на располагање на Комисијата, сосема е очигледно дека во Грција постои тензична ситуација. Тамошните нереди не се случуваат само во северниот дел, туку во целата земја и таквата ситуација во Грција е последица на внатрешни причини.

Воспоставувањето на постојана гранична комисија или на тело што би го преставувало Советот за безбедност, на начин како што се предвидува со предлозите, како и склучување на конвенции и договори меѓу Грција, Југославија, Бугарија и Албанија, во огромна мерка претставува ограничување на суверените права на тие држави во решавањето на нивните меѓусебни односи."

Полската делегација ги изнесе следниве приговори на предлозите од Комисијата за грчкото прашање:

Мерките во целост се неефикасни, бидејќи тие ги земаат предвид само симптомите, а не и причините за неприликите што постојат во северна Грција и по должината на северната граница. Фактот што предложените мерки се неефикасни, може лесно да го загрози престижот на Обединетите нации.

Некои од предложените мерки се чини дека не го земаат предвид фактот што не постојат дипломатски односи меѓу Грција, од една страна и Бугарија и Албанија, од друга страна.

Во врска со предлогот изнесен под Б, во кој се сугерира формирање на постојано контролно тело, оваа мерка се чини несоодветна заради следните причини:

А. Таквото контролно тело ќе ги загрози суверените права на Грција, како и на Албанија, Бугарија и Југославија.

Б. Тоа ќе претставува мерка на присила во однос на Албанија, Бугарија и Југославија. Оваа мерка, на ниту еден начин нема да биде оправдана со резултатите до кои дојде истрагата на Комисијата. Токму затоа, наместо да доведе до подобрување на постојните тешкотии, таа може да доведе до сосема спротивни резултати.

Извештај на Специјалната комисија на Обединените нации за Балканот. Генералното Собрание. Официјални Протоколи. (Report of the United Nations Special Commitee on the Balkans. General Assembly, Official Records): Трето Заседание прилог бр. 8 (A/574) со дата 30 јуни 1948), стр. 18 и 29.

***

10.

Духот на Македонизмот во Титова Југославија

Факт е, дека за времето на Титова Југославија, секаква појава на духот за самостојна и независна држава Македонија, жестоко се прогонуваше со единствена цел: во рамките на Југославија да се создаде некаква имагинарна измислена наднационална „Југословенска нација", за која, целиот свој живот пледираше и се бореше Тито, залудно трудејќи се да создаде од илузија - кохезија на стаклени нозе на кои почиваше СФРЈ.

ТУКУ СЕ РЕАЛИЗИРА СЛЕДНОТО:

ВИСОКАТА ЦЕНА НА МАСОВНАТА ПОЛИТИКА ПРИМЕНЕТА НАД МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945 - 1949), БЕШЕ ПРОБЕН МОДЕЛ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНИТЕ ДВИЖЕЊА И ТОА ИМ УСПЕА НА ПРОЕКТАНТИТЕ.

До ден - денес нашата историја не даде одговор:

ШТО НИ СЕ СЛУЧУВАШЕ?

ЗОШТО И ОД КОИ ПРИЧИНИ СЕ РАЗВИВАШЕ СТРАТЕГИЈАТА ЗА „МАСОВНАТА ОДМАЗДА"?

ЗА ТАКВИОТ ПОВИК МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ИДЕОЛОШКИ СЕ ТЕРАШЕ ДА ОФОРМИ ПОЛИТИЧКО СЕМЕЈСТВО.

СЕ БАРАШЕ ВИСОК АНГАЖМАН НА МАКЕДОНСКАТА ЖЕНА.

ЖЕНИТЕ НАСИЛНО МОБИЛИЗИРАНИ, СЕ НАЈДОА ВО ПРВИТЕ БОРБЕНИ РЕДОВИ, СЕ ОБЕЗДЕТИ МАКЕДОНСКАТА КУЌА…

ЗОШТО ТОА НЕ ГО ПРАВЕА ГРЦИТЕ!?

Факт е дека со тоа беа турнати Македонците во војна уште пред да почне Граѓанската војна. Се покажа дека токму во времето на Студената војна и кога беше крената „железната завеса" помеѓу Грција и Југославија, Македонците под раководство на КПЈ/КПМ тргнаа во бесмисленият поход. Но, не мина долго време се осознавме дека сонот што ни го создадоа КПЈ/КПМ преку НОФ и АФЖ бил и останал: измама, вообразување, самоизмама, мечти, фантазија, празна надеж и неизводлива замисла за некаква обединета Македонија и дека низ таа војна се распаднавме во крв, раселувања и вечни талкачи - рамно на геноцид.

Ете така, ние Македонците од Егејска Македонија станавме СОУЧЕСНИЦИ И ЖРТВИ. Или најблаго речено: СОУЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ТАКВАТА ПОЛИТИКА ШТО ЈА ПРЕДВИДУВАШЕ ЗАГОВОРОТ - ГОЛЕМИТЕ ПРЕСЕЛБИ НА МАКЕДОНЦИТЕ БЕЗ ПРАВО НА ВРАЌАЊЕ ДОМА. ИЗГУБЕНИОТ ДУХ ГО БАРАА ВО ПРИФАТЛИШТАТА НИЗ ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ.

Историјата памти и збор и молк. Во историјата е - и вистината. А едноставно врз вистината е можно да се гради нешто вистинско и трајно. Но за жал, се до ден - денес дури и по 70 години имаме многу не разјаснети работи во македонската историја.

Повеќе од половина век, правејќи се наивни и слепи и за секоја нова ситуација им го вртевме другиот образ, неоти што не чувствувавме болка, туку без своја вина, при недостаток на информации, останавме заложници на сопствената немоќ, реално да го согледаме она што се случи со нас и како ја

изгубивме родната грутка за навек. Нема дилема од таквата прикриена историја, дака сите ние во овие 70 години станавме соучесници во губењето на вистинската историја за нашите поколенија.

Тоа беше врема на чиста политичка пропаганда и перење на мозокот.

Во изминатиот полавековен период од нас се бараше активно да молчиме, а тоа ни се наложуваше „активно" да учествуваме во етногеноцидот на сопственото население во родниот крај - Егејска Македонија. Овде не мислам само на Македонците од тој дел, туку и на нејзините подржувачи на чело со Тито и неговата политика со која се сакаше: „македонското прашање да биде закопано!"

11.

Досие Македонска политичка емиграција - Македонска работа или наследно братојадство

Сето ова ме потсетува на оние извртени замки дека ако сте против КПГ, вие сте за автономистите и ги штитите комитетациите (1944). Или сте против НОФ, АФЖ, формирана во Скопје (1945), вие сте против обединувањето на Македонија, вие сте гркомани и не му верувате на Тито. Или ако сте против „Илинден" формирана во емиграција (1950), вие сте Титов агент. Најнакрај кога се вративме во Р. Македонија од СССР и источните земји, раководителите на НОФ и АФЖ, беа пречекани со музика, станови и државна работа, (но не сите од нив, некој како П. Раковски не доби ни место за гроб). Но, од сите овие настани, најнезаборавен е пречекот на обичните војници на ДАГ преку „Идризово", односно низ ситото на УДБА. И најтрагикомичната средба беше со сите тие борци на НОФ и ДАГ кои масовно пребегнува во Југославија по 1948 година напуштајќи ги борбените единици по повикот од УДБА и КОС. Сега тие сите беа инсталирани во овие државни органи за надгледување на повратниците од Источните земји, а историчарот Кирјазовски, многу лесно наоѓаше предавници. Тој се научи брзо да ги лепи ваквите етикети.

По моето враќање (1957) во татковината Р. Македонија, настана првиот судир на судбините, по средбата на злодејци и жртви, во прифатилиштето „Чаир”, Скопје.

Како Македонците од Егејска Македонија да останат Македонци по враќањето од Источните земји во татковината Р. Македонија, кога службениците и институциите во графата националност им пишуваат „Егејци”?!

Утредента пред социјалното, застанав во исти ред со многуте мои соборци, пред еден шалтер на кој пишуваше: „Шалтер за Егејците”. Сега ми е тешко дури и невозможно да кажам кога точно, прв пат во животот, го слушнав зборот „Егејци”, со големо „Е”. Откаде и зошто не третираат како нова категорија на граѓани, (кои со векови се именувале како Македонци), сега именувани „Егејци”?! Па тоа беше апсолутно несоответно, бидејќи со тоа некој сакаше да изгубиме дел од својот идентитет. Сето тоа беше манипулација, како што е и денес со „Македонците со исламска вероисповед”, торбеши, помаци..., само со една цел, да се руши македонското јадро.

Го прочитав по втор пат напишаното и во себеси си велам: „Гледаш ли колку зла судбина има околу нас... Околу овој шалтер?”

Потоа добив и решение - Потврда за приемот на пријавата за престој Кочов Атанас Стојан, Националност: Егеец - репатриран од СССР под број 152/29 од 17.10.1957 год. Потоа во 1962 година добив решение бр. 6368 од 16.5.1962 година за едносoбен стан. Отсек за станбени работи - началник: Ристо Јанкуловски.

Воопшто не се сеќавам дека во домот на моите родители или во Граѓанската војна (1945 - 1949), но ниту во СССР, да сум го чул тој збор макар и еднаш.

Ме лутеше и огорчуваше, ме осамуваше тој збор. Ме правеше да чувствувам вина, без вина. Ме оттуѓуваше, ме истуркуваше надвор од матичната историја. Не само мене, туку секој

Македонец нерекуван Егеец се прашуваше: КОИ СМЕ ТОА „НИЕ”? Страшно, нели?

Но, се уште не можам да објаснам, што е тоа, што ме натера да ја рекоструирам целата вистина за драмата наша македонска и да докажувам дека сите сме „Егејци” и нема кој не почувствувал радост, страв, болка, љубов, гнев, повреденост, напуштеност? Внатре во нас, сите сме исти. Но, ние во прифатилиштето, се уште се потпираме на сликата што ни е инсталирана во главата: како чекориме кон совршеното комунистичко општество.

Покасно разбрав, дека оваа пропаганда, дека Егејците се зло за Македонија всушност била добро разработувана агенда од 1948 година наваму од страна на удбашите на КПЈ, и како што вели Александар Русјаков во својата статија „Крајот на светот: Света војна”, „Нова Македонија” од 18.9.2010 година”... удбашите на КПЈ, кои и ден - денес владеат со редовите на двете најголеми македонски и албански партии”

Немав намера да молчам. Меѓу првите го изложив мојот став; во разни статии, но и во книгата „(Само) жртвувањето на Македонците под Грција”. Особено затоа што бев меѓу оние првите што реагираа и јавно протестираа и тоа ми донесе лична штета, бев лишен од привилегиите на борците, но јас тоа го сфатив дека само злобник би можел да ме обвини за антимакедонец, односно бранење на нечија погрешна поданичка политика. Но, жарот со кој се пласираа критичките наводи на историчарот Кирјазовски, го следев како чиста поданичка политичка битка, не го игнорирав, туку го следев како ја проектира и рангира „вистината за Македонците во „секторската историја за Егејците”, и „за правата на оние мои соборци - несреќници кои станавме само паричка за поткусурување во битката за власт на оние што дезертираа од единиците на ДАГ”.

Познато е дека кодошењето е една од конститутивните црти на секое тоталитарно општество. Наклеветениот губи работа, углед и Чест. Тоа беше типично и за нас Македонците борци од ДАГ, кои по Граѓанската војна: едни останавме до крај на

војната, а други дезертираа во Југославија и сето тоа доаѓаше единствено како последица на несреќата на другиот. Идеолошко кокетирање на одредени борци - НОФ-ити, кои дезертираа од ДАГ (од пеколот на црвеното губилиште, да спасат глава).

За жал, многу од овие луѓе имаа една многу нереална желба - сакаа да ја прикажуваат историјата без никаква наша вина, а исходот на војната го покажа обратното: да пишуваме и да зборуваме за македонска стратегија, и дека е одредена од нас Македонците под Грција е надвор од контролата на разумот. Но, едно е непобитно: Минатото никогаш целосно не умира!

По репатрирањето од источноевропските земји во Р. Македонија, многу од нас борците беа окарактеризирани како неподржувачи на Титовата линија и долго беа под истрага, токму од оние кои дезертираа од ДАГ. Долги години, се клеветеа (нечујно) едни со други и низ туѓите идеолошки поданства, поделеноста, траеше се до осамостојувањето на Р. Македонија.

Ние Македонците, таквите манипулации, одамна требаше да ги сфатиме, нашето поданство како злосторство, а не покорно да живееме низ годините на кобата и гневноста со молчење...

***

12.

Ристо Кирјазовски неговите пишувања и полемиките со него

Според изнесените факти во оваа последна книга, историчарот Кирјазовски; ги наведува и опишува фактите со кои полемизираа критикуваните автори кои беа во потрага по зрнцето вистина (еден од нив сум и јас со моите книги: (Само) жртвувањето на Македонците под Грција, 1994 год., Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција, 2000 год. и други.) уште пред повеќе од 20 - 30 години. И токму една од причините што ме натера книгата „Петте судбоносни години

(1945 - 1949)" од историчарот Кирјазовски, критички да ја проследам со непобитните факти, кои и тој денес ги признава.

Читам, така, се чудам и крстам (иако сум атеист!).

Да не заборавил на не доличното стигматизирање и клевети, но јас решив да одговорам но не со „Досие", туку со: На книга се одговара со книга, не со отварање ДОСИЕ.

Значи, тоа беше време кога историчарот на секого можеше да му рече: „Затни ја муцката и јади го лебот што ти го даваме!" Тој во знак на одбрана отвори производствена линија што штанцуваше „одјеци и реаговања."

Највпечатливи примери за тоа како биле уништувани судбините на истакнати македонски борци поради политички мотиви, во далечната 1976 имав прочитано една рецензија, се разбира пак во приватна режија на Д-р Кирјазовски, со исти стил, со иста намера и храброст, и со нему својствениот политички активизам. Тогаш тој за предметот Ск. 4-686 инв. бр. 1419/76, архив на ИНИ, напиша: „Трудот на Павле Раковски е промашена работа и не може да биде од полза. Поради тоа што текстот содржи и провокативни тврдења против југословенското раководство, предлагам трудот да не се дава на користење на поширокатa читачка публика" (15.11.1976 година)." Чудна работа!

Многу тешки историски работи паднаа и се скршија врз Павле Раковски, врз неговата лична судбина...

Овој автор и врвен интелектуалец (Павле Раковски), од таквите пресуди, по враќањето од сибирските логори во Н.Р. Македонија, како да немаше право на парче македонска земја, можеби затоа и не доби ни сопствен гроб. А целиот живот го посвети на македонското дело. Тој беше еден од членовите на потесното раководство на НОФ. Ја напиша првата македонска азбука од 24 букви, а со таа азбука се напишани: Прогласот од македонскиот народ во Воденско, повеќе песни, маршот на Воденскиот баталјон и др. Тој беше анатемисан; а беше рехабилитиран по 30 години, малку пред неговата смрт.

Павле Раковски (и многу други) доживеаа: Најстрашен внатрешен затвор. Каков бил тој внатрешен затвор? Внатрешниот затвор на оној што бил, (од власта), терминирано застрашен од евентуалната помисла да погреши, да биде валкан, лажовен, затскриен, невоспитан, некултурен. Тоа е состојба (доживеана) во душата, состојба на умот и чувствата.

Кога човек не гледа смисла во животот почнува да ја бара во смртта, во ништовноста. Што значи, внатрешниот затвор е многу повеќе од темната келија.

Еве, како тоа го правевме покрај туѓинците и самите ние.

***

Сега за мојата книга „(Само) жртвувањето на Македонците под Грција" 1994 год., и обидот да се размислува поинаку. Д-р Кирјазовски не го сфати тоа дека е придонес за афирмација на слободата на интелектуалната мисла, туку се послужи со методот на тоталитарната идеологија, која од секогаш се поставуваше како господар на вистината, напиша материјал, (со умисла - обид за сатанизација), од 41 страница и не го објави, туку го подели на „Чуварите" на историјата за Егејска Македонија. Инструирани, препишуваа цели пасуси и се јавуваа на страниците за писма во „Нова Македонија", тие беа луѓето, кои традиционално беа ангажирани од Кирјазовски, исто како онаа музичка кутија што се навива и свири една иста песна. Некој, си ја сфатија вината. Некои, не! Да се разбереме (тоа го покажа времето), не се писмени луѓето што знаат да читаат и да пишуваат. Тие само не се аналфабети. За вистинска писменост треба многу, многу повеќе труд и напор!

Материјалот напишан од Кирјазовски е депониран на 8.04.1994 година во фонд „Мемоари" бр. Ск.1118 во одделението за документација на ИНИ.

Во рубриката ФОРУМ, „Македонско Сонце" од 14.12.2001, самиот Киријазовски, за мојата книга „Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција", (2000 год.) пишува:

„Според С. Кочов македонската историографија е сервилна, односно потчинета на линијата на Белград, дневно политичка и необјективна... Основното што го поставува Кочов, и се обидува да даде одговор е прашањето кој е виновен за Граѓанската војна и тешките последици за Македонците.

...Господинот С. Кочов тврди дека Граѓанската војна не беше ниту револуција ниту продолжение на славниот Илинден, дека организацијата НОФ на Македонците од Егејска Македонија им робуваше на КПГ и на КПЈ, односно им служеше на туѓите антимакедонски интереси, на КПГ и на КПЈ.

...Доколку организацијата НОФ ја одигра улогата што ѝ ја припишува господинот Кочов, тогаш раководството на НОФ е директен соучесник и одговорен за трагичните последици за Македонците, поради што не може да биде амнестиран и да му се пејат славопојки.

...Кочов ја обвинува македонската историографија за не интегрално изучувањето на историјата на Македонскиот народ и дека тоа е пример само наш (македонски феномен), што не е сосема точно.”

Ете, зашто ме обвинуваше историчарот Кирјазовски, а сега сето тоа го признава и го опишува во оваа негова последна книга, но јас и сега од тој голем спектар на прашања, едно од доминатните прашања за мене е: дали имаме интегрална македонска историја?

Зошто го поставувам ова прашање? Затоа што сакале или не, и ние Македонците од Егејска Македонија имаме само една татковина и нема да откријам тајна ако кажам дека во Македонија немало национален интерес да се напише вистината за се што се случило со Македонците под Грција, во Граѓанската војна, посебно во годините 1946 - 1949 година, кога македонските организации се раководеа од КПЈ/КПМ.

Како и зошто Кирјазовски си го земаше тоа право сите ние по војната што не дезертиравме од ДАГ и се вративме во

Југославија, односно во Н.Р. Македонија од источноевропските земји, од нас да направи исполитизирани и тоа со политичка култура на многу ниско ниво, (дури и неверни на режимот), да не лиши од сите привелегии кои ги имаат некои соборци...

Јас, по војната, со една голема воена формација заминав во СССР. Во СССР се школував и поминав еден навистина скромен но убав период од мојот живот кој ми помогна да сфатам и да научам да ги ценам луѓето и работите околу мене многу повеќе отколку што умеев порано. Имав можност изворно да ги согледам сите зла што им беа направени на македонскиот човек и на македонското семејство и со сите тие судбински проблеми ние Македонците живеевме, но по враќањето на сите нас, поминувањето низ Идризово ни беше несфатливо?! Сега, верувам дека на секому му е јасно: Сталин и Тито се караа, а ние Македонците страдавме и во одредени ситуации се зајадувавме како братојадци...

И како што вели рускиот писател - Фјодор Достоевски: „Оној што самиот себеси се лаже, најлесно се навредува...”

Секој интелигентен човек, може да претпостави, од кои мотиви Кирјазовски тоа го правел: Дека тој како титуларен режимски историчар, посака книгата „(Само) жртвувањето” да ја одмине со академско потценување, зашто ќе му биде под достоинството да се занимава со писанијата на еден лаик, туку, подобро е да организира група „учени” мажи, кои полавек по нашиот национален пораз изигруваат марксисти и „револуционери” (ама ги знаев дека сите тие заедно со Кирјазовски беа дезертери од ДАГ), за одбрана на неговите досегашни напишани „Историски вредности: за историјата на Македонците под Грција.”

Крај му нема на таквите луѓе, но тоа ме потсетува на грчкиот филозов Сократ (469 - 399 п.н.е), кога го прашале: Кое животно најлуто каса, тој одговорил:
„ - Од дивите - клеветникот. Од припитомените - подлизуркото.”

Повод за класна кавга, или бесполезно идеолошко дејствување како чувари на отворена масовна гробница во која го фрлаа секој самосвесен Македонец. Се беше сведено на опасна делба во македонското национално ткиво.

Факт е дека туѓите идеологии кон нас Македонците создадоа паралени светови и паралелни историски настани.

Ние учесниците на ДАГ кои имавме историско сеќавање на долга низа национални порази го знаевме тоа. Но за џабе по поразот на ДАГ се идентификувавме заедно со НОФ -итите и АФЖ -итките како излажани „Македончиња", што не ги бива за ништо, како ние небаре се помиривме кога не викаа „Егејци" и толку се навикнавме на губитничкиот „Идентитет" што дури сега, кога целата македонска нација е занишана за името и идентитетот, можеме да се увериме дека од пред полавек некои чепкале по нашето најсвето, а тоа ни покажува дека некои од многу одамна посакувале да не обезмакедончат.

Блазе си на тогашните политички активисти, значи, ете се покажува дека од тогаш систематски работеле на уништување на нашата национална гордост.

Во една од групите најзабавни, беа изјавите на оние кои не се само некомпетентни, туку и тотално неинформирани (луѓе со вграден поданички чип, споменувајќи пријатели и сојузници - Грци и Југословени, при што забораваа дека тие си имаат сопствени национални и геополитички интереси, токму на Балканот.)

А еден поголем број беа од гоголјевиот список на „мртви души" и тоа ме потсети на она што го напишал Бјелински, по читањето на „Мртви души" од Гоголь: „Господе, зар толку е јадна, бедна и жална нашата - вистина"?! Се разбира, сите тие написи беа пласирани преку идејата на познатиот модел на нашето минато, со одредена предумисла, со стеснет интелектуален хоризонт и сведено на:

Што всушност бранеа тие? Тие велеа: „Убаво ни е пишана историјата за Егејците..."

По ова идеолошко лаење, се чувствував целосно деградиран, разнебитен и полн со бес, зашто во својата татковина не можам да најдам одговор; зошто јас и илјадници Македонци сме се жртвувале, односно: дали таа војна беше револуција или измама - турнати од КПЈ/КПМ во војна низ која спрема ЗАГОВОРОТ, требаше ние Македонците од Егејска Македонија да доживееме ГЕНОЦИД.

Но, бев убеден дека историјата, како општествена наука, ќе мора да биде во функција на општеството и да ја ослободи мислата. И кога тогаш, ќе ја дознаеме таа сурова реалност. Отсекогаш постоел стравот од историјата... Но, кога говорат веродостојните факти, тогаш, само тоа може да биде историска вистина и само така ќе се ослободиме од превезот на мракот, и ќе ја видиме вистината дека сите тие историски настани ни го трасираа патот кон иднината - со крупни чекори назад.

Но, се поставува прашањето: Дали ние Македонците едноставно не сме способни за самокритика?

Ова не е прв ужасен заборав што ја зафати Македонија (што го зафати Македонецот). Нема веќе илузии и лаги. Нам ни е потребна радикална промена на поданичкиот македонски манталитет. Секој што мисли дека може да не заведува и лаже - поарно кажано тој има проблем со самиот себе, а тоа го покажа и Кирјазовски со оваа книга, која ја издаде надвор од националната институција ИНИ.

Таквата историографија за нас Македонците од Егејска Македонија се покажа дека во овие 60 години беше најподложна на политизации и мајоризација од политичка позиција. А кога се манипулира со неа настанува искривоколчување кое е со несогледливи последици.

Во истражувањата, конечно се откриени сите умислените прикриени факти и од други македонски автори, кои ја имаат напишано секторската историја за Егејците. Шест децении прикриени се корените на злото и мрачните тајни на актерите (проектирантите), кои ја поставија смртоносната стапица низ

идеолошкиот активизам, кој доведе до големата измама на векот - геноцид и најголемите преселби на Македонците од Грција.Оние кои не го чувствуваат извршениот геноцид над Македонците под Грција во 1945 - 1949 година, како македонска трагедија, тие никогаш не ќе можат да ја сфатат фашизо - геноцидната политика на Грција што ја има спрема македонскиот народ.

Па затоа, илузорно е да се бега од судбината, макар колку и да е трагична или несреќна за нас Македонците.

Историјата памти и збор и молк. Во историјата е - и вистината. А едноставно врз вистината е можно да се гради нешто вистинско и трајно.

Ако е така, а така е, тогаш самите сме виновни за своите постапки. Мина времето кога по потреба, секогаш некој друг можеше да биде виновен за она, за што самите сме виновни. Ние Македонците, треба да си признаеме, дека сме биле долго под надгледување од страна Грците а тие одамна рекоа за нас: „Остави го непријателот да спие". Истражувањата покажуваат дека на проектантите на ЗАГОВОРОТ им беше познато дека кај нас Македонците страстите лесно зовриваат. Тоа се потврди дека ние во крвта и секој од нас (посебно тие што бевме сведоци во таа војна), досега барем еднаш се соочил во животот дека историјата што ја создававме беше трагична.

13.

КАКВИ СЕ НАШИТЕ ВИСТИНИ?

Истражувањето покажува дека ние Македонците и по сите преживеани премрежија низ текот на Граѓанската војна, како народ не се ослободивме од очекувањата што зависеа од другите, (туѓинците - комунистички партии (КПЈ и КПГ) кои спрема нас беа со крајно сомнителни политички вредности, и не се вративме кон себеси, оти токму тука лежеше и едноставната сила на самопочитувањето, туку продолживме да се (само) жртвуваме и да гинеме со ЛАЖНА НАДЕЖ ВО ИЛУЗИИ. Така и сме (ни) ја пишувале историјата.

Значи, зошто на Македонците им се случи тоа што им се случи? Прифаќајќи ја замката, да ни ја стават јамката, настаните ни покажаа дека активистичката пропаганда за масовно учество на Македонците потикнувано од КПЈ/КПМ, преку НОФ и АФЖ, сами си ја уништивме (си ја подјадовме), иднината во предедовата земја и останавме (не оставија), пола век со ПРАЗЕН ПОГЛЕД.

Така се пишуваше „историската вистина", која повеќе од полавек беше една и единствена. Поимот на напишаната вистина беше Бог, неподложен на промена или на дај Боже - ревизија.

По завршувањето на војната, ставот на левицата беше следниот:

На Конгресот во мај 1987 година беше донесен став, за да на прес конференцијата со грчките и странските новинари, во септември 1988 (скоро година дена потоа), во Солун генералниот секретар на КПГ, Харилаос Флоракис, конкретизира, односно кажа отворено зошто на Конгресот е заземен таков став. Имено, на односното прашање од новинарот на „Месимврини", Флоракис, меѓу другото рече дека: „Во оваа пригода сакам да кажам дека за нас, за нашата Партија, „македонското малцинство не постои!"

(Вечер, од 5 ноември 1988, с. 9)

***

Како денес си спомнувам: во педесетите години во Ташкент, ми го постави прашањето еден мој храбар соборец, внук на Илинденците и син на Костурските комити кои беа безмилосно ликвидирани и анатемисани. Ми вели: „Вистина е Костурските комити, не успеаја да направат рај во нашата Егејска Македонија, но заради тоа требаше ли НОФ и АФЖ да направат пекол?"

Многу тајни за геноцидот над Македонците под Грција се кријат и во потезите на КПЈ/КПМ и токму таму остануваат

нерасчистени вистинските мотиви за тајното организирање на македонските организации НОФ и АФЖ, во Скопје на 23 април 1945 година, под раководството на КПЈ (Тито, Колишевски и Митревски) и токму тогаш ни беше ставена ЈАМКАТА.

Сите знаеме дека Македонија како Целина пропадна 1913 година. Пропаднаа и двата дела. Меѓутоа, еден дел преживеа. Прво, како република во состав на федеративна држава, а веќе 20 години како самостојна држава. Затоа, од Грција се и сите настојувања се да пропадне, и овој последен дел од - Република Македонија.

Токму тоа сакам да напоменам на она што денес по 60 години ни се случува со Грција за името, идентитетот и јазикот: основниот мотив на Грција да ја склучи Привремената спогодба со Македонија беше наводната безбедносна закана на Македонија за Грција. Македонија ги прифати тие причини како релевантни и правни интервенции во уставот за македонското малцинство во Грција, го измени знамето, се согласи со ново привремено име, а за возврат побара Грција да не ја попречува во зачленувањето во меѓународни организации. Веќе овие отстапки, како што беше кажано, се правно ништовни, а и политички неправилни.

Би можел тука да прекинам и да оставам секој од читателите што ќе ја чита книгата да побара сопствено објаснување за тоа што ни се случуваше. Но, ќе изнесам повеќе докази: факти и аргументи кои ќе го расветлат тоа наше проклето поданство што не доведе за навек да ја изгубиме родната прадедова земја и да останеме цел живот со поглед во празно и повеќе од полавек читајќи ја напишаната македонската антиисторија, но и остана: борбата за враќање на одземениот идентитет.

ТАКА ЗАВРШИ ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА И МАКЕДОНЦИТЕ НАД КОИ Е ИЗВРШЕН МАСОВЕН ГЕНОЦИДЕН ЗАФАТ СО НАСИЛНИ ПРОГОНИ НАД МИРНОТО НАСЕЛЕНИЕ, ЗАПАМТЕНИ ВО ИСТОРИЈАТА КАКО - ГОЛЕМИТЕ ПРЕСЕЛБИ (1945 - 1949)

14.

ЗАКЛУЧОК: Наместо крик, молк за геноцидот.

НЕПОБИТЕН ФАКТ Е : Откако Грција подпадна под сферата на влијание на западните сили: Англија и Америка и НАТО, превземената акција за формирање македонски организации НОФ и АФЖ во Скопје на 23 април 1945 година од страна на КПМ/КПЈ и решението да го стават македонскиот селанец, (голорак), да се крене на лажна револуција и да биде бришан пред модерната наоружена грчка армија, тоа не е трагедија, тоа е повеќе од глупост и најгруба измама, бидејќи на почетокот му се пропагираше дека: „Југославија стана центар на револуција на Балканот и дека македонското прашање стана југословенско прашање."

Токму тогаш беше донесена дефинитивната смртна пресуда за нас Македонците; формулирана како „Конечно решение на македонското прашање." Со други зборови; им се оствари подмолниот план на сите проектанти: Протерувањето и убивањето на цел еден македонски народ до последниот негов припадник! А тие што останаа живи, никогаш да немаат право да се вратат на своето вековно живеалиште и да се држат под закана и идеолошка надгледност:

Или си наш сојузник или си противник,
Или си за Информбирото или си против него
и се до денешно време:
Или си за ЕУ или си против Грција,
Или си за уставното име или си за официјален јазик
(а ние Македонците во Грција јас паметам дека по дома имавме само македонски јазик)

Тоа треба отворено да им се каже на генерациите!

На задната Корица:

ФАКТ БР. 1

На 5 мај 1949 година, Ф. Меклеан се сретна со Тито во Белград. Маклеан по директива на британската влада побара од Тито

гаранции за еден решителен пресврт на Југославија спрема ДАГ, со возврат доделување економска помош од западните земји. Тито на Маклеан му признал дека Југославија во минатото ја помагала ДАГ, но, потенцирал дека ситуацијата веќе е променета. Сепак, Тито не може да откаже давање азил на бегалците од Грција, на кои сега не им дозволувал да се вратат во своите формации. Тито се обврзал дека во иднина на ниеден Грк бегалец нема да му се дозволи повторно да стапи во редовите на ДАГ и нема да им дава помош на партизаните. Тито побарал од Меклеан да не биде обелоденета оваа негова обврска, бидејќи такво нешто многу ќе ги изложи Британците да го одржат ветувањето, информирајќи ги само Американците. (Ф. Меклеан бил шеф на Британската воена мисија во ВШ на НОВ И ПОЈ)

ФАКТ БР. 2

ОФИЦИЈАЛНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НОФ ЗА АГЕНТУРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И СО ТОА НИ ЈА СТАВИЈА ЈАМКАТА ОКОЛУ ВРАТОТ

Во една пештера меѓу селата Орово и Нивици, Преспа, во реонот „„Африка", на состанокот кој го отворил генералниот секретар на КПГ Никос Захаријадис. Тој, меѓу другото, на 20.06.1949 година, на состанокот го потврдил следното: „...НОФ е агентурска организација која ја пречеше реализацијата на линијата на КПГ и со тоа му нанесе штети и непријатности на демократското движење во земјата. Во земјата Македонија, дејствуваа и имаа корени трите агентури: на ОЗНА, на ЈА и на Колишевски, која ги контролираше првите две агентури. Сите агенти на југословенските известителни служби даваа писмени обврски дека доследно ќе ја извршуваат агентурската работа...

***

15.

Обраќање до Македонскиот народ и Македонија

Мислење и коментар на Спиро Мавровски во врска со книгата на Г-динот Кочов, во која се обидов со јазична и друга коректура и одделни делови мои преводи и кажување овој голем труд на Г-динот Стојан Кочов го направиме уште подобар и читлив и за помладата генерација. Моите ставови се многу блиски до она што го пишува Г-динот Стојан Кочов и затоа е целиот мој ангажман. Моето спознавање на овие ситуации ме прати од моето раѓање. Моите родители за жал сега и двајцата починати, Ристо Шкаврев Мавровски од с. Желево и мајка ми Софија Гумарова Роси од с. Поздивишта. Тој борец во ДАГ три пати рануван, одликуван Народен Херој, однесен со брод од Албанија како воен инвалид, во болница 250, во Полска. Мајка ми била дел од децата бегалци, заминува во Романија – Калиманешти, па потоа во Полска – Згоржелец, каде се запознаваат со татко ми, склучуваат брак и се раѓам јас. Роден сум 1957 година, на 09.04 во Швидница, за да веќе во август истата година се враќам, т.е. ме носат во Македонија. Поминуваме по Идризово, се разбира, и не препраќаат во Битола. За се ова имам напишано книга посветена на татко ми и правена врз основа на негови белешки и мој истражувачки труд. Книгата се вика „Кажувањата на еден Желеец". Досега сум имал среќа да ги прочитам сите книги од Г-динот Стојан Кочов, во кого препознав некој кој работите ги кажува многу поинаку од она што можев до тогаш да прочитам. Пребарував по голем број дела и се повеќе работите се разбиструваа. За голема жалост последните случувања со Македонија, веќе и претходно се случиле, но тогаш платени со многу човечки животи, а сега со продажба на се што остана од нашата за голема жалост, Жална Македонија. По разговорите со Г-динот Стојан Кочов веќе чувствувам тоа што тој го работел да има завршница, жално е да останеме на оние што ја фалсификувале историјата и нивните кажувања. Ова е почеток на една соработка и се надевам да трае подолго. Ви посакувам добро здравје Г-дине Стојан Кочов. Ова мое наредно пишување е од пред да имам чест да ја видам најновата книга на Г-динот Стојан Кочов, а беше предизвикано од целата состојба по изборите во 2016 година.

Обраќање до Македонскиот народ и Македонија

Почитувани браќа и сестри и сите останати кои живеете заедно со нас во оваа наша напатена Македонија.

Еве веќе чувствувам потреба да се произнесам по повод ова лудило кое е секаде околу нас, кога некој и понатаму е упорен во кажувањата дека „ништо не разбира", „зошто се овие протести", изјавите од типот: „Ова е државен удар", или: „ние имаме право и начин како да дојдеме на власт, но тоа не ви го кажуваме и покрај тоа што сме толку транспарентни", „не се плашете јас не можам да ги средам сите, но работиме на тоа".

Разочаран сум од интелектуалниот капацитет на предводниците на цело ова лудило кое еве веќе трае скоро две години.

Господа од СДСМ или СКЈ со подогранок СКМ, па СКМ-ПДП, па на крајот да излезете со името СДСМ, но Вие секогаш сте биле истите и со овие Ваши последни искази само го потврдувате ова правило. Не би Ви се обраќал за некои поранешни работи кои како партија сте ги направиле на штета на македонскиот народ. Вашата заложба и уверување до ден денеска, дека најдобро ни беше со Тито, „тој ни даде многу работи", барем така кажувате, но другото што Тој го направи, државниот удар, уште во создавањето на Македонија и комплетното истребување на македонската интелегенција и сите оние кои ја сакаа оваа наша држава Македонија, но за тоа не кажувате никаде. За таа Македонија за која се бореа нашите претци, Илинденците, а и вториот Илинден немаше да биде никогаш подигнат, ако имињата на партизанските одредите не беа повторно со имињата на нашите Илинденци: Гоце Делчев, Даме Груев, Јане Сандански и останатите. Зарем мислите дека во Македонија тогаш само аграрна, селска земја имало толку многу комунисти за да поведат партиска и социјална борба. Сигурно не, немало, тие луѓе се броеле и се познавале меѓу себе. Се започна со смената и прогонот на секретарот на ПК на КПМ Методија Шаторов Шарло уште во 1941 година. Шаторов е роден во Прилеп 1897, загинал во борба со бугарската војска близу до Пазарџик, Бугарија, само пет дена пред капитулацијата на фашистичка Бугарија, на 04.09.1944 како раководител на партизански одред. Од крајот на Првата светска војна бил емигрант во Бугарија. Член на БКП од 1920 год. Во

1929 год. емигрира во СССР. Во СССР и Коминтерната каде оди на политички школи се изјаснува по националност Македонец а државјанин на Бугарија. Активен учесник и еден од организаторите за интернационалните бригади во Граѓанската војна во Шпанија од 1936-39 година. Од пролетта 1940 до септември 1941 бил секретар на ПК КПЈ за Македонија. Се застапува за формирање на сопствена македонска држава и обединување на Македонија, со потенцирање на македонска национална индувидуалност. Отстранет од функцијата секретар (по налог од Тито), по разрешувањето на спорот меѓу КПЈ и БРП – преку Коминтерната, за припадноста на ПК за Македонија на Југославија или Бугарија. По војната анатемисан и осудуван како пробугараш и не на југословенската линија. Но никој не го кажа она за кое што тој се бореше: независна од никој КПМ. Вашето разбирање на демократијата и македонизмот продолжува и ја видовме одма по Првото и Второто заседание на АСНОМ кога целата интелегенција која ја имаше Македонија, луѓе кои завршија високо образование во Виена, Прага на Сорбона во Париз, сите кои ја поседуваа љубовта кон Македонија и Македонците беа елиминирани од политичката сцена, а некои за жал и од овоземскиот живот. Секако големи заслуги на луѓето кои се чувствуваа Македонци и се бореа за Македонија, таа Македонија што ја посакуваше и Македонскиот народ. Не смееме да ги заборавиме Методија Андонов – Ченто, Емануел Мане Чучков, Лазар Соколов, Димитар Влахов, Владимир Полежиновски, Панко Брашнаров, Петре Пирузе – Мајски, Венко Марковски, Павел Шатев – Гемиџијата, Кирил Петрушевски, Благој Хаџи Панзов, а тука никако да не се забораваат и личности како Коста Солев Рацин, Чеде Филиповски – Даме и многу други кои беа ликвидирани затоа што скршнале од партиската линија. Но затоа тогашните работници, студенти, домаќинки, чиновници и пред се послушници ја презедоа понудената власт од големиот брат и како врвни послушници, успеваат да стигнат до премногу високи политички и државни позиции, кои и самите знаеја дека не ги заслужуваат, но последиците од сето тоа беа катастрофални и ги гледаме и до ден денеска.

За овој баласт не сака никој да зборува, ги спомнувате борците, антифашистичката борба, нашата голема улога во

ослободувањето на Македонија, Сремскиот фронт, ослободувањето на Загреб од страна на македонската бригада, (што и навистина се случи, но Македонците ја почекаа Личката бригада да измаршира во ослободениот Загреб). А со самото тоа сме учествувале и во ослободувањето на Европа, (за појаснување Берлин капитулира на 09.05.1945 год. а ние т.е. оние кои не ослободуваа (титовите партизани, заедно со нашите војски го ослободуваме Загреб на 15.05.1945 год.). Толку за нашето ослободување од некој и некого, а кој учествуваше во завршните операции на ослободувањето на Македонија, ќе треба да прочитате од оние кои ги воделе борбите (на пр. Трајче Груевски) и со кого соработувале, со чија армија?

Вие не кажувате никаде за овие предавства, кога еден Светозар Вукмановиќ Темпо успева да го разбие АСНОМ за да постави свои послушници со чии вазалски однесувања до денес не можеме да излеземе од овој затворен круг, кој за жал со секоја одлука, се повеќе и повеќе се стеснува и на крајот ќе остане само колку за една јамка околу вратот на нас Македонците. А со тоа ќе ги избришиме нашите поколенија од картата на народите во светот и ќе станеме Албанци или како што тогаш некој не направил да бидеме најголеми Југословени, а од Југославија добивме што? Слободата сигурно не, сами се изборивме, пред војната црното петно во македонската историја, кога се изврши комплетна деетнизација, колонизација за која не сака никој да зборува, србизација на се што е македонско, промена на имиња, јазик, богослужби се што можи „брат" на брат да му направи, дури и повеќе од тоа тие ни направија. Тоа е заслугата на стара Југославија. И да не заборавам и по смртта на оваа вештачка држава Југославија нам на Македонците ни остана таа „чест" (најголемата срамота), да го носиме името (Поранешна Југословенска Република Македонија). По војната, во нашата држава од како ја исчистивме цела македонска интелегенција, се случува наредниот голем упад во Македонија, сега како Народна социјалистичка република, скоро сите директори по тогашните фирми по дифолт, (однапред дадено право) се Срби по националност, а пак сите команданти на касарните низ Македонија се Црногорци, а ние сме повторно песокот низ кој поминува водата, ние останuваме „свои на своето".

Започна Граѓанска војна во Грција, во нашата Егејска Македонија, повторно Југославија се меша, наводно за да и помогне на Македонија, ја помага војната, формира единици на територијата на Југославија и заедно со КПГ (Кумунистичката Партија на Грција), нон стоп спрема потребите, тие единици се префрлаат де на страната на КПЈ, (Комунистичката Партија на Југославија), де на страната на КПГ, за да на крајот тие борци, како предавници, по резолуцијата на Информбирото, поголемиот број од нив завршат по логорите во Русија, предадени како Титови шпиони.

За да ги појасниме работите Тито од самиот почеток на Граѓанската војна во Грција по наредба на неговиот надреден Генералисимус Ј.В. Сталин, почнува да ја организира и директно учествува во неа. Во Белград се префрли актуелното раководство на вооруженият отпор од КПГ, кое заедно со југословенскиот воен кадар работеше на организација, помагање, овозможување на ранетите да преминуваат на територијата на Југославија, која е и главен лиферант на оружјето и другата воена опрема која преку Југославија требаше да завршува во Грција, на територијата на Егејска Македонија каде и во основа се водеше целата Граѓанска војна. Ако мислите дека во ова раководство на оваа Граѓанска војна имаше барем еден Македонец, се лажете, и покрај тоа што грчкото раководство (Маркос, Јоанидис членови на ПБ на ЦК на КПГ), цело време беше во Југославија каде Македонија беше составен дел од неа. Тука се формираа воени единици со пребегани борци од Грција, Македонци, тука на 23.04.1945 се формираа НОФ и од него АФЖ И НОМС за Македонците од Егејска Македонија, кои потоа по наредба на Тито и Колишевски, во договор со Захаријадис, генералниот секретар на КПГ од 02.04.1946 год., истите се вратени во Грција за да бидат под команда на КПГ и влегоа во единиците на ДАГ. Дел од нив беа препратени на југ кон Грција и поголем дел од тие борци за жал погинаа. На територијата на Југославија или во Н.Р. Македонија во Преспа, т.е. во Асамати на 23.12.1947 год. се формира и Привремената Демократска Влада на Грција која за жал не ја призна никој во светот. Значи конците во таа војна се влечеа од СССР и Сталин и Југославија со Тито. Но ова

идила траеше се до фамозната резолуција на Информбирото по која се што Југославија го правеше за Граѓанската војна наеднаш се прекина.

Македонските (југословенските), граници се затворија за македонските борци, што предизвика невиден масакр врз борците на ДАГ (Демократската Армија на Грција), но и на цивилите од тој дел на Егејска Македонија, а нивното учество во бегалскиот бран како цивилно население беше скоро 100%. На кого му се затворија границите? И зошто?

Таа и таква Југославија понатаму успеа да се договори со Велика Британија некаде во април 1949 год. за одредена сума на пари повеќе да не ги прима борците на ДАГ, да не ги помага со оружје и храна, така да по тоа се водеше до неизбежна гибел, што за жал и се случи на крајот на Август 1949 год. Целокупните преостанати борци на ДАГ се префрлија во Албанија заедно со огромен број на цивили, за по тоа да завршат во далечниот Ташкент, СССР и останатите социјалистички држави каде за жал завршија и најголемиот број деца бегалци, кои ја поминаа југословенската граница некаде пролетта 1948 год. во најголем број. По ова Југославија со Тито влезе и во воен сојуз со Грција и Турција 1953 год. како јужно крило на НАТО и југозападно крило за заштита кон државите од Варшавскиот договор. Од тоа „корист" за македонскиот народ беше само тоа што Тито, за определена се разбира голема милионска сума од долари, се обврза македонското прашање со Грција да го затвори и повеќе и да не се дискутира за тој изгледа само за нас горлив проблем, Егејска Македонија и Македонците од неа, сега расфрлани по светот. Последиците се тие што борците на ДАГ барем повеќето од нив кои останаа живи, и се вратија во СРМ да бидат поблиску до своите родни огништа, но за жал никогаш не ги посетија истите. И умреа во својата Македонија како „Егејци". Но за жал секој од нив при доаѓањето беше принуден да помине извесно време во затворите во Идризово за да биде испитан, не дали е Македонец или не е, туку дали е за Тито или е против него. И за ова малку, или никој не зборува. Дури и ние децата од овие родители кои беа борци во ДАГ, или пак деца на „Децата бегалци" (единствени во светот, одделени од своите родители, оставени

да пораснат по детските домови во државите од социјалистичкиот лагер, прв вистински егзодус во историјата на човештвото), ја делевме нивната судбина за тоа што не по наша вина сме родени во тогашните држави од социјалистичкиот блок, (Русија, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Германија ГДР, Бугарија). Поминаа цели триесет години од кога за прв пат и тоа по грешка добив виза од туристичка агенција, за да запалам свеќа на гробовите на моите претци кои ги положиле животите за слободата на Македонија. А за некои од нив за жал и до денес не знаеме каде се нивните гробови, но знаеме дека се длабоко вградени во македонската земја и желбата за слобода на истата. Ете толку господа од СКМ за Вашите ангажмани за развој на македонскиот дух на овие простори. Што беше нашата вина. Ние учевме растевме во оваа држава, отидовме во тогашната ЈНА, ќе треба да ја напишеме и таа заклетва како што ја напиша Г-динот Стојан Кочов за ЕЛАС и ДАГ, и во оваа пак го браниме територјалниот интегритет, суверенитет до последната капка крв, но сега државата е Југославија. Се вработивме ги плаќавме сите давачки кон државата имавме исти пасоши како и останатите државјани, не како сега кога некој ги бара на друг јазик и да се поразлични од другите, имавме исти лични карти но ние за жал не можевме да ја поминеме грчката граница. Заради кој, сигурно не заради Грција, таа и со устав и со закони не избриша како луѓе што не се Грци по род. Но Југославија не не запиша како редовни нормални граѓани на Југославија, и воопшто тоа прашање никогаш не го постави на дневен ред. Досега за жал во Грција Македонец не влегол, барем официјално, влегуваа и покасно и ние како Југословени, па граѓани на БЈРМ, а сега како граѓани на Северна Македонија. Ете таа е вистината.

Додека другите републики се развиваа се градеше се и сешто, ние бевме задоволни со тоа што нашето замјоделие со по некој трактор доживува експанзија. Дојде моментот кога Вашата или Нивната определба доведе до тоа да најголемите индустриски капацитети бидат изградени во самите градови пред се во Скопје (Железарница, Цементарница, ОХИС, Алкалоид, Алумина, ОКТА - Рафинерија) да бидат во централните градски подрачја, зошто тука?! Кога сите знаеја дека ресурсите беа далеку од Скопје. Се направи „Југохром” во Тетово, па

„Топилница” во Велес, „ФЕНИ” во Кавадарци, за да денес Вашите деца и внуци жестоко протестираат за загаденоста на воздухот, неможноста да се живее, но еве ова е вистината, убаво е да се знае што кога и како е правено, но за жал по создавањето на независна Република Македонија, поголем дел од нив се затворени и повторно од ВАС.

Дојде време кога останатите републики на големо се оддалечуваа и излегуваа од бившата Југославија. Кога сите други ги поттикнуваа и повикуваа своите граѓани да подигаат девизни средства од тогашните банки, ние до последен момент на осамостојувањето ги пренесувавме средствата во филијалите на тогашните југо банки кои беа на овие простори Љубљанска банка, ЈИК банка, Комерцијална банка и многу други. Војната во Југославија разгорена, нашите војници Македонци повторно испратени на вториот „Сремски фронт”, за да учествуваат во ослободувањето и на оваа Југославија. Кога сите бегаат колку што се може побргу и подалеку, ние т.е. Вие ја правите платформата, (повторно платформа), Глигоров - Изетбеговиќ, од која до ден денешен не можеме да се ослободиме, од некои стеги кои тогаш се направени. Се прави референдум во кој повторно Другари од СКМ ПДП прво се плашите да ја пеете македонската химна, без претходно да ја запеете „Вашата” „Хеј Словени”. За Вас е тоа нормална процедура, во салата траорно како никаде, поставена слика од Големиот водач Тито, и две мали сличиња околу него од нашите корифеи, нашите херои и легенди Гоце Делчев и Никола Карев. Толку за амбиентот чувствата и желбата за новата татковина. Да не заборавиме дека почитуваните соседи Албанци, не ни станаа за време на интонирањето на химната, а не ни гласаа за ниеден државотворен документ вклучувајќи го Уставот, по кого сега толку силно повикуваат и го менуваат. Една недела расправавте дека не треба да има референдум, нема потреба, за да на крајот во тоа референдумско прашање поставите една додавка која Ве разобличи кај обичниот народ до крај, „да стапи во сојуз со останатите југословенски држави”. Куку леле, а зошто не во сојуз со сегашните сојузници како што се Америка, Германија, Англија и останатите по кого сега плачите, но извинете ќе изумев Вие сте „секогаш” за Македонија. Откако на првите избори победи ВМРО ДПМНЕ, и покрај тоа што Вашите

независни медиуми со кои се гордеевте и се гордеете предвидуваа дека оваа партија ќе освои некаде 2,17% од гласачкото тело, но таа победи. Тоа покажа дека овој народ сеуште знае за своето потекло, сеуште го чувствува долгот кон своите претци, и сеуште има Македонци повеќе од колку Југословени, но за жал тоа траеше кратко. Вие потмогнати од старите, но сега веќе странски служби (УДБА), успеавте да ја преземете власта од оној кој победил, зошто тој не сакал да направи коалиција со „албанските" партии во Македонија, а Вие како големи „уставотворци", „државотворци" и растуритворци сето тоа ќе го направите и ќе не воведете во НАТО, Европска Унија и каде уште ли не. И тука е Вашето најголемо предавство. Вие тргнавте по белосветските метрополи да барате признание, но чукавте на погрешни врати, затоа што тие држави вековно се поврзани со кралските семејства од Грција. Што постигнавте од сето тоа не внесовте во Обединетите Нации, како што кажа претседателот на Македонија Г-динот Киро Глигоров, (без лична карта и македонско државјанство, но со Вас Другари се е можно па дури и да биде и Претседател на Република Македонија), со времено име кое ќе биде променето во наредните два месеци. Не уверуваше дека ги има гаранциите на големите сили дека тоа ќе биде само чиста формалност, но сите знаеме што се случи и што денеска ние имаме од сето тоа. Имаше можност Киро Глигоров да излезе и да каже дека големите сили едноставно го изневериле, или пак никогаш не му го гарантираа тоа што тој ни го пренесе. Вие во контекст на претходното т.е. промената на името го дополнувате со уште две големи промени и тоа промена на знамето, нешто што ни значело премногу, како прво знаме поставено во првата независна држава Македонија, поставивте знаме од поранешната царска јапонска војска (морнарицата), кое се веело за време на Втората светска војна, но ете за тоа се изборивте и сега заборавивте што знаме имавме.

Претставувањето на Р. Македонија на првите Олимписки игри на кои што учествувавме, ние излеговме со знамето на Олимписките игри со пет врзани круга, со натпис ФИРОМ, така да наместо една голема радост, гордост и достоинство, не успеавме ни како една држава - Девствени острови (без

потценување), кои излегоа со знаме, име и сите обележја на една држава за разлика од нас. Другото се откажавте од сите грижи за нашите Македонци во соседните држави, во Грција, Бугарија, Албанија. Но Вашето откажување кое е катастрофично за еден народ кои со векови живеел на тие свои огништа, а сега зборувате и за жал без воопшто да размислувате за Тиранската платформа која е донесена во една соседна држава која еве директно се меша во внатрешните работи на оваа наша Македонија. Што би се случило ако нашите македонски партии од соседните држави дојдат да усвојат платформа во Македонија и со истата сакат да излезат на избори во нивните сегашни држави, нив немаше и нема да ги осуни за жал, а не пак да ја презентираат таа и таква платформа.

Додека кај нас некој кој добил 150.000 државјанства за луѓе кој во даден момент му биле потребни некој да избере претседател (Киро Глигоров), за жал пак Вие, а никогаш ниту биле жители на оваа држава нити ќе бидат. Еве и денеска тие фантомски гласачи за кои нон стоп говорите, се овие од Вас дадени пасоши и државјанства кои сега на сите ни се удираат од главата. Ги барате каде се, еве каде се и од каде се. Но ова се големите велепредавства, но тие продолжуваат и понатаму, така што во 1994 година кога повторно Вашиот дотогашен претседател Петар Гошев ја формира Демократската партија, и кажуваше за криминалци, предавници во редовите на СКМ ПДП, од каде што пред некое време тој излегол. Но еве и тогаш можеби најголемото предавство, опозицијата не излезе на овие избори, но Вас мува не Ве лазеше. Излезе голем народ на улиците, бараше правда, Вие ги наместивте снајперистите на зградата од Парламентот, на Стоковната куќа во Скопје и бевте спремни на се. Народот затечен се организира и собра 250.000 потписи за кои Вас апсолутно не Ве болеше уво, преминавте преку тоа, направивте огромни пари од кршењето на ембаргото со Србија, ја продадовте или поточно ја предадовте Македонија на неколку олигарси, кои и денеска жарат и палат во Македонија, оставивте 200.000 луѓе на улица без работа, и за сето ова која е Вашата одговорност, за жал никаква. Во овие 4 год. од 1994-98, Вие направивте се, без никаква опозиција, со донесување на секакви можни закони, со кои и најголемиот криминал го направивте законски и со тоа се гордеете, направивте трајно

оштетување на државата и како што милувате да кажете дека сето тоа е законски и одржливо, но последиците се трајни, до денес.

Еднаш сторена работа тешко се исправа тоа дефинитивно треба да мислите во овие денешни времиња, кога она што денес ќе го направите не ќе можат генерации по Вас да го исправат.

По Вашата кражба на се во Македонија, победи ВМРО ДПМНЕ заедно со Демократската Алтернатива, во Македонија конечно дојде таа долго посакувана демократија. И денеска кога Ве прашуваат кога беше најдобро, Вие повторно ги спомнувате тие 4 години, 1998 -2002 год., но за жал и тоа го уништивте. Почнавте против она што позитивно се случуваше , сега и против правата на Албанците, со една воинствена реторика, дека Вие сте тие што ќе ја бранат и одбранат Македонија, повторно со измама влеговте во тогашната Влада, но колку помогнавте во „победата", гледаме и чувствуваме до ден денес. По потпишувањето на „капитулантскиот" Охридски договор, во кого се разбира сесрдно учествувате, Вие веднаш ја напуштивте таа Влада, за која толку пекавте да бидете дел од неа, за да повторно некој Ве донесе на власт веќе наредната 2002 година. И гледај чудо, Вие кој се боревте против правата на Албанците во Македонија наеднаш формирате Влада со дотогашните одметнати бандити, „борците за човекови права", ги поставувате за министри, функционери, директори на јавни претпријатија, за да тие Ви се заблагодарат на тој начин што нивни премиер и гуру остана Г-дин Али Ахмети, како во партизанските времиња на ОНА и УЧК. Тоа за жал го потврди и премиерот Г-дин Хари Костов кој поднесувајќи ја оставката го потврди сето ова. За ова време успеавте да го доставите законот за Тетовскиот универзитет, да ја направите федерализацијата на државата повторно со закон во 2004 год., да го предадете Г-дин Љубе Бошковски во Хаг, за потоа да роните крокодилски солзи за неговата судбина но сега Ви требаа жртви, а Вие секогаш играте на картата на кратко паметење кај народот, но последиците од сите Ваши одлуки се трајни и крајно негативни кон целиот македонски народ. Федерализацијата на Македонија за малку со својот живот ќе го платеше тогашниот премиер Г-динот Владо Бучковски при неговата посета во Струга и тоа од

оние кои претходно му го дадоа својот глас. Но без разлика на се ова, последиците ги гледаме повторно денеска, за жал и покрај тоа што поминале 14 години. За да ова се неутрализира и се обезвредни целиот референдум за изјаснувањето на граѓаните, повторно добивме помош од меѓународната заедница т.е. овојпат од Америка која не призна под уставно име и од тогаш не направи ништо. За нив како една голема сила, една Грција претставува голем проблем кој тие не можат да го решат, но затоа се што нас ни испорачаа, ние час поскоро се, па дури и повеќе од тоа им дадовме. Промена на име, знаме, приватизација за која во 1998 год. за која се побара одговорност зошто е така направена, добивме одговор дека „немојте да гибате во приватната сопственост и начинот на стекнување, зошто тоа е најголемата придобивка на западната цивилизација", ние и тоа го прифативме (една од најголемите грешки на Г-динот Љубчо Георгиевски). Нашата територија ја препуштивме за силите на НАТО, тие поминуваа преку нас за Косово, притоа оштетувајки ги нашите патишта, носејки ги сите материјали од пристаништето во Солун со кои ги градеа објектите на Косово, а добивме уверување дека наши фирми со наши матерјали ќе градат на Косово. Го отстапивме воздушниот простор за агресија врз Србија, а последиците од тие бомби со осиромашен ураниум, кои беа фрлани, никој сериозно не ги анализирал, за да се видат последиците од нив врз граѓаните во Македонија. За жал според последните признанија на тогашниот премиер Љубчо Георгиевски, Македонија единствена се договорила со НАТО во случај на копнена агресија врз Србија, дека единиците на НАТО би поминале преку територијата на Р. Македонија. Со тоа всушност сме им објавиле и сме влегле во војна со соседна држава, а за разлика од нас и оние соседи кои веќе биле во НАТО не го дозволиле тоа (Бугарија, Хрватска и др.) Се случи агресијата во Македонија од УЧК од една странска држава Косово, но американските експерти беа тие што ги вадеа борците на ОНА и УЧК од Арачиново како „победници", со образложение дека е загрозено Скопје, од кого? Од оние што се плашеа и дење да влезат во автобусите за да заминат од Арачиново. Па беа спремни и тоа со голем притисок го направија да се потпише предавничкиот Охридски договор, и што е најстрашно во време на примирје, кое тие го гарантираа, се случија најголемите

загуби на македонските бранители во Вејце, Карпалак, Љубанци и други места, што всушност и на кого тие му гарантираа? Кога сето ова се заврши, без никогаш да се постави на маса за преговори, со голем притисок беа усвоени и следната амнестија на сите кои учествуваа во борбата против Македонија, се простија сите оние воени злосторства, за кои нема простување. И оние фашисти кои беа преживеани од Втората светска војна и на 90 годишна возраст беа изведувани пред суд, а кај нас тоа единствено не се случи. Во сите останати поранешни југословенски републики, сем кај нас, каде исто се процесуираат оние кои се осудени за воени злосторства. Од сето ова, агресија ли беше, граѓанска војна ли беше, конфликт ли беше, борба за човекови права ли беше, или ништо не беше, излезе само едно. Во Хаг завршија Г-динот Љубе Бошковски министерот за внатрешни работи на Република Македонија и Г-динот Јохан Тарчуловски кој по мое лично мислење ниту требаше, ниту му беше местото таму, покрај луѓе кои направиле воени злосторства, геноциди или уште какви ли не гнасотии. Што бараа овие наши херои во Хаг, сигурно да биде Република Македонија поставена на столбот на срамот и дека со овој чин таа се става во улога на агресор, притоа борејќи се да го зачува својот територијален интегритет, својот суверенитет за да на крајот испадне агресор во сопствената држава, невидено во светската историјата досега. Сите овие насилни наредби од Западот кои единствено на нас ни ги врати одлуките од Хашкиот суд, со наредба истите да не се процесуираат. Тука ја гледам грешката да се подлегне на вакви непринципиелни притисоци. Од друга страна за се ова што ние правиме тие упорно повторуваат: „решето го прашањето со името па ќе видиме" и ова цели 27 години. Ние (т.е. тие) ве контролираме, правиме извештаи, го гледаме вашиот напредок но ништо не можеме да сториме за вашиот прием оти нели тука е Големата Елада, на која тие толку и должат за демократијата во нивните држави. Ако се движиме кон ваква „демократија" подобро и да не не примат, ќе имаме чувство дека можеби ќе ни беше подобро. За разлика од нив, ние Македонците ја почуствуваме вистинската „демократија" на Големата Елада. На што личиме ние во нивните очи сем едни малоумници, неспособни за ништо, никогаш ништо не сме им побарале во преговорите, а за

добивање да не зборувам. Оние средства што завршуваат во развој на општеството гледаме каде и како се искористени.

Доаѓаат грешките направени од нас. Првата вештачка поделба на две партии ДПМНЕ и Народна, вештачка поделба, непотребна, но во даден момент ја исполни својата цел, ВМРО ДПМНЕ дојде на власт и тука е сеуште. За ова време ја имаше подршката на Западниот свет на првите избори 2006 год. кога беше и најтешко. Во меѓувреме дојде 2008 год. ВМРО Народна не излезе на избори и ВМРО ДПМНЕ ја извојува најголемата и најубедлива победа со 63 пратеници, кои секој ги посакува. Но што се случи, за жал повторно под притисок кој треба да го признае Г-динот Груевски во Влада влегуваат оние кои не требаше да влезат, а тоа е ДУИ. Зошто се побаруваат 63 пратеници, јас мислев заради тоа да ВМРО ДПМНЕ конечно да ги постави и реализира своите реални партиски политики, без никаква уцена, со стандардно мнозинство во секое време. Но притисок повторно имаше, пак некои договори кои и денес не се докрај потврдени за жал. Значи и сегашната победа од 63 пратеници, барем мене не ми дава за право дека една партија со своја програма, со своја платформа ќе успее да реализира се. Како и каде во светот се случува, барем во вакви општества кон кои се стремиме да коалицираат и практицираат власт, конзервативна десна партија и марксистичко ленинистичка партија, под надзор на Западот, од Истокот дефинитивно не може. Покажете една и јас ќе ви верувам, но таков систем не познавам. Имаше ваква ситуација во соседна Бугарија со една Турска партија од Ахмед Доган, која заради малцинските права влегуваше во секоја влада, се до моментот кога победи партијата ГЕРБ на Бојко Борисов, која прогласи апсолутно мнозинство и коалиција која ќе го подржи политички, така да ја отфрли оваа партија на Турците заради различни политики. Очекував големи реакции од ЕУ и останатите, но тоа не се случи. Јас не можам да разберам ако некој има убедлива победа, повторно да коалицира со некој, заради што? Правото на малцинствата во Македонија е најголемо право, поголемо од кај сите наши соседи, со тоа што во самиот парламент каде се зборува за нивните права, мора да има Бадинтерово мнозинство, т.е. барем еден пратеник повеќе од нивниот вкупен број пратеници во парламентот ќе мора да гласа за законот. Во

нашиот закон ова правило важи и за нашите Македонци каде тие се помалку од малцинствата, во единиците на локалната самоуправа, но за разлика од Македонскиот парламент каде ова се почитува во општините тоа не е дефинитивно така, и за тоа мора да се погрижи Република Македонија. Ова право е правото кога малцинството го има правото да управува со мнозинството, каде е на друго место така не знам, ако некој знае нека образложи каде и како е тоа реализирано? Зошто сето ова, па еве сега поминете низ Западна Македонија, вашето чувство дека сте во Македонија е изгубено, гледате знамиња со двоглавиот орел насекаде, за жал македонски знамиња никаде, гледате написи на фирми, означувања сите на албански јазик, без официјалниот јазик (македонскиот јазик и кирилското писмо), за кои права ние зборуваме и за кого? За жал тоа не е само таму, еве и во нашата Битола стотици реклами, написи, назнаки за фирми напишани на грчки и англиски јазик, затоа што од тоа живееле трговците. Но и трговците во Лерин, Костур, Воден живеат од нашите луѓе, но написи на македонски не можете да видете никаде, сем некаде на српски и руски, но македонски не. Прашањата кои ги поставувавме при формирањето на Тетовскиот универзитет, каде ќе се вработат тие студенти кои едноставно не сакаат да го изучуваат македонскиот јазик, за разлика од нивните постари колеги кои завршиле на Скопскиот, Битолскиот универзитет, сега доаѓаат во ситуација да немаат вработување. Колкава е моќта на стопанството и сите државни и локални единици за управа да можат да ги апсорбираат овие завршени студенти кои не знаат што да прават, никој не им поставил прашање кога се запишувале на факултет каде ќе се вработуваат, каде ќе оди студент кој завршил правен факултет во Македонија, дали ќе може да работи во Албанија, Косово или пак во ЕУ, каде ќе работи електро инжинер, во РЕК Битола, кога никој од вработените околу него не може да го разбере, а за жал и тој нив, а ќе треба да донесува одлуки и команди соголема одговорност за него, за вработените, комбинатот и државата. Овие се основни работи за кои може да се говори до бескрај, за да се покаже апсурдноста во која се однесуваме како општество, ние сме сепак мала држава со ограничени ресурси, и дефинитивно ќе мора да сме рационални и прагматични. Ние цело време само даваме и даваме, но не знам што повеќе имаме

да дадеме, остана уште Македонија да ја дадеме и повторно да заминеме од тука од родната земја во неповрат. Дали некој размислува за сето ова? Или има само гола борба за власт и ништо друго и ништо повеќе. Мислете, доаѓаат генерации на кои им го земаме основното право на припадност и своја држава.

Со последното што се донесе, до се ова, виновни се бомбите кои ги објави Заев, со кои ја размрда политичката сцена и доведе се на работ на Граѓанска војна. Дали тој беше одбран да отиде курбан, вадејќи разговори добиени од нигде никаде, разговори со кои се почна, дека наводно се снимени од разговори меѓу опозиционерите, за нивните договарања, преговарања, пикантери во нивните меѓусебни односи, но тоа не се случи во ниту еден момент. Се наслушавме се и сешто помеѓу луѓето од власта, од премиерот, министрите, директорите и останатите службеници. Но што би рекол Заев ова се е пуштено во етерот, а дополнително ќе се бараат, ако се најдат материјални докази, за да се процесуираат овие разговори. На прашањето зошто не се пуштени разговорите од „монструм", Заев многу мудро одговара дека се уште не се најдени доволно материјални докази за се ова да се презентира на јавноста и сето тоа би довело до несакани последици и кај Македонците и кај Албанското малцинство. Е сега кога сите овие прислушувани разговори за кој не кажа од каде ги доби, а многу храбро ги објави, со што направи хаос и изврши државен удар во земјата. Значи колку што можев да разберам овие се разговори од 2011 год., а за 2014 год. нема ништо, не знам што да мислам понатаму.

Грешката на Г-динот Груевски е што го прифати Пржинскиот договор, но тој самиот сигурно знае зошто го направи тоа, со кој беше изигран неколку пати, тој од своја страна во Влада прими Министри од СДСМ, кој не го добија мандатот од граѓаните, а цело време говореа дека „за време на својот мандат", и целосно работеа на блокада на реализирање на политиките на Владата. Сето тоа беше со намера да има предвремени парламентарни избори, државата блокирана, Груевски си дава оставка од премиер, но види „мајката" што би рекол Заев, откако неколку пати се пребројуваат гласовите со

анкети и се гледа дека доста гласови фалат, на двапати со помош на гарантите на овој договор изборите се одлагаат, се додека не се соберат доволно гласови од сегде и секаде, но како? Си знаат самите тие и некој кој сеуште не зборува за тоа. Ќе биде интересно да се слушнат разговорите кои тие ги воделе со гарантите, помеѓу себе со коалиционите партнери, се надевам дека некој и тоа го снимал, или пак ќе ги предаде и тие снимки за да може народот да донесе исправни судови и без притисок да си гласа.

Првото објавување нема никакво оправдување за дел од тие разговори, за ова второто не знам што може да се случи кога ќе се слушнат тие разговори, колку едните се бели а другите премногу црни. Како што некој кажа многу години предходно и двете партии без разлика дали се бели или црни тие се штеточини или глувци кои нанесуваат штети за државата и народот за жал. Мислам дека сивата боја преовладува во нашата политика, а тоа е најопасно. Изборите завршија и за Ваша жалост Вие повторно изгубивте, но имате џокер во ракавот, повторно гарантите на Пржинскиот договор. И во времето на преговорите со ДУИ, неколку пати му е испратена уценувачка порака до нив, дека секој што направил криминал ќе одговара пред СЈО, вклучувајќи го и Али Ахмети, за кој досега ништо не е кажано во разговорите. Единствениот начин како Македонците да не направат влада, овој пат беше заедничката платформа на албанските партии во Македонија, направена во Тирана, која македонските партии веднаш требаше да ја отфрлат, без никаков разговор ниту пак преговори. Но видете ова што се случува е чудо. Заев броејќи ги гласовите со собирање, како да се овие овци а не луѓе, стигна до бројката од 700.000 луѓе, пред кои тој „гордо" стои исправен. Исто е многу горд што е единствен Македонец, кој повеќе се грижи за своите Албански сограѓани, отколку за Македонците и во неговата партија и во Македонија, единствената негова држава, за разлика од неговите сограѓани кои имаат уште две татковини, со кои во секој момент би се обединиле. За него има две работи „Мајка Македонија" која не ја изваде од устата во едно интервју, дали по грешка и она повторно негово „види Мајката". Би го замолил и би му укажал дека „Мајка Македонија", да не ја споменува оти за неа се бореле и гинеле

најдобрите синови, а тој сега со некој флоскули се труди да се откаже од неа, да ја разруши во корен. Зборовите не се ништо, делата зборуваат за луѓето. Ако вака продолжите Г-дине Заев ќе бидете запишани со најцрни букви во историјата на македонскиот народ, ќе бидете еден од оние кој ја рушеле и ја рушат Македонија од темели. Од мое лично искуство и она што досега го знам од нашата а и другите истории за власт, па каква сакала нека биде, за шест месеци, година, две или пет, па и десет, но секогаш е многу помалку или ништожно, ако Вие останете запишани како најголемиот предавник во македонската историја. Вие што ќе оставите за вашите поколенија да се страмат од Вас и вашите денешни постапки. За да бидете коректни излезете на избори, како што велите, само Вас и на вашата партија ви одговараат, прикажете му ја Вашата платформа од нашите соседи и видете дефинитивно дали Вашето членство ќе Ве подржи. Ако тоа се случи тогаш имаме погрешен национален код, работиме на нашето самоуништување, а Вие за жал ќе имате право дека нас, Македонците не не бива. Проверете го ова и потврдете го заради Вас и за сите во Македонија. Како што кажавте Вие сте сега фаворитот и ја имате предноста, потврдете ја. За да ви помогнам ја поставувам и платформата за која Вие сесрдно се борите, со кратки коментари до Вас и вашето членство. Тука би завршил со едно видување на почитуваниот Г-дин Стојан Кочов за нашите македонски кодови од времето по Втората светска војна:

„Туѓинците, не им дозволуваа на Македонците да негуваат здрав национализам, туку тие од Македонците бараа поданичка свест, а без свеста на нацијата, невозможно е да се знае како да се создаде стратегија за сопствената земја. Значи, беспрекорно сме ја остварувале стратегијата на туѓинците. Па според тоа и факт е, дека ние Македонците (во интегрална смисла), не можевме да се видиме себеси”.

За жал еве ова и денеска ни се случува. Еве ја сега и платформата за која некој вели дека ја видел ама не ја прочитал, да пробаме да ја прочитаме заедно, со еден мал мој коментар.

Ние, претставниците на албанските политички партии во Македонија: „Демократската Унија за Интеграција”, (ДУИ), „Коалицијата Преродба со БЕСА” и „Алијансата за Албанците”;

Почитувајќи ја слободната и демократска волја на албанските гласачи изразена на предвремените парламентарни избори во Република Македонија, на 11 декември;

Во духот на Охридскиот Договор, на консензуалната демократија и потребата за исполнување на нормативните обврски кои произлегуваат од уставните измени;

Реафирмирајќи ги заедничките програмски и стратешки определби на албанците и сите граѓани на Република Македонија;

Посветени за просперитет и долгорочна стабилност на Македонија;

Предводени од заедничката посветеност за мир, стабилност, безбедност, меѓуетнички соживот, во духот на еднаквоста и достоинството, во согласност со европските и меѓународните конвенции, верска хармонија и соработка во земјата и регионот;
Определени, без друга алтернатива, за интеграција во НАТО и во Европската Унија;
Се согласуваме за взаемна поддршка на заедничката политичка агенда која предвидува реализација на следните цели, во идниот владин мандат и/или во секој понатамошен мандат;

***

Читајќи го воведот не знам што да коментирам, подобро нешто од ова не сум прочитал. Се некаков соживот, европски, светски конвенции, па почитувајки ја волјата на албанските гласачи, кои апсолутно не ја видоа оваа платформа, доаѓаме до главното. Ако Заев го прочитал само ова, тогаш е за одобрување за постапките кои ги превзема.

1. Постигнување на целосна рамноправност во согласност со Охридскиот Договор и Уставот

* Правилно спроведување на принципот на мултиетничноста во Уставот на РМ, каде Албанците се сметаат како државотворна нација, поддржување на секаква правна и уставна иницијатива која ја зајакнува националната рамноправност за албанското население.

* Постигнување на целосна јазична еднаквост, употребата на албанскиот јазик во сите нивоа на власта и гаранција за неговата примена како фундаментално и уставно право. Уставот на Република Македонија треба да утврди дека „македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и албанскиот јазик со неговото писмо се официјални јазици во Република Македонија”

.

* Сеопфатна дебата за знамето, химната и државниот грб на Република Македонија со цел државните симболи да ја рефлектираат општествената мултиетничност и етничката рамноправност.

* Усвојување на Резолуција во Собранието на Република Македонија со која се осудува геноцидот врз албанскиот народ во Македонија во периодот 1912-1956.

***

Г-дине Заев ова прочитајте го повеќе пати, можеби и сто пати, пред понатаму да продолжите другото да го читате. Ние од мултиетничка, треба да станеме бинационална држава, со што прво се одзема правото на државност на македонскиот народ, кој досега ја има само оваа држава Република Македонија, а нашите сограѓани да ја имаат и добијат и третата држава во опкружувањето, така да понатаму „ќе можат да стапат во сојуз со останатите две”. Каде се тука правата на другите малцинства во Македонија, што со нивните права, зарем со ова нив не ги обесправуваме. Двојазичноста и начинот на кој таа се бара не носи во одземање на сопствените корени, а воедно во едно догледно време повторно сите да го учиме албанскиот јазик или пак другата варијанта, да го прогласиме англискиот јазик за официјален, на кој јазик ќе комуницираме меѓу нас во државата

Република Македонија, зошто тешко ни оди со учење на јазици. Дебата за името, знамето и грбот не завршува со дебата, туку со барање за промена на истите во „дуот" на општествената мултиетничност и етничката рамноправност. Кој геноцид да го осудиме Ние, другари од СДСМ и Вие Г-дине Зоран Заев. Оној што е направен врз Македонскиот народ за време на Илинденското востание, оној кој е направен за време на Балканските војни, оној за кој кажува Прличев „пискотници се слушаат од Галичник до Река", кој и од кого писка?, оној кој е направен за време на двете Светски војни, за оние незапамтени злочини во Западна Македонија од балистите, за тие 4 години заедничка власт со фашистичките окупатори. Ние кога сето ова се трудиме да го заборавиме, еве ја платформата. Мисли Г-дине Заев не само за една година, види и малку подалеку како и дали ќе ја гледаш Македонија? Со уште кого ќе влеземе во расправа од нашите соседи? Кому ние да им признаеме геноцид, кога сме биле најголемата жртва на овие простори.

2. Постигнување на економска рамноправност и на општествената благосостојба, особено преку рамномерен регионален развој

* Создавање на нов механизам, во форма на една Државна комисија за финансирање на општините, за донесување одлуки со право за владини грантови во корист на општините.
* Создавање на едно Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, како надлежен орган за почитување на правата на заедниците и поттикнување на економскиот и социјалниот развој во неразвиените подрачја.

* Остварување на правична застапеност во органите за безбедност, војската, разузнавањето и правдата.

* Остварување на правична застапеност во сите нивоа на централната власт како и во јавните служби или претпријатија со јавни акции.

***

Едно време беше срамота да бидеш примен некаде само затоа што си Македонец, Албанец, Србин или Бугарин по националност, сега со оваа платформа ние сето ова од срам го издигаме во Министерства, па правилна застапеност, па да се контролираат парите и истите се препраќаат во неразвиените Западни предели. Мислам дека ова е потценување на албанските гласачи и жители во Македонија, зошто? Затоа што секој оној кој е способен и ги задоволува критериумите за определено работно место ќе треба да го работи истото. Како некој кој е само Албанец, не го знае македонскиот јазик, ќе работи во едно јавно претпријатие со голема одговорност, а останатите не го знаат албанскиот јазик, како тој ќе биде вработен и што ќе работи во основа. Како што се бара прилив на буџетски средства во регионалните Западни општини, никаде не се спомнува прилив од овие регионални општини кон буџетот, со плаќање на даноци и останати давачки, кои сите останати ги даваат во државниот буџет. Дали некој има чувство дека Источните или сите останати регионални општини, населени со Македонци имаат повеќе права и средства. За жал има една голема разлика, општините во Западна Македонија имаат многубројно население мерено во илјадници луѓе а останатите општини со исклучок се бројат во стотини жители. За барањето правична застапеност во војската, полицијата, разузнавањето и останатите служби, сето ова се виде за време на конфликтот во 2001 год., како постапија сите оние кои беа во тогашните структури на безбедноста, (тука секако е и сегашниот „претседател" на парламентот Џафери, кој тогаш дезертираше од редовите на АРМ, а ова му се случи по втор пат, откако првиот пат дезертираше од редовите на ЈНА, каде беше професионален старешина), им се извинувам на некои (сигурно помалубројни, или безбројни), што тоа не го направија и останаа во редовите на АРМ.

3. Зајакнување на владеењето на правото, како предуслов за напредок на евро-атлантскиот интегративен процес

* Спроведувањето на реформите во согласност со Договорот во Скопје, Препораките на Прибе, итните препораки на Европската Комисија, како и Препораките од Пристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ.

* Поддршка за непристрасно вршење на работата на Специјалниот обвинител, без етнички и политички предрасуди.

* Целосно расчистување на прашањата и судските постапки како „Сопот", „Бродец", „Монструм" и „Куманово" преку една анкетна комисија или меѓународен независен орган.

***

Оваа држава ако е држава, си го поставувам и ова прашање, па секој во неа да се повикува на препораки, па повелби, дури и во платформа се повикува на некои договори, кои се правени принудно од надворешни фактори, каде е тука државата. Ако секој и секогаш нешто ни кажува што да направиме а за возврат не го испорачува единственото што треба да го направи, нашето членство во НАТО и Европската Унија. Зошто Специјално Јавно Обвинителство, кое е направено на антиуставен начин?! Зошто не нормално и се разбира правично обвинителство за секој, во рамките на Уставот на Република Македонија. Кога доаѓа до случаи каде се инволвирани албанските граѓани во Македонија, повторно е се аут, сега дури не важи и Специјалното Јавно Обвинителство. Но затоа сега доаѓа на ред меѓународен независен орган? Кај има таков во светот и каде во која држава тој суди, а за анкетните комисии го видовме нивното досегашно функционирање, ефект нула. Мисли Г-дине Заев?

4. Создавање на дух на доверба во функција на добри меѓуетнички односи како суштински елемент за политичка стабилност во земјата

* Преземање на афирмативни мерки за обезбедување финансирање на албанските културни институции на централно и локално ниво.

* Создавање на една централна институција за унапредување на јазиците на заедниците, која ќе обезбеди подготовка на преведувачи, уредници и предавачи.

***

Повторно буџетски зафаќања, а зошто пак не и македонски, турски, ромски, српски и останати културни институции, колку ли пари има во оваа држава?

5. Решавање на спорот со името, во согласност со европските вредности и принципите на меѓународното право

* Усвојување заедничка и обврзувачка Резолуција во Собранието на Република Македонија со која Владата на Република Македонија е обврзува активно да се вклучи кон решавањето на спорот со името.

* Вклучување на Албанците во работната група за директни преговори со Грција.

***

Кои се тие европски вредности и принципи на меѓународното право кои ќе не обврзуваат активно да се вклучиме кон решавањето на спорот со името, кажете ги каде ги има, кое ИМЕ досега на која држава е променето и поради што? Досега нашите соседи Албанците во Македонија ја кажуваа оваа реченица: оставете Македонците сами да се договорат за името, еве сега гледаме се појавуваат нови кумови, аирлија да е, ако е и од нив доста е.

6. Добри односи со соседите

*Вклучување на Албанците во работната група за директни преговори со Бугарија.

* Соработка со Косово и Албанија за интегрирано гранично управување.

* Отворање на нови гранични премини.

***

Зошто баш со Бугарија а не бараат приклучување во преговорите со Грција и Србија, што ги прави толку блиски баш со Бугарија? Гранични премини има потреба да се направат кон сите соседи дефинитивно.

7. Брза интеграција во НАТО и во Европската Унија

* Исполнувањето на горенаведените точки ќе го деблокира патот на Македонија кон целосна интеграција во НАТО и отворање на преговорите за членство во Европската Унија.

Исполнувањето на овие цели ќе се следи преку организирање Тркалезна маса на албанските парламентарни партии.

Тркалезната маса на албанските парламентарни партии ќе се одвива во согласност со принципот на ротација и ќе служи како платформа за усогласување на политичкото дејствување и транспарентна комуникација со меѓународните партнери на Македонија, особено барајќи ја поддршката на Европската Унија и меѓународните институции.

Тркалезната маса ќе ги определи роковите за спроведување на горенаведените цели, во согласност со законите и Уставот на Република Македонија.

***

И тука за жал не сте споменати Г-дине Заев. Тие планираат со тркалезна маса да ја решаваат судбината на оваа држава. Да не е жално, би било многу смешно. Ало каде заминавте, Вашите 20 пратеници ќе ја решаваат судбината на Република Македонија, а за што Македонскиот народ и останатите малцинства ги бирале останатите, дури 100 пратеници во Македонскиот Парламент. Г-дине Заев каде замина и што размислуваш. Не ги сади тиквите со оној кому не сакам ни името да му го спомнувам, тој кога тогаш си доаѓа по своето. За жал твоето е многу малку во однос на се останато што ќе се изгуби во оваа држава Македонија. Пораката од него ти е пратена и пред да потпишеш било што. Еден од коалиционите партнери веќе ти укажа дека е добро што тие биле што ни помогнале за да ја

направиме македонската нација, дали ти сега заедно со нив повторно ќе пробаш да ја рушиш сега веќе направена. Мисли Г-дине Заев?

Битола 14.03.2018 год

Продолжува...

Еве по повеќе од една година се навраќам на она што сум го напишал лани во март 2018 година. Покарај сите предупредувања до „големиот" државник Зоран Заев, тој беспрекорно ја одработува агендата за разнебитување на македонскиот народ и Македонија. Во меѓувреме е завршено најголемото предавство во историјата на Македонскиот народ и на Република Македонија, од нејзиното опстојување.

„Големиот" државник Зоран Заев, во меѓувреме успеа да го испазари вековното име на Македонија и македонскиот народ, и гледај чудо од нас кои секогаш сме биле кон југот, сега да направи да бидеме Северни Македонци. Мислам дека сем мал број лешинари, кои се покрај него од лукративни причини, и кои во моментот се единствените кои го оправдуваат овој потег, друг нормален човек во Македонија кој би го прифатил ова не постои. Се обидовте да го прашате народот а тој на референдумот ви кажа многу јасно и децидно НЕ!!! за промена на името. Продолживте со тероризирање на пратениците, испогазивте и устав и ОЈО и вашето СЈО, така да по тие одлуки осудувања на невини, ослободување на виновни, ништо повеќе во Македонија не е исто. Мислам дека претстои голема борба дека некогаш, по сите меѓународни права, да го добиеме нашето старо и единствено име Македонија, кое македонскиот народ заслужува да го има.

Начинот на ова владение и за другите предупредувања кои му беа дадени зборува за една забеганост, за непознавање на работите, за дилетантизам во политиката, за бескрајно верување во налогодовците, за кои се покажа барем досега, не паметам нешто од она што го кажале да го исполнат. Сега кога и самиот гледате дека тие ветувања беа слатки јаболка завиткани во целофан и истите не можеш да ги почуствуваш. Реакцијата

Ваша е токму таква, како на дете на кое си му дал такво лижавче. Плачејќи бара да му го одвиткат целофанот за да лиже и касне од благото. Но под целофанот не знаеме што во меѓувреме се случило, дали уште стои блажината, дали дел од тоа се претворило во горчина, киселост, соленост или едноставно неблагост, со тоа што следните барања се уште поголеми и водат кон разнебитување на оваа наша мала држава. Дали сега се убедивте Г-дине Заев дека Ве пренесоа жеден преку вода, а со тоа станавте еден од оние претходни претседатели и премиери кои биле лажени, а тие не лажеле нас. За жал ваква голема глупост никој не направил, а ако некој претходник Љубчо Ѓоргиевски или Никола Груевски го направеле ова, досега ќе беа ликвидирани од Вашите шарени, плави или други платеници. Нема оправдување, нема извинување, ова е некој почеток на крајот. Не знаете каде Ве одведоа да го потпишете договорот (Нивици), местото на незаборавот со илјадници жртви (голем број цивили, меѓу нив деца, жени и старци), но никој ни тогаш не потпиша капитулација, а Вие го направивте тоа. Се поклонувате пред споменици кои до вчера не сте ги виделе, за Вас тоа е нормално но „види Мајката" тие не сакаат ни да разговараат а не да се поклонат на нешто што е нивно, а ние мислиме дека е заедничко. Тука допрва ќе излегуваат стотици нови проблеми, а сето тоа може да е проблем за влез во ЕУ, ако некогаш и тоа се случи.

Дали тоа со албанскиот јазик за кое се пишуваше во платформата од Тирана, сега Заев може да прогледа дека тоа е голема грешка, се појавува грешка во владеењето на државата на цела територија на Р. Македонија, се јавуваат пречки од техничка природа, но уште поголеми од политичка природа која во скоро време ќе ги испорача преку налогодавецот своите максималистички побарувања од оваа држава, кој некој како Зоран Заев не ќе може да ги одбие. Како и на кој начин некој го замислува соживотот кога се повеќе и повеќе се опкружува и се затвора во своите гета, при тоа почнувајќи од најмладите, не им се обезбедува владеење и познавање на македонскиот јазик во оваа наша заедничка држава Македонија.

Потпишувањето на договори со соседите за взаемно разбирање и формирање комисии за разгледување и редифинирње на историјата, ќе не остави на гола ледина, без ништо никаде, тоа што ние им го кажувавме на соседите, се донесовме во ситуација, нивната вистина да е вистината а за жал нашата ќе биде закопана некаде длабоко во земјата, никој повеќе да не ја изучува, никој повеќе да не ја спомнува. Дали сите ние кои учевме историја во нашите училишта повторно ќе бидеме вратени во школските клупи да ја слушнеме и најновата историја на македонскиот народ и Македонија, или пак ќе чекаме нашите деца и внуци доаѓајки си дома од училиште да ни кажуваат за историјата а ние од тоа да не знаеме ништо. Не знам што е пострашно и не знам кој се ќе си земе за право да ревидира што тој мисли дека е за ревидирање. Историјата е наука на која треба секогаш да се повикуваме. За жал во нашата историја многу предавници, многу водства кои служеле на туѓи интереси а на сметка на сопствениот народ, кој ги доживеал најголемите злосторства, најголемите страдања, најголемите ужаси и ги преживеал најголемите неправди од сите балкански народи за жал.

Сето ова го пишувам јас Спиро Мавровски, како Македонец, интелектуалец, како поранешен пратеник и родител. Една порака до сите наши минати претседатели и премиери. Да се обратат до Македонскиот народ и да им се извинат за сите оние одлуки кои ги донеле под притисок од меѓународната јавност. По можност заради транспарентност и да ги презентираат тие одлуки. Тие договори кога и да е излегуваат со отворање на архивите на Светските сили. Со чиста совест дека Македонија во моментот се наоѓа на серозен исчекор, можеби клучен за понатамошното опстојување на оваа наша држава, која толку силно ја сакаме, а за жал пак многу други околу нас и подалеку од нас, од секогаш ја посакувале ја посакуваат и ќе ја посакуваат. Затоа памет и разум за носење правилни одлуки, да се сакаме и почитуваме себеси за да не сакаат и почитуваат и другите.

Автор м-р Спиро Мавровски

ВРЕМЕ Е ЗА ЧОВЕКУВАЊЕ

А НЕ ЗА ЗАКАНУВАЊА

г. Претседателе на Р. Грција,

Пред ужасниот расизам ќе молчиме? Ете зошто: врз основа на решението на Министерството за внатрешни работи 106.841/5-1-83, се дозволи слободното репатрирање на „Грци по род". Господине Прокопис Павлопулос, вие денес сте претседател на народите што живеат во Грција (цел свет знае дека не се сите Грци по род, нели!?). Исто така, цел свет знае дека имате протерано повеќе од двесте илјади (200.000 Македонци). Но најболното е што ние, Македонците, имаме таму повеќе од 25.000 млади погинати во Граѓанската војна и уште повеќе во турско - грчката војна и во италијанско - грчката војна, но и на сите тие Македонци не им се знае никаков белег или до денес не им е оддадена никаквапочит.

Но Вие се измачувате со уште една пострашна нечовечност. Сакате да ни го смените името и со тоа да ни го срушите столбот на кој лежи македонската држава - татковината на Македонците, и со тоа да го направите тоа што го направивте со Македонците во окупираниот дел, кој сега е под грчка власт од 1913 година до ден -денес!?

Цел свет ве гледа како ги бакнувате иконите и оставате впечаток дека сте господово чедо, а, од друга страна, ни се заканувате дека никогаш нема и не сакате да ЧОВЕКУВАМЕ ЗАЕДНО ВО ЕВРОПА!? НО!?

Значи, само за нас, Македонците и пред господ БОГ, не сте за ЧОВЕКУВАЊЕ? Значи сега за да не уништите не се фалите со напалм - бомби и ракети туку со изолирање, промена на името и на светот да им кажувате дека не постоиме, а вас да ве назначуваат за почесен граѓанин во градовите на прогонетите. Не само за ова. Ако веќе Вие, Нас, Македонците, сите што сме протерани, не не прифаќате, тогаш под кои услови ни ги зедовте имотите што ни припаѓаат од нашите предци, што печалеа за своите наследници. Ми се чини дека таквиот завет е и кај вас Грците, односно таа човечка одлика е кај целото ЧОВЕШТВО.

Проблемот, господине Павлопуле, е отворен и многу прашања се од цивилизациски карактер, а тоа зависи токму од Вас, не од грчкиот народ...

Ајде да позборуваме за човекувањето што ни прилега. Да не заборавиме на најелементарното нешто: дека пред се сме човечки суштества со свое достоинство! Во текот на годините некако чувствувам нам, Балканците, како да ни е забрането да зборуваме на теми надвор од зајадливото и итроманско политикантство.

Да ве потсетам: на 10 август 2003 година, по 55 години, грчката влада дозволи да се посетат огништата на нашите предци, т.е. убавината на татковите домови од кои исчезнавме, но со таканаречен „ХУМАНИТАРЕН ПАШПОРТ", во кој не треба да пишува каде си роден, туку роден само во Грција. Така одродени пристигнавме на нашите родни огништа. Но секој си го поставуваше прашањето: „Каде е мојот крај, каде е гробот на моите родители, на мојот дедо и баба, каде е тоа име што го барам? Таа слика од детството? Тој дом, таа река, тој патоказ, таа шума, таа птица што ме будеше. Каде е прагот што лазејќи го минував како дете?!..."

Најдовме невиден пустош. Зарем тоа не претставува газење по човечкото достоинство? Секој од нас се чувствуваше како ТУЃИНЕЦ ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА, талкајќи по половина век низ обезличените села и гробишта да пронајдеш нишан од своите предци, а не наоѓаш апсолутно ништо. Тоа е ужас, господине Прокопис Павлопулос, нели? Кога на човека цвеќето ќе му овене в раце... Кога свеќата нема кај да ја запали... Тоа го доживеавме!

Ете, повеќе од 70 години доживуваме прогонство, а Вие уште повикувате на НЕЧОВЕЧНОСТ и ЗАКРВАВЕНОСТ!

Нели е време да се свртете кон човештината, господине Павлопуле!? Кажете им ја вистина и на грчкиот граѓанин. Само така вие докрај би биле доследни. Но ако не го сторите тоа, мој поранешен сограѓанин Павлопуле (нели велите дека живеете во

Македонија и небаре се чувствувате како Македонец), тогаш останувате доследен со својата сомничавост.

***

Нека ми биде дозволено да го цитирам Коча Поповиќ: „Јас сум против секаков национализам, бидејќи национализмот е најниската форма на општествената свест. Ова е страшно! Ова е страшно! Страшно е да се имаат вакви интелектуалци во својот народ! Веќе сте националист ако таква мисла владее во вашето општество, а таа владееше и комплетно доминираше во СФРЈ. Осудени сте, предодредени да бидете пониско суштество! Секоја т.н. општествена свест што практикува и наследува одредена идеологија: национализам, комунизам итн., има своја сопствена патологија кога ќе скршне од вистинскиотпат..."

(Авторот е писател)

Фусноти - (Појаснувања)

Според Владимир Дедијер, Титов дипломат и разузнавач, бригадниот генерал Фицрој Меклин спаѓа во врвот на разузнавачите во Британија и Европа во тоа време! Меклин бил личен пријател на Черчил, а како негови достигнувања се смета тоа што прв дознал и јавил за постигнувањето на тајниот пакт помеѓу Хитлер и Сталин, како и откривањето на плановите и движењата на германскиот генерал Ромел во северна Африка. Меклин е определен да организира контакти и сојузничка поддршка за партизаните на Тито. Тој дошол во Југославија во 1943 година спуштајќи се со падобран заедно со радиотелеграфистот Бил Дикинс, задолжени за контакт со партизаните. Меклин бил дипломатски службеник во Москва и имал искуства и сознанија за комунистичката идеологија и дејствување. Тито посебно го ценел Меклин. По војната го сметал за свој пријател и му подарил куќа на островот Корчула. Фицрој Меклин ја посетувал куќата на Корчула речиси сè до својата смрт, во март 1996 година.

На 23.04.1945 година, во Скопје, во просториите на ЦК на КПМ, формирана е организацијата НОФ (Народно

ослободителен фронт) на Македонците под Грција. Во составот на оваа организација се формирани АФЖ и НОМС. Од формирањето сè до т.н. „Братство и единство" помеѓу НОФ и КПГ, НОФ дејствуваше спрема директивите на КПМ/КПЈ, а потоа помина под команда на КПГ сè до ликвидацијата на ДАГ и нејзиното расформирање, а нејзиното раководство, беше интернирано во логорите на Сибир.

Холокауст: жртви што горат во ритуален пламен или жртви што страдаат во пожар – (терминов се употребува и за страдањето на Евреите во фашистичките крематориуми).

Евангелос Кофос, студирал на универзитетот „Џорџтаун" во САД и дипломирал на темата „Македонското прашање". Кофос е идеологот на грчката политика кон нашата земја во однос на името. Во клучните години, кога се решаваше нашата судбина за признавањето на државата, приемот во ООН, сè до крајот на 1995 година, или нешто подоцна, тој беше шеф на штабот при грчкото МНР, кој го отвори и го менаџираше спорот. Сите овие години работел на „Македонското прашање". Во 50–тите години и периодот по 1991–та, кога тој се обидува да го затвори ова прашање. Еднаш засекогаш. Тој е идеологот и архитектот кој ја дефинирал суштината на грчката политика во спорот. Има издадено неколку книги преку Институтот за Балкански студии во Солун. Една од нив е: Кофос, Евангелос, Nationalism and Communism in Macedonia (Tesaloniki: Institute for Balkan Studies, 1964)

Нејскиот мировен договор: Како земја–губитничка во Првата светска војна, Бугарија потпиша мировен договор со кој изгуби многу од своите територии. Така, Добруџа ѝ припадна на Романија, Тракија на Грција, Струмица, Димитровград (Тогашен Цариброд) и Босилеград на Србија. На страната на бугарската армија се бележат 8.750 мртви војници и офицери и 152 илјади ранети, додека на нејзината територија имало 275 илјади цивилни жртви.

ОЗНА и односно УДБА (Одделот за заштита на народот – Управа за државна безбедност), КОС (контраразузнавачки сектор на ЈНА), и СИД (Служба за информирање и

документација при Министерството за надворешни работи на Југославија).

Специјален Титов разузнувач бил и Иван Караиванов, агент на советската НКВД и инструктор на Коминтерната. Непосредни соработници и инструктори на генералот Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мило Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија. Слободан Марковиќ имал задача по потреба илегално безбедно да го донесе и враќа од Белград генералот Вафијадис. (Види: КОС и УДБА – Акциите и документите на тајните служби).

ЕЛАС – ЕЛАСИТИ. Припадниците на оваа војска се викаа „андартес" што кај Македонците асоцираше на злогласните дела против македонскиот народ од постилинденскиот период, т.е. на грчките андарти организирани и вооружени во Грција и испраќани во Македонија со нож да го шират грчкото влијание.

На 6 април 1941 година во исто време Германија изврши напад против Југославија и Грција. Во Грција се јави нов господар, со нови фашистички погледи. На 27 септември истата година е формирана организацијата ЕАМ (Народноослободителен фронт), која го повика целокупното население на Грција на отпор против фашизмот и за таа цел на заедничкиот состанок на ЦК на КПГ, бараа да се организира ЕЛАС (Грчка народноослободителна војска) и дури на 15 февруари 1942 година се појавуваа воените единици на ЕЛАС, еласити. Во Костурско беше формиран првиот одред на ЕЛАС на 7.12.1942 година кој го сочинуваа 10 Македонци, 7 Грци и двајца Власи.

ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70.000 еласити, но на 16 јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на англиската воена мисија, полковникот Еди Мајерс потпишаа спогодба со која ја потчинуваат својата команда под англиската за Блискиот Исток, а на 12 февруари 1945 година во Варкиза е потпишан договор со кој практично ја предаде власта на десницата во Грција 1945 година.

СНОФ (Славомакедонски народен ослободителен фронт), формиран во октомври 1943 година во селото Осничани, Костурско, од секретарите на обласниот комитет на КПГ за Западна Македонија: Христос Калфас-Андреас и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Костурско Андонис Андонопулос-Периклис, како и секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Кожанско, Танасис Карцунис. Сето тоа е направено со намера да ги разбијат и привлечат комитите, со уверување дека веќе се формирани македонски организации. На СНОФ ѝ беше дозволено за еден период да се образуваат еласити од Македонци, само до бројност на еден одред, но под команда на ЕЛАС. Но организацијата СНОФ и воените единици на СНОВ (Славомакедонска народно ослободителна војска), беа расформирани на 26 септември 1944 година, со потпишувањето на договорот во Казерта – мало гратче во Италија, меѓу КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и грчката влада во бегство на чело со Георгиос Папандреу и Британскиот штаб за Среден Исток. Со овој договор, дефинитивно беше запечатена судбината на левите сили и на Македонците во Грција.

Партискиот весник „Лаики фони" објавувајќи го фамозното интервју на Бакерѕис му соопштува на светот дека се работи за „булгарофони Елини", а врховниот командант на ЕЛАС, генералот Стефанос Сарафис, во својата позната книга „О ЕЛАС" (1946, 331), за Македонците зборува како за „славофони Елини". И уште нешто што треба да се знае: Грција, по Балканските војни, со Нејскиот мировен договор (27.11.1919 год.) склучен со Бугарија и во 1923 во Лозана (Швајцарија), склученият мировен договор со Турција, направи етнички промени на својата територија, при тоа вклучувајќи во договорите задолжителна размена на населението. Македонскиот народ веќе го имаше изгубено етничкотериторијалниот статус. Грција и во Втората светска војна ова прашање го елиминира, и тоа кога командантите на ЕЛАС, ЕАМ и КПГ ги потпишаа договорите и тоа: (во Либан на 16.07.1943 год, во Казерта на 26.09.1944 год., и во Варкиза на 12.02.1945 год.) со англискиот полковник Еди Мајерс, и со тоа Грција ја доби заштитата на територијалниот интегритетот на државата со границите – СТАТУС КВО. Понатамошниот развој на настаните покажаа нова БАЛКАНСКА ЗАБЛУДА (1945 –

1949), пак дело на КПГ и КПЈ. Тие нѐ турнаа во хаос, во македонски нихилизам, грешки, поданство и со губење на огништето – еднакво на национален пораз. Сите овие демагози кои беа за „вистинитоста" на паролата за Обединета Македонија, беа свесни за лагата со која се служеа. Тие официјално остануваа на ставот дека македонското прашање е закана за мирот на Балканот. Но, за нас Македонците, неспорно беше дека ни остануваше само историското неприкосновено право на татковата земја, оти немаше смисла да се живее без идентитет, но дали под туѓинската измама требаше токму така да се саможртвуваме? Впрочем, органот на ЦК КПГ, двонеделното списание КОМЕП, број 16, од август 1943 година, убаво објаснува: „Во грчка Македонија нема национална испомешаност... Словенското и турското население се иселени според конвенциите, а грчкото население е собрано од сите земји на Балканот и од Мала Азија во грчка Македонија... која станала толку грчка колку и секоја област на стара Грција!" (стр. 331).

Наум Пејов, роден во селото Габреш, Костурско, во 1919 година. Член на КПГ од пред војната. Во 1939 година е уапсен од грчката полиција. Во НОВ е од 1941 година. Командант е на партизанскиот македонски одред „Лазо Трповски". Член е на окружниот комитет на СНОФ за Костурско. Ја раководи групата борци што ги напуштија воените редови на ЕЛАС и преминаа во Вардарска Македонија во мај 1944 година. Заменик командант е на Првата егејска бригада. По војната зазема разни високи политички и државни функции во СР Македонија.

Во суштина биле формирани две организации: СНОФ за Костурско, формирана во октомври 1943 година и СНОФ (која беше формирана од ЕАМ со намера и предлог на Темпо, дека ќе се бори заедно со еласитите и со тоа да ги придобие костурските комити. Организацијата беше строго контролирана од ЕАМ и ЕЛАС т.е. од грчките раководители). Во Леринско, СНОФ е формирана во ноември истата година, во с. Белкамен. Настојувањата организацијата СНОФ да претставува една организациона целина за сите Македонци од егејскиот дел на Македонија, како и барањата организацијата да не дејствува

самостојно, односно надвор од рамките на ЕАМ, биле поддржани од КПГ. Треба да се знае и тоа дека во јануари 1944 година од КПГ било дозволено и формирање на воена Славјаномакедонска народноослободителна војска (СНОВ), под директно раководство на ЕАМ и ЕЛАС. Подоцна, токму од овие одреди беше оформена „егејската бригада", која од составот на ЕЛАС премина во Титовата армија, во Југославија. На 23 април 1945 година во Скопје, по иницијатива на КПЈ/КПМ, од нив биле формирани органициите: НОФ, АФЖ и НОМС и испратени во Македонија под Грција.

Цветко Узуновски-Абас, одговорен за ОЗНА. На Пленумот на ЦК КПМ, одржан во текот на летните месеци од 1945 година, предложил да се заземе фронтален став спрема групата која скршнала од правиот пат на КПМ и нивното фракционерство во партијата. Во таа група биле: Методија Андонов-Ченто, Венко Марковски, Михајло Апостолски, Киро Глигоров, Лазар Соколов, Петре Пирузе, Благој Хаџи Панзов, помагани од Димитар Влахов.

Моето долгогодишно истражување има за цел да открие: кој им помогна, (одмогна), на Македонците под Грција по поделбата (1913), да си ги сочуваат, (напуштат), многувековните цивилизациски традиционални вредности на етничкиот простор и се да дојде под ударот на тотален геноциден зафат над мојот мирен македонски народ?

Државното партиско раководство на Југославија на седницата на Политбирото на ЦК на КПЈ од 21 март 1945 година се изјасни за изградба на социјализмот во Македонија, преку реферирањето на Миха Маринко. Состанокот го заклучи Тито истакнувајќи дека во Македонија сè уште не е изживеан михајловизмот. Тој живее во буржоазијата, но и во селанството. Партијата ги популаризира. Тие треба прво на конкретни дела да се разоткријат. Македонија треба да се задржува и опстојува со сопствени сили. Треба да се критикува Ченто во партијата, Влахов треба да се повика овде. Прашањето на тие луѓе треба внимателно да се реши... Македонија сè уште ништо не даде за оваа војна и ние ќе мора да побараме повеќе да дава за војната и

обновата на земјата... Потоа набрзо се одржа Пленумот на ЦК КПМ.

Види: ставот на Цветко Узунов-Абас.

Во слободна Битола на 18 ноември 1944 година беше формирана „Првата егејска бригада", од борците на двата пребегани баталјони од егејскиот дел на Македонија. На 28 декември 1944 година бригадата беше распоредена во Западна Македонија: Кичево, Гостивар и Тетово. Бригадата доби задача да се бори против балистичките банди на Џемо и Мефаил, кои биле формирани уште за време на италијанско– германската окупација. Со специјална наредба под број 236 (строго доверлива), од маршалот Тито, на 2 април 1945 година е побарано расформирање на „Првата егејска бригада".

Во 20-от век, по поделбата на Македонија во 1913 година и сè до Втората светска војна, во Австралија, Америка и Канада беше создадена уште една Македонија. Години со ред Македонците во Граѓанската војна (1945 – 1949), повеќе од 20 илјади го дале во залог својот живот за Македонија, други останале по затворите, логорите и островите низ Грција, а голем дел најдоа прибежиште во европските земји од социјалистичкиот лагер: СССР, Полска, Чехословачка, Унгарија, Романија, Бугарија и Источна Германија создавајќи уште една емигрантска Македонија, но во душата ја носеа татковината Македонија, посакувајќи во секој миг да се вратат и да се соберат со своите семејства во неа. Враќањето почна по подобрувањето на односите помеѓу Југославија и СССР, воедно и со сите источноевропски земји, така да Македонците како политички емигранти почнаа да се враќаат во Република Македонија. Првата институција со која се сретнаа беше КПД „Идризово". Имено, таму, во затворот, се вршеше проверка дали семејството кое се враќа во својата татковина е југословенски ориентирано, односно на која македонска фракција ѝ припаѓа. Но, во годините што следуваа не важеше изјавата... се враќам во Македонија затоа што сум Македонец, туку важеа правилата на УДБА.

***

Комити – На 5 март 1943 година во Костур е формирана првата вооружена воена единица – Комити во Македонија под Грција. Тие брзо се појавија во 54 села и нивната бројка беше 9.850 вооружени селани, наречени комити. Комитите беа формирани за одбрана од вооружените грчки националистички банди, кои во 1943 година во Западна Македонија растураа летоци со застрашувачки пароли, против Македонците, и секако против македонските Комити. КПГ на 20 октомври 1943 година ја формира организацијата СНОФ (Славомакедонски народноослободителен фронт) со цел уништување на комитите. А, по уништувањето на комитите во април 1944 година, КПГ донесе решение за расформирање на СНОФ и СНОВ и тогаш една група Македонци, кои служеле во ЕЛАС, во знак на протест се одделија од ЕЛАС и се приклучија кон партизанските единици од Вардарска Македонија во Титовата армија.

Никос Захаријадис е роден на 27 април 1903 година во Одрин (Адријанополис), Источна Тракија. Татко му бил вработен како службеник – експерт во француската трговска компанија за тутун „Рези" со седиште во Цариград. Никос Захаријадис во 1911 – 1912 година живее во Скопје, во населбата „Ибни Пајко", каде што неговиот татко работел во претставништвото на споменатата компанија „Рези". Во Скопје Захаријадис оди на училиште. Во 1913 година се преселува во Солун. Во 1922 и 1923 година како морнарски работник допатувал во Советскиот Сојуз, каде се зачленил во КПСС. Во 1924 со размената на населението помеѓу Турција и Грција, семејството Захаријадис се преселило во Грција. Во 1924 година го посетува познатиот комунистички универзитет за народите од Источна Европа, КУТВЕ, во Москва. Никос Захаријадис бил лидер на грчкото комунистичко движење и генерален секретар на КПГ, од 1936 година до 1956 година. Захаријадис упорно го култивираше во редовите на КПГ култот и сета доверба во апсолутната непогрешност на КПСС и на Сталин, факт кој како што и самиот призна, многу скапо го плати грчкото комунистичко движење, грчкиот и македонскиот народ и самиот тој. Се самоуби како робијаш во градот Соргун во Сибир 1973 година.

Како последица од Балканските војни (1912–1913 год.) и со Букурешкиот мировен договор од 28 јули (10 август), 1913 година, со кој се завршени Балканските војни, санкциониран од Нејскиот мировен договор од 14/27 ноември 1919 година и од Севрскиот мировен договор од 28 јули (10 август), 1920 година, Македонија беше поделена меѓу Грција, Србија, Бугарија и подоцна од Албанија, која ги доби Долна Преспа и Голо Брдо. Грција доби 34.356 $км^2$ или 51% од македонската етничко – историска територија ; Србија 25.713 $км^2$ или 39%; Бугарија 6.798 $км^2$ или 9,5% и Албанија 0,5% од македонската – историска територија.

Види под А/Нејскиот мировен договор и под Б/Лозанскиот мировен договор.

Со поддршка на левите политички сили, пред сè на комунистичкото движење, во 1924 година се постигна договор за создавање на ВМРО (Обединета) за сите делови на Македонија. Беа издадени Декларација и Манифест, во април, односно мај 1924 година од програмски карактер. Некои ставови и денес претставуваат посебен интерес. „ВМРО (Обединета) во својство на вистинска револуционерна сила се бореше за ослободување на раскинатите делови на Македонија, во една наполно самостојна (независна), политичка единица во нејзините природни етнографски и географски граници", се вели во програмските цели. На 6–тата Конференција на Балканската комунистичка организација (Б.К.О.) – која беше призната од КОМИНТЕРНАТА, во март 1924 година, официјално се прифати бугарскиот предлог за создавање на „Обединета и независна Македонија" во рамките на една „Балканска федерација". И КОМИНТЕРНА-та на својот 5–ти Светски конгрес во мај 1924 година го уважи горното решение на БКО. (Претставниците на КПГ на овие конгреси Пулиопулос и Максимос, како и други преставници на КПЈ, беа принудени да го прифатат ова решение, за да не бидат обвинети дека се разбивачи на меѓународното комунистичко движење). За крај како резултат на 3–от Конгрес на КПЈ што се одржа во Виена во јуни 1926 година, беше прифатено решението на КОМИНТЕРНАТА за создавање на „Независна Македонска

држава” и овој став КПЈ го потврдува на 4–от Конгрес одржан во октомври 1928 година.

„Водечките македонски активисти, осудувани од КПГ, беа прифатени од КПМ/КПЈ. Со јавна поддршка на КПМ/КПЈ се конституира Политичка комисија за Егејска Македонија (октомври, 1944), се формира Првата македонска егејска бригада (ноември, 1944), а потоа, наместо нив, се формира сенародна политичка организација наречена: Народен ослободителен фронт – НОФ, (Истовремено со НОФ се формираа и АФЖ и НОМС во април, 1945), чија воено–политичка активност наскоро стана основен белег на времето во тој дел на Македонија.

Паскал Митревски од должноста секретар на Политичката комисија на Македонците под Грција, по решение на ЦК на КПМ на почетокот на февруари 1945 година замина за Белград, со цел да ја посетува тримесечната партиска политичка школа, која беше организирана од ЦК на КП на Југославија.

Караиванов бил специјален Титов разузнавач и агент на советската НКВД и инструктор на Коминтерната. Перо Симиќ, во својата книга, „Тито – Тајна на столетието” за македонското издание ТОПЕР, Скопје, 2009 г. стр. 240, пишува: На Петтиот конгрес на КПЈ во нејзиниот ЦК избран е и енкаведеовецот Иван Караиванов-Шпинер. Три години порано, овој бугарски екстремист не ја добил очекуваната положба од комунистичката власт во Софија, па Тито го повикал, своите политички амбиции да ги оствари во Југославија.

„Од железничката станица во Белград заминал право во резиденцијата на Тито на Дедиње:

Дали докажавте дека нашата партија е верна на револуцијата и на Коминтерната – прашал Валтер.

И повеќе отколку што треба! – одговорил Караиванов”.

...Тито му дал на Караиванов-Шпинер вила на Дедиње, го избрал во својот Централен комитет и му овозможил да стане

пратеник во Сојузното собрание на Југославија. Го прогласил за „Јунак на социјалистичката работа", кого челниците на КПЈ го ословувале со „револуционер кому светот му е татковина".

Непосредни соработници и инструктори на генерал Маркос Вафијадис биле и: Ѓуза Радовиќ, Обрад Трниниќ, Мишо Врбица, Велимир Доцниќ, Светислав Стојановиќ и Петар Луциќ, сите од КОС на Србија.

Според КПГ Трумановата доктрина значи потчинување на Грција на американските интереси, потоа КПГ смета дека Грција под раководство на САД ќе послужи како мостобран против балканските народни републики и Советскиот Сојуз. На 20 јуни 1947 година е потпишан Грчко–американскиот договор за реализација на доктрината. Во договорот е предвидено зајакнувањето на теророт преку примена на планот за масовни апсења, како што се од 9 – 10 јуни 1947 година и други.

Пролетта 1947 година македонската организација НОФ постигна крупни политички и организациони успеси. Во редовите на НОФ, АФЖ и НОМС членуваа 16.349 лица. Во регуларните единици на ДАГ се бореа повеќе од шест илјади Македонци и Македонки. Слободната територија што беше создадена главно на територијата на Егејскиот дел на Македонија, беше претворена во работилница каде што стари и млади, жени и мажи, работеа за потребите на ДАГ.

Панихида во Штип за 150 млади, кои беа насилно земени од суверената Југославија и испратени во суверена Грција, во прегратките на смртта во Граѓанската војна, само затоа што тие беа родени таму. На страниците на „Н.Македонија" од 29 мај 1994 година веќе и отворено се идентификува кој го правел таквиот „национален долг" и им го покажал патот до „слободата", на овие млади луѓе, коишто ги оставија коските на Грамос. Тоа е Синдрофос Мичос (како што се претстави: политичар, револуционер и мобилизатор). Тој вели: „...Дојдов во Скопје и за четири месеци испратив стотина борци во редовите на ДАГ".

Во градот Костур има биста на генерал Џејмс А. Ван Флит. Како прв човек на американската воена мисија, тој сторил многу за да заврши Граѓанската војна со успех на грчката владина армија. Генерал Маркос Вафијадис – комунист, тутунски работник, член на КПГ од 1928 година. Член на ЦК на КПГ од 1942 година, втор секретар на бирото на КПГ за Македонија и комесар на Групата дивизии на ЕЛАС во Македонија под Грција. Воен командант и претседател на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна. Во Резолуцијата на ПБ на ЦК КПГ од 15.09.1948 година се вели дека и Маркос Вафијадис како комесар на Групата девизии на ЕЛАС во Македонија следел шовинистичка политика спрема Словеномакедонските борци. (Сл. „Неос космос" август 1950. „Десет години борба" стр. 470).

На седницата на Претседателството на организацијата „Илинден" на Македонците од Егејска Македонија, формирана по иницијатива на Захаријадис, што се одржа на 4 јуни 1956 година, раководителот на организацијата, полковникот Пандо Вајна, во својот реферат во врска со прогонот на Македонците од КПГ, меѓу другото рече: „...Во периодот на борбата на ДАГ и после поразот, Захаријадис спроведуваше политика на клеветење и прогонување на еден добар дел од славомакедонските кадри и народни борци. Сосема неосновано и многу лесно им се лепеше етикета „агент на непријателот". Врз основа на лажни обвинувања во 1948–1949 година и подоцна, повеќе Славомакедонци беа уапсени, а некои од нив и ликвидирани... (Ам, Ф–21/1600)

На 21 февруари 1947 година британската влада ја извести американската влада дека на 31 март истата година, поради економски тешкотии, ќе прекине да ја помага Грција. Американската влада ценеше дека доколку не ги преземе обврските од Британија спрема Грција, ќе се соочи со поголеми последици. За да не се случи тоа, председателот на САД Труман ја соопшти својата доктрина за доделување на 300 милиони долари помош за Грција, односно за заштита на атинскиот режим позната под името „Труманова доктрина".

На 12 февруари 1945 година, во Варкиза, одморалиште што се наоѓа близу до Атина, потпишана е спогодба меѓу раководството на движењето на отпорот на КПГ и ЕАМ од една и Владата на Пластирис и британскиот генерал Скоби од другата страна. Со таа спогодба на ЕАМ и ЕЛАС (војската на ЕЛАС во цела Грција броеше околу 70.000 борци), уште на 16 јули 1943 година, раководството на ЕЛАС и шефот на англиската воена мисија полковникот Еди Мајерс, потпишаа спогодба со која ја потчинија својата команда под англиската на Блискиот Исток, со што практично ѝ ја предадоа власта на десницата. Тоа беше крајниот резултат на ЕЛАСИТИТЕ.

Британската влада имаше ангажирано бројни сили. Во Солун била извршена концентрација на околу 80 илјади луѓе и бројни моторни возила, тенкови и топови. На аеродромот Серес (12 км од Солун) имало околу 200 британски ловечки авиони и 60 бомбардери.

За хронологијата на настаните од пеколот на војната, најмногу е користена литература која е наведена на крајот од книгата.

Шаторов, Методија - Шарло (Прилеп 1897 – Бугарија, септември 1944). Од крајот на Првата светска војна емигрант во Бугарија. Член на БКП од 1920 год. Во 1929 год. емигрира во СССР. Од пролетта 1940 до септември 1941 бил секретар на ПК КПЈ за Македонија. Се застапува за формирање на сопствена македонска држава и обединување на Македонија, со потенцирање на македонска национална индувидуалност. Отстранет од функцијата секретар (по налог од Тито), по разрешувањето на спорот меѓу КПЈ и БРП – преку Коминтерната, за припадноста на ПК за Македонија на Југославија или Бугарија.

Бунтот на Скопското кале и Штип: недела претпладне, 7 јануари 1945 година – Божик. Во офицерскиот дом на плоштадот во Скопје се одржува Вториот конгрес на Народната младина на Македонија. Стотици војници, вооружени, се симнуваат од Калето и преку Камениот мост доаѓаат пред Офицерскиот дом. Со транспаренти, извикувања, мешаница,

пароли „Не сакаме на Срем, сакаме на Солун” и „Не на Берлин, туку на Солун”. ОЗНА почнува да ги апси.

Големиот револуционер Георги Димитров раководеше со Коминтерната и со Бугарија. Георги Димитров, чие име го има во сите светски енциклопедии, потекнува од македонско семејство. Беше раководител во Комунистичката интернационала во Москва, а во повоените година стана прв човек на бугарската држава.

Бројката е сè поконкретна и поприфатлива, спрема извештајот на УНСЦОБ, од август 1949 (А/935, стр. 16) во кој се потврдува: „Во периодот на 1948 година, околу 25.000 Elinopula – Грчиња се иселени од Грција и се сместени на територииите на Северните соседи на Грција и во други земји.” Во јануари 1950 година, еден претставник на грчкиот Црвен крст, поднесе извештај: „за збирниот број на грчките деца кои добија азил во северните земји на Грција и дека бројката во јануари 1950 година, достигна до 28.296 деца”. Истовремено, тој даде и една прегледна анализа за збирниот број на децата и во кои земји се стационирани: „Албанија: 2.000, Бугарија: 2.600, Унгарија: 3.000, Полска: 3.000, Романија: 3.801, Чехословачка: 2.235, Југославија: 11.600. „(Извештајот на УНСЦОБ А/1307, 1950, стр. 23.)

Во книгата, за воспитувањето на децата, од Танасис Мицопулос, се вели дека: „Имаше и повеќе од 25.000 деца, но и Василис Барџиотас, прокоментира, дека сме иселиле 25.000 деца, а владата во Атина, тој број го покачува на 28.000.”

Моја забелешка: навистина КПГ и ДПВ си го одржаа ветувањето пред светот и се изборија по војната да се вратат, но само децата „Грци по род”. Оттогаш, веќе половина век, се слуша само лелекот на македонските родители и на тие деца кои се прашуваат: Зошто КПГ не се погрижи да ги врати Македончињата? Зошто заборавила дека на илјадници од нив, нивни татковци и мајки ги оставиле коските на Грамос, борејќи се само за интересите на КПГ!?

Партизанскиот весник (ДАГ) „Ексормиси” излегуваше на секои петнаесет дена. Се уредуваше и се печатеше на планината Грамос.

Александар Ранковиќ, со партизански прекар Марко, е роден на 28 ноември 1909, во околината на Обреновац, Србија, творец на КОС и УДБА и нивна жртва.

Германос Каравангелис е роден во 1866 година во с. Стипси на островот Лезбос. Завршува на Минхенскиот универзитет со голем успех и желбата му била да се посвети на просветата како професор по теологија, но по барање на грчката влада во 1900 година е назначен за Митрополит на Костурската Епархија. Каравангелис за кратко време по сите костурски села создава цела мрежа од свештеници, учители и други, кои ги поткупувал со златни лири. Тој во своите спомени детално ги опишува акциите и најсуровите методи што ги вршел при погрчувањето заедно со Павлос Мелас, началник и организатор на грчките андарски чети, кои се појавија во Македонија во 1901 година.

СЛАВОМАКЕДОНЦИ?! Дали ние Македонците по наша волја или по волја на КПГ прифативме да се викаме „Славо–Македонци”? Зошто и како се сложивме со таквиот племенски атрибут кој важеше за идентификација на Македонците Словени. Дали грчките комунисти го направија тоа со намера и во најголем дел и го внесоа во целокупната историска документација од Граѓанската војна (1945 – 1949), а ние тоа го прифативме, па дури и се гордеевме дека пишуваме историја на Славомакедонците.

Резолуцијата на Инфорбирото, ПБ на ЦК на КПГ ја прифати на 30 јуни 1948 година, а ЦК на КПГ на својот Четврти пленум, одржан на 28 и 29 јули 1948 година

На 16.06.1949 година Извршниот одбор на АФЖ на жените Македонки од Егејска Македонија усвои резолуција за активирање на жените Македонки во одбрана на фронтовската линија Вичо.

Се поставува прашањето: Дали овој прв човек на НОФ, за којшто историографијата вели дека НОФ претставуваше воено политички фактор, тоа го прави од незнаење? Тоа не може да биде, бидејќи тој истиот, Павле Раковски, беше прв човек при формирањето на организација СНОФ во Костурско (20 октомври 1943 година), но исто така и прв човек на организација НОФ во Скопје (23 април 1945 година).

Конференцијата на Јалта траела од 4 до 11 февруари 1945 година. На неа присуствувале претседателите на Велика Британија (Черчил), СССР (Јосиф Висарионович Сталин) и САД (Рузвелт), во присуство на нивните министри за надворешни работи.

Почетокот на македонското прашање некои западни дипломати го датираат од 1870, кога Русија ја принуди Турција да дозволи формирање на посебна бугарска православна црква – Егзархија, со контрола врз деловите од турската провинција Македонија. Други, го застапуваат мислењето дека тоа прашање датира од 1878, кога на Берлинскиот конгрес било извршено ревидирање на Санстефанскиот договор кој Русија ѝ го наметнала на Турција по Руско – Турската војна. Со Санстефанскиот договор Бугарија ги добила границите што ги исполнувале бугарските национални соништа – бил доделен целиот дел од Македонија под Југославија, вклучувајќи ги и Врање, Костур, Лерин, Острово и еден мал дел од Егејското Море, западно од Солун. На Берлинскиот конгрес Русија се откажала од Санстефанскиот договор, со што Македонија била вратена во рамките на Турција.

Види ЕЛИНИКОС ВОРАС од 3 август 1978 година.

Студена војна: Многу историчари кои се занимаваат со поновата историја на Европа и на светот имаат констатирано дека состанокот на „Големата тројка” што се одржа од 17 јули до 5 август 1945 година во гратчето Потсдам близу Берлин, во дворецот Селиенкоф, во основа бил бесполезен, освен за една историска релевантна последица – отворањето на таканаречената Студена војна. Од тогаш сојузниците во антихитлеровската коалиција Велика Британија (Вистон

Черчил), САД (Хари Труман) и Советскиот Сојуз (самодржецот на СССР, Јосиф Висарионович Сталин), кои со крајни напори успеаја да го победат германскиот фашизам, престанаа да се сакаат меѓу себе, отворајќи ја онаа етапа во поновата историја што дури подоцна ќе го добие името Студена војна. Железната завеса: Токму на конференцијата во Потсдам Вистон Черчил ја формулира синтагмата за „железната завеса" што ја означи поделбата на Европа на сфери на интерес.

Политиката на Советскиот Сојуз спрема македонското прашање беше во функција на глобалната политика и стратегија воопшто и спрема Грција посебно. Сталин, македонското прашање, како и односот на Англичаните, Американците и Грците спрема Македонците под Грција, го користеше како покритие за својата политика што ја спроведуваше во земјите кои паднаа под влијание по Втората светска војна. Во текот на Втората светска војна комунистичките партии во земјите меѓу кои беше поделена Македонија, цврсто го почитуваа декларативниот принцип на големите сили за непромена на предвоените граници. Треба да се знае и тоа: На иницијатива на Сталин е донесена одлука за распуштање на Коминтерната, со што формално е признато правото на самостојност на секоја комунистичка партија и е поддржана тезата: Една држава, една партија. Кога тој истиот Сталин, со големите сили во Москва (октомври 1944), ја направи поделбата на сфери на влијанија, и на Балканот границите да останат непроменети. Ете тоа беше одговор за сите нас, кои гледавме спас во Русија. Тоа беше првиот удар и покажува како го изгубивме обединетиот духовен систем т.е. нацијата остана без стратегија за духовен опстанок на својот етнички простор на Балканот.

ЈАЛТА

ВТОР ДЕЛ

ПРЕГОВОРИТЕ ВО ЈАЛТА ТРАЕЛЕ ОД 4-ти ДО 11-ти ФЕВРУАРИ 1945 ГОДИНА

ДОВЕРЛИВИ ДОКУМЕНТИ ОД АРХИВИТЕ НА СССР ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА (1945–1949 год.)

ДО КОГА ЌЕ ЈА ПРИКРИВАМЕ НАЈГОЛЕМАТА И ДАЛЕКУСЕЖНА ИСТРЕБУВАЧКА АКЦИЈА ИЗВРШЕНА НАД МАКЕДОНЦИТЕ И ЌЕ ЖИВЕЕМЕ СО ЧУВСТВО НА НЕПРАВДА И НЕЧОВЕЧНОСТ?

ДО КОГА ЌЕ СЛУШАМЕ ДЕКА НЕ СМЕ ПОСТОЕЛЕ И НЕ ПОСТОИМЕ, А Е ПОВЕЌЕ ОД ЈАСНО ДЕКА СЕ ПРИКРИВА ИЗВРШЕНИОТ ГЕНОЦИД?

СЛЕДАТ ВАЖНИ ИСТОРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ИЗМАМАТА И МАНИПУЛАЦИИТЕ СО НАС МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА, ПОСЕБНО ОД КПГ, КПМ/КПЈ И НОФ И АФЖ ВО ТЕКОТ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945 – 1949 год.

Доверливите документи на Министерството за надворешни работи на СССР (Сојуз на Советските Социјалистички Републики). Водачот на КПГ Никос Захарјадис во рацете на Советските органи за безбедност.

ОСТАНУВААТ ОТВОРЕНИ СЛЕДНИТЕ ПРАШАЊА:

1) Дали македонските активисти на НОФ и АФЖ, биле изворно национално - ослободително движење, формирано во Скопје и имале автохтона задача – политичка замисла за остварување на некакви национални цели или беа втурнати во масовната чистка и заборавија на македонскиот завет: „Нема поголема доблест да се бранат корените на своите предци”!?

2) Чувствуваат ли вина што ја создадоа организацијата АФЖ и со тоа македонското семејство стана политичко, а Грците тоа не го сторија!? Гркинките членуваа во КПГ. Со создавањето на АФЖ кај Македонците, ние Македонците направивме „Политичко семејство", а тоа им требаше на Грците...

3) Со задоцнување од цели децении генерал Маркос, во посебни интервјуа за атинскиот весник „Та неа" и за солунскиот „Елиникос ворас", изјави: – „Захаријадис ја сакаше таа катастрофа во 1949 год... Плански работеше за тоа да се случи... Бевме предадени од раководството на партијата!"

Или: – „Тогаш сè уште немав дојдено до констатација дека Захаријадис е провокатор... Захаријадис ја играше играта на Англичаните и Американците. Дим". Така, официјално вели Маркос. Тој веќе беше во СССР испратен од Захаријадис уште во 1948 година.

Но, да се навратиме на следните случувања:

ΤΑ ΔΡΑΜΑΤΙΚΑ ΓΕΓΟΝΟΤΑ ΤΩΝ ΕΤΟΝ 1945-1949 ΣΤΗΝ ΕΛΛΑΔΑ ΚΑΙ Η ΣΟΒΙΕΤΙΚΗ ΠΟΛΙΤΙΚΗ

ДРАМАТИЧНИТЕ СЛУЧУВАЊА ОД 1945 ДО 1949 год. ВО ГРЦИЈА И СОВЕТСКАТА ПОЛИТИКА

Превод: Строго доверлив документ на министерството за надворешни работи на СССР. НИКОС ЗАХАРИЈАДИС Во рацете на советските органи.

Απορρητα ντοκουμεντα του Υπουργειου Εξωτερικων τη ΕΣΣΔ. Ο Νικος Ζαχαριαδη στα χεριа των σοβιετικων οργανων

ДВОЛИЧНОСТА НА СТАЛИН ВО ЈАЛТА

1. Руските позиции во целата оваа ситуација беа чисти: Сталин сакаше да се вмеша во интересите на капиталистичкиот свет и покрај постигнатите заеднички договори со западните сили, во кој и самиот учествуваше и се согласи дека: Грција, заедно со Егејска Македонија остануваат под влијание на Велика

Британија и Америка. Ова беше во согласност со спогодбата договорена во Јалта, дека во Грција нема да се воспоставува социјалистичко општество. Оваа спогодба, за право ја негираше потребата од така наречената Граѓанска војна во Грција. Па така, ако веќе војната беше иницирана со цел да се спречи социјалистички политички систем во Грција, во тој случај останува само уште една опција: Интернализација на проблемот, победа и отстранување на комунистичките сили во Грција и спроведување на легално етничко чистење на македонското население во Егејска Македонија, окупирана од грчката држава, и доселување на колонистите од Мала Азија, од народот наречени како „дојденци" или „Prosfigi", „Просфиги". Ама се поставува прашањето: Како? Само со поттикнување на Македонците да се спротивстават со оружје и да започнат војна.

ВАЛКАНАТА УЛОГА НА НИКОС ЗАХАРИЈАДИС

2. Никос Захаријадис кој, бајаги, ја започнал грчката граѓанска војна, беше германски затвореник. Беше ослободен од Британците и со авион испратен во Атина, со цел да го превземе водството на комунистичката партија на Грција. Е сега прашајте се и самите: која беше причината што Британците го ослободија поранешниот генерален секретар на комунистичката партија на Грција, за повторно да го постават на истата позиција, кога и така Грција беше под контрола на таа партија? Имаше ли тој британски потег воопшто смисла? Да! Имаше и тоа како: за да ја ослабат комунистичката партија, а не да ја стабилизираат и оснажат! Целта на Британците беше, со поставувањето на Захаријадис за врвен водач на комунистичкото движење на Грција, да се контролира целата исплеткана ситуација во Грција, што на крајот и се случи.

ДОГОВОРОТ ОД ВАРКИЗА

3. Кога веќе комунистичката партија на Грција ја имаше во своите раце контролата над Грција, зошто беше потребен некој си договор во Варкиза, со кој им ја предадоа власта на својот омразен непријател, грчката влада во Атина, контролирана од Британците? Овој договор во Варкиза беше склопен на 12 февруари 1945 година, со него се бараше сите партизани и

другите вооружени групи да се демобилизираат и разоружаат. Британците, уште еднаш им потврдија на грчката влада во Атина пријателство, со давање на полна политичка и војна подршка, ветувајќи ѝ дека се подготвени да влезат и самите во војна, како би ја спречиле партизанската победа. Најголемите губитници со договорот во Варкиза беа Македонците. Одма по потпишувањето на оваа спогодба, сите антимакедонски закони од претходно, се вратија назад во употреба, со што македонскиот народ изгуби се што имаше добиено за време на германската окупација и уште повеќе: „правото да формираат своја национална држава, спрема принципите во Атланската Повелба". Грчката комунистичка партија не направи ништо да ги заштити македонските права во разговорите со Британците. Тоа не беше само предавство и чин на неблагодарност спрема жртвите кои Македонците ги поднесоа, војувајќи во нејзините редови, туку беа оставени на милост и немилост во рацете на се поагресивните грчки фашисти.

КАКВА БЕШЕ УЛОГАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

4. НОФ на Македонија, кој е креиран во Југославија и испратен во Егејска Македонија, за да изврши подготовки за новиот воен конфликт, веднаш по крајот на Втората светска војна, зошто беше прекинат (поништен), пред да почни грчката Граѓанска војна?

Македонските борци од редовите на ЕЛАС, кои уште со време ја напуштија окупираната македонска територија, Егејска Македонија, и се префрлија во Југославија, беа ставени под команда на КПЈ и КПМ. Од нив, на 23 април 1945 година, беше формиран Народниот Ослободителен Фронт на Македонија и испратен во Грција да изврши подготовки за новиот конфликт: грчката Граѓанска војна.

Тоа значи, дека грчката Граѓанска војна беше предвидена пред таа да започне. Се претпоставува, дека Југославија знаеше за тоа и дека и самата беше дел од сета таа процедура. Врвните југословенски лидери мора да го знаеја тоа. Но како е тоа можно? Ја предвидоа иднината? Сигурно не! Можно е само

едно: да и самата била замешана во заедничкото сценарио против македонскиот народ и неговото етничко чистење од Грција. И какво изненадување? Класифицираниот документ за кој зборував порано, беше датиран со датумот 11 декември 1945 година што докажува, дека на дипломатско рамниште, овај план веќе беше активен уште во 1945 година, кога беше формиран НОФМ. Тоа докажува, дека Британците во никој случај не беа во состојба да се решат од Македонците во Грција без активна помош на Југославија. Фактот што Југославија го формира Народноослободителниот Фронт на Македонија за да ја започни новата, така наречена Граѓанска војна во Грција, го докажува сето тоа.

„БЕЛИОТ ТЕРОР" И МАКЕДОНЦИТЕ ВО НОФ, АФЖ И НОМС

5. После неуспехот на НОФ на Македонија да го мотивира македонскиот народ одново да се вооружа и да се врати по планините, грчките власти го засилија така нареченият „бел терор" и започнаа со злосторствата врз населението до незамисливи размери.

Втората светска војна заврши, зошто беше потребно одново малтретирање и злоставување на народот во Грција? Поголемиот дел од населението едвај дочека да заврши тоа крвопролевање и да се врати кон мирот и обновување на своите животи и урнатини околу себе. Беа гладни за мир. Исто така и македонскиот народ беше гладен за мир. Имаа доста војни. Воглавном тоа беше причината што Македонците не беа мотивирани одново да се вооружаат и да тргнат во уште една војна, со непознат крај. Но откако НОФ не успеа да ги мотивира Македонците одново да се кренат и да ја продолжат својата борба за слобода и своја држава, грчките реакционерски сили стапија на грчката сцена и ги обновија тактиките на тероризам од времето на Метаксас. Тоа ги натера луѓето или да станат во своја одбрана или да побегнат преку граница, што и беше во нивните давнешни планови.

„Идејата беше, да се испровоцира македонскиот народ и да крене оружје против Грција, „па така Грција немала друг избор,

туку да се одбрани од агресорот, кој сакал да отцепи парче од нејзината теритоија"!! Југославија, да би ги задржала добрите односи со Западот, природно, го подготвила теренот со индоктринирање и креирање на НОФ и АФЖ (Антифашистички Фронт на Жените), со цел да се започне вооружена побуна (востание), во Македонија. Македонскиот народ во прво време одби да учествува во такво сценарио, меѓутоа „белиот терор" иницран од грчката десница, фашистите, и нивните злосторства врз цивилното македонско население и нивните имоти, беше доволна мотивација за Македонците, да ги натера да побегнат во блиските планини Вичо и Грамос, да се вооружат и тренираат како да се одбранат од се почестите и масовни грчки зулуми и убиства. Тоа беше почетокот на војната. Тоа беше војна, која беше погубна по Македонците; требала да биде идеолошка војна како би ги замешала и надворешните фактори како Велика Британија и Америка; војна, во која Грција би била некоја жртва која се брани да си ја заштити својата државна територија од агресорот. Ова би требало да постане легален геноцид, бидејќи овие, „Славјаниве", се подготвени да отцепат парче од грчката територија! На Македонците им било речено дека им треба оружје за да се одбранат, но чим почнаа вистинските битки, им било речено дека се борат за „обединување на својата Македонија" и на крајот, од како Југославија се одрекла од нив, им било речено дека се борат за човекови права, да бидат рамноправни со Грците. И најпосле, кога војната се разгорела им било речено, дека се борат за своите животи; „да се борат или да умрат...". (Стојан Кочов)

Во тие времиња, немаше Македонец или Македонка која изјавуваше, јавно, дека се бори само за обединување на Македонија, туку многу Македонци беа убедувани, дека тоа е можно и да се оствари! И зошто тие веруваа во тоа? Бидејќи архитектот на оваа војна, низ НОФ и АФЖ пласираше такви лажни и примамливи информации!

И уште еднаш да повториме, дека немаше никаква причина за оваа, така наречена Граѓанска војна во Грција, бидејќи веќе беше одлучено од големите сили дека Македонија и понатака останува во составот на Грција. Но најверојатната причина

беше, а таа има смисла, да се уништи комунистичката партија, како зло за Грција и воедно да се решат од проблемот со македонскиот народ во Егејска Македонија, како потенцијална опасност по безбедноста на Грција.

За време на Граѓанската војна во Грција:

Македонскиот народ беше убедуван дека се бори за обединување на Македонија и да се здобие со човекови права, и покрај фактот дека тој веќе беше оштетен со губењето на понудените права по линија на принципите од Атлантската Повелба.

Грчкиот народ беше уверуван дека партизаните се всушност „Славјански бандити" и со помош на „комунистите" се обидуваат да отцепат парче од грчката територија и да ја предадат на Титова Југославија.

Надворешниот свет беше уверуван дека ова е Граѓанска војна на Грци против Грци.

ВО ЗАПАДНАТА ИСТОРИЈА НЕ СЕ СПОМЕНУВААТ МАКЕДОНЦИТЕ

6. Во западната историја нема ниту еден збор за Граѓанската војна во Грција и завојуваните страни, ниту пак за причините, а уште помалку каде беа Македонците во таа прикаска за војната помеѓу Грците со Грците. Зошто се потребни три различни прикаски за една те иста војна? Британците и Американците беа надгледувачи и архитекти на оваа војна; не можеа да му соопштат на светот кој војуваше во Граѓанската војна на Грција и зошто таа војна се водеше? Спрема класифицираните документи од тие времиња, а јас ги имам на стотини, Британците заедно со Американците знаеа што точно се случуваше во Егејска Македонија и кој со кого војуваше. Зошто воопшто војната ја викаат како грчка Граѓанска војна? Само за да ја заташкаат вистината?! И покрај тоа што Македонците пропорционално беа, поголемиот фактор во војната, не беа никогаш спомнати. Зошто? За да се заташкаат злосторствата

извршени врз македонскиот народ? Да го сокријат, од светската јавост, извршениот геноцид што се случи во нивно присуство?

„Што всушност македонскиот народ во Македонија, окупирана од Грција, памети за грчката Граѓанска војна и како сето тоа го толкуваат? Со многу од нив сум зборувал. Ми велеа дека добро се сеќаваат што правеле во настаните кои се случувале околу нив. Тоа беа тешки мигови, кои ќе ги паметат до крајот на нивните животи. Човековиот живот немаше голема вредност во тие времиња. Никој не се грижеше за ништо друго, освен да преживее, некако, од ден до ден. Како некој огромен бран да ги погодил и ги однел некаде со себе, во морските далечини. Во нивната борба за живот, ги слушале гласовите што доаѓале одозгора и правеле што мислеле дека им заповедуваат да прават! Ги паметат тие времиња како ера на брутална пропаганда со деструктивни цели, барајќи се повеќе од нивната крв... По завршувањето на крвавата војна, преживувале страшни мори и стравови од насилствата на грчката држава, во вид на освета, небарајќи место каде се наоѓале; во Грција или во некоја туѓа странска земја во која тие побарале засолниште. Стравот од грчките агенти кои биле насекаде по светот ги држел во неприроден молк да не зборуваат јавно за страшните злосторства што ги преживувале за време на војната во Грција. Да не зборуваат за геноцидот што го преживеале, за заборавениот геноцид, за нерегистрираниот геноцид во меѓународните институции и меѓународната заедница воопшто, за слободниот геноцид извршен над нив, над македонскиот народ од Егејска Македонија. Да не зборуваат за извршителите на злосторствата под заштита на грчката држава, Британија, Америка и...” (Стојан Кочов).

КОНТРОЛИРАНА ГРАЃАНСКА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

7. Така наречената грчка Граѓанска војна беше контролирана војна, концентрирана на територијата на Егејска Македонија и на подрачјата каде Македонците беа во мнозинство. Била контролирана од Грците, Британците и Американците.

Не би било претерано ако би се рекло дека од 25.000 борци мобилизирани во редовите на ДАГ (Демократска армија на

Грција), 50% беа Македонци, од кои повеќето биле насилно мобилизирани.

Тоа значи 50% од војската (ДАГ), од населението на Грција од 6 милиони, и другите 50% од македонското население кое броело околу 300.000, Македонци. Па така излегува дека грчкото население учествуваше во оваа војна со 0,21%, а македонското население со над 4.17%. Или со други зборови, до крајот на Граѓанската војна Грците учествувале со 18-20 илјади борци, а Македонците со над 15-20 илјади. Грчкиот режим во оваа војна учествуваше со над 300.000 војници од сите родови во грчката армија, вооружени со најсовремено оружје од тоа време. Да не заборавиме исто така дека на 01 март 1947 година, Претседателот на САД Хари Труман ја објави одлуката позната како „Труманова Доктрина" за ангажирање на САД во Грција. Па така, врз таа негова Одлука, на Грција ѝ беше одобрен кредит и најмодерно оружје за грчката армија. Покрај тоа, Ван-Флитовата флота на американскиот генерал за против-герилско војување на Грција ѝ беше ставена на располагање.

Види: (Тодор Чепреганов, 1977 стр.178).

„... Одма по прокламирањето на „Труманова Доктрина", во Грција беа воспоставени информативни сервиси на ФБИ и ОСС-агенти. Исто така, во Грција беше испратена и посебна воена мисија. На барање од владата на Грција, претставници на САД почнаа да доаѓаат во Грција со цел да ѝ помогнат во воспоставувањето и зацврстувањето на нејзиниот суверенитет како нација. Тие беа таму ненаоружани и со намера да помогнат во расподелбата на стигнатите воени материјали и да ги подучуваат и обучуваат надлежните органи во нивното користење. Меѓутоа, многу брзо по пристигнувањето во Грција, овие инструктори ја презедоа одговорноста во сите сегменти на армијата, морнарицата и воздухополството, како и над организацијата и раководењето со воените операции, предвидени за борба со побунетите„... Према бројот на македонските борци во редовите на ДАГ и на КПГ (Демократската Армија на Грција и Комунистичката Партија на Грција), недостигот и слабиот квалитет на раководниот кадар, организациската тактика, бројот на владините сили те

локацијата на која се водеше војната, се уште некој мисли дека Граѓанската војна во Грција беше таква каква што е прикажана, како војна на Грци со Грци? Исто така, спрема бројот на Македонците вклучени во војната, не мислите ли дека македонските борци заслужуваа свои воени лидери? Зошто на Македонците не им беше дозволено да ги водат своите борци во битките и на политичкото поле? Зошто секое движење (акција), на овој конфликт беше стриктно воден од Грците на обете страни и под Британска и Американска контрола, исто така на двете страни? Зошто на Македонците не им беше дозволено слободно да се борат за нивните национални интереси? Зошто требаше да бидат строго контролирани од Грците на сите страни ? Целиот раководен кадар и на ДАГ и на КПГ беше грчки. Сите одлуки во воените операции беа донесувани од Грците во ДАГ и КПГ и потоа водени од Грци. Грците одлучуваа за составот на борбените единици и кои единици каде да бидат стационирани. Грчките лидери одлучуваа колку Македонци би можеле да носат оружје; кој и колку би можеле да влезат во редовите на ДАГ и.т.н. Со други зборови, грчките лидери ги контролираа воените операции со држење на македонските борци под стална контрола. Зошто?

Па затоа што, оваа војна беше „контролирана војна" и специјално дизајнирана, Македонците да ја изгубат и да бидат протерани надвор од нивните домови и од нивната татковина Македонија, со намера.

Уште нешто... „Познато е многу добро дека во 1947 година ДАГ не ги разреши проблемите во снабдувањето со воен материјал, но и со вооружувањето на своите борци со потребното оружје и муниција. Исто така останува да се разјасни зошто Захаријадис му даде наредба на генералот Маркос да го зголеми бројот на борците во ДАГ до 60.000, а пак Јоанидис на Маркос оружје само за 4.500 борци. Исто така добро е познато, дека Маркос во 1947 година одби илјадници македонски и грчки доброволци кои се пријавија да се борат во редовите на ДАГ."

Види: („Стратегијата на ДАГ проблеми со раководните тактики" Г. Малтезос Цумеркиотис, стр. 354.)

Се поставува прашањето: „Ако ова не беше контролирана војна, тогаш зошто Генерал Маркос спроведе нелегална мобилизација само во Македонија, мобилизирајќи млади и стари и на тој начин правејќи пустош во македонското население?”
КОИ БЕА ЛИДЕРИТЕ НА КПГ И ДАГ

8. Говорејќи за грчките лидери, ајде да видиме кои беа врвните грчки лидери кои ги водеа Македонците и грчките партизани. Кои беа врвните лидери кои ја водеа Комунистичката партија на Грција и Демократската армија на Грција?

Двајцата врвни лидери беа Никос Захаријадис, кого го споменавме и порано и Генерал Маркос Вафиадис. Тие беа лидери на политичкото и военото крило на едната страна во Граѓанската војна на Грција. Двајцата беа колонисти од Мала Азија и населени во Македонија во 1920 год. Никос Захаријадис бил роден на 27 април 1903 во Едирне, Источна Тракија. Татко му бил вработен како чиновник во „Разим”, француска тутунска компанија во Константинопол, денешен Истанбул. Од 1911 до 1912 Никос Захаријадис живеел и бил ученик во училиштето во „Ибни Пајко”, населба во центарот на Скопје, каде неговиот татко бил претставник на компанијата „Разим”. Во 1913 година се преселува во Солун. Од 1922 - 1923 бил вработен како морепловец, работа која го довела до Советскиот Сојуз каде постанува член на Комунистичката Партија на СССР. Во 1924 со размената на населението помеѓу Турција и Грција, Захариадисовото семејство се преселило во Грција. Во истата таа година го посетил Комунистичкиот универзитет на Источно европските народи во KUTVE или КУИЕН во Москва. Никос Захариадис бил лидер на грчкото комунистичко движење и генерални секретар на КПГ (Комунистичката партија на Грција) од 1936 до 1956 год. Захариадис ја водел Партијата како секта и имал потполна доверба во Сталин и неговата Комунистичка Партија, за која сметал дека е безгрешна. Захариадис извршил самоубиство во 1973 година, за време издржувањето на затворската казна во Сургун, Сибир.

ГЕНЕРАЛ МАРКОС ВАФИАДИС бил роден во селото Тоси, близу Анкара во Мала Азија и бил сместен како колонист во Егејска Македонија во 1922 год. Бил човек кој ние повеќе пати

го сретнуваме низ нашата историја и кој и сам незнам зошто, го сметаме како една врста „голема легенда”. Добро е познат по неговата изјава во магазинот „Епикера”, за нас Македонците, кога се вратил во Атина. Маркос, најдобро што може да се каже за него, беше обичен човек. Тој не беше Генерал, а најмалку Голем Генерал, кој водел армија со 50% Македонци во нејзините редови. Маркос исто така не е ниту Грк... тој беше се друго, како и Захариадис, само не Грк.

По завршувањето на Граѓанската војна, Маркос се вратил во Грција и бил пречекан на атинскиот аеродром со добродојде од новинарите. Бил поздравен како шеф на Генерал Штабот на вооружените сили на Грција кои се бореле во Граѓанската војна. Тогаш, некој новинар на неделникот „Епикера” го прашал за „страдањата”, дали сето тоа се исплатило. Маркос, како би ставил уште повеќе сол на нашите рани, одговорил: „Задоволството беше што Славо Македонците беа истерани надвор од северниот дел на Грција и дека Македонија сепак остана грчка.”

(Види: „Нова Македонија” од 25 февруари 1992 година).

Така рече Маркос Вафиадис, главниот виновник кој го водеше ДАГ за време Граѓанската војна во Грција и кој придонесе кон катастрофата во која многу невини луѓе ги изгубија своите животи. Маркос беше колонист од Мала Азија донесен во Егејска Македонија. Неговата улога во војната беше да ја предводи Демократската армија на Грција - ДАГ, во својство на Генерал и како што и самиот рече, „војувал за да ја заштити Грција, со истерувањето на Македонците надвор од нивната татковина...” Таква беше нашата судбина, како би можеле турските христијански доселеници, да добијат повеќе од нашата земја, а пак Грција да живее славно, верувајќи дека Егејска Македонија е населена со „чисти Грци и Грци по гени...” И покрај тоа што никој од нив не е Грк... Но тоа сепак за Грците не е важно. Тоа што е за Грците важно е фактот да има помалку Македонци денес во Грција!! Ѝ ете како тој колонистички пес беше подготвен да го реши македонското национално прашање, а пак ние, македонската армија му дозволивме да не води во

нашата смрт.” (Стојан Кочов, партизан, под водството на Маркос).

ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНАТА ЛИТЕРАТУРА

Ајановски Вангел – Оче, Егејски бури, Скопје 1975.

Андоновски Христо, Вистината за Егејска Македонија, Скопје, 1972.

Андоновски Христо, Дипломатска антимакедонска игра, Скопје, 1969.

Андоновски Христо, Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија, „Гласник", Скопје 1974,

Андоновски Христо, „Меѓународните договори и билатерални конвенции меѓу Грција, Бугарија, Турција и Југославија, „Разгледи", Скопје, 1962.

Андоновски Христо, Македонците под Грција во борбата против фашизмот (1940-1944) ИНИ, Скопје 1968.

Апостоловски Ванчо, Грција, односите со Југославија и прашањето за Егејска Македонија. Н.Македонија, Скопје, 1952.

Бунтески Ристе-Бунте, Методија Шаторов-Шарло (политички ставови), издавач, Друштво за уметност Прилеп,Скопје, 1996.

Благоев Спиридон, Околу причините и последиците на проширување на бугарската окупациона власт во новите области на Егејскиот дел на Македонија во летото 1943 година.Гласник ИНИ, Скопје, 1983.

Григоријадис Фивос, Историја ту емфилиу полему,1945-1949 (То дефтеро андартико), (Историја на Граѓанската војна 1945-1949), (Второ партизанство),Атина, издавач К.М. Камаринопулос.

Димитар Влахов, Изјава на Димитар Влахов на конференцијата за печатот во Париз. За проблемите на Егејска Македонија. Нова Македонија, Скопје, 1946.

Димитар Влахов, Изјавуваме високо дека Грција нема право на Егејска Македонија, рече во својот говор на предизборниот митинг во Битола Димитар Влахов, потпреседателот на Президиумот на Народната Скупштина на ФНРЈ. Нова Македонија, Скопје, 1946.

Зифиропулос Д, То ККЕ ќе и Македонија (КПГ и Македонија)

Керамитчиев Михајло, Појавата на НОФ во Егејска Македонија. Глас на Егејците, Скопје, 1951.

Кирјазовски Ристо, Народноослободилениот фронт и другите организации на Македонците од Егејска Македонија (1945-1949). Култура, Скопје, 1985.

Кирјазовски Ристо, Македонски национални институции во егејскиот дел на Македонија (1941-1961), ИНИ, Скопје, 1987.

Кирјазовски Ристо, Македонската политичка емиграција од егејскиот дел на Македонија во источноевропските земји по Втората светска војна. Култура, Скопје, 1989.

Киселиновски Стојан, КПГ и македонското национално прашање (1918-1940). Мисла, Скопје, 1985.

Киселиновски Стојан, Статусот на македонскиот јазик во Македонија (1913-1987). Мисла, Скопје, 1988.

Киселиновски Стојан, Егејскиот дел на Македонија (1913-1989) Култура, Скопје, 1990.

Киселиновски Стојан, Националното и државното во македонското револуционерно движење (1893-1994), МАНУ, Скопје, 1995.

Киселиновски Стојан, Етничките промени во Македонија (1913-1995), ИНИ, Скопје, 2000.

Кочов Стојан, (Само)жртвувањето на Македонците под Грција, „Матица Македонска”, Скопје, 1994.

Кочов Стојан, Ѓорѓи Пејков-македонски воин низ историјата на ДАГ(1945-1949) - монографија, издавач „Академик”, Скопје, 1997.

Кочов Стојан, Идеолошкиот активизам над Македонците под Грција, издава „Матица македонска”, Скопје, 2000.

Кочов Стојан, Есеи и литературни толкувања, издавач „Матица македонска“, Скопје 2002.

Клјакиќ Драган, Генерал Маркос, Загреб, 1979.

Мамуровски Ташко, Бугарската пропаганда во Југозападна и Централна Егејска Македонија (1941-1944). ИНИ, Скопје, 1989.

Митревски Паскал, Учеството на македонскиот народ од Егејска Македонија во борбите против фашистичките окупатори. Нова Македонија, Скопје 1945.

Митревски Паскал, Триесет години од Првата конференција на СНОФ, Нова Македонија, Скопје 1973.

Митревски Паскал, Критички осврт на трудот на Вангел Ајановски Оче, „Егејски бури” издание на ИНИ-Скопје, 1975.Гласник на ИНИ, Скопје 1977.

Митревски Паскал, Првите органи на народната власт и формирањето на Привремената демократска влада на Грција за време на Граѓанската војна 1945-1949 година. Симпозиум: АСНОМ -остварувањето на идеите за создавање на македонската држава. МАНУ, Скопје, 1977.

Мојсов Лазо, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција (Еден поглед врз опсежната документација). ИНИ, Скопје, 1954.

Наковски Петре, Македонските деца во Полска, издавач, „Млад борец“, Скопје 1987.

Пејов Наум, Прилози за односот на раководителите на КПГ по македонското национално прашање. Главен одбор на Македонците од Егејска Македонија, Скопје, 1953.

Пејов Наум, КПГ и македонското национално прашање (IV-IX). Глас на Егејците, 1953.

Пејов Наум, Македонците и Граѓанската војна во Грција. ИНИ, Скопје 1968.

Пејов Наум, По повод првиот конгрес на НОФ во Егејска Македонија. Во прилог на вистината. „Глас на Егејците“, Скопје, 1951.

Раковски Павле, Македонското национално прашање низ политиката на КП на Грција (или Политиката на КП на Грција по македонското национално прашање) Гласник ИНИ, Скопје, 1968.

Раковски Павле, Кон согледување на историската вистина. „Погледи“, Скопје 1980.

Раковски Павле, КПГ, ЕАМ, ЕЛАС и македонското НОД. Гласник на ИНИ, Скопје.

Раковски Павле, КП на Грција и Македонците (Согледувања, размислувања, сознанија), „Македонска книга“, Скопје, 1990.

Раковски Павле, Автобиографија-моите страдања, издавач, „АЕА издавачи“, Скопје, 2000.

Ристовски Блаже, Македонија и македонската нација, Издавач „Детска радост”, Скопје, 1995.

Симовски Тодор, Населените места во Егејска Македонија, ИНИ, Скопје, 1978.

Симовски Тодор, Македонско национално прашање низ политиката на КПГ во текот на НОБ. Гласник на ИНИ, Скопје, 1972.

Халет Кар Едвард, Што е историја, „Култура“, Скопје, 1990.

Арент Хана, Изворите на тоталитаризмот, „Култура“, Скопје, 1990.

Стив Е.Палмер, „Југословенскиот комунизам и Македонското прашање”. Арцхон Роберт Р. Кинг, Боокс, (Archon Robert R. King, Books) 1971.

Лоринг М.Денфорт, „Македонскиот конфликт”, „Македонска книга“, 1996.

МАНУ, „Македонија и односите со Грција”- Скопје, 1993.

Тодор Чепреганов, „Велика Британија и македонското национално прашање (август1944-1948)”, издавач ИНИ, Скопје, 1997.

Лазар Лазаров, „Македонија во француската политика на Балканот 1944-1957”, издавачи ИНИ и „Матица македонска“, Скопје, 1998.

Приручник (Зборник материјала), Грчки народ у борби за слободу, 1947.

КРАТЕНИЦИ

УНСЦБ	Унитед Натионс Специал Цоммиттее он тхе Балканс, (The United Nations Special Committee On the Balkans)
АФЖ	Антифашистички фронт на жените
Андартин	Грчки борец, платеник во време на турската империја, се борел за освојување на Македонија и приклучување кон Грција. Повеќето беа од стара Грција и од островот Крит, а делувале во Македонија Костурско, Леринско, Битолско, Ресенско и Мариово). Тоа име се употребуваше од грчката влада и за учесниците на ЕЛАС и Граѓанската војна
БУРАНДАС	Оружен војник во владината грчка војска
ГШ	Главен штаб
ДАГ	Демократска армија на Грација за време на Граѓанската војна 1946-1949 година, раководена од Комустичката партија на Грција
ЕАМ	Национален ослободителен фронт
ЕДА	Грчка демократска левица
ЕДЕС	Национален демократски сојуз на грчката војска, соработувал со Германците, истовремено и со Англичаните
ЕЛАС	Грчка народноослободителна армија
ЕПОН	Национална сегрчка организација на младите (прокомунистичка)

ИВЕ	Бранители на Северна Грција 1941-1942 година соработувале со Германците
ПГ	Земјоделска партија на Грција
ИБ	Информбиро
ЕППЕ	Централен комитет на политичките бегалци од Грција
ЕМПЕДА	Центар за воена обука
КЗ	Кривичен закон
КОЕМ	Комунистичка организација на Македонците од Егејска Македонија
КПГ	Комунистичка партија на Грција
КПЈ	Комунистичка партија на Југославија
КПМ	Комунистичка партија на Македонија
ЛОК	Чети за планински потери, воени формации на дел од владината војска
НОВ	Народноослободителна војска
НОД	Народноослободително движење
НОМС	Народноослободителен младински сојуз
НОФ	Народноослободителен фронт
МАИ	Единици за самоодбрана на теренот (оружени организирани цивили, кои спрема потребата се бореа против ДАГ).
ООН	Организација на Обединетите Нации

ПАО	Сегрчка ослободителна организација 1942 – 1944 година, соработуваше со окупаторот против народно ослободителното движење во Грција
ПБ	Политбиро
ПДВГ	Привремена демократска влада на Грција формирана 1947 година на Грамос, (поточно во Асамати на 23.12.1947 г.)
ПЕЕА	Политички комитет на ослободување
ПЗ	Принуден закон
СНОФ	Славјаномакедонски народноослободителен фронт
УДБ	Управа за државна безбедност
ЦК	Централен комитет
ЦС	Централен совет

БЕЛЕШКА ЗА ПИСАТЕЛОТ

Стојан Кочов е роден 1930 година во село Турје, Леринско. Живее во Скопје.

Ги објавил следните книги:

Наслов, Вид на дело, Издавач

СРЕДБА, раскази, „Студентски збор“ Скопје,1989.

ЕДНА МРТВА ВОЈСКА, поезија, „Македонска книга“ Скопје,1992.

(САМО) ЖРТВУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПОД ГРЦИЈА, критички огледи, „Матица македонска“ Скопје, 1994.

МРТВОТО ЛИЦЕ НА ВОЈНАТА, поезија, „Македонско сонце“ Скопје, 1996.

ЃОРЃИ ПЕЈКОВ - МАКЕДОНСКИ ВОИН НИЗ ИСТОРИЈАТА НА ДАГ(1945-1949), Моно графија, „Академик “ Скопје,1996.

ТАЛКАЧИ, роман, „Матица македонска” Скопје, 1997.

НОВА ГОДИНА ВО ЗЕМЈАНКИТЕ НА ГРАМОС, роман, „Матица македонска“, Скопје, 1998.

КАЗНА БЕЗ ВИНА, роман, „Матица македонска” Скопје,2001

ВО ПРЕСРЕТ НА СУДБИНАТА, раскази, „Огледало“, Скопје, 1998.

ИДЕОЛОШКИОТ АКТИВИЗАМ НАД МАКЕДОНЦИТЕ ПОД ГРЦИЈА, критички огледи, „Матица македонска“, Скопје, 2000.

ГРЕВОТ НА ПОТОМЦИТЕ, роман,

ЕСЕИ И ЛИТЕРАТУРНИ ТОЛКУВАЊА, критички огледи, „Матица македонска“, Скопје, 2002.

КОБА, раскази, „Ворлдбук”, Скопје, 2002.

ГРОБАРОТ ОД ЛЕРИН, роман, “Детска радост”, Скопје, 2001.

ЈАМКА. Роман,

БЕСОТ НА ЈУЖНИТЕ ХРИСТЈАНИ, роман,

Стојан Кочов – (Автор, собирач, превод од грчки и руски јазик)

Спиро Мавровски – (Средување на матерјалите, јазична и лекторска корекција, превод од српски јазик, размисли во прилог на книгата)